ФИЛОЛОШКИ ФАКУЛТЕТ НА УНИВЕРЗИТЕТОТ — СКОПЈЕ
FACULTÉ DE PHILOLOGIE DE L'UNIVERSITÉ DE SKOPJE

ГОДИШЕН ЗБОРНИК

ANNUAIRE

КНИГА 3 TOME

СКОПЈЕ — SKOPJE
1977

ФИЛОЛОШКИ ФАКУЛТЕТ НА УНИВЕРЗИТЕТОТ — СКОПЈЕ
FACULTÉ DE PHILOLOGIE DE L'UNIVERSITÉ DE SKOPJE

ГОДИШЕН ЗБОРНИК

ANNUAIRE

КНИГА 3 TOME

СКОПЈЕ — SKOPJE
1977

РЕДАКЦИСКИ ОДБОР
COMITÉ DE RÉDACTION

1. Вера Антиќ
2. Милан Ѓурчинов
3. Петро Јанура
4. Николина Керемествева — Иванова (секретар)
5. Мито Миовски
6. Божидар Настев (претседател)
7. Маргарита Пашоска

Адреса: Филолошки факултет, Поштенски фах 567, Скопје
Adresse: Fakulté de Philologie, boîte postale 567, Skopje

ГОДИШЕН ЗБОРНИК

на Филолошкиот факултет на Универзитетот „Кирил и Методиј" во Скопје

Книга 3 (1977)

Во финансирањето на овој Зборник учествуваше и Заедницата за научни дејности на СРМ

Печатено во Универзитетската печатница — Скопје

Тираж 1 000 примероци

Печатењето е завршено во месец март 1979 година

ПОСВЕТЕНО

НА ПРОФЕСОРОТ Д-Р КИРИЛ ПЕНУШЛИСКИ
ПО ПОВОД НЕГОВАТА ШЕЕСЕТ И ПЕТГОДИШНИНА



СОДРЖИНА

Томе Саздов
Делото на професорот Кирил Пенушлиски 11

Фанија Појова
Библиографија на објавени трудови на проф. д-р Кирил Пенушлиски 17

ЈАЗИК

Божидар Видоески
Фонолошки опис на говорот на селото Гратче (Костурско) 23

Božidar Vidoeski
Description phonologique du parler du vilage de Gratče (Résumé) 31

Dimitrija Gacov
Zum Verhältnis von Sememdichte und Sememaktivität 33

Димитрија Гацов
За односот на маркираноста и активноста на семемата (Резиме) 37

Лилия Ермакова
К вопросу о сравнительном изучении македонской и русской фразеологии 41

Лилија Ермакова
Кон прашањето за споредбеното изучување на македонската и руската фразеологија (Резиме) 46

Флорин Јонила и *Петар Атанасов*
Личната заменка во романскиот и македонскиот јазик (Контрастивна анализа) 49

Florin Jonila i *Petar Atanasov*
Le pronom personnel dans le macédonien et le roumain /Analyse contrastive/ (Résumé) 56

Petro Janura
Përllëmba si njësi mase dhe shprehjeje stilistike në gjuhën shqipe 57

Петро Јанура
Педата како единица за мерење и нејзините стилски изрази во албанскиот јазик (Резиме) 64

Митко Миовски
Прилог кон прашањето на русизмите во македонскиот јазик..... 65
Митко Миовски
Наблюдения над русизмами в македонском языке (Резюме)..... 72

Олга Мишеска-Томиќ
За комуникативната перспектива 73
Olga Mišeska-Tomić
Communicative Perspective (Summary) 97

Марија Најческа-Сидоровска
Дативен предмет во функција на прв објект — определувач на глаголот (Главно врз материјалот на балканските јазици) 99
Мария Найческа-Сидоровска
Дательное дополнение в функции первого определяющего члена глагола сказуемого /Преимущественно на материале балканских языков/ (Резюме) 108

Божидар Настев
Третманот на македонскиот јазик во француската славистика 111
Božidar Nastev
Traitement du macedonien dans la slavistique francaise (Résumé) 122

Таисия Попсширова
Некоторые структурно-грамматические параллели македонской и русской соматической фразеологии 123
Таисија Попсширова
Некои структурно-граматички паралели во македонската и руската соматичка фразеологија (Резиме)..... 126

Велко Силјаноски
Образување на множина во англискиот јазик 127
Velko Siljanoski
Plural formation in english (Summary) 141

Људмил Спасов
Речник на Константин М. Петкович од 1848 година..... 143
Ljudmil Spasov
The dictionary of Konstantin M. Petkovich from 1848 (Summary)..... 160

Душан Томовски
За принципите на етимолошката анализа 161
Dušan Tomovski
Zur Frage der Prinzipien des etymologischen Wörterbuchs (Zusammenfassung) 170

Владимир Цветковски
За некои архаизми во делата на Патрик Уајт 171

Vladimir Cvetkovski
On some archaisms in Patrick Whités Works (Summary) 177

Doreana Hristova
Le passif en macedonien (résumé de la thèse du Doctorat de 3e cycle).... 179

Дореана Христова
Пасивот во македонскиот јазик (краток извадок од магистерскиот труд) (Резиме) 194

КНИЖЕВНОСТ

Вера Антиќ
Необјавен текст од житието на Иларион Мегленски 197

Вера Антич
Неопубликованное житие Иллариона Мегленского (Резюме) 206

Ташко Белчев
Крашевски — Корифеј на полскиот социјален роман во периодот на романтизмот 207

Ташко Белчев
Крашевски — Корифей польского социального романа в период романтизма (Резюме) 233

Милан Ѓурчинов
Некои особености на Рациновиот поетски јазик 235

Milan Giurčinov
Quelques particularités de la langue poétique de Ratsin (Résumé)..... 250

Оливера Јашар-Настева
Кој е „Бертодол" на Цепенков? 251

Olivera Jašar-Nasteva
Qui est „Bertodol" de Cepenkov? (Résumé) 260

Николина Кереместа-Иванова
Разликата меѓу германската класична и романтичарска новела на примерот на Гетеовата „Новела" и на Тиковата „Русокосиот Екберт".. 261

Nikolina Keremesteva-Ivanova
Der Unterschied zwischen der klassischen und romantischen Novelle am Beispiel von Goethes „Novelle" und Ludwig Tiecks dem „Blonden Eckbert (Zusammenfassung) 267

Блаже Конески
Крвава кошула 269
Blaže Koneski
La chemise saignante (Résumé) 273
Бистрица Миркуловска
Кратки фолклорни жанрови во „Слугата Јернеј и неговото право“ 275
Бистрица Миркуловска
Кароткие фольклорни жанри в „Слуга Ерней и его право“ (Резюме) 287
Харалампие Поленаковиќ
Народна песна запишана во Кичевско кон средината на XIX век 289
Харалампие Поленакович
Народная песня записанная в городе Кичево в середине XIX века (Резюме) 291
Фанија Попова
Уште еден прилог кон проучувањето на врските меѓу Партенија Зографски и Димитрија Миладинов 293
Fanija Popova
A contribution to the studi of the corrections Between Partenija Zografski and Dimitrija Miladinov (Summary) 299
Лилјана Тодорова
Преводот како компонента на македонската компаратистика 301
Liljana Todorova
La traduction en tant que composante du comparatisme macèdonien (Résumé) 311
Гане Тодоровски
Тито во југословенската револуционерна поезија 313
Гане Тодоровски
Образ Тито в Югославской Революционной поэзии (Резюме) 319

Томе САЗДОВ

ДЕЛОТО НА ПРОФЕСОРОТ КИРИЛ ПЕНУШЛИСКИ

Светот на научно-истражувачките интереси на професорот д-р *Кирил Пенушлиски*, редовен професор на Филолошкиот факултет на Универзитетот „Кирил и Методиј“ во Скопје, е светот на книжевната историја, поконкретно — светот на македонското народно творештво. Проф. д-р К. Пенушлиски и формално е титулар на катедрата за народна книжевност, која работи во рамките на Групата за југословенски книжевности при Филолошкиот факултет во Скопје, но и со своите многубројни и забележани научни трудови од подрачјето на македонското народно творештво тој е централна личност во овој домен.

Досегашното дело на проф. д-р К. Пенушлиски е исполнето со низа научни истражувања и нивни публикативни презентирања, поврзани со развојот и состојбата на македонската народна книжевност. Во повеќе подрачја на македонското народно творештво трудовите на проф. К. Пенушлиски го имаат белегот на првичност, на основоположништво. Попрецизно речено, некои од нив означија иницијални остварувања во проучувањето на односните жанрови на македонското народно творештво. Имено, дејноста и конкретните трудови на проф. К. Пенушлиски во поодделни дисциплини на нашата народна книжевност, фактички, значат поставување нивни камен-темелник. Да се илустрираме овде, на пример, со текстот на неговата монографија, произлезена од неговиот докторски труд, за *Стефан Верковиќ* (1821 — 1893), заслужен, но до појавата на овој текст на Пенушлиски недоволно познат собирач на македонските народни умотворби и нивни публикатор. Во врска со овој значаен труд на проф. Пенушлиски дојде до една неслучајна коинциденција. Не само што професорот Пенушлиски со овој свој труд стана првиот доктор на науки од областа на народната книжевност кај нас, туку тој негов труд за Ст. Верковиќ е фактички првиот таков монографски труд за дејноста на една личност поврзана со македонското народно творештво.

Или: трудот на проф. К. Пенушлиски за борбените жанрови на македонската народна поезија, објавен како студија — предговор кон неговата позната антологија *Црвен се бајрак развева* (Скопје, „Култура“ 1965, стр. 5—51). Оваа студија е првиот таков прилог во современата македонска наука за народната книжевност, кој ги третира на

посериозен и наполно прифатлив начин борбените жанрови на нашата народна песна. Овде веднаш да се надоврземе дека самата антологија „Црвен се бајрак развева", пак, се јавува како прва од тој вид кај нас и затоа воопшто не изненади исклучително забележливиот прием на кој наиде во научните и читателските кругови.

Воопшто, широк во жанрова смисла е научно-истражувачкиот интерес на проф. К. Пенушлиски. Пак веднаш да се аргументираме: кога некаде пред повеќе од десетина години 1965-тата, тој го објави својот научен прилог за дотогаш непознатото во науката македонско народно предание за „Марко Кралевиќ и Секула Детенце" (во списанието *Народно стваралаштво*, орган на Сојузот на фолклористите на Југославија, Београд, 1965, свеска 13—14, стр. 991—999), предизвика толкав научен интерес во југословенските фолклористички сфери, што на страниците на ова списание се разви вистинска полемика, која уште повеќе го потенцира значењето на овој труд на проф. К. Пенушлиски.

Посебни се заслугите поради придонесот на проф. К. Пенушлиски во поглед на обелоденувањето на непознатите книжевно-фолклорни архивски материјали на некои од најзначајните ликови од историјата на македонското народно творештво. Не ќе треба ниту поуверливо, ниту позабележливо сведоштво за оваа констатација од споменувањето на импозантната десеттомна едиција на *Собраните дела на Марко Цепенков*, најголемиот собирач на македонските народни умотворби. На нашата јавност денес веќе наполно ѝ е откриен овој толку значаен лик на Марко Цепенков, а не помалку ѝ е познат и фактот колкав одзив и одраз даде публикувањето на неговите собрани дела во десет книги (меѓу другото, и со низа сценски театарски и телевизиски, како и радиодрамски поставки, инспирирани од појавата на Цепенковите книги). А што тоа се случи, што дојде до обелоденувањето на овие прекрасни и вонредно значајни текстови на Марковите записи, заслугата ја има токму проф. Пенушлиски, кој е главен уредник на споменатава едиција. Всушност, појавата на оваа едиција е негово дело (иако во редакцискиот состав на едицијата стојат и други имиња), бидејќи токму проф. Пенушлиски во текот на далечната 1956 година во Софија мораше да ја почувствува сета макотрпност на обидот од тешко достапните бугарски архиви да ги изнесе речиси целокупните записи на М. Цепенков и да ги направи достоинство не само на нашата македонска и југословенска јавност, туку и на пошироките словенски и европски фолклористички сфери. Уште кога во текот на 1956—59 година во Скопје излегоа три тома од тие Цепенкови народни записи (под наслов: *М. Цепенков, Македонски народни приказни*), со соодветен предговорен, односно поговорен, текст од приредувачот — редактор К. Пенушлиски, македонската книжевна и читателска јавност беше крајно пријатно изненадена од фондот и убавината на обелоденетите македонски народни приказни, кои под запишувачкото перо на М. Цепенков претставуваат мошне впечатливи народно-книжевни примероци со вистински естетско-уметнички вредности. Тие приказни беа необично

сакано и барано лектирско четиво за нашите луѓе, но и текстови кои го предизвикаа големото научно внимание и интерес на фолклористичките кругови не само во нашата земја туку и понадалеку.

За истражувачките потфати на проф. К. Пенушлиски, од доменот на македонската книжевност, посебно карактеристичен и заблежлив е сучајот со публикувањето на *Автобиографијата* на споменатиот Марко Цепенков (во списанието Македонски јазик, Скопје, 1958, бр. 1—2, стр. 112—145). Цепенковата *Автобиографија* откриена и презентирана под редакцијата на проф. К. Пенушлиски, не само што претставува еден од ретките такви прилози на македонските писатели и преродбеници, со што тој малоброен фонд се зголеми со значаен придонес, туку овој крајно впечатлив и интересен автобиографски текст на Цепенков означува и необично значаен книжевен документ за националната преродба кај нашиот народ.

Меѓутоа, колку и да е голем и примарен интересот на проф. К. Пенушлиски кон научната проблематика и третман во доменот на народната книжевност, кај него никогаш не престанува и интересот кон врвните естетско-уметнички обележја на македонските народни умотворби. Таквиот негов интерес секогаш и го поттикнувал да се зафати со антологиски потфати, во кој поглед тој има постигнати речиси неспоредливи резултати кај нас.

Покрај веќе споменатата збирка *Црвен се бајрак развева*, треба да се спомена и двете антологии на македонската народна поезија и проза, формално, за школски потреби *Народна поезија* и *Народни приказни* (обете во издание на скопското книгоиздателство „Кочо Рацин", 1965 година), кои и денес претставуваат ненадоместлива лектира од тој вид за широките средношколски и студентски кругови кај нас, и не само за нив.

Но најзначајниот антологиски избор на проф. К. Пенушлиски секако претставува неговиот *антолошки избор на македонското народно творештво* што во периодот од 1969 до 1973 година, во десет книги, се појави во издание на познатата издавачка куќа „Македонска книга". Застапувајќи ги во овој свој антологиски избор множеството прекрасни примероци на сите жанрови на македонското народно творештво, проф. К. Пенушлиски, преку овие десет книги, ги предочи пред современиот читател најзначајните вредности на македонскиот устен, поетски, раскажувачки и афористички израз. Овој негов презент сигурно ќе остане и долговечен футур во историјата на македонската народна книжевност. И не случајно проф. К. Пенушлиски за томот на *обредните народни песни*, од составот на оваа капитална антологиска едиција, ја доби традиционалната годишна награда на книгоиздателството „Македонска книга" за најдобра книга во текот на 1973 година.

Инаку, што се однесува до научната актива на проф. К. Пенушлиски, треба одделно да се истакнат неговите трудови поднесувани на бројните стручно-славистички научни собири во земјата и во странство. Некои од таквите прилози на проф. К. Пенушлиски означија исклучително значајни и важни стручни и научни постигања, како оној

за карактерот и изворите на песните од НОБ и Народната револуција кај нас, кој всушност е првиот посериозен труд во нашата фолклористика посветен на процесот на создавањето, развојот и карактеристиките на македонските партизански народни песни (трудот беше поднесен на редовното годишно собрание на Друштвото за македонски јазик и литература во Титов Велес 1963 година, а подоцна публикуван во списанието „Литературен збор", орган на ова Друштво (бр. 2, стр. 13—29). Или: учеството на проф. К. Пенушлиски на симпозиумот на „Рациновите средби" *Македонската народна и уметничка литература* (1969), во рамките на оваа тема проф. К. Пенушлиски го поднесе својот труд *Фолклорот и литературата*, со кој низ книжевно-историски аспекти го третира проблемот на соодносот помеѓу писмената, уметничката литература и фолклорното создавање кај нас. Не помалу значаен е и неговиот труд за фолклорните елементи во литературното творештво на Рацин, со кој прилог во најголема мерка досега е објаснет и изанализиран феноменот на вткаеноста на фолклорните примероци во Рациновата поезија, во неговата творечка постапка (овој текст е објавен во списанието „Современост" за 1965 год.).

Забележани беа и настапите на проф. К. Пенушлиски и на Меѓународниот конгрес на славистите во *Варшава* (1973) и на Симпозиумот за фолклор во *Букурешт* (1969).

Се разбира, овој своевидлив портрет на научната работа на проф. д-р Кирил Пенушлиски ја нема намерата, а се чини и не може да ги проследи, процени и претстави сите позначајни негови трудови. Сметаме за доволно целесообразно да ги споменеме само оние најважните негови постигања, што во никој случај не значи дека такви нема уште.

Се работи за една видна личност во нашиот општествен, културен и научен живот, чија дејност и придонес се простира и надвор од потесно сфатеното подрачје на нашата наука. Имено, во личноста на проф. К. Пенушлиски гледаме и истакната општествена индивидуа, чиј придонес и во тој домен на нашиот живот е мошне ценет. Да се потсетиме, и во оваа прилика, дека проф. К. Пенушлиски беше подолго време декан на Филозофскиот факултет во Скопје и ректор на скопскиот универзитет „Кирил и Методиј", а заземаше и низа одговорни, раководни општествени и стручни функции, како претседател на Издавачкиот совет на издателството „Македонска книга", претседател на Сојузот на фолклористите на Југославија, претседател на Друштвото за македонски јазик и литература, претседател на Научниот совет на Институтот за фолклор во Скопје, член на Редакцискиот одбор на списанијата „Македонски фолклор" и „Народно стваралаштво", во Белград, член на Редакцискиот состав на јубилејното издание на *Зборникот на браќата Миладиновци*, исто така и на јубилејната *Книга за Миладиновци* и многу други.

Во прашање е, значи, богата и разновидна дејност што низ изминатите неколку децении ја развива проф. К. Пенушлиски во нашата средина. Покрај неговите бројни научни и стручни трудови, автентични

сведоци за таквата забележлива дејност на проф. К. Пенушлиски се неговите бивши студенти, денешни соработници. Зашто — бројни се и оние од нас на кои проф. К. Пенушлиски им бил ментор во нивната магистерска или докторска квалификација, а всушност безброј се неговите студенти, кои со генерации како дипломирани стручњаци кај нас излегуваа од редовите на скопската универзитетска младина. За својата долгогодишна плодна активност професорот К. Пенушлиски во текот на минатата година стана добитник на републичката награда „11 Октомври“ за животно дело.

На крајот, со посебно задоволство да констатираме дека во прашање е и дело кое продолжува да се дополнува и зголемува. Да му посакаме на проф. д-р Кирил Пенушлиски многу успех и натаму во тие негови настојувања!

Фанија ПОПОВА

БИБЛИОГРАФИЈА НА ОБЈАВЕНИ ТРУДОВИ НА проф. д-р КИРИЛ ПЕНУШЛИСКИ*

1. *Марко Крале — Јунак над јунаци.* Предговор во книгата на Јован Бошковски: *Јунак над јунаци,* Скопје 1948.
2. *Македонски народни умотворби — Пословици,* Том. I, кн. 1, Скопје, 1954. Редакција со д-р Харалампие Поленаковиќ.
3. *Автобиографија на Марко К. Цепенков,* Македонски јазик, год. IX, кн. 1—2, Скопје 1958, стр. 109—111. Прилог: Автобиографија, 112-145.
4. *Марко К. Цепенков, Македонски народни приказни,* I—III, Скопје 1958—1959, Предговор, редакција и поговор.
5. *Почетните акции на српската пропаганда во Македонија.* Гласник на Институтот за национална историја, год. III, број 1, Скопје 1959 стр. 197—215.
6. *Смрт на јунак во една македонска народна песна.* Зборник радова САН LXVIII, Етнографски институт, кн. 3, Београд 1960, стр. 707—712.
7. *Прилог за биографијата на Стефан И. Верковиќ.* Трудови, год. I, бр. 1—2, Скопје 1960, стр. 31—35.
8. *Писма на Марко К. Цепенков до Ив. Д. Шишманов.* Трудови, год. I, бр. 1—2, Скопје 1960, стр. 121—123.
9. *Стефан Верковиќ, Македонски народни песни,* Скопје 1961. Предговор и редакција (второ, јубилејно издание).
10. *Зборникот на браќата Миладиновци,* Литературен збор, бр. 3, Скопје 1961, стр. 8—17.
11. *Со песна во борба против фашизмот,* Современост, бр. 10, Скопје 1961, стр. 951—965.

* Во библиографијата не се внесени трудови печатени во весници, одржани предавања на семинари и слични собири, радио предавања и ТВ-емисии, како и трудови што не спаѓаат во фолклористиката.

12. *Природата на народната книжевност*, Литературен збор, бр. 1, Скопје 1961, стр. 9—14.

13. *Појавата на интересот за нашето народно творештво*, Литературен збор, бр. 2, Скопје 1962, стр. 10—19.

14. *Миладиновци, Зборник* 1861—1961, Скопје 1962. Редакција со Димитар Митрев и д-р Александар Спасов.

15. *Книга за Миладиновци*, Скопје 1962. Редакција со Димитар Митрев и д-р Александар Спасов.

16. *Рад у македонским пословицама*, Народно стваралаштво, св. 3—4, Београд 1962, стр. 161—165.

17. *Максим Горки*, Скопје 1963. Предговор и избор.

18. *Константин Миладинов*, Скопје 1963. Предговор и избор.

19. *Карактерот и изворите на македонските народни песни од народноослободителната борба*, Литературен збор, бр. 2, Скопје 1963, стр. 13—29.

20. *Рацин и фолклорот*, Современост, Скопје, XIII, бр. 5, стр. 277—295.

21. *Народна поезија*, Скопје 1964. Предговор, избор и редакција.

22. *Народни приказни*, Скопје 1964. Предговор, избор и редакција.

23. *Марко К. Цепенков, скупљач македонских народних умотворина*, Рад VII конгреса фолклориста Југославије у Охриду 1960 године. Охрид 1964, стр. 63—66.

24. *Фолклор Македоније*, Рад VII конгреса фолклориста Југославије у Охриду 1960. године (заедно со Х. Поленаковиќ и Ж. Фирфов). Охрид 1964, стр. 5—13.

25. *Непозната песна за Гоце Делчев*, Современост, бр. 1, Скопје 1964, стр. 68—78.

26. *Натпевки — љубовни народни песни*, Современост, бр. 9, Скопје 1964, стр. 907—925.

27. *За народните приказни*, Литературен збор, бр. 3—4, Скопје 1964, стр. 1—8.

28. *Опис на еснафите во Прилеп од Марко Цепенков*, Гласник на Институтот за национална историја, бр. 2, Скопје 1964, стр. 297—239.

29. *Проблемите на фолклорот во историјата на естетиката на В. Гусев*, Современост, бр. 2, Скопје 1964, стр. 220—227.

30. *Непознато предание за Марко Крале и Секула детѐнце*. Народно стваралаштво, св. 13—14, Београд 1965, стр. 981—999.

31. *Постигањата на македонската фолклористика и нејзините задачи.* Литературен збор, бр. 3, Скопје 1965, стр. 16—24.

32. *Црвен се бајрак развева.* Скопје 1965. Предговор, избор и редакција.

33. *Музички инструменти опишани од Марко К. Цепенков.* Културен живот, бр. 4, Скопје 1965, стр. 31—34.

34. *Женидба са мртвацем у једној македонској приповетци и песми.* Народно стваралаштво, бр. 23—24, Београд 1965, стр. 1063—1068.

35. *Народна поетска интерпретација за загинувањето на Даме Груев.* Историја, бр. 1, Скопје 1965, стр. 23—30.

36. *За малешевските балади,* Современост, бр. 6, Скопје 1965, стр. 324—341 и бр. 7, стр. 425—442.

37. *Macedonian Local Tradition of Prince Marco,* Journal of the Folklore, Institute, Edited at Indiana University, Vol. III, Number 3, December 1966, 331—340.

38. *Macedonian Revolutionary Folk Poetry and the National Consciouness* of the Macedonian People, Journal of the Folklore Institute, Edited at Indiana Universite, Vol. III, Number 3, December 1966, 250—266.

39. *За некои особености на македонските свадбени песни.* Современост, XVI, бр. 4, Скопје 1966, стр. 313—332.

40. *Хипотезата на Мисирков за причините на популарноста на Крале Марко во народната поезија.* Крсте Мисирков. Научен собир посветен на 40-годишнината од смртта, Скопје 24—26 јуни, Скопје 1966, стр. 119—126.

41. *Македонско народно творештво — Јуначки народни песни,* Скопје 1968. Предговор, избор и редакција.

42. *Македонско народно творештво — Обредни и митолошки песни,* Скопје 1968. Предговор, избор и редакција.

43. *Македонско народно творештво — Волшебни приказни,* Скопје 1968. Предговор, избор и редакција.

44. *Наречниците во македонското народно творештво,* Рад XIII конгреса Савеза фолклориста Југославије у Дојрану 1966 године, Скопје 1968, стр. 303—309.

45. *Македонските револуционерни песни,* Рад XIII конгреса Савеза фолклориста Југославије у Дојрану 1966 године. Скопје 1968, стр. 37—42.

46. *Современата состојба на македонската епска традиција,* Реферати на македонските слависти за VI меѓународен славистички конгрес во Прага, Скопје 1968, стр. 105—111.

47. *За ѓенезата на македонските револуционерни песни,* Македонски фолклор, I, бр. 2, Скопје 1968, стр. 29—34.

48. *Илинденското востание во македонската револуционерна поезија,* Народно стваралаштво, VII, св. 25, Београд 1968, стр. 47—53.

49. *Драмските елементи во македонското народно творештво,* Петти Рацинови средби, Титов Велес, 1968, стр. 38—49.

50. *Македонско народно творештво — Пословици и ѓатанки,* Скопје 1969. Предговор, избор и редакција.

51. *Македонско народно творештво — Ајдутски и револуционерни песни,* Скопје 1969. Избор заедно со Јован Бошковски. Предговор и редакција.

52. *Фолклорот и литературата,* Шести Рацинови средби. Македонската народна и уметничка литература, Титов Велес 1969, стр. 23—31.

53. *Шеѓовити ороводни песни,* Македонски фолклор, II, бр. 3—4, Скопје 1969.

54. *Македонске народне песме народноослободилачке борбе и револуције.* Народно стваралаштво, IX, бр. 33—34, Београд 1970, стр. 6—10.

55. *Скопје* (*моноѓрафија*). Главен и одговорен уредник Славко Јаневски. Автори на текстовите и редакција: Коста Балабанов, Данчо Зографски, Ристо Марковски, Томе Момировски, Кирил Пенушлиски, Константин Петров, Љубен Пота, Асен Симитчиев. Белград 1970.

56. *Македонско народно творештво — љубовни народни песни.* Скопје 1971. Избор и редакција Душко Наневски. Уредник Кирил Пенушлиски.

57. The Folklor Wealth of Macedonia, Macedonian Rewiev, Vol. 1, № 1, Skopje 1971, 79—82.

58. *Марко К. Цепенков, Македонски народни умотворби во десет книги.* Скопје 1972. Редакција: Кирил Пенушлиски, главен уредник, Блаже Ристовски, одговорен уредник, Томе Саздов, член на Редакцијата. Книга прва — Народни песни. Редакција и поговор. Соработник Блаже Петровски.

59. *Книга втора — Народни приказни.* Редакција. Соработник Блаже Петровски.

60. *Книга трета — Народни приказни.* Редакција. Соработник Блаже Петровски.

61. *Книга четврта — Народни приказни.* Редакција. Соработник Блаже Петровски.

62. *Книга петта — Народни приказни.* Редакција. Соработник Фанија Попова.

63. *Книга шеста — Народни приказни.* Редакција. Соработник Фанија Попова.

64. *Книга седма — Преданија.* Редакција. Соработник Блаже Петровски. Поговор: Кон народните приказни на Марко К. Цепенков, стр. 247—255.

65. *Книга девета — Народни верувања и детски игри.* Редакција со Лепосава Спировска. Поговор: Кон етнолошките материјали на Марко К. Цепенков, стр. 415—421.

66. *Македонско народно творештво — Приказни за животни.* Скопје 1973. Предговор, избор и редакција.

67. *Македонско народно творештво — Битови приказни и анегдоти.* Скопје 1973. Предговор, избор и редакција.

68. *Македонско народно творештво — Трудови, семејни и хумористични песни.* Скопје 1973. Предговор, избор и редакција.

69. *Македонско народно творештво — Преданија и верувања.* Скопје 1973. Предговор, избор и редакција.

70. *Тематика на македонските пролетни обредни песни.* Македонски фолклор, I, бр. 12, Скопје 1973, стр. 11—14.

71. *Турски елементи (влијанија) во македонскиот фолклор.* Реферати на македонските слависти на VII меѓународен славистички конгрес, Варшава 1971, Библиотека „Литературен збор", Скопје 1973, стр. 115—123.

72. *Прилог кон проучувањето на македонските еротски народни приказни.* Македонски фолклор, XI, Скопје 1974, стр. 67—85.

73. *Македонската народна балада денес.* Македонски фолклор, XII, бр. 13, Скопје 1974, стр. 135—138.

74. *Македонска историјска балада у наше време.* Научни састанак слависта у Вукове дане, Београд—Тршић—Нови Сад 12—18. IX. 1974. Београд 1974, стр. 277—284.

75. *Прилог кон прашањето за творечкиот придонес на Марко К. Цепенков во обликувањето на народните приказни.* Современост, бр. 1, Скопје 1976. стр. 73—86.

76. *Песна за Цандафила.* Современост, бр. 7—8, Скопје 1977, стр. 8—15.

77. *За фолклорот на Прилепско.* Зборник од XIX конгрес на Сојузот на здруженијата на фолклористите на Југославија, Крушево 1972, Скопје 1977, стр. 13—17.

Божидар ВИДОЕСКИ

ФОНОЛОШКИ ОПИС НА ГОВОРОТ НА СЕЛОТО ГРАТЧЕ (КОСТУРСКО)[1]

1. Инвентар на фонемите

1.1. Вокали

и у
е ѣ о
а


предни (високи) +
лабијални (бемол.) —
тесни (дифузни) +



1.2. Сонанти

м н
л љ
j
р

назални +
континуирани +
периферни (грависни) +
латерални +
предии (дифузни) +



---

[1] Селото Граче (Гратче) се наоѓа во областа Нестрам, југозападно од градот Костур. Пред револуцијата 1949 г. тоа имало околу 70 домаќинства распределени во две маала: Долно и Горно Маало. До 1950 г. сето население било македонско. По револуцијата поголем дел од населението е раселено. Главно занимање на населението во минатото било сврзано со земјоделството и ситното сточарство. Пазарни центри биле Нестрам и Костур.


Мојот информатор Коле Каралиев е роден во селото Граче (1920 г.), каде што се родени и неговите родители, како и неговата сопруга. Има завршено грчко основно училиште. До 1949 г. постојано живеел во родното село. Од 1949—1956 г. живеел во емиграција во Албанија, Унгарија и Советскиот Сојуз, а од 1956 г. постојано живее во Скопје.

Фонолошкиот опис е изработен според конвенцијата усвоена од Фонетската секција на Комисијата за Општословенски лингвистички атлас (ОЛА) при Меѓународниот комитет на славистите. Како појдовна база при описот го земаме прасловенскиот во неговата подоцнежна фаза.

1.3. Консонанти (шумни)

б	г	д (ѓ)
п	к	т (ќ)
	s	џ
	ц	ч
в	з	ж
ф	с	ш

периферни (грависни) +
прегради (неконт.) +
африкати (стрид.) —
предни (диф.) +
звучни +



1.4. Прозодија

Динамичниот акцент е ограничено слободен. Нема квантитетски разлики фонолошки релевантни.

2. Дистрибуција

2.1. Вокали

2.11. Вокалите /и/, /е/, /а/, /у/, /о/ позиционо (т.е. зависно од позицијата во зборот) не се ограничени. Не е ограничена нивната дистрибуција ни по однос на консонантите. Можат да стојат пред и зад консонант.

2.12. Сите овие пет вокали можат да стојат во група со секој.

2.13. Два исти вокали во непосреден контакт, ако не се на граница меѓу префикс и коренска морфема, можат да се контрактираат.

2.14. Хијатот во група со /у/ како прв член обично се отклонува со вметнување на /в/: глуво, мува, суво.

2.15. /и/ (→) *[i̯]* зад друг вокал, нерегуларно.

2.16. /ă/ позиционо е ограничено: не може да стои на апсолутниот крај на зборoформите.

2.2. Сонанти

2.21. /н/→[ŋ] пред веларните /г/, /к/: маŋгар, фраŋга, граŋка, сеŋка.

2.22. /л/ → [л'] пред предните вокали и пред /j/: болен—болна, болни, голи—гол, голо, биле—бил, била.

2.23. /j/ — позиционо е ограничено: не може да стои пред /и/ во сите позиции на зборот, сп. мој—мои, зад /и/ на крајот на зборофор-мите, сп. чи си (чиј), пи, измн се (пиј), пред /е/ на почетокот на зборо-формите и во вокални групи: език, есен, лае, мое, пие, члее (← тлее).

2.3. Консонанти

2.31. Корелацијата по звучност кај шумните консонанти врши дистинктивна функција пред вокал и пред сонант.

2.32. Звучните консонанти позиционо се ограничени: не можат да стојат на апсолутниот крај на зборофор мите и пред безвучен консонант. Во овие две позиции тие се обезвучуваат.

2.33. Безвучните консонанти не можат да стојат пред звучните; во оваа позиција тие се озвучуваат.

2.34. /к/ → [к'] пред преден вокал: убетк'и, рак'и(j)а, к'иселина, смрек'и, пешк'и, к'еку, шк'епар.

2.34. /д/ — не може да стои зад /ж/ освен во групата -ждр-, сп. дожо, дожова́р, межа.

2.36. /т/ — не може да стои зад /ш/; во таа позиција или се губи, сп. шо, или преминува во /ч/: плешчи, клешчи.

2.37. /ѓ/ — се јавува како факултативна фонема; се среќава во туѓи зборови.

2.38. /ќ/ — исто така се јавува факултативно — во туѓи зборови и само во неколку словенски лексеми и морфеми.

2.4. Прозодија

Акцентот не може да стои на последниот отворен слог. На последниот затворен слог се среќава само во ограничен број повеќесложни зборови, сп. говенда́р, дожова́р, ечмени́к, масални́к, соленик, мравајлни́к, водоври́к, кулувóс, асталѝт, болешлѝв, работлѝф, чакарлѝф, и др. Во најголем број случаи акцентот паѓа на претпоследниот слог, сп. мóзук—мозýци, óбрас—обрáзи, обрáшче, нос—носóви, éзик—езѝци, зéлен—зелéно, јáден—јадéни, дéнес—денéска, итн. Поограничен е бројот на случаите со акцент на третиот слог (антепенултима). Редовно е кај глаголите во презентот, имперфектот и императивот, сп. през. јáдиме, јáдите, имперф. јáдеме, јáдете, импер. јáдите, зéвајте го, и др. Понапред од третиот слог акценот не оди. Членските морфеми не влијаат врз местото на акцентот, сп. и́звор — и́зворо, извóри—извóрите, ленди́на—ленди́ната, важи́ца—важи́цата. Заменските клитики во постпозиција со именките чинат акцентска целина: брáт-ми, братјá-ми, мајкá-му.

3. Историски изводи

3.1. Вокали

3.11. /и/ ← *i*
← *y*: син, кисел, риба;
← *jь*: игла.

3.12. /е/ ← *e*: село, поле;
← *ь*: ден, палец, тесен;
← *ę*: език, рет, говендо;
← *ě*: лето, сено;
(←) сек. ъ пред крајното /р/ во одделни лексеми: ведер, ветер;
(←) /а/ со преглас зад /ј/, /л'/, /ч/, /ж/, /ш/ во одделни лексеми: е́сен (јасен), езо́вец, ша́ек, че́лет, бе̏ршлен, поле́нка// пеле́нка, че́ша, ко́чен—кочени, шче́вej, дъ̏ржéлје, лу́шej, ка́шej, коше́ра.

3.13. /ă/ ← ļ во група со /л/: вă̏лк, вă̏лна, дă̏лго, жă̏лчка;
← *r* во група со /р/: ă̏ржа, вă̏р, гă̏рло, дă̏ржи.

3.14. /а/ ← *a*
← *ǫ* само или во група со /н/ или /м/: кашча, пат, гранда, гамба (3.4.15);
← сек. ъ во коренска морфема: лажи, маска, мангла;
← сек. ъ пред крајното /н/: оган, и пред /р/ во одделни лексеми: ватар, еднар, итар;
(←) аналошко пред /р/ место /е/: га́зар—газа́ри, гушчар, стежар;
— со асимилација: гасани́ци, гала́мби, патари́ца;
— во одделни лексеми по различен пат: панде́лник, топал и др.

3.15. /у/ ← *u*
← сек. ъ пред крајното /м/: седум, осум;
← вь преку u̯ во: цут /цуц, расцути, се осуна;
(←) /о/ во бро̂јни случаи по различни начини: со редукција во неакцентиран слог: бури́на, гурешчи́на, гуле́мо, кукови́ца, кулубо́с, кушу́л'а, купри́ва (најчесто зад *к*), уда́нде, пе́сук, песукл'а́ва, по́лук—поло́зи, сува́л'ка, ко́нуп, уза́ден, на́дур (надвор), во 1 л. сг. аор. до́јду, ре́ку, пресе́ку; морфолошки кај прилозите: бли́зу, до́лу; во други случаи: у́шче/ешче, ду́ри, е́нуш;
(←) *ǫ* во одделни лексеми: гнусен, сут, струнга.

3.16. /о/ ← *o*
← *ъ*: дош, сон, петок, човеко;
(←) *ǫ* во одделни лексеми: воглен, кломко, клочко, попок, тромба.

3.2. Сонанти

3.21. /м/ ← *m*
← */в/* пред /н/: одамна, рамно, рамнина;
← */б/* пред /н/ во одделни случаи: дремно жито;
(←) *ǫ* во групата ам пред звучен прегра̀ден лабијален консонант: дамбо, гамба (3.4.15);
(←) *ę* во групата ем пред звучен прегра̀ден лабијален консонант: јарембѝца, чембрѝца (3.4.14);
— секундарно: фамбрѝка.

3.22. /н/ ← *n*
← *ń*: кон, кони, дуна, пен, пенушка, денја, тинја, санја/сајна;
(←) *ǫ* во прупата ан пред прегра̀ден звучен нелабијален консонант: гранди, пандар, кранк (3.4.15);
(←) *ę* во групата ен пред звучен прегра̀ден нелабијален консонант: говендо, лендина (3.4.14).

3.23. /л/ ← *l*
← *ļ* во група со /ă/: кăлк, мăлчи, пăлно (3.4.17).

3.24. /л'/ ← *l'*: л'успа, л'ути, кл'учови, гл'уч, недел'а.

3.25. /j/ ← *j*
(←) /и/ зад вокал: да дојди;
(←) х на крајот и пред консонант во одделни лексеми: орej—орејче;
— хијатско: снаја.

3.26. /р/ ← *r*
← *r'*: море;
← *ŗ* во група со /ă/: сăрце, пăрсти, чăрвен (3. 4. 18).

3.3. Консонанти

3.31. /б/ ← *b*
← вметнато во групата -мр- во одделни случаи: умбри, умбрено.

3.32. /п/ ← *p*

3.33. /в/ ← *v*
— со протеза пред континуантот на ǫ во почетокот: ваток, ватор, воглен;
← /у/ пред вокал кај глаголите: кажви, купви;
— хијатско во вокални групи во кои првата компонента е /у/: мува, суво, суварка (2.14);

(←) х пред консонант и на крајот во одделни лексеми: змевови, змеф (← змев) (3.4.34);

— аналошко во одделни случаи: лава (лае).

3.34. /ф/ ← хв: фати, фăрли;

(←) х во одделни случаи: кожуф—кожуфи, буфови, глуфец—глуфци (3.4.34);

— ономатопејско: фучи, фăрчи;

— во зборови од туѓо потекло: фес, фис, фурна.

3.35. /г/ ← *g*

3.36. /к/ ← *k*

← *ш* со дисимилација во кнок, кночко.

3.37. /д/ ← *d*

— секундарно во групите зр и жр: здрак, здрел, ждребе.

3.38. /т/ ← *t*

— секундарно во групата ср: стребро, стреда.

3.39. /s/ ← *ꙁ*: нosи;

← *з* во група со (в), (н), (л), (р): sвезда, sверови, sвиздак, ќунsи, улsица, и пред вокал во одделни случаи: sевгар, sиберки.

3.310. /ц/ ← *с*: цена;

← *ч* во групите *čr* — во одделни лексеми: цăрно;

← *с* пред /к/ во суфиксот -ск(и) ако претходи консонант: есенцко, ланцки.

3.311. /з/ ← *z*: зăрно;

← *ꙁ*: блази.

3.312. /с/ ← *s*: сено, село;

← *з* по аналогија во одделни случаи: нисок.

3.313. /ѓ/ — во зборови од туѓо потекло: ѓокс, ѓакон, ѓердан.

3.314. /ќ/ — во зборови од туѓо потекло: дуќан—дуќани, ќош, ќеф, ќелар;

(←) место t′ во одделни лексеми: ќе, веќе, повеќе.

3.315. /џ/ — во зборови и во морфеми од туѓо потекло: џабе, тепанџиа;

(←) ж пред деминутивниот суфикс -е: враџе, роџе, ноџе;

← ж во други одделни лексеми: гл'уџови, арџоса, џеглина, саџна (сажен).

3.316. /ч/ ← *č*: чареша, чӑрвеник;

←*t'*, *stj*, *skj* во група со /ш/: врешче, кашча, плешчи, шчерка, клешчи, огнишче;

← т пред /л/ во члее (тлее).

3.317. /ж/ ← *ž*: жаба;

← *d'*: вежа, межа, межу, чужо, ӑржа (3.4.37);

← *zdj*: дожови, дожова вода;

← *з* пред (л): ижлегви, и во групата згл: жглоп—жглобови.

3.318. /ш/ ← *š*

← *t'*, *stj*, *skj* во група со /ч/: лешча, горешча вода, шчерка, клешчи, огнишче;

← *c* пред /ч/: лишче (лист), клашче, обрашче;

← *c* пред /л/: јашли, шлива, шлет—шледови, шлеп, шлапеј—шлапеи, мишли, машлина;

← *c* пред /к/: шкамп, шк'епар, лешка.

3.4. Други историски промени

3.4.1. Вокали

3.4.11. *ь* → /е/: ден, венец, лесен.

3.4.12. *ъ* → /о/: дош, петок.

3.4.13. *у* → /и/: риба.

3.4.14. *ę* → /е/: език, ечмен, заек;

→ /ен/ пред звучна преградна нелабијална согласка: глендало, говендо, ендро, лендина, пенда, пендесе, пренди, прендено, прендиво, рендови (: рет), чендо;

→ /ем/ пред лабијална звучна согласка: јарембица, чембрица;

→ /а, ан/ зад /ј/ во одделни лексеми: јангул'а, пајак, антӑрва.

3.4.15. *ǫ* → /а/: важица, ваток, ватор, газо, газар, каклица, кашча, капина, катник, кашеј, мака, мажи, матен, обрач, потпрак, уданде, пат, патец, патник, рака, рачка, ракатка, рабови, скапо, стапало, татни;

→ /ан/ пред преградна звучна согласка: гранди, кандел'а, кандраво, кранго, лангови, манде, пандар, пандарница, сандови;

→ /ам/ пред лабијална звучна согласка: гамба, галамби (: галапче), замби, замбица, зазамбица, дамбја, дамбица, дамбово дӑрво, ламбок / длабок, ламбочина;

(→) /о/ во одделни случаи: воглен, попок;

(→) /он, ом/ во одделни лексеми: желонди, кломко, тромба.

Сп. и: гнусен, гужва, струнга, трудна; тепан.

3.4.16. *ě* → /е/ во сите позиции: бел, вера, лето, сено, снек.

3.4.17. *l̥* → /ăл/: ăлшти, бăлва, вăлк, вăлчица, вăлна, вăлнен, дăлго, жăлчка, жăлтуток, жăлтничка, кăлк, мăлчи, мăлчешчем, пăлн, сăлза, сăлце.

3.4.18. *r̥* → /ăр/: ăржа, вăр (врв), вăрво, вăрни, дăржи, кăрт, кăрдел', сăрп, сăрт, тăрн.

3.4.19. /о/ → ø на почетокот во одделни лексеми: глендало, пашка, пинци (опашка, опинци).

3.4.2. Сонанти

3.4.21. *ń* → /н/: кон, кони, дуна, пен, пенушка;
→ /нј/, : два конја, конјар, тинја, синјак.

3.4.22 /j/ → ø (факултативно) во групата иа: змиа, комшиа; зад /ж/: божи, оруже; зад /и/ на крајот: чи е, пи, изми се; на почетокот пред /а/ во одделни лексеми: асталит, антăрва.

3.4.3. Консонанти

3.4.31. /в/ (→) ø: пред /и/ на почетокот во име (виме); пред /н/ во почетокот во натре; во групата дв: надур (надвор).

3.4.32. /г/ → ø во групата гд: де, нијде, велиден, велиденски.

3.4.33. /к/ → ø: туа, ка (како).

3.4.34. х → ø: на почетокот на збороформите и пред вокал, и пред консонант: оро, оца, леп, рана; во интервокална позиција: леа, снаа, саан, стреа; во средината пред консонант нерегуларно: издина, оглуна, грути, мелем, веток, катица, мул'осан, чели, беме, рекоме, рекоте; на крајот, нерегуларно: вăр, Вла, вра-враови, гре, бе, реку, викна (1. л. аор.);

(→) /в/, одн. /ф/: меф-меови, змеф-змевови/змеови, змефче, моф, нофти, задуф, буф-буфови, кожуф-кожуви, глуфци-глуфец, нофти, нофток, офтика;

(→) /j/ во одделни лексеми: орej (: ореи, орешче), грејче (: гре).

3.4.35. /д/ → ø: во интервокална позиција во одделни случаи: јајше (јадише), дајше, дајме, сејш (седиш), кај броевите: дваесе, триесе; во групата жд: дожови, чужо, межа, вежа; пред /н/ и /л/ во одделни случаи: пана мрак, ена вечер, енуш, плајна (пладнина), ламбоко, сварле (свpдле).

3.4.36. /т/ (→) ø: на апсолутниот крај во групите -ст, -шт, нерегуларно: радос, жалос, но: грост, лист, пăрст; редовно во членската морфема за машки род: човеко, ридо; кај броевите од 11—19 и во десетиците: дванаесе, дваесе; во одделни лексеми: папра, госпо (и потоа госп, бидејќи крајното -о се сфатило како член), понапре; пред /н/ во групата штн: гашник, ношно, пешник; во консонантската група ств: брасво, ропсво.

3.4.37. d′ → /ж/: вежа, межа, межусебе, межуреки, межнак, чужо, чужина, ăржа, ăржиса / ăрцоса, сажи.

3.4.38. t′ → /шч/: врешче, пл. врешча, горешча вода, горешчина, кашча, лешча, гашчи, пешчера, плешчи, свешча, свешчар, сношчи, шчерка, носешчем, и со загубено /ч/, одн. /т/: ношја, ношви, пешник; (→) /ќ/: ќе, веќе, повеќе.

3.4.39. /с/ (→) ø пред почетното /т/ во одделни лексеми: трижи (стрижи).

Božidar VIDOESKI

DESCRIPTION PHONOLOGIQUE DU PARLER DU VILLAGE DE GRATČE

(R é s u m é)

Dans le présent article, l' auteur fait une description phonologique du parler du village de Gratče, situé dans les environs le Kastoria — Macédoine d' Egée. Il constate que ce parler a six phonèmes vocaliques (i, e, ă, a, u, o) et 24 phonèmes consonnantiques (m, n, l, l', j, r; b, p, g, к, d, t, g′, к′, ǧ, c, ǯ, č, v, f, z, s, ž, š)

Dimitrija GACOV

ZUM VERHÄLTNIS VON SEMEMDICHTE UND SEMEMAKTIVITÄT

1. UNSERE PRÄMISSE

Die vorliegende kurze Studie setzt sich das Ziel, einige Überlegungen darüber zu präsentieren, in welchem Verhältnis die *Sememdichte* und die *Sememaktivität* zueinander stehen. Andererseits ist es interessant, die Frage zu stellen, *ob* und *wie* sich der Markeirungsgrad des Semems in der Sememaktivität im Sprachsystem widerspiegelt. Hier zeigt sich schon ein enger Zusammenhang, dessentwegen das eine in letzter Konsequenz nicht ohne das andere zu betrachten ist. Dabei gehen wir von der Prämisse aus, daß *die Sememdichte zu der Sememaktivität in einem umgekehrt proportionalen Verhältnis steht. Je größer die Sememdichte ist, desto niedriger ist die Sememaaktivität.* Um das gestellte Postulat theoretisch und praktisch zu verifizieren, hat sich der Verfasser entschlossen, das Experimentierverfahren, genauer: die Befragung von Informanten[1]) durchzuführen. Die gewonnenen Ergebnisse basieren auf der semantischen Analyse der Äquivalenzreihe der Verhaltensverben[2]. Hier handelt es sich um die Sememreihe mit der Bedeutung ‚Verhalten von Menschen'.

2. ZUM BESCHREIBUNGSINSTRUMENTARIUM

In den neueren Studien der strukturalen Semantik herrscht Einigkeit darüber, das Semem als fundamentale Beschreibungseinheit auf der Inhaltsebene zu etablieren. Hier verdient der von A. J. Greimas geleistete Beitrag

[1] Bei der Befragung wurden ein Leerstellentest als spezifische Variante des Substitutionsverfahrens und ein kontextfreier Test verwendet. Es wurden insgesamt 100 Studenten, davon 84 Studentinnen befragt, geteilt in Seminargruppen: Deutsch/Französisch (21), Musik/Deutsch (13), Französisch/Deutsch (15), Englisch/Deutsch (18) — 3. Studienjahr und Sport/Deutsch (14), Französisch/Deutsch (19) — 1. Studienjahr. Den Informanten wurden die Tests nacheinander vorgelegt und die Aufgabe zu jedem Test kurz erklärt:

Zu T1: Sie möchten die Leerstellen mit Aktanten ausfüllen.


Zu T2: Die Informanten wurden gebeten, die Leerstellen nur mit einsetzbaren Verben auszufüllen.

Zu T3: Die Aufgabe der Informanten bestand darin, den Positivitäts-/Negativitätsgrad der Verben zu bestimmen.

[2] Zu der semantischen Valenz der Verhaltensverben siehe *D. Gacov* (1974).

zur kombinatorischen Semantik besondere. Hervorhebung. In seiner repräsentativen „Sémantique structurale"[3] bietet Greimas eine Fülle von Problemen, Vorschlägen und neuen Impulsen. Unser Interesse gilt aber nur seinen Ausführungen über die Problematik des Semems.

Die Semantiktheorie von Greimas beruht auf einer Reihe von Grundbegriffen, von denen einige, in erster Linie das Semem und seine Strukturiertheit, vorab erläutert werden müssen: Die sprachlichen Einheiten, z. B. *Mädchen* vs *Junge*, die zueinander in Opposition stehen, können dem gemeinsamen Aspekt *Sexualität* zugeordnet werden. Diesen gemeinsamen Gesichtspunkt von zwei oder mehr sprachlichen Einheiten nennt Greimas semantische Achse[4]. Die semantische Achse vereinigt zugleich die Ähnlichkeiten (*Sexualität*) und die Differenzen (*Feminität vs Maskulinität*), die den Lexemen *Mädchen* und *Junge* gemeinsam sind. Sie gehört also der deskriptiven Metasprache der Semantik an. Die semantische Achse kann als Relation (R) zwischen den oppositiven Bedeutungselementen (*Feminität vs Maskulinität*) interpretiert werden. Diese solcherart gewonnenen distinktiven Bedeutungskomponenten (s_1, s_2) nennt Greimas Seme[5]), die hierarchisch geordnet sind. Die Relation bzw. die semantische Achse manifestiert ihre doppelte Natur: Sie ist zugleich Konjuktion und Disjunktion. Als Konjunktion verbindet sie das beiden Lexemen inhärente Bedeutungslement — *Sexualität* und als Disjunktion umfaßt sie die distinktiven Bedeutungsmerkmale — *Feminität vs Maskulinität*.



Der Inhalt eines Lexems ist die Summe aus dem semischen Knoten (*noyau semique*: Ns), einer Konstante und den variablen kontextuellen Semen (*sèmes contextuels*: Cs), auch Klasseme genannt.[6] Die Kombination aus einem Semkern und semischen Variablen nennt Greimas Semem:

$$\text{Semem Sm} = \text{Ns} + \text{Cs}.$$

[3] Im weiteren zitieren wir aus der von J. Ihwe besorgten deutschen Übersetzung, erschienen in der Reihe *Wissenschaftstheorie, Wissenschaft und Philosophie* 4 „Strukturale Semantik".

[4] Vgl. *A. J. Greimas* (1971), S. 15.

[5] Vgl. *Greimas* (1971), S. 17.

[6] Zum Klassem siehe *Greimas* (1971), S. 42 f. Es handelt sich hier nur eine terminologische Unterscheidung.

Neben den denotativen Merkmalen, die dem Semem eine gewisse Stabilität verleihen, gehen in die Sememstruktur auch gesellschaftlich-überindividuelle Konnotationen ein. Mit der Integrierung der Konnoteme in den Sememkomplex, die dem Deskriptionsmodell Greimas' ohnehin fehlen, repräsentiert durch Stileme und Appraisoren, wird z. T. auch der kommunikativ-pragmatischen Funktion des Semems Rechnung getragen. Je nach der Anwesenheit/Abwesenheit der Konnoteme sind die Sememe auch Träger konnotativer Informationen. Zwischen den Stilemen[7] und Appraisoren dürfen Implikationsbeziehungen angenommen werden. Das Klassem (*Appraisiv*)[8] kann in die Semembeschreibung als semantische Achse eingeführt werden, und die hierarchisch untergeordneten Oppositionen (*Positiv vs Negativ*) fungieren als Polaritäten dieser Achse. Das Semem kann betrachtet werden als intersubjektiver Durchschnitt individueller Abbilder, die üblicherweise mit dem jeweiligen Formativ im Bewußtsein aller „fluent and native speakers" verknüpft werden.[9] Anders formuliert: Das Semem ist eine gesellschaftlich-kommunikative Invariante, und seine semantischen Mikrostrukturen und Makrostrukturen sind nur monolingual konditiniert.

3. DAS EXPERIMENTIERVERFAHREN

Liste 1: Verzeichnis der Äquivalenzreihe der VV mit der Bedeutung ‚Verhalten von Menschen'

Semem^{1} — sich verhalten
Semem^{2} — sich benehmen
Semem^{3} — sich betragen
Semem^{4} — auftreten
Semem^{5} — sich anstellen
Semem^{5b} — sich stellen
Semem^{6} — sich aufführen
Semem^{7} — sich geben
Semem^{8} — sich haben
Semem^{9} — sich zieren
Ssmem^{10} — sich gebärden
Semem^{11} — sich gehaben
Semem^{12} — sich lümmeln
Ssmem^{13} — sich flegeln
Semem^{14} — sich fläzen

[7] Zu Recht weist *J. Dubois* (1974), S. 252 darauf hin, daß die Stileme nicht dauernhaft sind. Innerhalb der Diachronie können die stilistischen Werte schnell und vollkommen ersetzt werden.


[8] Die Aufgliederung der appraisiven Komponente übernehmen wir von Ch. Morris (1971), S. 160: "Appraisors signify along a positive-negative *continuum*, and so may be classified as *positive* or *negative*."

[9] Vgl. *Lorenz/Wotjak* (1974), S. 111 f.

Bei der semantischen Analyse wurden die angeführten Bedeutungsvarianten folgenden Einzelchritten unterworfen:

1. Um die Kollokabilität der untersuchten Sememe mit den Kontextpartnern festzustellen, war es notwendig, die Sememe auf die konnotativen Merkmale, genauer: auf die Stileme und Appraisoren zu prüfen.

2. Bei der Integration der Stileme in die Semembeschreibung, die den Status der semantischen Merkmale haben, wird folgende Symbolisierung verwendet.



Nach der Präsenz/Absenz der in den jeweiligen Sememen fungierenden Stileme, die die paradigmatische Hierarchie der endozentrischen Makroreihe bzw. ihre Aufgliederung in Mikroreihen signalisieren, hat sich folgender Vergleich ergeben (siehe Tabelle Nr. 2.).

3. Die negativen bzw. positiven Stileme suggerieren die pragmatische Komponente — (*Appraisiv*). Es wird eine weitere Gliederung der semantischen Aches (*Appraisiv*) in ihre Polaritäten vorgenommen: (*Positiv vs Negativ*). Sowohl zwischen den Stilemen und Appraisoren als auch zwischen dem Klassem (*Appraisiv*) und seinen Polaritäten sind u.E. Inklusionsbeziehungen anzuenhmen.

4. Um das Beschreibungsmodell bei der semantischen Analyse zu simplifizieren und die redundante Eintragung des Sems (*Appraisiv*) zu vermeiden, werden in der Semembeschreibung nur die Stileme und die Polaritäten des appraisiven Klassems, integriert in (ein) Komplexsem(e) (Cs)[10], konfigurativ ausgewiesen.

Im Unterschied zur generativen Transformationsgrammatik, deren Vertreter sich bei den Analysen auf die eigene Kompetenz verlassen bzw. die introspektive Methode verwenden und somit eine Idealisierung immer vorausgesetzt wird, haben wir uns zur Verifizierung und Objektivierung

[10] Der Unterschied zwischen den Klassemen *Greimas'* und unserem integrierten Komplexsem besteht darin, daß unser(e) Komplexsem(e) durch die Iterativität nicht im denotativen, wie bei Greimas, sondern im konnotativen Bereich fungiert(en).

der aufgestellten Prämisse für das Experimentierverfahren aus folgenden Gründen entschlossen. Erstens: Die Introspektion konnte als Methode nicht gewählt werden, da Deutsch nicht Primärsprache des Explorators ist.[11] Zweitens: Eine wichtige Sicherung findet man, wenn man bei der Analyse einen Text wählt, der auf Grund fremder Kompetenz entstanden ist. Deshalb ist ein Test mit mehreren muttersprachlichen Informatnen der Introspektion des Explorators vorzuziehen. Drittens: Eine weitere Sicherung und Gewähr für Objektivität sieht man beim Experimentierverfahren — hier handelt es sich um zwei kontextgebundene (T1, T2) und einen kontextfreien Test (T3) — in der Intersubjektivität.

In der vorliegenden Untersuchung wird unser aufgestelltes Postulat — wie wir hoffen — auch experimentell (siehe Säulentabelle!) nachgewiesen, nämlich daß *die Sememdichte zu der Sememaktivität in einem umgekehrt proportionalen Verhältnis steht. Je größer die Sememdichte ist, desto niedriger ist die Sememaktivität.*

LITERATUR

Dubois, J. [u. a.] (1974): *Allgemeine Rhetorik.* Übers. u. hrsg. von A. Schütz. München
Gacov, D. (1974): *Studien zur semantischen Valenz.* Phil. Diss., Halle (S.).
Greimas, A. J. (1971): *Strukturale Semantik.* Autorisierte Übersetzung von J. Ihwe, (= *Wissenschaftstheorie, Wissenschaft und Philosophie* 4), Braunschweig.
Lorenz, W./Wotjak, G. (1974): *Die Beziehungen zwischen Bedeutungs- und Abbildstrukturen.* In: Beiträge zur Soziolonguistik. Halle (S.), S. 99—117.
Morris, Ch. (1971): *Writings on the General Theory of Signs.* (= Approaches to Semiotics 16). The Hague/Paris.

Димитрија ГАЦОВ

ЗА ОДНОСОТ НА МАРКИРАНОСТА И АКТИВНОСТА НА СЕМЕМАТА

(Резиме)

Авторот на овој краток прилог кон проблематиката на семемата тргнува од поставениот постулат *дали* и *како* се рефлектира маркираноста на семемата врз нејзината активност во јазичкиот систем. За верификација и објективизација на истакнатата премиса авторот се определува за експерименталниот метод (се тестирани 100 информанти) и — применувајќи го дескриптивниот инструментариум на А. Ј. Греимас — доаѓа до заклучок дека *маркираноста и активноста на семемата се во обратно пропорционален однос. Колку е поголем степенот на маркираноста, толку е помала активноста на семемата во јазичниот систем.*

[11] Primärsprache des Verfassers ist Makedonisch.


Nach dem Kritirium der stilistischen Markiertheit der Sememe hat sich folgende tabellarische Übersicht ergeben.

Semem	+2	+1	0	-1	-2	Informanten
Sm1	8	12	79	1	0	100
Sm2	12	17	69	2	0	100
Sm3	8	16	79	1	0	100
Sm4	14	11	75	0	0	100
Sm5	1	3	64	32	0	100
Sm5b	1	3	64	32	0	100
Sm6	2	4	51	40	0	100
Sm7	4	18	58	20	0	100
Sm8	0	2	20	73	55	100
Sm9	0	8	6	80	5	100
Sm10	1	4	17	68	10	100
Sm11	2	10	22	60	6	100
Sm12	0	1	2	39	58	100
Sm13	0	1	2	42	55	100
Sm14	0	0	3	20	77	100

Tabelle Nr. 1

Semem	Sememstruktur					Sonstiges	Bedeutungs-affinitäten
	Nx			Gz			
	Pros	Dyn	Imp	Stilem	Poa		
Sm1	+	+	+	so	±		Sm2, Sm3, (Sm7)
Sm2	+	+	+	so	±		Sm1, Sm3, (Sm7)
Sm3	+	+	+	so	±		Sm1, Sm2, (Sm7)
Sm4	+	+	+	s+1	+		(Sm1)
Sm5	+	+	+	s-1	-	Ungeschickt	Sm5b, Sm6
Sm5b	+	+	+	s-1	-		Sm5, (Sm6)
Sm6	+	+	+	s-1	-		Sm5, Sm5b, (Sm10)
Sm7	+	+	+	so	±		Sm8, Sm9
Sm8	+	+	+	s-1	-		Sm7, Sm9
Sm9	+	+	+	s-1	-		Sm7, Sm8
Sm10	+	+	+	s-1	-	Gestik, Mimik	(Sm6)
Sm11	+	+	+	s-1	-	Archaisch	(Sm9)
Sm12	+	+	+	s-2	-	Nachlässig	Sm13, Sm14
Sm13	+	+	+	s-2	-		Sm12, Sm14
Sm14	+	+	+	s-2	-		Sm12, Sm13

Tabelle Nr. 2


Säulentabelle
600
Ideal-wert
296
Sm 1
482
Sm 2
293
Sm 3
270
Sm 4
140
Sm 5
46
Sm 5b
364
Sm 6
237
Sm 7
127
Sm 8
163
Sm 9
219
Sm 10
106
Sm 11
106
Sm 12
63
Sm 13
44
Sm 14

Лилия ЕРМАКОВА

К ВОПРОСУ О СРАВНИТЕЛЬНОМ ИЗУЧЕНИИ МАКЕДОНСКОЙ И РУССКОЙ ФРАЗЕОЛОГИИ

Сравнительно-сопоставительное изучение фразеологических оборотов является пока слабо разработанной областью языкознания. Вместе с тем совершенно ясно, что исследования в области компаративной фразеологии имеют большой научный интерес, так как результаты их могут быть применены не только при разработке теоретических проблем общей лингвистики, но и в методике и практике преподавания иностранных языков.[1]

Огромное богатство русской фразеологии (в современном русском языке несколько тысяч устойчивых словосочетаний), семантическое и функциональное их разнообразие, естественно, вызывают постоянный вопрос о критериях отграничения устойчивых выражений, а также об основных типах фразеологических единиц. В понимании природы, фразеологических единиц как единиц особой системы языка среди лингвистов нет единого мнения. Сторонники узкого понимания фразеологии (А. И. Молотков, И. С. Торопцев, и др.) считают фразеологией только те устойчивые сочетания слов, которые характеризуются полной десемантизацией компонентов, т.е. фразеологические с р а щ е н и я и фразеологические е д и н с т в а.[2] Есть и другое крайнее мнение,

---

[1] Этому вопросу, в частности, посвящены работы по сопоставительной фразеологии русского и других славянских языков, например:

Л. И. Ройзенон, Ю.Ю. Авалиани, *Сравнительно-сопоставительный, структурно-типологический и ареальный аспекты изучения фразеологии*, Сб. ,,Проблемы фразеологии и задачи ее изучения в высшей и средней школе", Тезисы докладов, Вологда, 1965 г., стр. 23—25; Т. Стаматоски, *Белешки за фразеологијата на нашиот јазик* ,,Литературен збор", Скопје, 1963 г., стр. 18—20; Э. А. Григорян, *Типы фразеологических единиц и народной терминологии по болгарским и македонским апеллятивам*, ,,Вестник Ереванского гос. ун-та, общеславянские науки", Ереван, 1970 г., No 2, стр. 212—221; D. Baskiewicz, *Bulgarskie i macedonskie przysłowia etniczne*, ,,Przeglad humanistyczny" 1971 г., N 6, str. 127—135.

Л. И. Ройзенон, *Фразеология болгарского языка сравнительно с фразеологией македонского языка*, Сб. ,,Вопросы фразеологии" IX, Самарканд, 1976 г., стр. 163—170 и др.

[2] Термины, введенные академиком В. В. Виноградовым; см. В. В. Виноградов, Об основных типах фразеологических единиц в русском языке, Сб. статей и материалов ,,Академик А. А. Шахматов", изд. АН СССР, Москва—Ленинград, 1947 г.

согласно которому к фразеологии относятся все устойчивые сочетания слов, включая собственно номинативные и образно-экспрессивные (А. П. Мордвилко, М. Копыленко и др.). Нам представляется более преемлемой третья, умеренная позиция, которой придерживается большинство лингвистов (А. В. Калинин, Н. М. Шанский, В. Н. Телия и др.) к разряду фразеологических единиц относятся те устойчивые словосочетания, которые характеризуются идиоматичностью, т.е. семантической монолитностью, и относительной стабильностью лексического состава и структуры. Таким образом к фразеологии должны быть отнесены и словосочетания типа „насупить брови", „скоропостижная смерть", „кромешный ад, „вороной конь" и др. — то, что согласно теории В. В. Виноградова носит название фразеологических сочетаний.

Кроме того к фразеологии они относят и так называемые фразеологические выражения,[3] основным признаком которых является их воспроизводимость в качестве готовых формул. Таковы „крылатые слова" типа „рыцарь на час", „быть или не быть", „гусь свинье не товарищ"; а также фразеологические /сложные/ термины типа „выборная кампания", „день открытых дверей", „трудовые успехи" и т.д.

Отражая национальную специфику народа—носителя того или иного языка, фразеологические обороты, как известно, переводятся с большим трудом на иностранный язык, так как общее их значение обычно не соответствует сумме значений составляющих компонентов. Особенно это относится к неразложимым фразеологическим сращениям, смысл которых с точки зрения современного русского языка ничем не обусловлен и не мотовирован, а также к фразеологическим единствам, общее значение которых является переносным, метафорическим по отношению к сумме значений составляющих их слов.

Проводя сравнительный анализ ряда фразеологических единиц русского и македонского языков, мы отметили следующее. Фразеологические сочетания и выражения в большинстве своем адекватны, переводимы и являются не только семантическими, но и лексико-структурными эквивалентами, например: ад кромешный — вистински пекол; закадычный друг — најверен пријател; заклятый враг — крвен непријател; больное место — болно место; львиная доля — лавовски дел; медвежья услуга — мечкина услуга; день открытых дверей — ден на отворени врати; зеленая улица — зелено светло и т.д. Что же касается собственно идиоматических выражений (т.е. фразеологических сращений и фразеологических единств), то здесь наблюдаются разные случаи.

С одной стороны, бытуют совершенно эквивалентные по структуре и лексическому наполнению устойчивые словосочетания, возможно, имеющие в далеком прошлом один и тот же общеславянский источник, например: выйти сухим из воды — излезе сув од вода; как гром среди ясного неба — како гром од ведро небо; где тонко, там и рвется —

[3] Термин введен Н. М. Шанским, см. „*Фразеолоіия современноіо русскоіо языка*", изд. 2, Москва, 1969 г.

каде е тенко таму се кине; и волки сыты и овцы целы — и волци сити и овци на број; водить за нос — влече за нос; почивать на лаврах — спие (почива) на лаври (на стара слава); (плестись) в хвосте — на опашка; знать как свои пять пальцев — го знае како своите пет прсти; жить как кошка с собакой — живее како куче со мače; как рыба в воде — како риба во вода; камня на камне не оставить — камен на камен не остави; мерить на свой аршин — мери на свой аршин и др.

Однако наибольший интерес представляют фразеологизмы, являющиеся лишь семантическими эквивалентами и передаваемые разными метафорическими образными средствами языка, характерными, с одной стороны, для русского (восточнославянского, а с другой — для, македонского (южнославянского) народа. Например: вот где собака зарыта! вот в чем суть дела — ете во кој грм лежи зајакот; как из пушки (моментально, очень быстро) — како од топ (пушка); как на пожар (очень спешить) — трча како на воз; как горькая редька (о человеке, который надоел) — здодевен како болва; как сельдей в бочке (о скоплении людей в тесном помещении) — нема игла каде да падне; на воре шапка горит (о том, кто сам себя выдает) — си ја шика мувата; погнаться за двумя зайцами (одновременно преследовать две цели) — две лубеници под една мишка не се носат; в каждой бочке затычка (разговорное: о человеке, который во все вмешивается) — во секоја манџа мирудија; здоров как бык (об очень здоровом, сильном человеке) — здрав како дрен /карпа и т.д. Являясь продуктом многих эпох, язык, а особенно его лексика и фразеология, отражают не только материальную культуру и быт, но и в целом этнографические особенности того или иного народа. Во фразеологии, как в зеркале, находят свое отражение географические и природные условия, в которых живет тот или иной народ и которые в значительной мере обуславливают его образ жизни и трудовой деятельности. Так, например, Македония по своему географическому положению является южным краем, где зима настолько теплая, что естественные водоемы здесь не замерзают поэтому у ее народа не могло возникнуть выражения „биться как рыба о б л ё д“ (искать выход из тяжелого положения), — весьма активно употребляемого в русском языке. Это значение в македонском языке передается фразеологизмом „прета како риба н а с у в о“. Македонцы жители южной территории, издавна занимающиеся такими отраслями сельского хозяйства, как садоводство, виноградарство, скотоводство, вот почему в их речи, в том числе и во фазеологии, встречаются связанные именно с этим языковые образы, например: попасть (влипнуть) в историю — се најде во *небрано лозје*; попасть в беду — го обра *бостаноѿ*; в семье не без урода — во секое *жиѿо* има *какол*; *ѿоднять* насмех — крена на *вили*, влачить жалкое существование — живее како *вол за слама*; тише воды ниже травы — кротко *јаѿне*; шито крыто — ни *лук* јал, ни *лук* мирисал; голова садовая — *букова* глава; ждать у моря погоды — не умри *маѿаре* (*коњу*) до *зеленена ѿрева*; яблоко от яблони не далеко падает — каква *лоза* такво *ѿрозје*; *круша* под *круша* паѓа и др.

В связи с тем, что как литературно-письменный македонский язык оформился сравнительно недавно, его фразеологичская система еще не достаточно изучена. Этим об'ясняется то, что значительному количеству активных устойчивых выражений русского языка в словарях македонского языка нет соответственных эквивалентов, их смысл можно передать либо близким по значению словом (синонимом), например: без сучка без задоринки — глатко; вкривь и вкось — небрежно (лошо; быть в восторге — се одушевува; водой не разольешь — е нераздвоен; до поры до времени — привремено; вывести на чистую воду — раскринка, (разобличи); не в бровья, в глаз — точно; (право во целта); нежданно-негаданно — неочекувано; класть зубы на полку — гладува и др. — либо описательными выражениями: взять быка за рога — се зафати за најглавното; дела как сажа бела — лошо одат работите; не лезть за словом в карман — има одговор за сè; заблудиться во трех соснах — се заплетка во прости работи; на птичьих правах — без никакви права; отложить в долгий ящик — одложи нешто на неопределено време; подложить свинью — напакости некому со нешто; сесть в калошу (в лужу) — наседне (претрпи неуспех); медведь (слон) на ухо наступил — сосем нема слух (тврд на уши) и т.д.

Опыт изучения фразеологии свидетельствует о том, что во фразеологическом составе любого языка много общих черт с лексическим его составом. Фразеология представляет собой систему, в которой, подобно лексике, можно наблюдать и многозначность, и синонимию; фразеологию можно рассматривать как в синхронном, так и в диахронном аспектах. Наконец, и с точки зрения экспрессивно-стилистической фразеология языка представляет собой весьма разнородный по уровню и сферам употребления материал. Не ставя перед собой цели исследования всех этих аспектов, отметим лишь некоторые особенности фразеологичской синонимии в македонском языке. Как известно, „характерный признак фразеологической синонимии — отсутствие *развернутых* синонимических рядов), что об'ясняется, во-первых, разной эмоционально-экспрессивной их окрашенностью, а во-вторых, соотнесенностью с разными грамматическими классами.[4] Тем не менее для идиоматических выражений характерна фразеологическая синонимия, причем и здесь скорее следует говорить о смысловых параллелях, эквивалентах, а не об абсолютных синонимах. Вот примеры из македонского языка:

клати нозе
мери улици
стрижи комарци } бить баклуши (бездельничать)

гол како пиштол (прст)
има само јанцик (разг.) } гол как сокол (очен беден)

[4] В. Н. Телия, *Что такое фразеолоїия*, Москва, 1966 г., стр. 78.

се истркало грнето
си го нашло капачето } два сапога пара (подходят друг другу)

од болва прави бивол (мечка)
од влакно јаже } делать из мухи слона

од трн на глок
од дожд на град } из огня да в полымя

клин со клин се вади
от каде болката, отаде и лекот
злото со зло се протерува } клин клином вышибает

на мрава не гази
мирен како бубачка } мухи не обидет

го обра бостанот
зеде бељa на глава } попасть в беду

кревај си ги парталите!
обирај си ги крушите!
бегај дури си цел! } сматывай удочки!

тој пали тој гаси
тој коле тој бесе } он бог и царь

што на ум, а на друм
што му на срце, тоа му на уста } што на уме, то и на языке

уште во први петли
петлина доба } чуть свет

и т. д.

Особый интерес представляет синонимия пословиц и поговорок, имеющих переносно-образный, метафорический характер и потому относящихся к фразеологическим единствам. Например, близкие по значению русские пословицы „обжегшись на молоке, дуют на воду“ и „пуганая ворона куста боится“ имеют параллели в македонском языке — это синонимичные пословицы „попарен од млеко дува на матеница“, „попарен петел и од дожд бега“, „укасан од змија се глаши и од гуштерица“. В македонском языке довольно богатым является синонимический ряд пословиц, которым в русском языке соответсвуют „когда рак на горе свистнет и рыба запоет“ или после дожидичка в четверг“ (обе с ироническим значением): „кога ќе роди врба грозје“, „на куков ден“, „кога ќе обели гавранот“, „лани на грозјебрање“, .„кога ќе си го видам вратот“. Русской пословице „у семи нянек дитя без глаза“

в македонском языке соответсвуют близкие по семантике поговорки, которые также можно рассматривать как синонимические: „многу баби килаво дете“, „при двајца татковци детето без капа“.

Думается, что наличие в рассматриваемых языках фразеологических выражений, представяющих специфические национальные образования, об'ясняется особым историческим опытом коллективов, самобытностью культуры и психического склада народов. Вот почему „адекватное определение сущности фразологизмов как продукта речевой деятельности человека не может быть найдено без данных целого ряда смежных наук, в первую очередь — психологии, истории, культуры, фольклора, поэтики и т. д.“.[5] Прибавим к этому необходимость также глубокого изучения диалектных данных. т.к. именно язык народа является главным источником и носителем его мудрости и отражением многовекового опыта.

СПИСОК ЛИТЕРАТУР

1. С. И. Ожегов, *Словарь русскоїо языка*, Москва, 1973 г.
2. *Фразеолоїический словарь русскоїо языка* под ред. А. И. Молоткова, Москва 1967 г.
3. *Речник на македонскиоӣ јазик* под ред. Б. Конески, том I—III, Скопје, 1961—1966 г
4. С. И. Ожегов, *Лескиколоїия. Лексиірафия. Культура речи*, Москва 1964 г.
5. В. Н. Телия, *Чӣо ӣакое фразеолоїия*, Москва 1966 г.
6. Н. М. Шанский, *Фразеолоїия современноїо русскоїо языка*, Москва, 1969.
7. *Македонско-русский словарь*. Д. Толовски, В. М. Иллич-Свитија, Москва, 1963 г.
8. К. Гавриш, *Македонско-руски речник*, Скопје 1969.

Лилија ЕРМАКОВА

КОН ПРАШАЊЕТО ЗА СПОРЕДБЕНОТО ИЗУЧУВАЊЕ НА МАКЕДОНСКАТА И РУСКАТА ФРАЗЕОЛОГИЈА

(Р е з и м е)

Истражувањата во областа на компаративната лингвистика подбудуваат виден интерес, бидејќи нивните резултати можат да бидат применети не само при обработката на теоретски прашања од општата лингвистика, но и во методиката и практиката при предавањето на странски јазици.

Одразувајќи ја националната специфика на народот, на еден или друг јазик, фразеолошките конструкции, како што е познато тешко се преведуваат на друг јазик, бидејќи нивното општо значење не секогаш во полност е соодветно на збирот на значењата на составните компоненти.

[5] В. Н. Телия, *ӣам же*, стр. 34.

При едно извршено споредување на низа фразеолошки единици од македонскиот јазик со нивните руски еквиваленти ние дојдовме до следниве согледувања: фразеолошките состави и фразеолошките изрази во поголемиот број случаи се адекватни, се преводливи и, по правило претставуваат не само семантички, но и лексичко-структурни еквиваленти. Меѓу фразеолошките единици има сраснати лексички состави-како по нивната структура, така и по лексичката содржина, но и такви, коишто претставуваат само значенски еквиваленти, а коишто се искажуваат со метафорички образни средства, карактеристични за македонскиот јазик, при што оваа група фразеологизми видливо преовладува.

Фразеологијата претставува систем во кој слично на лексиката, може да се разгледува и појавата на полисемија и синонимија. Во овој поглед македонската фразеологија исто така претставува богат и интересен материјал особено, при едно контрастивно проучување наспрема руската.

Флорин ЈОНИЛА — Петар АТАНАСОВ

ЛИЧНАТА ЗАМЕНКА ВО РОМАНСКИОТ И МАКЕДОНСКИОТ ЈАЗИК (КОНТРАСТИВНА АНАЛИЗА)

0. Иако генеалошки не се сродни (едниот е словенски, другиот романски), македонскиот и романскиот јазик спаѓаат во јазиците на таканаречениот балкански јазичен сојуз. Во овие рамки тие развиле низа заеднички особености што од друга страна му обезбедува на романскиот јазик посебно место меѓу другите романски јазици (постпозитивноста на определениот член, честата употреба на коњуктивот наместо инфинитивот итн.).

1. Со помош на контрастивната метода ќе се обидеме да ја разгледаме личната заменка во овие два јазика.

2. Познато е дека оваа метода има за цел да ги истакне структуралните и функционалните сличности и разлики на јазиците што се проучуваат. Споредувањето на несродните јазици, на синхрониски план, ги истакнува во прв ред специфичните особености на нивните јазични структури, т.е. новото, што порано не можеше да се констатира врз основа на индивидуалната анализа во секој од овие два јазика. Најпосле на овој начин се утврдува „оригиналноста и типот на кој им припаѓаат“[1] тие.

Треба да истакнеме дека во разгледувањето на проблемот на личната заменка во македонскиот и романскиот јазик поаѓаме од денешната состојба во овие два јазика, одбегнувајќи некои од проблемите кои и денес се сè уште контроверзни како прашањето за удвоениот објект[2]. Поаѓајќи од јазикот — основа (англ. base-language, скратено LM или L_1) во нашиов случај македонскиот јазик и доаѓајќи до јазикот — цел (англ. target-language, LT или L_2), романскиот јазик,

[1] Bally, Ch., *Linguistique générale et linguistique française*, ed. III, Bern, 1950.

[2] Листа на трудови за овој проблем дава и Петар Хр. Илиевски во *Кон интерпретацијата на моделот на удвоениот објект во македонскиот јазик* во Јубилеен годишен зборник, бр. 22—23, 1972/1973, Скопје. Интересни заклучоци во однос на лингвистичките интерференции помеѓу ароманскиот и македонскиот јазик се среќаваат кај Божидар Настев, *Sur les éléments aroumains en macédonien* во „Actes du premier Congrès . . .“ Sofia, 1966 и *Местото на клитиките во ароманскиот и македонскиот јазик* во „25 години албански јазик на Филолошкиот факултет во Скопје 1951—1976“ Скопје, 1977.

ќе се обидеме да го утврдиме она што им е заедничко на двата јазика како и она што ги одвојува, зашто „само врз основа на сличностите се јавуваат и разликите помеѓу јазиците“[3].

3. Заради подобра прегледност, во она што следува подолу, ја даваме комплетната парадигма на личната заменка во јазиците што се разгледуваат:

Македонски

еднина

Подмет	*дат. предмет*	*предмет*
1.1 јас	мене, ми	мене, ме
2.1. ти	тебе, ти	тене, те
3.1. тој (он)	нему, му	него, го
таа (она)	нејзе, ѝ	неја, ја
тоа (оно)		

множина

1.1. ние	нам, ни	нас, нѐ
2.1. вие	вам, ви	вас, ве
3.1. тие (они)	ним, им	нив, ги

Романски

еднина

N.	G.	G.	Ac.	V.
1.1. eu	—	mie, îmi, (-)mi(-)	(pe) mine, (-) mă (-)	
2.1. tu	—	ţie, îţi, (-) ţi (-)	(pe) tine, te (-)	tu
3.1. el, ea	lui, ei	lui, îi, (-) i (-)	(pe) el, îl, (-) l (-)	
		ei, îi, (-) i (-)	(pe) ea, (-) o (-)	

множина

1.1. noi	—	nouă, (-) ne (-), (-) ni (-)	(pe) noi, (-) ne (-)	
2.1. voi	—	vouă, vă, (-), v (-), (-)vi(-)	(pe) voi, (-)vă, (-)	voi
3.1. ei, ele	lor	lor, (-) le, (-) li (-)	(pe) ei, îi, (-) i (-)	
			(pe) ele, (-) le (-)	

[3] *A. V. Isačenko Gramatičeskij stroj ruskogo jazyka v sopostavlenii, Morfologija I*, Bratislava, 1954, ed. II 1965.

3.1. Системот на заменките во двата јазика се карактеризира со опозицијата на лицето и бројот; опозицијата на родот се означува само во III-то лице еднина (во романскиот јазик и во множина). Покрај тоа во романскиот јазик се среќаваат и облици на личната заменка во генитив (III лице еднина и множина).

Личната заменка во I и II лице (кога контекстот е јасен и во III лице) обично во двата јазика не го придружува глаголот. Меѓутоа нејзината употреба е задолжителна кога искажуваме некоја опозиција, кога инсистираме врз нешто: макед. *Јас диктирам а ти пишуваш*; ром. *Eu dictez iar tu scrii.*

Заменската флексија во датив и акузатив има нагласени (долги) и ненагласени (кратки) облици. Долгата форма обично е зависна од кратката во смисол што нејзиното присуство задолжително повлекува зад себе и употреба на една од кратките заменски форми.

макед. *Нам ништо не ни рече*; ром. *Nouă uimic nu ne-a spus,*
макед. *Вам ви телефонирав*; ром. *Vouă v-am telefonat.*

Во романскиот јазик во датив и акузатив се среќаваат повеќе паралелни форми (îmi, mi, mi-, -mi, mi-; mă, -mă, m-, -m-) коишто се „варијанти и чијашто употреба фонетски или синтаксички е условена" (cf. IV, 125).

3.2. Постојат неколку случаи во кои долгата форма се употребува сама, како на пример:

а) по предлозите во макед. *Оди без (преѓ, кај, околу, со) нив*; *Од вас зависи сè*; *За мене е оваа книга* итн. Во ром.: *Merge fără, (la, cu, spre, până la) ei: De voi depinde tot tul Cartea aceasta este pentru mine;*

Дативните форми на личната заменка *нему, нејзе, нам, вам, ним* не се употребуваат со предлози. Меѓутоа во романскиот јазик дативните форми се употребуваат само со следниве три предлога: *datorită, multumită gratie (ei, nouă, vouă, lor)*. Доста ретко по предлог може да се појави и кратката заменска форма: *împotriva-ţi; deasupra-mi* итн. Исто така, ретка е употребата во романскиот јазик на долгите форми на личната заменка во датив и во конструкциите во кои тие зависат од придавка: *Atmosferă favorabilă tie; Asemenea lui,* или од *извик*: *Vai mie! Halal de tine! Bravo lui!*

И во македонскиот јазик среќаваме слични конструкции како: *благодарејќи нему, Браво нему!, Слично ним* итн.

б) Долгата форма на личната заменка во двата јазика ја среќаваме сама во елиптични одговори: во макед. — *Кого го бараш? — Него*; *Кому му кажа? Вам*; во ром. — *Pe cine (îl) cauti? — Pe el — Cui i-ai spus? — Vouă.*

4. Што се однесува до кратката заменска форма, и овдека, можат да се забележат неколку особености заеднички во двата јазика:

4.1. Кратката форма на заменката се употребува кога во реченицата заменката не е особено акцентирана: *ме гледа, ти кажува, ве најдов*; ром. *mă vede îţi spune, v-am găsit.*

4.2. Појавата на удвојувањето на објектот присутна е и во македонскиот и во романскиот (а се среќава и во грчкиот и албанскиот јазик). Оваа синтаксичка особеност е стара во македонскиот јазик и зела голем замав. Нејзината употреба овдека е почеста во споредба со онаа во другите јазици со кои македонскиот е во контакт[4]. Се среќава во бугарскиот и во некои дијалекти на српскохрватскиот јазик.

Во романската лингвистика се зборува за антиципација и двојна употреба, на синтаксички план, на директниот и индиректниот додаток преку ненагласената форма на заменката (III, стр. 144—147).

Кога сакаме да го истакнеме лицето се јавуваат двете форми: *Мене ме виде, Го видов нејо, Тебе ти велам, Неја ја видов, Му реков нему*; ром. *Pe mine m-a văzut, L-am văzut pe el, Tie îţi spun, Pe ea an văzut-o. J-am spus lui.*

Во романскиот јазик нагласената форма на личната заменка во акузатив *mine, tine* итн., повлекува секогаш употреба на морфемот *pe*, кога таа е директен додаток. Формата за датив се употребува без предлог, кога е во функција на индиректен додаток, и со еден определен број на предлози како што видовме малку погоре: *Lui i-m spus? Lor le-am trimis* итн.

4.2.1. Кратките заменски форми се јавуваат при удвојување на директниот објект кога именката е членувана или пак имаме сопствена именка: во макед. *Го видов човекот*; во ром. удвојувањето на објектот е факултативно: (*L—*) *am văzut pe omul acesta* (*înalt*)[5]. Еве и неколку други примери: *Ја видов Вера*; во ром. *Am văzut-o pe Vera* но и *Am văzut pe Vera; Ја видов жената*, ром. *Am văzut-o pe femeia aceasta* но и *Am văzut femeia. Го знам случајот*, ром. (*îl*) *cunosc cazul* итн.

Во романскиот јазик во вакви случаи удвојувањето на објектот е факултативно, но кога директниот додаток е изразен преку лична, посвојна, показна или повратна заменка, тоа е задолжително:

Тоа што во македонскиот станало задолжителна норма,

Митко < *ја зеде книгата* / *ги прочита весниците*

во романскиот се изразува обично без кратката заменска форма:

Митко < *a luat cartea* / *a citit ziarele*

Во двата јазика настанува обично удвојување на објектот кога директниот додаток стои пред глаголот и се работи за добро познат предмет или лице: *Articolul îl scriu mîine;* макед. *Статијата утре ќе ја напишам; Chiar pe mine mă cauţi?* Баш мене *ме бараш?*

Понекогаш удвојувањето е задолжително (кога сакаме да избегнеме извесна конфузија што би можела да настане): *Fata o vede băiatul* (Gram. Acad. стр. 445).

[4] Б. Конески, *Историја на македонскиот јазик*, Скопје, 1967, стр. 117—118.
[5] Со детерминант.

4.2.2. Што се однесува до индиректниот објект тој се удвојува независно од тоа дали именката е членувана или не е:

во макед. *Му кажав* { *на детево*; *на еден човек*, *на Виктор* *нему* } во ром. *(I)-am spus I-am spus* { *copilului* *un ui om* *lui Victor* *lui* }

Се забележува сличност во однос на удвојувањето на објектот, но во романскиот јазик тоа е задолжително само кога индиректниот предмет е изразен преку личната, посвојната показната и повратната заменка.

Што се однесува до удвојувањето на индиректниот објект употребен пред глагол, таквата конструкција во романскиот јазик е возможна но не е секогаш задолжителна: *Lui George i s-a făcut o bună recomandare* (макед. *На Ѓорѓи дадена му е добра препорака*); *Nimăniu nu (i-) am descris peisajul* (макед. *Никому не сум му го опишал пејзажот*).

Денес, главно, се смета дека феноменот на удвојувањето на објектот во романскиот јазик е во полна еволуција и дека е карактеристичен за говорниот јазик (особено кога ваквата употреба е факултативна).

4.3. Во двата јазика кратката форма за датив од личната заменка може да ја замени посвојната придавка: *Брат ми* наместо *Мојот брат* ром. *Mi-a venit fratele*. Во македонскиот јазик често се среќаваат кратките заменски форми за датив со кои се изразува посвојност со роднинските имиња: *мајка ми, татко ти, маж ѝ, сестра му*. Именките главно се нечленувани (за случаите кога тие добиваат член, сп. II, стр. 337).

Како во македонскиот така и во романскиот јазик, односот на посвојност, изразен преку дативниот облик на личната заменка, проширен е и на други конструкции. Kr. Sandfeld (I, стр. 190) ја проследил во повеќе балкански јазици конструкцијата *каде ми е главата*. Еве неколку примери: *Си ја гледам работата*, ром. *Îmi văd de treabă; Му умре соседот*, ром. *I-a murit vecinul; Си ја земам секој месец пензијата*, ром. *îmi ridic lunar pensia;*

Во романскиот јазик, во поширок смисол, заменката може да се употреби и со предлози: *Deasupră-mi* наспроти *Deasupra mea; Înante-ți* наспроти *Înaintea ta*; *Împrejuru-ne* наспроти *Împrejurul nostru.*

4.4. Личната заменка во III лице еднина во романскиот јазик се употребува како посвојна придавка со нагласена предност врз оваа последната зашто го определува родот на поседувачот:

$Cartea < \begin{matrix} lui \\ ei \end{matrix}$ наспроти *Cartea sa*

4.5. Неакцентираната лична заменка во I и II лице во датив (*mi, ti*) се употребува за да се истакне интересот и душевното учество на раскажувачот: *Ce mi-ai făcut pînă acum?* макед. *Што си ми правел досега?*; *Unde mi-ai fost? Kaj си ми бил?*; *Ti-ai găsit el să-ti spună asta? Си нашол тој тоа да ти го каже!*

5. Местото на личната заменка ни овозможува да направиме извесни интересни забелешки во однос на самата топика.

5.1. Главно се знае дека во двата јазика местото на личната заменка, поточно на кратките заменски форми, е точно определено што ќе рече дека тие се употребуваат пред глагол со исклучок кога имаме употреба на императив, глаголски прилог и извик, на пр. *Ме праша, Му зборувам, Ги купи, ѝ дал, им помаѓа*; ром. *ma întrebat îi vorbesc, le-a cumpărat, (i-a cumpărat), i-a dat, îi ajută (le ajută)* итн.

Во романскиот јазик може да дојде и до употреба на извесен број прилози меѓу личната заменка и глаголот, како: *cam, mai, prea, si, tot.* Еве неколку примери: *Il tot invită*, но и *Tot îl invită, Il mai întreb, Ii si plimb* итн.

5.2. Кратките заменски форми, во употреба со сложените глаголски облици, во македонскиот јазик стојат по помошниот глагол но пред основниот глагол, носител на смисолот: *Утре ќе ви го соопштиме решението*; *Ти си го видел Иван? Сте им помогнале*;

Во романскиот јазик личната заменка, во овој случај, останува надвор од глаголските форми: *M-a invitat, ti-a spus, i-a dat o carte, îl va invita, ne-ar fi ruşine, ţi as spune, l-ar fi întrebat* итн.

Кога конститутивните елементи на минатото неопределено време, на идното и на сегашното време на условниот начин стојат во обратен ред од нормалниот, во вакви случаи кратката заменска форма може да се јави во два глаголски облика: *invitatu-ne-a, invitatu-i-ar, arde-te-ar focul, vorbitu-ţi-ar, invitatu-mă-va* итн. Исклучок од ова прави личната заменка за III лице еднина, формата за женски род *о*: *o va invita, am însotit-o aş invita-o* итн.

Употребена со инфинитивот и коњуктивот личната заменка во романскиот јазик стои помеѓу нивните конститутивни елементи: *a ne iuvita, a-mi spune; să mă inviti, să-i spună, să vă văd* итн. сп. во макед. *да го запрат, да му купи, да ги види* итн.

Со повратните глаголи кратката заменска форма во датив, во двата јазика, стои пред повратната заменка: *Им се обратив, ни се објаснува, ви се вели, им се соопштува*; ром. *ni se spune, vi se comunică, ni se explică* итн.

5.3. Кога во реченицата имаме удвоен објект, тогаш кратката заменска форма стои пред глаголот (со погоре спомнатите исклучоци): *Вчера го видов Јован на факултет.* ром. *Ieri l-am văzut pe Ion la facultate.*

5.4. Кога имаме истовремена употреба на дативните и акузативните кратки форми на заменката, тогаш и двете стојат пред глаголот со тоа што дативната форма стои пред акузативната: *Му ја да-*

дов книīаīа, Му īо реков, Им īо зедов итн. ром. *Mi-l invită, I-o dă, I-l cer* итн.

5.5. Употребени со императивот кратките заменски форми стојат во двата јазика по глаголот: *зайреше īо!, зайреше īо неīо, неīо зайреше īо!;* ром. *inită-l!, invită-l pe el!, pe el invită-l!.*

Ретки се случаите кога во романскиот јазик со потврдниот императив кратката заменка може да стои пред глагол: *ia ne si ne du!.*

Но императивот во неговата негативна форма секогаш, во романскиот јазик, е претходен од кратката заменска форма: *nu mă uită!, nu ne întrerupeti!* Во македонскиот јазик употребата е идентична: *не ме йрекинувај!, не ме йрашувај!* но овдека можностите во овој поглед се пошироки.

5.6. Кратките заменски форми се употребуваат по глагол и во случај кога тие придружуваат глаголски прилог, односно герундив или извик: *зборувајќи му, земајќи īо* (*ја*), еве ме! *ене īо,* итн. ром. *Vorbindu-i, luîndu-l* (*o*), *iată-mă!, iată-l!.*

5.7. Доколку местото на кратките форми на заменката е строго определено, тогаш долгите заменски форми стојат и пред и по глагол и можат да бидат одделени и од други зборови:

Јован нему му дал йодарок	*Ion lui i-a dat un cadou*
Нему Јован му дал йодарок	*Lui, Ion i-a dat un cadou*
Јован му дал нему йодарок	*Ion i-a dat lui un cadou*
Подарок Јован нему му дал	*Un cadou lui i-a dat Jon.*

6. Не помалку интересен е и фактот што кратките заменски форми (особено дативните), во двата јазика, се јавуваат во слични конструкции како:

Датив			Акузатив		
ми се чини	ром.	*mi se pare*	*ме боли*	ром.	*mă doare*
ми се дойаѓа	„	*îmi place*	*īо īледам*	„	*îl ăd.*
ми се јаде	„	*mi e foame*			
лошо ми е	„	*mi e rău*			
ми е сйрав	„	*mi-e frică*			

7. Од сето ова како заклучок може да се извлече дека споредувањето на личната заменка во овие два балкански јазика овозможува да се откријат извесни паралелизми кои ги доближуваат и го олеснуваат нивното изучување, како извршувањето на преводи, составувањето на речници и сл. Покрај тоа, ваквото споредување на лингвистичките феномени во двата јазика има и свое значење во поглед на теориската лингвистика (каков што е случајот со удвоениот објект). Тоа што во македонскиот јазик претставува процес главно завршен, во романскиот тој е во полно извршување.

BIBLIOGRAFIJA

I. Kristandfeld, *Linguistique balkanique. Problemès et résultats*, Paris, 1930.

Блаже Конески, Граматика на македонскиот литературен јазик, дел I и II, Скопје 1967.

Academia RSR, *Gramatica limbii române*, vol. I—II, ed. a II-a revăzuta şi ădaugită, Bucureşti, 1966.

A. Niculescu, Iordan, V. Gutu-Romalo, *Structura morfologică a limbii române contemporane*, Bucureşti, 1967.

B. Koneski, B. Vidoeski, O. Jašar-Nasteva, *Distribution des balkanismes en macédonien*, bo „Actes du premier Coninternational des études balkaniques et Sud-est européennes", Sofia, 26 aout — 1 septembre, 1966.

Петар Хр. Илиевски, Кон интерпретацијата на моделот на удвоениот објект во македонскиот јазик во „Јубилеен годишен зборник" бр. 22-24, 1972/1973, Скопје,

Al. Niculescu, *Individualitatea limbii romane între limbile romanice. Contributii gramaticale*. Ed. ştiinţ. Bucureşti, 1965.

Florin IONILA — Petar ATANASOV

LE PRONOM PERSONNEL DANS LE MACÉDONIAN ET LE ROUMAIN (ANALYSE CONTRASTIVE)

(R é s u m é)

Dans le présent article on aborde, à l'aide de la méthode contrastive, le système du pronom personnel dans le roumain et dans le macédonien, langues généalogiquement différentes mais qui du point de vue typologique présentent une série de traits communs par lesquels ces deux langues s'encadrent dans l'union linguistique balkanique.

L'analyse des formes aussi bien que celle de l'emploi du pronom personnel démontre que dans le roumain et dans le macédonien il existe une série de parallélismes qui les rapprochent et qui facilitent leur apprentissage.

Petro JANURA

PËLLËMBA SI NJËSI MASE DHE SHPREHJEJE STILISTIKE NË GJUHËN SHQIPE

Siç dihet pëllëmba nga pikëpamja anatomike është pjesa e brendshme e hapur e grushtit, ose pjesa e dorës që fillon prej parakrahut e gjer te maja e gishtave. Si njësi mase është distanca e ndehur në maksimum të pëllëmbës ndërmjet majes së gishtit të madh gjer te ajo e gishtit të vogël. Është baraz 25—28 cm. e gjatë.

Pëllëmba me sinonimet e saj si njësi mase me kuptime të tjera konkrete dhe abstrakte ka edhe vlerë linguistike e stilistike si në gjuhën enë letërsinë shqipe ashtu edhe në gjuhët e letërsitë tjera të popujve të Ballkanit[1].

Pëllëmba si njësi e vogël mase për sipërfaqe si gjatësi horizontale e vertikale (dhe peshe), ka qenë e njohur dhe e përdorur edhe nga popujt lashtë (egjiptasit, fenikasit, kartagjenasit, arabët, grekët, romakët etj.). Si njësi mase janë përdorur edhe pjesë të tjera të trupit, si psh., në gjuhën shqipe, ndër të tjera, përdoren edhe këto njësi, shprehjet e të cilave kanë vlerë linguistike: *gishti*, (një gisht ujë, një gisht verë, dy gishta letër), *krahu* (një *krah* dru, pesë *krahë* pune), *këmba* e *hapi* ose *çapi* (dhjetë *këmbë* e gjatë, një *këmbë* mishi, pesë *hapa* (*çapa*) larg shtëpisë, bleu një arë 50 *hapa* të gjërë dhe 75 *hapa* të gjatë), *bërçiku* (furmaçka, sufluku), që ndehet prej gishtit të madh gjer te lëpisi kur janë të hapur[2], ka mbetur një *bërçik* njeri, s'i mbeti asnjë *bërçik* tokë, pra mbeti ishkurtër, mbeti pa gjë.

Gjersa nuk kishte dalë sistemi metrik i të maturit këto pjesë të trupit kanë formuar njësi mase shumë të përdorura. Edhe sot njësitë e masës mbështeten në këto pjesë (krahu për kut edhe metër). Në popull përdoren në marrëdhëniet jozyrtare e prandaj ende janë të shpeshta e të gjalla. Ato kanë dhënë shprehje të bukura poetike e me vlerë të dalluar linguistike, si edhe vlerë sociale, sociologjike, ekonomike dhe psikologjike. Pra pëllëmba është njësi mase që përdoret shumë dhe rëndom në të gjithë territorin ku flitet gjuha shqipe e që ka domethënie tepër të përhapur me shprehjet kuptimore të shumta e të shumëllojshme si në botën konkrete aq edhe në botën abstrakte, si te shqiptarët ashtu edhe te ballkanasit e tjerë. Përdorimi i saj

[1] Ky studim sumar s'ka pretencione se në të do të përmblidhen të gjitha këto vlera linguistike të të gjitha këtyre gjuhëve.

[2] Fjalori i Gjuhës Shqipe, Tiranë, 1954, f. 35.

me këto lloj kuptime i kalon kufitë e Ballkanit e të Europës. Ne do të përqëndrohemi shkurtimisht, te përdorimi i saj te shqiptarët.

Pëllëmba, pra, si njësi mase është e njohur në të gjithë territorin e shqipes. Dikur dallohej pëllëmba e „zotnisë" prej pëllëmbës së njeriut „të vogël". Zotnia maste dhe mirrte taksa dhe të mira tokësore me pëllëmbë të madhe, me „*palmus major*" dhe i përvuajturi, katundari dhe punëtori, fitonin me pëllëmbë të vogël, me „*palmus minor*", që këtu edhe fjala e urtë „pëllëmba e beut bën gërdi, pëllëmbë e fshatarit nxjerr oi-oi"[3].

Etimologjikisht fjala pëllëmbë ose palmë (rum.) vjen nga latinishtja *palma* (gjinia femërore) ose *palmus* (gjinia mashkullore). Kjo etimologji për shqipen *pëllëmbë* është pak e dyshimtë, pse s'ka të ngjarë të vijë prej latinishtes *palma*, meqë s'ka se si të shpjegohet me bindje *ë*-ja, *a*-ja ose *o*-ja ndërmjet *ll*-së dhe *m* (*b*)-së te format *pëllëmbë, pëllamë* ose *pollomë, pëllom.* Kuptimi leksikal i fjalës shqipe ka më shumë mundësi të lidhet me ndajfoljen *palam* — haptas, si një shesh i hapur që e tregojmë me shenjën e pëllëmbës së hapur ashtu siç pëllëmba është e tillë kur grushti hapet, por të gjithë e japin si të lidhur etimologjikisht me *palma* latine, që do të thotë pëllëmbë dore, e cila në shqipe dha këto sinonime: shuplakë, dackë, shëpullë, bacë, flakurimë, flakareshë, paraveshë, shputë, shitë. Dhe latinishtja e ka si njësi mase horizontale: *palmis passis*[4], me krahë të hapur ose të shtrirë. Pra, me kuptim negativ ose pozitiv, vlerësohet një copë toke ose ndonjë send tjetër që lidhet me tokën, del prej tokës ose rri mbi tokë. Latinët thonin: *donare aliquem palmarit*[5], t'i japish dikuj lavdit pse doli fitues në ndonjë ndeshje (vrapimi, këcimi ose hudhje). Si njësi mase fjalët *palma* dhe *palmus* janë për dorur edhe prej C. Plinius Secundus, Sex. Julius Frontinus, M. Vitruvius[6]. Këto dy forma kanë shkaktuar konfuzione në përdorimin e tyre[7], herën e parë si pjesë e dorës (palma) e mandej mori edhe kuptimin e një njësie mase (*longitudinis palmae manus*). Për këtë mënyrë në Grand dictionaire universel du XIX siècle të Pierrë Larousse, thuhet: „Quelquefois, pour distinguer le grand palme, le écrivains latins le nomment palma trandis qu'ils se servent toujours du mot palmus pour le petit palme"[8].

Nopcsa, G. Meyer, G. Weigand e nxjerrin me etimologji greke: Παλάμη dhe Παλαμιά. S. Puscariu me dyshim e lidh me lat. *plama.*

Te shkrimtarët e moçëm shqiptarë na del si *pëllambë* (Bardhi). *pëllambë* (Budi). Çabej, me të drejtë, e jep si fjalë që rrjedh prej greqishtes së vjetër me këtë shpjegim: *a*-ja e pathekse e silabës së parë u ndërrua në *ë, a*-ja e theksuar e silabës së dytë ndërrua, në pozicion nazal, nëtoskërisht në *ë*, zhvillimi i

[3] Këtë e kam dëgjuar në Bukuresht prej një katundari shqiptar nga rrethi i Teto vës, para 30 vjetësh, të cilit beu ia mori tokën dhe e mundonte.

[4] H. Lacaj e F. Fishta: Fjalor latinisht-shqip, Tiranë, 1966, f. 355.

[5] Ibidem.

[6] Valentina Şerban, Palma ca unitate de masură, Cercetări de lingvistică, XVI, Cluj, 1971, 2, f. 280.

[7] Ibidem.

[8] Ibidem, f. 281.

një *b*-je si tingull hamorganik pas *m*-së[9]. Bardhi në fjalorin e tij „Dictionarium latino-epiroticum", Romë, Typis Sac. Congr. de Propag. Fide, 1635, f. 82 shënon vetëm fjalën: *Palma=pëllamba*, pa asnjë domethënie tjetër. Poashtu edhe Vedat Kokona, në fjalorin „Fjalor frëngjisht-shqip", Tiranë, 1966, f. 224, fjalën *pëllëmbë* e jep me kuptimin si njësi mase.

Në gjuhën shqipe nuk bëhet asnjë dallim ndërmjet pëllëmbës si pjesë e dorës dhe pëllëmbës si njësi mase të gjatësisë ose të lartësisë. Kësisoj ka qenë edhe në latinishten vullgare, që ka mundësi të ketë ndikuar mbi shqipen, duke u ruajtur forma e gjinisë femërore, ashtu siç ka ndodhur edhe me gjuhën rumune[10]. Në gjuhët sllave, që e kanë pëllëmbën (šaka) si njësi mase dhe si pjesë të dorës, latinishtja (si kuptim) do të ketë ndikuar nëpërmjet të shqipes, dhe jo me anë të arumanishtes, meqë shqipja është më e vjetër në Ballkan se sa arumanishtja. Sllavishtja ballkanike ka qenë më shumë në kontakt me shqipen se sa me arumanishten. Mandej shqipja ka qenë e lidhur edhe tregtarisht me Italinë, ku fjala pëllëmbë ka „shumë kohë qe përdoret në tregti të mallrave" si njësi mase[11]. Pra (sp.), pâlma (fr.)[12], *Palme*, lat. palmus. Si njësi mase vërtetohet edhe me theksimin:

„Mesure represésentant une étendur de quatre doigts.

Mesure de longueur employée dans différentes contres dumidi de l' Europe, et qui n'etait pas partant la même. Mesure dont on se suveraie en Italie pour le commerce des marbres; ille vallait che palmes pour faire un mètre cube"[13].

Është interesant se si dikur në Rumani përdorej kjo njësi për të matur gjatësinë (Muntania dhe Moldavia) me emrin *stinien* i ndarë në 8 pëllëmbë, 80 gjishtrinj ose 800 vija (në Munenia) ose 8 pëllëmbë 64768 vija (në Moldavi) si masë e përdorur prej peshkatarëve.

S'ka dyshim se sot pëllëmba, si njësi mase, i ka lëshuar vendin njësive tjera të masës edhe në gjuhën shqipe, ku herën e parë u përdor *kuti* (cotul, rom.), 80 cm i gjatë, e pastaj metri, që në linguistikë ka mbetur pasiv, pse me të s'janë krijuar shumë shprehje gjuhësore me kuptim konkret ose abstrakt. Nëse ka ndonjë shprehje ajo është formuar në bazë të shprehjeve të pëllëmbës, pra, janë shprehje artificiale pa gjallëri e bukuri stilistike. Ato kanë hyrë thellë në popull e në gjuhën popullore. Prandaj edhe sot dëgjohet: disa *pëllëmbë* mëndafshi, një *pëllëmbë* shajak, një kut basme, dy kut shajak, ka një kut djalë, mori nuse sa një kut (e shkurtër), dy *kut* përhurë, tre kut mëndafsh. Kuti! si shkop për të luajtur cingëlthi (cinglazi), kliskë, çelik, galec[14]. Shprehje të tilla gjuhësore vërtetohen me përdorimin e tyre në popull, psh.: i kam matur me *pëllëmbë* ato toka[15], ky mëru është

[9] E. Çabej: „Studime rrteh etimologjisë së gjuhës shqipë, XVII, në 'Studime Filologjike', Tiranë, v. XIX (II), nr. 1, 1965, f. 25.

[10] V. Şerban, ibidem.

[11] E. Littre, Dictionaire de la langue française, vëll. III, Paris, 1878.

[12] Dictionaire Espagnol-français — français-espagnol, Paris, 1963.

[13] Emile Littre, Dictionaire de la langue française, Paris, 1960, f. 852.

[14] Pano Tase: Fjalorth i Ri (Visaret e Kombit vëll. XII), Tiranë, 1941 (ribotim Prishtinë, 1969), f. 22, 25;

[15] Fjalori i Gjuhës Shipe, Tiranë, 1954, .f 71.

i gjatë tri *pëllëmbë*[16], një *pëllëmbë* tokë, ay banonte në një *pëllëmbë* dhé, ajo është një *pëllëmbë* më e gjatë se unë, s'kish asnjë *pëllëmbë* vënt të lirë, i shkurtë sa *pëllëmba*[17].

Pëllëmba ndihmon të formohen shprehje me domethënie sociale dhe ekonomike, pra edhe të tregojë një realitet të tillë historik. Poashtu, në këto shprehje, gjejmë realitet sociologjik dhe psikologjik: kishte dy *pëllëmbë* shtëpi, Lumi i gjërë dy *pëllëmbë* i mbyti shtëpitë dhe bagëtitë. Më mbeti një lëndinë dy *pëllëmbëshe*. Social-ekonomike: Dy *pëllëmbë* varr do t'i gjenden trimit.

U mbulua me një *pëllëmbë* jorgani të grisur.

Bëri dy *pëllëmbë* dru për dimër.

Preu dy *pëllëmbë* pyll.

„Vjen deti me *pëllëmbë* të bardha"[18]. (Një metaforë që tregon sipërfaqen e detit të shkumbëzuar, që i afrohet tokës ngadalë valë-valë të bardha.

„Shuplaka e frikës nisi t'ja shtërngojë zemrën. . ."[19].

Të rëndë e ka *pëllëmbën* mësuesi, më mori në *pëllëmba*. Vuaj prej *shuplakës* së tij. Janë këto shprehje të bukura ku për bazë kanë metaorfën. Pra kanë edhe vlerë letrare, që zbukurojnë stilin. Gjuha shqipe është e pasur me shprehje të tilla metaforike. Si pëllëmb ëmase, përdoren edhe: *gjishtvat*: shkurtabiq (nga një gjisht njeri) ose nga *gjishtizë* (që përdorin rrobaqepësit). Metaforike nga jeta e bestytnisë dhe e traditës fetare, janë edhe shprehjet stilistike që kanë kuptim fetar: Zoti s'e tregon *pëllëmbën*; *pëllëmbë* e zotit; mos e prit *pëllëmbën* e zotit; more një *dockë* të mirë; kjo është *shuplakë* prej zotit. *Pëllëmba* e zotit të kaptë. Mori një *flakareshë*. Mandej:

„Një *pëllëmbë* vend na mbeti,

Prej kaq toke të bukur".[20]

„Të mos përfshijë asnjë *pëllëmbë* tokë".[21]

„Veç *shputave* të mija që zënë kënë t'gjith udhët".[22]

Prej tokës sonë një *pëllëmbë* është liqeni (është shumë afër).

Poashtu edhe letërsia popullore e ka përdorë këtë fjalë si metaforë, si e ka përdorë ajo artistike. E gjejmë edhe në letërsinë popullore maqedone në Resnjë. P. Sh. „Tri *pëllamë buzën e kishte pasun*" (i shëmtuar)[23]. E *mban ndë pëllëmbët dorës*=sillet mirë me të. Ky *mëru është i gjatë tri pëllëmbë* =kjo mëngë është e gjatë tri pëllëmbë[24]. „Një *pëllëmbë* vënd, prej kaq toke".[25] „Pet *pedi* buzi puste." (Shprehje popullore maqedonase. Tregon

[16] Emanuel Giordano, Fjalor i Arbëreshëvet t'Italisë, Bari, fq. 356.
[17] Angelo Leotti, Dizionario albanese-italiano, Roma, 1937, fq. 982.
[18] Nëndori, Tiranë, nr. 12, 1967, f. 198.
[19] Migjeni, Studenti në Shtëpi, Vepra, f. 180.
[20] Asdreni, poezia „Burri i dheut", në Psallme murgu, Bukuresht, 1930.
[21] v. Mendimi politik. . ., f. 33.
[22] E. Gjerqeku, Xixa stralli, Prishtinë, 1976, f. 9.
[23] v. Këngën popullore Gjergj Elez Alija.
[24] Fjalor i arbëreshvet t'Italisë, Bari, 1963, f. 356.
[25] Asdreni, ibidem.

njeriun të hidhëruar ose është κryneç), izraz, pogovorka!, za čovek koj mošne mnogu se nalutil, naduval)[26] Njëzet e dy *pash* nënë dhe"[27] (si Zhyl Verni).

Siç është e natyrshme edhe arumanishtja, si gjuhë ballkanike e përdor me kuptime të ndryshme stilistike fjalën pëllëmbë. P. sh. *VA-lé i ti'nă pri palmă* (aroman.). Ošă-ltina înal *palmă* (rum.). Do ta mbaj në *pëllëmbë*. *L'tîn pri pă'lm'i*, dmth. E mbaj në pëllëmbë pse kujdesem shumë për të. *Liarni cu palma* (arom.). Le măturat en palmă (ruman.)=e fshin shtëpinë me pëllëmbë, dmth. e pastron mirë, prej qoshes në qoshe[28]. Në popull dëgjohet e përdoren me të madhe shprehje të mbështetura në pëllëmbën si njësi mase: Të mbeti djali (vajza) një *pëllëmbë* (s'u rrit, mbeti e shkurtë). Një *pëllëmbë* përmbi tokë (i shkurtë). Një *pëllëmbë* njeri (i shkurtë). U trembe prej një *pëllëmbë* njeriu (i pafuqishëm). S'ka asnjë *pëllëmbë* tokë (i vobektë). Më la një *pëllëmbë* tokë (më la të vobektë). Më la një *pëllëmbë* nëna kur vdiq. E mata tokën me *pëllëmbë*. U rrit bari një *pëllëmbë* (i madh). Misri mbeti një *pëllëmbë* (mbeti i vogël, i pazhvilluar). Tri *pëllëmbë* trup dhe shtat *pëllëmbë* mjekërr (popullore). U vra për një *pëllëmbë* tokë (bëri marri). Kur të vdesim na vëni në një *pëllëmbë* tokë (s'ka pse të bëhemi rrëmbenjës toke). E ka ballin një *pëllëmbë* (zakonisht përdoret për njeriun e mësuar dhe studioz). E ka hundën një *pëllëmbë* (i shëmtuar). E ka këmbën dy *pëllëmbë* (të gjatë). Na doli gjuha një *pëllëmbë* (prej të lodhurit, prej mundimit). Pëllëmbë e gjak; duket si në pëllëmbë të dorës; e kam në pëllëmbë të dorës; nga të tjerët nuk duam asnjë pëllëmbë; pëllëmbë pas pëllëmbë (nga Kozma Vasili—Tiranë); „... duke i shtënë në pëllëmbë të dorës një mexhite..."; pëllëmbë me pëllëmbë shkrum e hi mall e katandi!" Pëllëmbë me pëllëmbe zjarr e gjak!" „i Kosovës pëllembë më pëllëmbë."[29]

Në gjuhët sllave të jugut hasim shumë prej këtyre shprehjeve, gjë që tregon bashkëjetesën e përbashkët të këtyre popujve shekuj me radhë e që dha shkas të lindet edhe bilinguizmi, pjesë e të cilit janë edhe këto shprehje të zhvilluara rreth pëllëmbës si njësi mase e me kuptime të tjera konkrete dhe abstrakte stilistike, si psh.: *dlg pet pedi* (i gjatë pesë pëllëmbë). Edna *peda* çove (njeri i shkurtë). Se karaat za edna *peda* zemja (zihen për një pëllëmbë tokë)[30]. Golem kolku edna *peda* — velik *kao pedalj* (i madh sa një pëllëmbë, si buzëqeshje). *Dolg tri pedi* — *dug tri pedi* (i gjatë tri pëllimbë). *Ni peda zemja* — *Ni pedja zemlje* (asnjë pëllëmbë tokë). *Peda žena* — (grua e vogël, një grimë njeri).[31] *Šaka brašno* (një grusht miell). *Šaka jada* (gjë e vogël dhe e mjerë)[32]. *Peda čovek* (njeri sa një pëllëmbë).[33] Në bullgarishte

[26] Shënoi Vançe Tushevski asistent në Fakultetin Filologjik — Shkup, prej Zorka Tatarovskës, 50 vjeçare nga Resnja.

[27] v. Këngë popullore historike, Tiranë, 1956, f. 184.

[28] Shembujt aromanisht dhe rumanisht janë marrë nga: Tache Papahagi, „Dictionarul aromăn, general si etimologic", Bucureşti, 1965, f. 812, 966.

[29] S. Spasse, Pishtarë, Tiranë, 1975, fq. 436, 433.

[30] M. Lorveziorvski— L. Rusi, Rečnik makedonsko-albanski, Skopje, 1967, f. 405.

[31] Reçnik na makedonski jazik II, Skopje, f. 146.

[32] S. Dobroshi: Rečnik srpskohrvatsko-albanski, Prishtina, f. 743, 1953.

[33] Ibidem.

poashtu haset pëllëmba në kuptimin që po bëjmë fjalë, si psh.: *pedja zmja* (një pëllëmbë tokë). *Pedja čovek* (njeri sa një pëllëmbë)[34].

Dhe në gjuhën rumune ka shprehje në komponencën e të cilave hyn fjala pëllëmbë *palma*, me kuptim mase, që janë të botës ballkanike dhe jo të botës së gjuhëve romake, si psh. *a fi de şapte palme in frunte* (me qenë shtatë pëllëmbë përpara), *inima şi limba sînt de o palmă* (nuk e mban fjalën), *cu limba de un cot* (me gjuhën sa një kut), *palmă cu palmă* (ecte dalngadalë, e niihte mirë vendin), *cîteva palme de loc* (disa pëllëmbë toke)[35], *o palmă de loc*[36], *ună palmă şiun faltac* (një pëllëmbë e një bërçik), *l'tin pri pa'ln'i* (kujdesohem mirë), *li masură că'l'iurîle cu palma* (i mati rrugët me pëllembë).[37]

Siç u pa prej disa shembujve të theksuara më lart pëllëmba ka edhe kuptime që nuk lidhen vetëm me kuptimin e saj si njësi mase, por edhe me kuptimin e forcës, të kërcënimit, me kuptimin e punës së rëndë, të dëmit, miqësisë, përbuzjes, trimërisë, si psh. ia tregova *pëllëmbën*. E sheh *pëllëmbën?* Me këtë pëllëmbë t'i pëlcas sytë! I dolën qimet në *pëllëmbë* (prej punës së rëndë). Në *pëllëmbë* po e mbajnë (kujdesohen mirë). Është bërë *pëllëmbë* (rrafshuar). E kam punuar me *pëllëmbë* (me mundime). Bëra një *pëllëmbë* udhë (nuk e ca shumë). Ia tregova *pëllëmbë* për *pëllëmbë* tokën që ia la babai (drejt e jo shtrembët). Bujku i di arat me *pëllëmbë* (i njeh mirë dhe ekzakt). Njeri si *pëllëmbë* (i pastër). E punuan tokën *pëllëmbë* për *pëllëmbë* (me mund e sakrificë). Nga një *pëllëmbë* nga një *pëllëmbë* u tërhoqën (me ngadalë). *Pëllëmba-pëllëmbës* (zvar). „Tridhetë *shputa* qafës po m'ja neshi"[38].. Tridhetë *shputa* qafës m'i ka flakrue"[39]. Një *pëllëmbë* — toke të bukur"[40]. U rrit buka një *pëllëmbë*. „Gjakun derdhshin *për gjith pëllëmbë*"[41]. „E ka shtatin tri *pëllambë*"[42]. Humbi jetën për një *pëllëmbë* tokë. Mbylli derën e familjes për një *pëllëmbë* oborr. Shkoi gjaku rrëke për një *pëllëmbë* bahçe.

Në kohërat më të vjetra pëllëmba shërbente edhe për të matë gjatësinë e xhaketës. Njeriu vihej përmbys dhe të maturit fillonte prej qafës poshtë. Hasen adhe shpreje të tilla mbresese:

Ato vende i njihte me *pëllëmbë*=i njihte shumë mirë.
Duket si në *pëllëmbë* të dorës = duket fare qartë, shumë mirë.
E mban djalin në *pëllëmbë* të dorës = e do shumë.
Ai hëngri një *pëllëmbë* hundëve=i ranë një *shuplakë* fytyrës[43].

---

[34] Fjalor bullgarisht-shqip, Sofia, 1959, f. 416; pëllëmbën si njësi mase e jep edhe „Dictionar sârb-roman", Vršac, f. 345, 1952.

[35] Valentina Şeban, vepra e cit., f. 283—284.

[36] L. Şaineanu, Dictionar unicersal al limbi române, Craiova, 1896, f. 586.

[37] T. Papahagi, Dictionarul dialectul aromân, Bucu. 1965, 866.

[38] Fuqia e Mujit, në Folklori Shqiptar, II, Epika Legjendare, Tiranë, 1966, f. 487

[39] Ibidem.

[40] Asdreni, Bur i dheut, f. 77.

[41] R. Siliqi, Poezi të zgjedhura, redaktuar nga Dhimitër Fullani, Tiranë, 1956, poezia „Vegime", f. 52.

[42] Asdreni, Dipllomat shtatanik.

[43] M. Gjevori, Frazeologji shqipe, Prishtinë, 1968, f. 168.

Do të të mbaj në *pëllëmbë* = do të jetojsh si „bubreku" në dhjam, do të jetojsh me gjithë ti mirat, nuk do të kesh mungesë për asgjë, nuk do të dhëmbë koka për asgjë.

Fjala pëllëmbë në leksikun e shqipes s'ka dhënë derivate e as kompozita të mirëfillta, sipas shprehjeve të shumta që janë krijuar ku ajo është komponentë kryesore, gjë kjo që ndodhet edhe në gjuhët romake[44], por në saje të kuptimit të saj si njësi mase ka krijuar, sinonime jo perfekte siç pamë *gishtin*, *bërçikun*, shi edhe *pashin*, psh. shkruan një *gisht* letër, piva një *gisht* ujë dhe dy *gishta* verë, kam dy *gishta* fytyrë, „dymbëdhet *pashë* m'ledinë u ngul topuzi — dymbëdhet *pashë* përpjetë, si re, u çue pjuhni"[45].

Kjo fjalë (pëllëmba) nëse nuk ka dhënë derivate ajo, siç dimë, dha disa sinonime, si psh. *dackë*, *shputë*, *shëpullë*, *shuplakë*, *bace*[46], *flakarimë*, *flakareshë*, *paraveshë*, si edhe foljet u *shuplak*, *u shkal*, *u shitua*, *shitoj* e prej këtyre kanë dalë disa shprehje që kanë marrë kuptim bestytnie, si psh.: *të shuplak* ky vend, mos këput mollë të kishës pse *shuplakesh* (nuk do të rritesh, por do të mbesish sa një shuplakë), i dha një *dackë* të mirë, një flakushë syve, e shitoftë zana, e *shuplaktë* zana[47]. Jo të gjitha sinonimet perfekte dhe jo perfekte je fjalës pëllëmbë përdoren edhe me kuptimin për të matur gjatësinë „që del duke hapur dorën nga gishti i vogël gjer te i madhi"[48]. I kam matur me *pëllëmbë* ato vende. I dha një pëllëmbë[48].

„Përmbi *pëllëmbën* e njomë më shtronte hi"[49] (një sasi e vogël hiri).

Rrafi *pëllëmbët* e thirri.

Rrafi *pëllëmbë* prej gëzimit (duartrokiti, pranoi duke matur vlerën e fjalimit ose të punës).

„Gjithë globin në *pëllëmbë*,

(gjitë popujt në këmbë)"[50].

„Se si më pikoi një sumull djerse në *pëllëmbë*"[51]. Në këtë shprehje të bukur shihet mirë madhësia e pikës së djersës.

Pra, *pëllëmba* dhe sinonimet e saja, të çfardolloj kuptimi leksikal, si njësi mase janë bërë figura të bukura stilistike si në letratyrën popullore ashtu edhe në atë artistike shqipe.

---

[44] Valentina Serban, vep. cit. f. 284.

[45] Gjergj Elez Alia, në Folklori Shqiptar II, f. 90.

[46] Këtë fjalë *bace* e shënon si bata edhe Tache Papahagi, 812.

[47] Fjalori i Gjuhës Shqipe, Tiranë, 1954, f. 71, 123, 378, 533, 551.

[48] [48] Ibidem, f. 71.

[49] v. Koçi Petriti, „Zjarri i proletarëve", në Drita, Tiranë v. XVI, 21. 11. 1976, f. 9.

[50] Adem Istrefi, „Ky zë që s'ardhmes i thërret", Nëndori, Tiranë, nr. 12, 1976, f. 188.

[51] Adem Istrefi, po aty, f. 190.

Петро ЈАНУРА

ПЕДАТА КАКО ЕДИНИЦА ЗА МЕРЕЊЕ И НЕЈЗИНИТЕ СТИЛСКИ ИЗРАЗИ ВО АЛБАНСКИОТ ЈАЗИК

(Р е з и м е)

Етимологијата на зборот pëllëmbë (шака) се бара во palma-ae, приморско дрво или од palma-ae со значење шака. Исто така се поврзува со зборот palamatus-a-um, траги од palma или palamatum-i место со палми.

Значењето на зборот pëllëmbë (шака) семантички се поврзува со значењето на мера и тоа за мерење на земјишна површина или некоја друга површина хоризонтално или вертикално.

Зборот pëllëmbë во албанскиот јазик се употребува и со други стилски значења. Така на пример со овој збор се формираат и стилски изрази којшто можат да имаат социолошки, филозофски и посебно социјално-економско значење, така на пример за бедна положба се вели: S'kam asnjë pëllëmbë tokë (Немам ниту една педа земја), или кога изразува економска нерамноправност помеѓу богатите и сиромашните: Beu me pëllëmbë të madhë, i vobegëti me pëllëmbë të vogël (бегот со шака и капа, а сиромашниот со празни раце; Beu të dënon me pëllëmbë të fortë, punëtori duron-duron, por të përvëlon (бегот те казнува со тешка шака, работникот трпи-трпи, но со својата шака те изгорува).

Мито МИОВСКИ

ПРИЛОГ КОН ПРАШАЊЕТО НА РУСИЗМИТЕ ВО МАКЕДОНСКИОТ ЈАЗИК

0. Пенетрацијата на јазичните елементи од даден јазичен систем во друг, покрај лингвистичката мотивираност, има и вонлингвистичка обусловеност. Тие можат да бидат во таков одреден сооднос, којшто не би го отежнувал функционирањето на пенетрираните елементи или би ја ограничувал нивната комуникативност во однос на адекватните еквиваленти од новата јазична средина. Притоа, временската детерминираност, обусловеноста и интензитетот на инфилтрацијата зависат од определени сооднои во поглед на дадените јазични и општествени конституации.


0.1. Македонскиот јазик, освен во последниве децении, немал можност активно да дејствува како селектор во однос на инфилтрацијата на туѓите елементи во својот јазичен механизам. Тој — поради неговата положба во хетерогениот балкански општествен и јазичен сојуз — во моментот на инфилтрацијата фигурирал како пасивен објект, а дури подоцна можел да ги активира своите инструменти за да ги адаптира новите елементи и да ги потчини на својот систем и така да ги вклучи во јазичната комуникација.

1. Односот на даден јазик спрема друг, односно спрема група јазици, произлегува од нивната генетска и типолошка сродност. Притоа генетската сродност можеме да ја сметаме, со определена условност, како примарна состојба, а типолошката сродност за јазици, што ја промениле, е од секундарен карактер. Во една подолга временска релација, во резултат на дејствување на диверегенцијата/конвергенцијата, од една страна, можела да ослаби почетната изразност на генетската поврзаност и во свеста на односните говорители да остане само како духовна и традиционална поврзаност, а од друга страна, типолошката трансформација можела да предизвика интензивирање на дивергентниот момент и меѓу јазици, коишто првобитно биле во генетска сродност.

Манифестацијата на една ваква состојба може да дојде до израз на различно ниво и со нееднаков степен. На лексички план овој момент може да се манифестира со зголемување на дивергенцијата меѓу нивните лексички фондови, односно да се зголеми бројот на заед-

ничките лексеми меѓу јазици типолошки сродни, да се интензивира фреквенцијата на нивната инфилтрација во резултат на дејствување на одредени фактори, меѓу кои и факторот на престиж, па позајмувањето да биде само едностранo, или претежно од една страна. Гледано од еден резултатен аспект ваквата состојба може да се одрази во нашиот однос спрема заемките од генетски несродните, односно типолошки сродните јазици, коишто би можеле да ги чувствуваме како неутрални, немаркирани, а заемките од генетски сродните јазици да носат одредена маркираност.

1.0. Како конкретизација и илустрација на ваква состојба може да се посочи создадениот однос на македонскиот јазик спрема несловенските балкански јазици, од една страна, и спрема бугарскиот и рускиот, од друга. Притоа, меѓусебниот сооднос на рускиот, бугарскиот и македонскиот јазик може да се прикаже и графички



каде што рускиот јазик, во однос на бугарскиот и на македонскиот, би имал статус на јазик со престиж. Во поглед на лексичката интерференција македонскиот и бугарскиот во однос на рускиот се во положба на објекти, а во помала мера и, пред сè, на дијахронски план, во аналогна положба би се наоѓал и македонскиот спрема бугарскиот со потенцијална реализација и во обратна насока[1].

1.1. Сообносот меѓу македонскиот и рускиот јазик произлегува од нивната генетска сродност, од нивната форма и супстанција, според кои современиот македонски јазик типолошки е од балкански тип

[1] Р. Угринова-Скаловска, Бугаризмите во современиот македонски јазик Македонски јазик, Скопје 1968, стр. 111—137.

со јужнословенска лексика, а рускиот и по форма и по супстанција е јазик од источнословенски тип.[2]

Македонскиот јазик, како што е познато, минал низ основни трансформации, коишто се одразиле врз неговиот целокупен систем. Својот лексички фонд тој го развивал и го дополнувал зависно од општествениот развој, од една страна, а од друга, и во резултат на јазичниот контакт што можел да има јазична или административна мотивираност. Од овој момент се добиени резултатите на лексичко рамниште во рамките на балканскиот социјален и лингвистички сојуз.

Вториот момент се однесува на лексичката интерференција меѓу јазици што не биле или што не се во контакт, каков што е случајот со рускиот и македонскиот јазик. Инфилтрацијата на лексичките елементи во даден јазик во ситуација на ваква меѓусебна констелација претставува покомплексно прашање, а нејзината временска детерминација, нејзините насоки и посредници не секогаш се транспарентни или можат лесно да се откријат и да се опишат.

2. Поврзаноста на лексиката на македонскиот и на рускиот јазик можеме да ја сметаме континуирана само во смисла на нивната заедничка генетска и етимолошка основа. Но и оваа поврзаност е, така да речеме, имплицитна. Во нашата свест, во свеста на нашиот народ, присутно е чувството за словенската заедничка основа. Овој момент, како манифестација на одреден друг план, може да има свое значење, но гледано од лингвистички аспект и на синхрониски план, не е валиден, бидејќи и македонскиот и рускиот јазик одамна го следат својот развоен пат.

2.0. Од моментот на расколебувањето на старословенскиот јазичен стандард обете варијанти — македонската црковнословенска и руската — сè повеќе и повеќе се оддалечувале, така што од развојна и резултатна гледна точка за обата јазични кода дивергенцијата е основен дистинктивен белег. Силата на дивергенцијата била толкава што не дозволила потрајно и подлабоко да воздејствуваат одредени конвергентни моменти во соодветните развојни фази на нашиот јазик.

2.1. Еден таков позначаен момент се појавува и дејствува во 17—18 век кога и на наш јазичен терен со посредство на бројни печатени книги се проширува руската црковнословенска варијанта и така се наложила со својот авторитет што на планот на писменото комуницирање постигнала полна доминација,[3] а во сферата на црквата ситуацијата останува неизменета и во нашава сегашност.

2.2. Следниот момент е периодот на втората половина на 19 век кога контактот на македонскиот и на рускиот јазик, иако временски поограничен, се јавува со нов квалитет, бидејќи поголемиот дел од руските лексички елементи останале валоризирани во македонски пис-

[2] З. Голомб, За „механизмот" на словенско-романските односи на Балканскиот Полуостров, Македонски јазик, Скопје. 1970, стр. 51—7.

[3] V. Mošin, *O periodizaciji rusko-južnoslavenskih književnih veza*, Slovo 11—12, Zagreb 1962, str. 13—130.

мени текстови, така што тие учествувале во јазичната дејност, во процесот на комуницирањето, пред сè на писмен план.

2.3. Во определена мера присуството и учеството на руските лексички елементи во наш јазичен контекст се актуализира во текот на нашата социјална и национална еманципација — во НОБ[4].

3. Од гледна точка на интензитетот на инфилтрацијата на лексичките русизми во лексичкиот фонд на македонскиот јазик втората половина на 19 век е најзначајна. Ова не се должи толку на проникнувањето на руската книга кај нас, како што бил случајот со црковнословенските книги, туку на директниот контакт, на директното запознавање со рускиот јазик и со неговото активно владеење од ред наши преродбеници кои престојувале во Русија и на нивната писателска дејност и оставнина.

3.0. Материјалот, што е предмет на нашава анализа, е ексцерпиран од книгата на Крсте Мисирков „За македонцките работи". Овој текст содржи неколку статии напишани во руска јазична и општествена средина, наменети, пред сè, на говорители од македонското јазично подрачје, а книгава е печатена во бугарска општествена и јазична средина на нестандардизиран јазичен код, за чијашто цел централното македонско наречје беше инаугурирано за литературен јазик.[5] Случајов е единствен, дури куриозен и погоден за нашава цел: тој дава можност за илустрација на присутноста на русизмите во македонски јазичен контекст, а едновремено е дадена нивната временска детерминација и обусловеност, а исто така и начинот на нивната инфилтрација.

3.1. Од теоретска гледна точка прашањето на русизмите било предмет и на поранешни дискусии, коишто резултираат во обопштената констатација дека јазичните елементи во даден словенски јазичен контекст, што поседуваат одреден признак на руската црковнословенска варијанта, не се третираат како русизми, ами како црковнословенски јазични елементи, адаптирани на соодветно јазично рамниште, а само тие, што носат документирана маркираност на р у с к и о т с т а н д а р д е н јазичен код, можат да бидат третирани како русизми.[6] Книгата на Мисирков претставува, како што наведовме, погодна можност во македонскиот писмен јазичен контекст да се разгледаат русизмите навлезени директно преку говорител од македонско јазично подрачје.

3.2. Русизмите во даден јазичен стандард, во даден текст, можат да се анализираат, класифицираат и изделуваат на различно јазично рамниште. Во оваа работа се презентираат русизмите изделени на лексичко рамниште, а само попатно укажуваме на можностите за издвојување на русизми и на други јазични рамништа.

4. Во поголем број случаи се манифестира свесниот стремеж на Мисирков при подборот и употребата на определени лексеми, врз кои-

[4] Б. Конески, О. Јашар-Настева, *Македонски текстови*, Скопје 1972, стр. 131—151.

[5] К. П. Мисирков, *За македонцките работи*, София 1903;

[6] Л. Андрейчин, *Ролята на черковнославянския език за изграждането на съвременния бълiарски книжовен език*, Български език, кн. 45, София 1958, стр. 309—320.

што тој извршил соодветна интервенција со цел да се ублажи признакот на нивната руска маркираност и да се доближат, така да речеме, до македонската норма. Оваа негова тенденција се манифестира во соодветната адаптација на сите јазични рамништа, во чијшто резултат се добиени бројни контаминирани единици, а и допуштањето на паралелната употреба на два еквивалента од соодветните јазици, т.е. на лексички варијанти од типот (*дел* III: *част* IV, *жителство* 1: *население* 1, *дозвол'ат* IX: *позвол'ат* V, *јазиков центр* 141: *јазичен центр* 141, *мрзн'а* 28: *ненавист* 22) претставува исто така еден вид компромис на лексички план.

4.0. Во ограничен број случи се јавува и моментот на десемантизација,[7] односно поместување на семантичката граница: рускиот глагол *любить* покрива и некои значења, за коишто ние обично го употребуваме глаголот *'сака'* (*Со научни прашајн'а не л'убат да се занимаваат* 65); глаголот *треба* употребен е со значењето што тој го има во рускиот јазик, со значење *‚бара'* (*историцките прилики . . . требаат корено изменајн'е* III, *сите тие науки . . . требаат најмногу работа . . . требаат најмногу труд* 43; зборот *страна* употребен е со значење *‚земја, држава, крај'* како и во рускиот јазик (*Да си представиме није сега, оти ја каде Митров-ден идит меѓ'ународен отпред и окупират странатта* 9).

4.1. Прилично обемен би бил и подборот на лексеми ‚чијшто признак на руска маркираност би бил од фонетски, правописен, морфолошки или комбиниран карактер од типот: *ѓерој* 13, *дипломатически* 57, *еволуцијна* VI, *зверства* 1, *искл'учител'на* 12, *исполнен* 2, *мислим-о* 3, *насил'нически* 119, *окупацјонен* 10, *от* 69, *отпред* 9, *паралел'* 104, *полон* 88, *равнодушност* 25, *разрушајушча* 42, *рол'* 120, *сашчествујушио* 48, *убит* 8, *убијство* 60, *характер* 14, *човечество* 88 и ред други.

4.2. Овој текст содржи и неколку случаи на русизми од синтагматско-фразеолошки карактер од типот: *‚по своему'* (*Ако прашајн'ето за народноста на македонците имат првостепено значејн'е за буѓарите, србите и ѓрците, и секоја от тије народности го третираат по своему, то зашчо и није тоа прашајн'е да не земиме во свои раци* 47); *'но уви'* (*Праител'ството направи усилија да повернит изгубеното, но уви! — било касно* 74); и еден случај што и самиот Мисирков го ставил во наодници и го напишал во, речиси, изворна форма: *'скрейя серце'* (*Контака и македонците зафатија да зајавуваат, оти они сакаат „Македонија за македонците. . .“, Буѓарите, „скрейя серце“, можеа да чујат таква новост, која не можеше да бидит ним пријатна* 73).

4.3. Синтаксичките русизми во оваа книга, колку што можевме да утврдиме, можат да се издвојат во две групи.

Првата се однесува на карактеристичната појава за рускиот јазик во поглед на несогласувањето по категоријата број во номиналните атрибутивните фрази, а имено: на македонски регуларно ќе кажеме

[7] Кети Ничева, *Семантички особености на степените за сравнение при някои наречия в славянските езици*, Известия на Института за български език, книга XI София. 1964, стр. 161.

— *македонскиот и рускиот јазик*, а на руски — *македонский и русский языки*. Мисирков во овој поглед обично ја претпочита македонската конструкција (*бугарскијот и српско-хрватскијот народ* 103; *на српскијот и бугарски јазик* 109). Но покрај ваквите регуларни конструкции се јавуваат и такви, коишто се обични за руската јазична норма, за руската синтакса (*бугарската и српската пропаганди* 35; *бугарскијот, српско-хрватскијот и словенскијот народи* 102; *И така централното македонско наречје јест еднакво далеко и от српско-хрватскијот и бугарскијот литературни јазици* 112).

Втората група синтаксички русизми се карактеризира со употребата на заменката *кој* во функција на релативен сврзник, употребен со инверзен редослед, типичен за руската синтакса, а необичен за македонската. Русизмите од овој вид се исто така поретки (*Проектите за реформи на Русија и Австро-Унгарија сет меѓународни актои, непочитувањето на кои от Турција јест насмешка и оскрбување за реформаторските држаи* VIII).

5. Во ситуација, во каква што се нашол авторот на делото „За македонските работи", со оглед на тогашната наша јазична ситуација и со оглед на јазичната ситуација и средина, во којашто тој дејствувал, разбирливо е дека бројот на лексичките русизми — издвоени и од семантичка гледна точка како русизми, ќе биде најголем.

Причината за присуството на лексичките русизми во оваа работа е исто така и нејзината „интелектуална" содржина, за чијашто реализација авторот чувствувал потреба од проширување на лексичкиот фонд со лексеми од поиздигнат стандард — пред сè со лексика, во поширока смисла, од терминолошки карактер, со лексика семантички покарактеристична за културната, литературната сфера[8] — поради нивното искористување на писмен план како замена за можни наши еквиваленти, чијашто употреба на едно рамниште со поиздигната содржина и стил, би можеле да имаат определена „народска" маркираност. За некои од овие лексички русизми можеме да претпоставиме дека нивното присуство во македонски јазичен контекст е обусловено, односно потпомогнато, од нивното претходно присуство и учество во бугарски јазичен контекст.[9]

5.0. Лексичките русизми, што се опфатени во оваа работа и коишто подолу се презентирани според нивниот зборовен вид, не претендираат на исцрпност. Овој избор претставува „потесен" подбор од една побројна група на потенцијални лексички русизми. Нивната класификација, направена врз основа на морфолошка дистинк-

[8] Т. Димитровски, *За литературната лексика на Мисирков*, Крсте Мисирков Научен собир, Скопје 1966, стр. 161—169; *Интернационалниот речнички слој во јазикот на К. П. Мисирков*, Македонски јазик, Скопје 1967, стр. 79—102; Б. Корубин, *По кои линии го развивал К. П. Мисирков својот речник*, Разгледи, III, 9 (61), Скопје 1956, стр. 1, 7.

[9] Р. Угринова-Скаловска, *Бугаризмите во современиот македонски јазик*, Македонски јазик, Скопје 1968, стр. 111—137.

ција, задоволува, бидејќи целта на овој прилог се состои во документирањето на присуството на лексичките русизми во книгата на Крсте Мисирков „За македонцките работи“ без оглед на нивните значења, функции и фреквенција.

5.1. Именки.

5.2. *Именки од машки род: вход* 86, РМЈ*, *нрав* 3. *обиск* X, *опит* 34, РМЈ, *отчет* 45, *охотник* 42, *пост* 69, РМЈ, *предрасудок* 36, РМЈ, *предшественик* 46, *расчет* 34, *самозванец* 18, РМЈ, *собеседник* 135, РМЈ, *способ* 30, *толчек* 70, *тост* 85 РМЈ, *урок* 44;

5.3. *Именки од женски род*: *вражда* 24, *гореч* 72, *дејателност* 18, *дејствителност* 8, *дружба* 37, РМЈ, *жажда* 65, *измена* 34, *искуственост* 80, *лож* 53, *набљудателност* 94, РМЈ, *насмешка* VIII, РМЈ, *нелепост* 54, *ненавист* 22, *несостојателност* 77, *обособеност* 19, РМЈ, *општост* 101, *опека* 122, *подписка* 85, *подстрекателка* 76, *принадлежност* 101, *режка* 107, *служанка* 43, РМЈ, *толпа* 74, РМЈ, *трудност* 62, РМЈ, *част* 113, *частичност* 26;

5.4. *Именки од среден род*: *бедствие* 20, РМЈ, *безсилие* 34, РМЈ, *болшинство* 27, *влечење* 124, *воспоминање* 8, *впечатлење* 8, *давлење* 30, *доверие* XI, *достижење* 91, *жител'ство* 117, РМЈ, *заведење* 28, *затруднење* 11, *здање* 93, РМЈ, *меншество* 27, *мировозрење* 92, *моштучество* 107, *наказање* 123, РМЈ, *недоверие* 19, *обеспечење* 55, *обстојател'ство* 77, РМЈ, *опекунство* 71, *опустошење* 32, *отражење* 65, *пон'атие* III, РМЈ, *праителство* VII, *предложење* 2, *преимушчество* 138 *прејдиствие* 77, *преследување* 37, *претположење* 93, *приложење* 2, *прискрбие* 2, *протежење* 106, *развитие* 25, РМЈ, *разновесие* 31, *разорење* 33, *рамновесие* 15, *раскајање* 50, *самомнење* 65, *сведење* 30, РМЈ, *следствие* 78, *событие* 49, РМЈ, *содержање* XI, *течење* 66, *увеличење* 107, *увлечење* 50, *упорство* 135, РМЈ, *управлење* 17, *условие* 31, *учреждение* 72.

5.5. *Придавки*: *безнравствен* 39, *враждебен* 77, *вредителен* 76, *громаден* 34, *громк-и* 85, РМЈ, *дејствителен* 32, *желателен* 48, РМЈ, *заменен* 116, *искуствен* 100, *капризен* 51, *косвен* 109, *ловк-и* 4, *ложн-и* 92, *многочислен* 27, *необходим-о* 78, *неотложен* 132, *непосредствен* 16, РМЈ, *непричастен* 17, *нравствен* 41, *обеспечен* 27, *одважен* 85, *опустошителен* 32, РМЈ, *отрицателен* 76, *отчајан* 66, *печален* 97, *подобен* 36, РМЈ, *положителен* 42, РМЈ, *праител'ствен* 54, *свешчен* 136, РМЈ, *своеобразен* 16, РМЈ, *совместен* 28, *сосредоточен* 18, РМЈ, *сплошн-о* 113, *убедителен* 47, *частен* 29.

5.6. *Глаголи*: *возникнат* 128, РМЈ, *восторжествуат* 12, *грозит* 35, РМЈ, *зачисл'ат* 2, *обеспечит* 55, *обединит* 77, *оттолкнит* 17, *остара се* 9, РМЈ, *преобладаваат* 109, *принадлежит* 90, *приравнит* 86, *разори* 59, РМЈ, *сочита* 109, *торжествуат* 78, *упрожаваат* III, *удовлетворит* 3, *устројат* 20, РМЈ.

* РМЈ = *Речник на македонскиот јазик*, Скопје 1961—66.

5.7. *Прилози и други зборовни видови*: *безучастно* 52, *взаимно* 76, *даже* 84, *дејствително* 27, *искуствено* 125, *окончателно* 52, *отрицателно* 42, *отчасти* 36, *прочее* 111, *прочно* 115, *сравнител'но* 110, *убедител'но* 59, *частично* 14.

5.8. Познат е фактот дека именките, по правило, ја сочинуваат најбројната група инфилтрирани лексеми во даден јазик, односно текст. Ваква состојба имаме и во поглед на издвоените лексички русизми од книгата на Мисирков. Во групата придавки, втора по бројност, се приведени и неколку партицински облици.

6. Книгата на К. П. Мисирков „За македонцките работи" претставува една од најзначајните алки во нашата национална и културна историја, пред сè општо од гледна точка на нејзината содржина, но исто така и од гледна точка на јазикот и на лексиката. Со една подетална и поисцрпна анализа, користејќи поширок инвентар на признаци со руска дистинкција, бројот на лексичките русизми, покрај другите, би бил значително поголем.

Мито МИОВСКИ

НАБЛЮДЕНИЯ НАД РУСИЗМАМИ В МАКЕДОНСКОМ ЯЗЫКЕ

(Р е з ю м е)

Лексический состав македонского языка представляет собой пласты славянского происхождения, унаследованные из древнего периода, что генетически связывают его с другими славянскими языками, также пласты неславянского происхождения, которые вошли в его словарь в результате общеславянских и балканских контактов.

Взаимосвязь русского и македонского языков формировалась на основе их генетического сродства и под действием дивергенции на диахронной и синхронной уровнях, а поэтому их взаимное влияние носит маргинальный характер и осуществляется в одном напрвлении — с русского на македонский язык.

В отношении лексической пенетрации с русского на македонский язык, вторая половина 19-ого века, является весьма показательной. Этот факт объясняется непосредственным контактом носителей македонского языка с русской языковой и общественной средой, результатом которого явились элементы русской лексики в книжной македонской речи. Самой значительной личностью среди них является Крсте П. Мисирков и его произведение „За македонцките работи", София 1903 (О Македонских делах). Предметом анализа данной статьи являются заимствованные русизмы из этого произведения.

Олга МИШЕСКА—ТОМИЌ

ЗА КОМУНИКАТИВНАТА ПЕРСПЕКТИВА*

Што е тоа „Комуникативна перспектива“

1. Во граматиките, субјектот на реченицата се дефинира како „предмет за кој се зборува“. За најголем број структури на предикација оваа дефиниција важи. Така, во реченицата:

(1) Детето го изеде јаболкото.

детето е предмет на разговорот. Меѓутоа, во:

(2) Јаболкото го изеде детето.

и

(3) Некој направил дупка во лебот.

предмети на разговор се *јаболкото* и *дупката*. А сепак, *детето* и *некој* а не *јаболкото* и *дупката* се субјекти на овие реченици. Оваа некомпаратибилност на дефиницијата и стварноста покажува дека јазичните единици што претставуваат предмети на разговор не се елементи на структурата на предикацијата; тие придонесуваат кон една друга анализа на реченицата — кон анализата од гледна точка на комуникативноста.

2. За комуникативната преспектива на реченицата станувало збор уште во минатиот век. Ото Јесперсен вели дека лингвистите фон дер Габеленц, Паул и Вегенер, писхолозите Вунт и Стаут и филозофите Бодвин и Маутнер зборуваат за *познатата и новата информација*, за *психолошкиот субјект*, за *основата на експозицијата* како појдовна точка на комуникацијата и за различните степени сложеност на *информативниот процес*[1]. Данеш и Фирбас, пак, укажуваат на една интересна

* Со исклучок на уводниот дел што претставува дел од трудот „Комуникативната перспектива на реченицата“, објавен во *Македонски јазик* 26, овие „огледи“ имаат во својата основа реферати поднесени на поедини лингвистички собири и тоа: на *Симпозиумот за македонски јазик*, Охрид, август 1976 („За слободноста на слободниот ред на зборовите“); на Годишното собрание на Чикашкото лингвистичко друштво, Чикаго, април 1977 („Towards a Unified Treatment of Topicalization Transformations“); *XII International Congress of Linguists* Виена, август 1977 („Definiteness and Word Order“) и на *Осмиот меѓународен славистички конгрес*, Загреб, 1978 („Лексичките средства за изразување на комуникативната перспектива на јазикот во словенските, посебно јужнословенските, јазици“.

[1] O. Jespersen, *The Philosophy of Grammar*, Allen and Uniwin, London 1924 glava 9.

студија на класичниот филолог Веил[2], која прави разлика меѓу *појдовната точка* и *целта* на комуникацијата и го истакнува стремежот на класичните и модерните романски и германски јазици — појдовната точка да ја изедначат со субјектот[3]. Но, сè до триесеттите години на овој век, проблемот на комуникативноста на реченицата се движи во периферијата на јазичната анализа.

Во периодот на расцутот на структурализмот, чешкиот лингвист Вилем Матезиус, со една серија статии за расчленувањето на реченицата од перспективата на комуникативноста — за актуелното расчленување, во неговата терминологија — расчисти со психологистичката обоеност на проблемот и укажа на важноста на лингвистичкиот третман на комуникативната перспектива на реченицата.[4]

3. Кај Матезиус, а уште поексплицитно кај некои негови следбеници[5]), комуникативната перспектива означува две појави: а. содржинската структура на реченицата и б. нејзината врска со контекстот.

3.1. Разликата меѓу овие два аспекта може јасно да се согледа во словенските јазици, во кои комуникативната перспектива се изразува со диференцијален ред зборови. Така, во македонскиот, односот на редот на зборовите и комуникативната перспектива варира во зависност од тоа дали исказот зависи или не зависи од контекстот. Во реченицте кои не зависат од контекстот, семантичкиот ред зборови е прилагоден кон контекстот и ситуацијата, кон намерата на говорникот и обзирите што тој ги има спрема слушателот. На пример, информацијата што ја содржи реченицата:

(4) Козата има четири нозе а кокошката две.

во определен контекст (на пример, во контекстот на разговорот со мали деца) може да биде предадена и со реченицата:

(5) Четири нозе има козата а две кокошката.

Спрема тоа, комуникативната перспектива на реченицата која не зависи од контекстот одговара на нејзината содржинска структура. Кога

[2] H. Weil, *De l'ordre des mots dans les languages ansiennes comparées aux langues omdernes* (*Questiones de grammaire générale*), Paris, 1884.

[3] F. Daneš a J. Firbas, „Předmluva", *Materialy k bibliografii prací o aktuálnim členeni větném* Praha, 1970. Československa akademie věd Ústav pro jazyk český,.

[4] V. Mathesisus, „Nekolik poznámek o funkcii podmětů v modrní angličtine", *Časopis pro moderní filologii* X, 1925., ss. 244—248; *ibid.*, „On Linguistic Characterology with Illustrations from Modern English", *Actes du 1-er Congrès Internationale des Linguistes*, 1928., pp. 56—63; *ibid.*, „Zur Satzperspektive im Modernen English", *Archiv für das Studium der neuerer Sprachen und Literaturen* 155, 1929., ss. 202—210; *ibid.*, „On Some Problems of the Systematic Analysis of Grammar", *Travaux du Cercle Linguistique de Prague* 6, 1936., pp. 95—107; *ibid.*, „Double Negation and Grammatical Concord", *Mélanges van Ginneken*, Paris, 1937; „O tak zvanem aktualnim členeni věty", *Slovo a Slovesnost* 5, 1939, 171—174; *ibid.*, *Čeština a obecný jazykozpyt*, Praha, 1947.

[5] M. Dokulil, F. Daneš, „K tzv. vyznamové a mluvnické stavbě věty", *O vědeckém poznáni soudobych jazyku*, Praha, 1968., 231—246; F. Daneš, „Sentence Intonation from a Functional Point of View", *Word* 16, 1960, pp. 34—54; F. Daneš, „A Three-Level Approach to Syntax", *Travaux Linguistique de Prague* 1. 1964, pp. 225—240.

реченицата ќе се вклучи во контекстот, таа може да претрпи промени во поглед на комуникативното расчленување и тие промени ја означуваат нејзината врска со контекстот[6]

3.2 Спрема Бенеш[7], обата аспекта имаат една заедничка точка — обата сигнализираат кои елементи во секоја реченица го индицираат 'новото'и го одразуваат односот на 'новото' — *ремата* кон 'познатото' — *темата*. Халидеј смета дека за комуникативното расчленување од аспектот на врската со контекстот е карактеристичен однос на новото спрема познатото, а за комуникативното расчленување од аспектот на организацијата на семантичките единици — односот на ремата спрема темата[8]. Првиот однос го претставува *информативниот фокус* и ги определува комуникативните единици, а другиот ја одразува *тематизацијата* и ја формира реченицата во вид на порака за еден нејзин елемент.

4. Опозицијата 'познато': тема и 'ново': рема претставува не сосем симетрична дихотомија. Разликите меѓу првиот пар се поголеми додека членовите на вториот пар се, во голем број случаи, взаемно заменливи.

4.1. Поимот 'познато' или 'дадено' е многу широк. 'Позната' или 'дадена' е информацијата која може да се изведе од контекстот, од ситуацијата, од заедничките познавања на говорникот и слушателот. Таа зависи од опсегот на контекстот, чија горна граница се определува емпириски, и од семантичката импликација, која може да биде објективна или субјективна.

4.2. Поимот 'ново' е релативен. Халидеј истакнува дека новата информација не е нова затоа што порано не била спомената (иако тоа често се случува), туку затоа што контекстот не укажува на неа[9]. Од оваа формулација следи дека и информацијата која веќе била дадена може да се претстави како нова. Спрема тоа, заедно со Данеш[10], можеме да заклучиме дека 'новото' има два аспекта: а. 'ново' — неспоменато во поранешниот контекст и б. 'ново' — во однос кон темата. Спрема а., особината на 'новото' му се припишува на самиот израз додека спрема б. 'нов' е односот тема: рема.

4.3. Количината на сукцесивно акумулираната нова информација е многу често толку екстензивна што говорникот се чувствува присилен да врши избор. Данеш претпоставува дека точно тој избор ја

[6] Спрема тоа, анализата на реченицата и пред и по вклучувањето во контекстот може да содржи податоци за содржинската (семантичката) структура на реченицата, и за нејзините девијации предизвикано од контекстот и од намерите на говорникот.

[7] E. Beneš „On Two Aspects of Functional Sentence Perspektive", *Travaux linguistique de Prague* 3, 1968, 267—273.

[8] M. A. K. Haliday, „Notes on Transitivity and Theme in English", Part 2, *Journal of Lingusitics* 3, 1967, 199—245.

[9] *op. cit.*

[10] F. Daneš, „FSP and the Organization of the Organization of the Text", реферат на симпозиумот за актуелното расчленување одржан во Mariánske Lazně во октомври 1970.

чини темата на реченицата[11]. Оваа претпоставка е можеби јака но, во секој случај, дел од новата информација се елементи кои се тесно поврзани со одбраната тема. Темата на реченицата не е секогаш еднаква со 'познатото', со 'даденото'; неа ја сочинуваат оние елементи на реченицата кои ја претставуваат врската на контекстот и ситуацијата, точката од која реченицата се развива и кон која се ориентира.

4.4. Ни ремата не е сосем еднаква со 'новото', иако овие два поима се послични еден со друг бидејќи не се определуваат апсолутно туку во однос кон темата и 'познатото'. Понекогаш, и темата и ремата може да се изведат од истиот контекст. На пример, реченицата:

(6) Во Скопје играа Хајдук и Вардар.

може да претставува контекст за реченицата:

(7) Утакмицата ја доби Вардар.

и/или:

(8) Вардар ја доби утакмицата.

Додека во (7) *Вардар* претставува рема во (8) тоа а тема. Врз основа на еден ист контекст, исти факти се формулираат на различен начин; кога се работи за утакмицата, се соопштува кој победил, кога се зборува за клубот, се констатира каков е исходот на утакмицата за него.

5. Најпростите и најчесто употребуваните карактеристики за темата и ремата, 'она за што се зборува' и 'она што за предметот на зборувањето се кажува', се во основа точни. Но тие не ги осветлуваат доволно јасно сите проблеми, во врска со актуелното расчленување, и треба да се определат барем во два смера.

5.1. Пред сè, темата на реченицата не е секогаш номинална. Често, на почетокот на реченицата, т.е. во функцијата на тема, може да имаме адвербијален израз:

(9) Таму, на крајот на селото, се наоѓа воденица.

Ваквата тема многу автори ја викаат *кулиси на ситуацијата*[12], иако границата меѓу неа и темата тешко може да определи.

5.2. Другиот смер проблеми се однесува кон самото расчленување. Всушност, на него не треба да се гледа како на дихотомија, туку како на скала, хиерархија на елементи спрема тематичноста или рематичноста, која Фирбас и неговите следбеници[13] ја викаат *хиерархија на комуникативниот динамизам.*

5.21 Фирбас смета дека различни лингвистички елементи различно придонесуваат кон развојот на комуникацијата и, спрема тоа, имаат

[11] F. Daneš, „FSP and the Organization of the Text".

[12] Na pr. J. Firbas, „On Defining the Theme in Functional Sentence Analysis", *Travaux linguistiques de Praque* 1, 267—280 i p. Adamec, *Porjadok slov v sovremennom russkom jazyke*, Academia, Praha, 1966.

[13] Види ги лингвистичките трудови во *Brno Studies in English.*

различни степени комуникативен динамизам. Највисок степен комуникативен динамизам има *праваша рема*, а најмал — *праваша тема*. На самата граница меѓу темата и ремата се наоѓаат елементи што го чинат *преодот*. Така, во реченицата:

(10) Куќата што ја видовме на телевизија се наоѓа во селото од баба ми.

куќата е правата тема, *баба ми* — правата рема, а *се наоѓа* — преодот. Зборовите меѓу *куќата* и *се наоѓа* го претставуваат остатокот од темата а зборовите меѓу *се наоѓа* и *баба ми* — остатокот од ремата.

5.22 Преодот, всушност, се препознава по забележителниот пораст на комуникативниот динамизам кој води до истакнување на ремата. Фирбас смета дека јасноста на границата меѓу рематичните и нерематичните елементи е во права пропорција со слабеењето на вербалноста на предикатот и супституцијата на вербалниот израз со именски.[14] Темпоралните и модалните експоненти на глаголот, што се необележани, играат улога на посредници меѓу темата и ремата; тие имаат најмал степен на *комуникативен динамизам* во рематичниот дел на реченицата и го претставуваат *правиот преод*.

5.23 Скалата на комуникативниот динамизам е, во основа, претставена со самата линеаризација на елементите. Реченицата, обично, почнува со елементот со најниските и завршува со елементот со највисокиот степен комуникативен динамизам. Но, контекстот и семантичката структура можат да го сигнализираат степенот на комуникативниот динамизам без обѕир на положбата на зборот во реченицата и дури во спротивност со неа. На пример, глаголите кои изразуваат постоење или појавување имаат нетематски субјект[15], а модификаторите *дури, самиот* или *лично* ги чинат зборовите кон кои се однесуваат рематични. Всушност, распоредот на степенот на комуникативниот динамизам во реченицата е производ на взаемните односи меѓу основната дистрибуција на комуникативниот динамизам, од една страна, и контекстот на семантичката структура, од друга. Контекстот и семантичката структура понекогаш оперираат во ист смер со основната дистрибуција, а понекогаш спротивно од него.

6. Бидејќи елементите на комуникативната перспектива не секогаш совпаднуваат со ист елемент на граматичката и семантичката структура, голем број лингвисти се склони комуникативната перспектива на реченицата да ја третираат како посебно ниво на анализа кој контрастира со семантиката и граматиката.

---

[14] J. Firbas, „On the Communicative Value of the Modern English Finite Verb", *Brno Studies in English* 3, pp. 79—104.

[15] Vidi P. *Adamec*, „K úloze sémantiky ve slovosledu", *Acta Universitatis Carolinae, Slavistica Pragensia* 4, ss. 297—300; *ibid.*, *Porjadok slov v sovremennom russkom jazyke*; J. Firbas, „Tho ghts on the Communicative Function of the Verb in English, German and Czech", *Brno Studies in English* 1, pp. 39—68; *ibid.*, „K otázce nezakladovych podmětu v současně angličtine", *Časopis pro moderni filologii* 39, ss. 22—24; *ibid.*, „Non-Thematic Subjects in Contemporary English", *Travaux linguistiques de Prague* 2, pp. 239—256.

6.1. Концептот за структурната трихотомија на реченицата најдетално го разработиле Данеш и Докулил[16]. Овие автори разликуваат три нивоа синтакса: семантички, граматички и функционален. Структурата на секоја реченица, сметаат тие, може да се анализира на секое ниво посебно. На *семантичкото ниво*, основни единици се: *актор, акција, цел*; на *граматичкото — субјект, предикат, објект*; на *комуникативното — тема, преод, рема.*

6.2. Поставувајќи ја граматиката на иста хоризонтала со семантиката, Данеш и Докулил отстапуваат од вообичаените сфаќања за универзалноста и подреденоста на јазичните дисциплини. На помалку или повеќе општоприфатената поставка — дека граматиката ја опфаќа семантиката, синтаксата, морфологијата и фонологијата, тие ѝ ја спротивставуваат тезата спрема која синтаксата доминира над граматиката и семантиката.

7. Дилемата за односот на синтаксата и граматиката треба, меѓутоа, да се разгледа во рамките на прашањата за местото на комуникативната перспектива на реченицата во лингвистичкиот опис.

7.1. Како што видовме (6.1), Данеш и Докулил сметаат дека комуникативната перспектива е независна од граматичката структура на реченицата. Две реченици кои се разликуваат само во поглед на функционалната перспектива, за Данеша претставуваат само две варијанти на една иста реченица[17]. Спрема тоа:

(11) На девојките им дадоа блузи.

и

(12) Блузи им дадоа на девојките.

би биле две варијанти на една реченица, а нивните прономинализирани парови:

(13) Им дадоа блузи.

и

(14) Блузи им дадоа ним (на нив).

би претставувале различни реченици, бидејќи содржат различни лексеми. Оваа диференцијација противречи на сите сфаќања за улогата на заменката во лингвистичкиот опис и тешко може да се прифати.

---

[16] F. Daneš, M. Dokulil, „K tzv. vyznamové mluvnické stavbě věty", *O vědeckem poznání soudobých jazyku*, Akademia, Praha, 1958., ss. 231—246; F. Daneš, „A Three-Level Approach to Syntax", *Travaux lingusitique de Prague* 1, pp. 225—240.

[17]) F. Daneš „K Otázce pořadku slov v slovnských jazicich", *Slovo a slovesnost* 20, 1—10; *ibid.*, „K vymezení syntaxe", *Jazykovědné studie* 4, 1959 (Bratislava), ss. 41—45

7.2 Не повеќе прифатлива е и анализата на Ковтунова која вели дека односот тема: рема не секогаш зависи од контекстот[18]. За нејзе:

(14) Студентите заминаа.

и

(15) Заминаа студентите.

може да бидат а. различни искази на реченицата:

(16) Студентите заминаа.,

создадени во зависност од претходниот контекст, или б. два члена на една иста парадигма. Кога расчленувањето е извршено врз основа на контекстот, диференцијалниот ред зборови е придружен со диференцијална интонација: со повишување на тонот на темата и со динамички нагласок на ремата. Ако тоа не зависи од контекстот, негов единствен показател е редот на зборовите. Спрема тоа, секој нексус тема: рема има две варијанти: *експресивна* и *неекспресивна*. Бидејќи експресивната варијанта е стилски условена, не можеме а да не заклучиме дека Ковтунова ѝ припишува на интонацијата двојна функција: од една страна, таа го придружува контекстуално обусловениот диференцијален ред зборови, од друга служи како показател на стилски разлики. Освен тоа, контрапункцијата на експресивната и неекспресивната варијанта создава впечаток дека, паралелно со функционалната перспектива на реченицата, постои и стилска перспектива. Ова е во спротивност со сфаќањето дека нагласените зборови претставуваат *случаи од друга инстанца*[19] и се појавуваат како последица на функционалната перспектива[20].

7.3. Размислувајќи за местото на функционалната перспектива во генеративниот граматички опис, Чомски наведува две можности: а. да се промени длабинската структура со тоа што во неа би се вовеле правила кои укажуваат на разликите меѓу *фокусот* (ремата) и *пресупозициите за фокусот* или б. да и се допушти на површинската структура да ја определува семантичката интерпретација.[21] Иако сериозно ја разгледува правата можност, тој ѝ дава предност на втората и претпоставува дека фокусот го определува центарот на интонацијата во реченицата т.е. фонетската интерпретација.

---

[18] И. И. Ковтунова, „Актуальное членение и система языка (на материале русского языка)", реферат на симпозиумот за актуелното расчленување на реченицата, одржан во Мариánске Лазнé во октомври 1970.

[19] Види J. Fibras, *ad passim*.

[20] О. Б. Сиротинина, *Порядок слов в русском языке*, автореферат диссертации на соискание ученой степени доктора филологических наук, Саратов 1966, стр. 33.

[21] N. Chomsky, „Deep Structure, Surf-ace Structure and Semantic Interpretation", *Semantics*, Jakobovitz and Steinberg eds., Cambridge University Press, 1971.

7.4. Шведскиот лингвист Остен Дал, меѓутоа, смета дека комуникативната перспектива на реченицата е содржана во семантичката репрезентација или во логичката форма на реченицата[22] и темата ја дефинира како множество или единка, а ремата како пропозициона функција на ова множество или единка. Иако не прави обид за девијација, тој е категоричен во тврдењето дека површинскиот ред на зборовите претставува одраз на една хиерархиска, организирана, длабинска структура која води сметка за комуникативноста на елементите.

7.5 И прашкиот математички лингвист Петр Згал претпоставува дека семантичката репрезентација може да се анализира и по скалата на *комуникативната важност* — која го определува редоследот на актантите на глаголот и по скалата на *комуникативниот динамизам* — која го одразува стварниот ред на елементите во семантичката репрезентација на реченицата. Оваа, последнава скала се расчленува на два елемента, од кои, едниот е *контекстуално споен*, а другиот *контекстуално слободен*. Контестуално споениот елемент го вика *тема*, а контекстуално слободниот *фокус*. Во семантичката репрезентација, лексичките единици кои ѝ припаѓаат на темата се лево од глаголот а оние што го претставуваат фокусот — десно од него.

За слободноста на слободниот ред на зборовите

Велат дека редот на зборовите во словенските јазици е соboден. Оваа „слободност" е установена врз основа на споредба со германските и романските јазици. Додека во англискиот или францускиот реченичниот субјект е секогаш превербален, во македонскиот, српскохрватскиот, рускиот или чешкиот тој може да стои и пред и зад глаголот. Спореди:

(17) (М) а. Детето го изеде јаболкото.
б. Јаболкото го изеде детето.
(СХ) а. Дечко је појео јабуку.
б. Јабуку је појео дечко.
(Р) а. Мальчик съел яблоко.
б. Яблоко съел мальчик.
(Ч) a. Hlapěc snědl jablko.
b. Jablko snědl hlapěc.
(А) a. The boy ate the apple.
b. *The apple ate the boy.
(Ф) a. Le garcon a mangé la pomme.
b. *La pomme a mangé le garçon.

Меѓутоа, реченицитe а. и б. во реченичните парови (17) (М), (СХ), (Р) и (Ч) не се еквивалентни. Тие се разликуваат по однос на комуникатив-

[22] O. Dahl, *Topic and Comment*; *A Study in Russian and General Transformationa Grammar*, Slavica Gotheburgensia 4, Acta Universitatis Gothoburgensis, 1969.

носта: реченицитe а. се комуникативно необележани додека реченицитe б. се обележани. Комуникативно необележаните реченици со агенс и цел, во словенските јазици, всушност, имаат ист ред зборови како и комуникативно необележаните реченици во повеќето европски јазици: контекстуално поврзаниот елемент или темата совпаѓа со субјектовиот израз и зазема челно место во реченицата, додека објектот с-наоѓа зад склопот на поврзаноста, во фокусот. Во комуникативно обележаните словенски реченици со агенс и цел редоследот субјект — глагол објект не е запазен: Реченицитe б. во (17) (М), (СХ), (Р) и (Ч), во кои темата совпаѓа со објектот, имаат редослед: објект - глагол - субјект.

Средствата за изразување на комуникативната перспектива во одделни јазици варираат во зависност од типолошките особености на самите средства и од нивните сличности (или разлики) со средствата кои се употребуваат за изразување други аспекти, параметри или перспективи. Во словенските јазици, основен инструмент на комуникативната перспектива на реченицата е диференцијалниот ред на зборовите[23]. Во англискиот и францускиот, разликата меѓу темата и ремата се индицира со лексички средства. Во јукахирскиот јазик (палеоазиски јазик што се зборува во Советскиот Сојуз) транзитивниот глагол може да има три облика кои се употребуваат во зависност од тоа дали експонентот на ремата (суфикс) се наоѓа во субјектот, објектот или самиот глагол. И самите синтактички односи може да бидат средства за изразување разлики во комуникативната перспектива: во тагалошкиот (еден од јазиците на Индонезија) не субјектот, туку темата му е спротивставена на глаголот. Она што во европските јазици е субјект, во овој јазик се третира како еден од учесниците во акцијата (другите учесници се објектот, местото итн.).

Нашите концепции и нашата теорија за структурата на јазикот во голема мера се условени од структурите на јазиците кои ни се познати. Велиме дека англискиот јазик има фиксен ред на зборови, а словенските јазици — слободен. Но овие атрибути во никаков случај не се апсолутни. Англискиот ред на зборовите е 'фиксиран' од страна на синтаксата, исто така како што словенскиот е 'фиксиран' од страна на комуникативната перспектива. И во едниот и во другиот јазик редот на зборовите врши определена функција, не затоа што е слободен, туку затоа што е избран како средство за изразување на таа определена функција.

[23] P. Sgall et al., *Topic, Focus and Generative Semantics*, Schriptor, Kronberg Taunus, 1973.

[24] Тој контрастира со инструментите на останатите перспективи на реченицата, првенствено со инструментите на синтаксата, кои се најчесто морфолошки.

Прилог кон единствениот третман на трансформациите што тематизираат

Пасивизацијата, Внесувањето на „there", цепењето и *Тематизацијата* се третираат како независни трансформации на англиската граматика; секоја од нив има различна *лична анализа*[25]. Пасивизацијата оперира на потструктурата НИ ПГ НИ (номинален израз, помошен глагол, номинален израз); таа опфаќа преместување на двата номинални израза, лексичко внесување во јазелот на помошниот глагол и преместување на афиксите. Внесувањето на „there" е сконцентрирано на реченичниот субјект и копулата што му следи[26]; оваа трансформација го предвижува субјектот и го внесува лексемот *there*. Цепењето се смета за варијанта на Релативната трансформација; тоа оперира на објектниот именски израз на една суперреченица без изразен субјект и ја внесува реченицата која всушност ја носи информацијата. Тематизацијата е проста трансформација на преместување која влијае само на објектниот именски израз. Сите овие трансформации вршат една единствена функција — тие ја приспособуваат реченичната структура за вршење определена комуникативна функција.

Постојните трансформативни граматики, повеќето од кои тврдат дека се „универзални", постојано се натпреваруваат во „едноставност" и „елеганција", но не се обидуваат да укажат на функционалните единства. Во своите напори да дадат детални анализи на одбрани појави, тие заборавааат да обрнат внимание на некои важни сродности.

Јазикот е систем за комуницирање меѓу луѓето. Сосема природно е неговите формални описи да се потрудат да ги изразат еднаквостите или сличностите на комуникативните функции. А погоден начин за тоа е обединувањето на личните анализи на структурите врз кои односните трансформации оперираат. Во рамките на интерпретивата граматика, трансформациите што произведуваат комуникативно неутрални, обележани и контрастивни реченици може да оперираат врз една површинска структура која има именски израз, глагол и именски израз (во овој редослед), на кои им се дава неутрална, обележана или контрастивна интерпретација. Во рамките на генеративната семантика, истите трансформации може да оперираат врз меѓуструктури што произлегуваат од диференцијални спуштања на именските изрази во една уште подлабока структура што се состои од аргумент, глагол и аргумент (во овој редослед). Комуникативно неутралните реченици ќе се произведат ако субјектот се спушти прв, комуникативно обележаните — ако несубјектниот именски израз е спуштен пред субјектниот именски израз, додека комуникативно контрастивните реченици ќе резултираат од

[25] Види: J. Bresnan, „On the Form and Functioning of Transformations", *Linguistic Inquiry* 7, 1975, pp. 3—40; S. Peters and R. W. Ritchie, „On the Generative Power of Transformational Grammar", *Information Sciences* 6, 1973, pp. 49—83.

[26] Овој може да биде во конструкција со партицип изразили со глагол во *ing* облик.

операции врз структури со неутрална или обележана комуникативна перспектива. Во рамките на модел-теоретската граматика, наместо спуштање на именските изрази ќе имаме квантификација на именските изрази; ако квантификацијата во *тој* ѝ претходи на квантификацијата во *нејо* од структурата *тој Глаѓол нејо*, резултатот ќе е неутрална реченица; ако, квантификацијата во *тој* следи на квантификацијата во *нејо* резултатот ќе е комуникативно обележана реченица. И во рамките на оваа граматика комуникативно контрастивните реченици ќе се произведат преку операции врз структурите со неутрална и обележана комуникативна перспектива. Преведувањето во интенционална логика би укажало на семантичките сличности и разлики.

Во англискиот, повеќето реченици со неутрална комуникативна перспектива се реченици со субјект, глагол и објект, (во овој редослед), во кои субјектот корелира со агенсот, а објектот со целта.

(18) The boy ate the apple.
'Детето го изеде јаболкото'.

Неутралните егзистенцијални реченици, меѓутоа, се произведуваат преку трансформацијата што го внесува лексемот *there*:

(19) There is an apple on the table.
'На масата има едно јаболко.'

И во едниот и во другиот случај, скалата на комуникативната важност, која го одразува основниот семантички редослед на аргументите, е линеарно коекстензивна со скалата на комуникативниот динамизам, која го изразува степенот на контекстуалната поврзаност. Примери како:

Во комуникативно обележаните реченици, скалата на комуникативната важност не е линеарно коекстензивна со скалата на комуникативниот динамизам. Бидејќи во англискиот ова го пореметува принципот дека глаголот треба да се сложи со почетниот аргумент, комуникативно обележаните реченици во овој јазик се произведуваат преку Пасивната трансформација:

(20) The apple was eaten by the boy.
'Јаболкото го изеде детето.'

Комуникативно контрастивните реченици се реченици во кои еден елемент го привлекува вниманието и се контрастира со претходниот контекст без упатување кон додатни екстралингвистички појави. Бидејќи овој контраст може да се направи и по однос на комуникативно неутралните и по однос на комуникативно обележаните реченици, комуникативно контрастивните реченици може да бидат од два типа: неутрално контрастивни и обележано контрастивни. Додека првите се произведуваат преку операции на структури што во својата основа

имаат комуникативно неутрална перспектива, вторите се произведуваат преку операции на структури што во својата основа имаат комуникативно обележана перспектива. Во секој случај, имаме концепциски контраст.

Во англискиот, комуникативно контрастивните реченици често се изведуваат преку контрастивен акцент:

(21) The boy ate the RED apple.
'Детето го изеде ЦРВЕНОТО јаболко'.
(контрастирани се: The boy ate the (—red) apple.
'Детето го изеде (— црвеното) јаболко.

(22) The RED apple was eaten by the boy.
'ЦРВЕНОТО јаболко го изеде детето.'
(контрастирана со: The (— red) apple was eaten by the boy.
'(— црвеното) јаболко го изеде детето).

Но комуникативно-контрастивни реченици може да се произведат преку преместување и лексичко вметнување. Структурите чии субјекти се контрастираат обично претрпуваат *Цепење* — трансформација која внесува цели структури во повисоки реченици. На пример:

(23) It was the boy (who) ate the apple.
'ДЕТЕТО го изеде јаболкото.
(24) It was the apple (that) was eaten by the boy.
ЈАБОЛКОТО го изеде детето.
(25) It is an apple (that) is on the table.
'На масата има ЕДНО ЈАБОЛКО.'

Ако се контрастираат адвербијални изрази трансформацијата Цепење се применува после едно правило што го преместува адвербијалниот израз на почетокот на реченицата. Спореди:

(26) It is on the table (that) there is an apple.
'НА МАСАТА се наоѓа едно јаболко'.

со (19) и:

(27) It is tomorrow (that) he wants to go.
'Тој сака да си оди УТРЕ.'

со:

(28) He wants to go tomorrow.
'Тој сака да си оди утре.'

Средно-англискиот јазик содржи податоци кои наведуваат кон заклучокот дека *that* е воведено накнадно, секако по аналогија со релативните реченици. Спрема тоа „релативната" анализа на расцепените реченици не може да биде основна.

Ако и субјектот и глаголот се поврзани, не се применува трансформацијата Цепење, туку трансформацијата *Псеудо-цепење.* Кога перспективата на структурата врз која оваа трансформација оперира е комуникативно неутрална, трансформацијата Псеудо-цепење се состои од покачување и лексичко внесување. Според:

(29) What the boy ate was an apple.
'Она што детето го јадеше беше јаболко'.

со

(30) The boy ate an apple.
'Детето јадеше едно јаболко'.

Кога се применува врз структура со комуникативно обележана перспектива, Псеудо-цепењето повлекува предвижување на именскиот израз. Спореди:

(31) What was eaten (by the boy) was an apple.
'Она што детето го изеде беше јаболко'.

со:

(32) An apple was eaten by the boy.
'Детето изеде едно јаболко'.

Кога се контрастираат модификаторите на објектот или целта, се применува трансформацијата *Тематизација.* Оваа трансформација претставува просто предвижување на реченичниот објект во почетокот на реченицата. Спореди:

(33) This apple you should eat.
'Ова јаболко треба да го изедеш!'

со:

(34) You should eat this apple.
'Треба да го изедеш ова јаболко' —

(35) It is this apple you should eat.
'Ова јаболко треба да го изедеш.'

сугерираат дека Тематизацијата е варијанта на Цепењето. Треба да се одбележи дека кога вербалниот елемент не содржи модали, суперреченицата е задолжителна: Спореди:

(36) It is this apple you ate.
'Ова јаболко го изеде'.

со:

(37) This apple you ate.

Да рекапитулираме: Воведувањето на *there* — трансформација на комуникативно неутралната перспектива на реченицата и Пасиви-

зацијата — трансформација на комуникативно обележаната перспектива на реченицата — се трансформации што го возобновуваат редоследот Субјект — Глагол — Објект, толку неопходен во англискиот. Овие две трансформации може да ги сметаме како *трансформации што го возобновуваат редот во реченицата.* Цепењето, Псеудо-цепењето и Тематизацијата, од друга страна, произведуваат реченици чии теми и фокуси се разликуваат од темите и фокусите на структурите врз кои оперираат. Нив може да ги сметаме за *трансформации што тематизираат.*

* * *

Во словенските јазици, комуникативно неутралните реченици што имаат агенс и цел имаат ист линеарен редослед како и нивните англиски соодветници. Спореди ја македонската реченица:

(38) Детето го изеде јаболкото.

со реченицата (18). Кај егзистенцијалните реченици, меѓутоа, субјектот на комуникативно неутралните словенски реченици е на крајот:

(39) На масата е едно јаболко.

Редоследот во словенските комуникативно обележани реченици е обратен од редоследот на нивните комуникативно неутрални спротивни броеви: во речениците со агенс и цел објектот претходи, а субјектот следи по глаголот:

(40) Јаболкото го изеде детето.

Во егзистенцијалните реченици, од друга страна, субјектот е на почетокот:

(41) Јаболкото е на масата.

И во двата случаја речениците се изведуваат без трансформации.

Словенските комуникативно контрастивни реченици во голем број случаи се произведуваат преку контрастивен акцент кој го променува фокусот, т.е. ја дететизира темата на комуникативно неутралните или обележани структури, од кои овие реченици се изведуваат:

(42) ДЕТЕТО го изеде јаболкото.

(43) Јаболкото го изеде ДЕТЕТО.

(44) ЈАБОЛКОТО го изеде детето.

(45) Детето го изеде ЈАБОЛКОТО.

Но, комуникативно контрастивните реченици во словенските јазици може да се произведат и преку запазување на редундантни лексеми. Спореди:

(46) Јас го изедов јаболкото.

:

(47) Го изедов јаболкото.

Или, тие можат да бидат резултат на неприменување на клитизацијата, т.е. на *деклитизација*. Спореди:

(48) Мојава рака ја скрши.

со:

(49) Ми ја скрши ракава.

Треба да се потсетиме, дека, не само словенските јазици ги изразуваат разликите меѓу различните видови комуникативна перспектива со диференцијално подредување на реченичните елементи без трансформации. Германскиот јазик постапува на сличен начин. Германските соодветници на (18) и (20) се:

(50) Der Junge hat den Äpfel gegessen.

и

(51) Den Äpfel hat der Junge gegessen.

Во францускиот, меѓутоа, комуникативно обележаните реченици се произведуваат преку пасивизација. Францускиот спротивен пар на (18) и (50) е:

(52) Le garçon a mangé la pomme.

На (20) и (51), меѓутоа, не им одговара:

(53) La pomme a mangé le garçon.

туку:

(54) La pomme a été mangé par le garçon.

Јазичните функции и средствата со кои тие се изразуваат не се наоѓаат во еднозначна кореспонденција. Ни сите словенски јазици не употребуваат исти средства за изразување на исти функции. Така, на пример, додека во бугарскиот јазик прономиналната редупликација на објектот означува комуникативна контрастивност, во македонскиот јазик таа има чисто синтактичка функција — го обележува определениот објект. Спореди ги бугарските реченици:

(55) Виде башта си.

и

(56) Виде го башта си.

со нивните македонски спротивни парови:

(57) Го виде татка си.

и

(58) Го ВИДЕ татка си.

Јазичните теории се често условени од структурите на јазиците што служат како појдовна точка за односните анализи. Така, во англискиот, Пасивизацијата, Цепењето, Псеудо-цепењето и Тематизацијата се третираат како посебни трансформации иако сите тие произведуваат структури што комуникативно се разликуваат од структурите во кои скалата на комуникативниот динамизам совпаѓа со скалата на комуникативната важност. Во словенските јазици, пак, редот на зборовите се смета за слободен само затоа што не го определува субјектот и објектот на реченицата.

Јазичните описи би биле многу поадекватни ако јазиците се третираат како релации на функции и средства. Ваквиот третман би довел до точниот заклучок дека редот на зборовите во словенските јазици обележува комуникативни разлики не бидејќи е слободен, туку бидејќи е избран да го чини тоа. Ваквиот третман би ги поврзал англиските трансформации Пасивизација и Внесување на *there*, на една страна, и Цепење, Псеудо-цепење и Тематизација, на друга страна; првите би го сметале за трансформации што го возобновуваат основниот поредок, а вторите како тематични трансформации.

Редот на зборовите и определеноста

Некои споредби меѓу германските и романските јазици, од една страна, и словенските јазици, од друга, водат до заклучокот дека, во словенските јазици, редот на зборовите е инструмент на категоријата определеност. Најновите лингвистички истражувања, меѓутоа, не го оправдуваат овој заклучок. Словенските предглаголски именски изрази *се* определени, но определени се и и сите предглаголски именски изрази на комуникативно неутралните реченици со агенс и цел. „Пред или после глаголноста“ не ја одбележува определеноста; таа само корелира со неа.

Во раните шеесетти години, анализирајќи го статистички преводот на англискиот член на српско-хрватски[27] дојдов до заклучок дека

[27]) О. Томиќ, *Превођење енглеског члана на српскохрватски језик*, магистерски труд, Филолошки факултет на универзитетот во Београд, 1965.

71 по сто од 2350-те српско-хрватски еквиваленти на англиските именски изрази со определен член претставуваат именски изрази во предглаголска положба. Заклучив дека во српско-хрватскиот „предглаголноста" на именскиот израз означува определеност. Мојот заклучок не беше никакво откритие. Тој само ги провери наодите на други истражувачи: еден феномен што беше докажан во рускиот и чешкиот, се установи уште во еден словенски јазик — српскохрватскиот.

Подоцна, откако ми стана јасно дека во комуникативно неутралните реченици на индо-европските јазици „предглаголноста" означува контекстуална поврзаност, ги подложив своите податоци за преводот на повторни испитувања. Се покажа дека англискиот член се преведува на српскохрватски со превербалност само кога именските изрази што се во прашање претставуваат субјекти на односните реченици. Од 2350-те англиски именски изрази со определен член, 535 беа објекти а 789 — дел на предлошки и прилошки модификатори. Ниеден од овие не беше преведен на српско-хрватски со превербалност во ниеден од двата преводи на Хемингвеевата новела *Старецот и морето* што беа извор за корпусот. По сè изгледа дека определеноста *per* se не се изразува со диференцијален ред на зборовите.

Редот на зборовите е инструмент на комуникативната перспектива на јазикот. Ако ги споредиме реченицитe:

(59) A. The boy ate the apple.
F. Le garçon a mangé la pomme.
G. Der Junge hat den Äpfel gegessen.
Р. Мальчик съел яблоко.
Ч. Hlapěc snědl jabloko.
СХ Дечко је појео јабуку.
М Детето го изеде јаболкото.


ќе заклучиме дека во многу (можеби во сите) индо-европски јазици комуникативно неутралните реченици што имаат агенс и цел се реченици со субјект, глагол и објект, во овој редослед, во кои субјектот му одговара на агенсот а објектот на целта.

За момент да ја занемариме определеноста на горниве реченици и да им обрнеме внимание на нивните обележани соодветници на горниве реченици:

(60) A. The apple was eaten by the boy.
F. La pomme a été mangé par le garçon.
Г. Den Äpfel hat der Junge gegessen.
Р. Яблоко съел мальчик.
Ч. Jablko snědl hlapěc.
Сх. Јабуку је појео дечко.
М. Јаболкото го изеде детето.

За разлика од реченицитe (59) структурите на реченицитe (60) не се униформни. Додека германските, руските, чешките, српско-хрватските и македонските примери се активни реченици во кои објектот претходи на глаголот а субјектот е поглаголски, англиските и француските примери се пасивни реченици чии редослед е субјект, глагол и објект. (Посебно интересно е да се нагласи дека македонскиот, словенски јазик што има членови, се владее потполно исто како и другите словенски јазици.

Реченицитe (59) и (60) може да ги претставиме со структурите:



каде а = агенс
ц = цел
т = тема
Ф = фокус

Додека во германскиот, рускиот, чешкиот, српско-хрватскиот и македонскиот (61) и (62) произведуваат совршени реченици директно, во англискиот и францускиот горниот ред од (62), т.е. горниот ред од структурата во која темата е коекстензивна со целта а фокусот со агенсот, треба да се подложи на пасивизација за да се прифати.

Сега да ја испитаме определеноста на анализираните реченици. И во (59) и во (60) и двата именски изрази во англиските, француските, германските и македонските примери се лексички обележани како опре-

делени. Руските, чешките и српско-хрватските примери немаат лексички обележана определеност. Дали се тие определени? Ќе се обидеме да одговориме на ова прашање откако ќе ги споредиме руските, чешките и српско-хрватските примери во (1) и (2) со руските, чешките и српско-хрватските и македонските примери што се одликуваат од своите односници во (59) и (60) само во определеникот на едниот или двата именски изрази.

(63) А. A boy ate the apple.
Ф. Un garçon a mangé la pomme.
Г. Ein Junge hat den Äpfel gegessen.
Р. ?? (Один) мальчик съел яблоко.
Ч. (? Jeden) hlapěc snĕl jablko.
Сх. ?? (Један) дечко је појео јабуку.
М. (Едно) дете го изеде јаболкото.

(64) А. The boy ate an apple.
Ф. Le garçon a mangé un-e pomme.
Г. Der Junge hat ein Äpfel gegeseen.
Р. Мальчик съел (одно) яблоко.
Ч. Hlapěc snĕl (? jedno) jablko.
Сх. Дечко је појео (једну) јабуку.
М. Детето изеде? (едно) јаболко.

(65) А. A boy ate an apple.
Ф. Un garson a mangé une pomme.
Г. Ein Junge hat ein Äpfel gegessen.
Р. ?? (Один) мальчик съел одно яблоко.
Ч. (? Jeden) hlapěc snel (? jedno) jablko.
Сх. ?? (Један) дечко је појео (једну) јабуку.
М. (Едно) дете изеде (едно) јаболко.

(66) А. ? An apple was eaten by the boy.
Ф. ? Une pomme a été mangé par le garçon.
Г. ? Ein Äpfel hat der Junge gegessen.
Р. ?? Одно яблоко съел.
Ч. ?? Jedno jablko snĕl hlapěc.
Сх. ?? Једну јабуку је појео дечко.
М. ?? Едно јаболко изеде детето.

(67) А. The apple was eaten by a boy.
Ф. La pomme a été mangé par le garçon.
Г. Den Äpfel hat ein Junge gegessen.
Р. Яблоко съел ?? (один) мальчик
Ч. Jablko snĕl (? jeden) hlapěc.
Сх. Јабуку је појео ?? (један) дечко.
М. Јаболкото го изеде ?? (едно) дете.

(68) А. ? An apple was eaten by a boy.
Ф. ? Une pomme a été mangé par un garçon.
Г. ? Ein Äpfel hat ein Junge gegessen.
Р. ?? Одно яблоко съел один мальчик.
Ч. ?? Jedno jablko snĕl jeden hlapĕc.
Сх. ?? Једну јабуку је појео један дечко.
М. ?? Едно јаболко изеде едно дете.

Бидејќи во (63), каде што неопределениот именски израз е предглаголски, лексичкиот белег за неопределеноста изгледа понеопходен отколку во (64) каде што неопределениот именски израз е поглаголски, склони сме да заклучиме дека, ако е по глаголот, именскиот израз е неопределен *per se*, додека предглаголскиот неопределен именски израз треба да има специјален лексички белег. Но, против овој заклучок постојат бројни аргументи. 1. чешките реченици во (65) се „необични" (да бидеме скромни во оценката) кога именскиот израз стои со *jeden, jedna, jedno, jedni. Njaki* би бил поприфатлив, но тој има и други белези освен (— определен), исто како што *шен* има и други белези освен + определен). Зависно од контекстот и акцентот, чесите ги разбираат двата именски изрази во (63) како определени или неопределени. 2. Додека неопределните детерминатори на руските и српско-хрватските поглаголски именски изрази во (64) и (66) се незадожителни, во (67) тие се задолжителни. 3. Не само во јазици што немаат член туку и во сите овде прикажани јазици, реченицте во (66) и (68) се неприфатливи освен ако почетниот лексем не се протолкува како број.

Бидејќи исказот обично почнува со она што е познато, контекстуално поврзаниот именски израз стреми да биде определен. Затоа, почетните лексички неопределени именски изрази во (59) и (60) инваријантно се интерпретираат како определени. Контекстуално слободниот именски израз може да биде и познат и непознат, и определен и неопределен. Затоа, лексички неопределените фокуси од (59) имаат двојна интерпретација. Во комуникативно обележените реченици, меѓутоа, поглаголскиот именски израз е почесто определен отколку неопределен. Затоа, поглаголските именски изрази од чешките, српскохрватските и руските реченици во (60) се интерпретираат како определени, а оние во (67) треба лексички да се обележат како неопределени.

Во индоевропските јазици, редот на зборовите е инструмент на комуникативна обележеност. Површинските репрезентации на комуникативно неутралните искази што имаат агенс и цел се реченици со субјект, глагол и објект (во овој редослед), во кои контекстуално поврзаниот елемент или темата е коекстензивен со агенсот и со субјектот и зазема почетна положба додека целта/објектот е зад склопот на поврзаноста, во фокусот. Меѓутоа, во исказите без агенс како и во комуникативно обележените и/или во контрастивните искази, редоследот субјект, глагол, објект е пореметен. Словенските јазици и германскиот јазик ја поднесуваат убаво оваа пореметеност и реченици во кои објектот му претходи, а субјектот му следи на глаголот во овие јазици

не се ни ретки ни необични. Во англискиот и францускиот, меѓутоа, редоследот субјект, глагол, објект треба да се возобнови трансформациски.

Бидејќи тематските номинални изрази што се во почетокот на реченицата, по правило, се определени (било да се лексички определени како такви или не), испитувачите на јазикот заклучуваат дека во јазиците кои немаат лексеми што одбележуваат определеност, почетната положба во реченицата означува определеност, а поглаголската положба неопределеност. Овој заклучок, меѓутоа, е резултат на коинциденција. Редот на зборовите не обележува определеност, тој само корелира со неа.

Лексичките средства за изразување на комуникативната перспектива на јазикот во словенските, посебно јужнословенските јазици

Споредувањето на словенските реченични парови:

(69) (М) а. Детето го изеде јаболкото.
б. Јаболкото го изеде детето.

(СХ) а. Дечко је појео јабуку.
б. Јабуку је појео дечко.

(С) а. Fantek je pojel jabolko.
Jabolko je pojel fantek.

(Б) а. Детето изеде јабълката.
б. Јабълката изеде детето.

(Р) а. Мальчик съел яблоко.
б. Яблоко съел мальчик.

(Ч) а. Hlapěc sněl jablko.
б. Jablko sněl hlapěc.

со нивните соодветници во англискиот и францускиот јазик:

(70) (А) а. The boy ate the apple.
б. The apple was eaten by the boy.

(Ф) а. Le garçon a mangé la pomme.
б. La pomme a été mangé par le garçon.

води до заклучокот дека разликите во комуникативната перспектива на јазикот во словенските јазици се изразуваат со синтактички, а во англискиот и францускиот со лексички средства. Но употребата на лескичките средства за одбележување разлики во оваа јазична функција не им е страно ни на словенските јазици.

Во јужнословенските јазици за тоа, пред сè, се користат таканаречените интензификатори од типот на *токму, дури, ле* X *туку* и слично. Во речениците:

(71) (М) а. Токму таква шапка ѝ купив на жена ми.
б. Не јас туку брат ми ви вети дека ќе дојде.

(Сх) а. Управо такву капу сам купио жени.
б. Не ја већ мој брат вам је обећао да ће доћи.

(С) а. Vlih takšno kapo sem kupil ženi
б. Ne jaz am pak moj brat je obljubil da bo prišel.

(В) а. Точно такъва шапка купих на жена си.
б. Не аз но брат ми ви обешта че ше дойде.

интензификаторите чинат фокусот да биде на почетокот на реченицата. Слично на интензификаторите делуваат и личните заменки во субјектна функција. Речениците б. во реченичните парови во:

(72) (М) а. Го изедов јаболкото.
б. Јас го изедов јаболкото.

(СХ) а. Појео сам јабуку.
б. Ја сам појео јабуку.

(С) а. Pojel sem jabolko.
б. Jaz sem pojel jabolko.

(В) а. Изедох ябълката.
б. Аз изедох ябълката.

се комуникативно специфични благодарејќи на присуството на личната заменка *јас*, а во:

(73) (М) а. Ми ја скрши ракава.
б. Мојава рака ја скрши.

(СХ) а. Сломио си ми руку.
б. Моју руку си сломио.

(С) а. Polomil si mi roko.
б. Mojo roko si polomil.

(Б) а. Скърши ми ръката.
б. Моята ръка скърши.

енклитичната заменка е тематична, додека присвојната заменка претставува комуникативно специфичен фокус.

Всушност, словенските, посебно јужнословенските, јазици изразуваат разлики во поглед на комуникативната перспектива и со синтактички и со лексички и со морфосинтактички средства. Но не исти средства се употребуваат за изразување различни типови комуникативна перспектива. За да се укаже на разликата меѓу основниот и обележаниот тип се употребуваат синтаксички средства. За претставување на комуникативно контрастивните реченици, пак, покрај диференцијалниот акцент се употребуваат лексички, а во бугарскиот и морфосинтаксички средства. (Види (71), (72), (73) и (56)[30].

Употребата на интензификаторите во контрастивните реченици е сосема очекувана и објаснива. Интензификаторите, всушност, имаат иста функција како и контрастивниот акцент, кој е инструмент на контрастивната комуникативна перспектива во сите словенски јазици. Спореди ги реченичните парови во (69) со:

(74) (М) а. ДЕТЕТО (а не Х) го изеде јаболкото.
а'. Не Х туку детето го изеде јаболкото.

б. ЈАБОЛКОТО го изеде детето.
б'. Не Х туку јаболкото го изеде детето.

(СХ) а. ДЕЧКО (а не Х) је појео јабуку.
а'. Не Х него дечко је појео јабуку.

б. ЈАБУКУ (а не Х) је појео дечко.
б'. Не Х него јабуку је појео дечко.

(С) а. FANTEK (am pak ne X) je pojel jabolko.
а'. Ne X am pak fantek je pojel jabolko.
б. JABOLKO (am pak ne X) je pojel fantek.
б'. Ne X am pak jabolko je pojel fantek.

(В) а. ДЕТЕТО (а не Х) изеде јабълката.
а'. Не Х но детето изеде јабълката.

б. ЈАБЪЛКАТА (а не Х) изеде детето.
б'. Не Х но јабълката изеде детето.

[28] На пример, А. М. Пешковский, *Русский синтаксис в научном освещении*, Москва, 1956; А. Федоров, *Введение в теории перевода*, Издательство литературы на иностранных языках, Москва, 1958, Т. Р. Левицкая, А. М. Фитерман, *Теория и практика перевода с английского языка на русский*, Издательство литературы на иностранных языках, Москва, 1963; Е. Н. Зверева, *Грамматические соответствия английского и русского јазыков*, Государственный университет Ленинград, 1962, итн.

[29] Едниот превод беше од Барбара Лојен (Сељачка Слога, Загреб, 1956), а другиот од Карло Остојић (Народна књига, Београд, 1959).

(Р) а. МАЛЬЧИК (а не Х) съел јаблоко
а'. Не Х но мальчик съел яблоко.

б. ЯБЛОКО (а не Х) съел мальчик.
б'. Не Х но яблоко съел мальчик.

(Ч) а. HLAPĚC (a ne X) snĕl jablko.
а'. Ne X no hlapĕc snĕl jablko.

б. JABLKO (a ne X snĕl) hlapĕc.
б'. He X no jablko snĕl hlapĕc.

Ако (72)а. и (73)а. се споредат со (72)б. (73)б., се заклучува дека во јужнословенските јазици полните заменски облици имаат интензификаторска функција. Овој заклучок поставува два фундаментални јазични проблема кои, всушност, произлегуваат еден од друг: 1, Дали реченицте со полни заменски облици од типот на (72)б. и (73)б. лежат во основата на реченицте во кои субјектот е претставен само по пат на својот рефлекс во глаголскиот облик, т.е. дали реченицте од типот на (72)а. се изведуваат од реченици од типот на (72)б. преку бришење редундантни лексеми? 2. Дали јазичните елементи што ги сметаме како основни, т.е. необележани во споредба со други единици може да се изведуваат од јазични единици што се обележани? Без амбиции да ги решиме овие прашања ќе изложиме некои размислувања кои, во најарен случај, би можеле да бидат само придонес кон решение.

Портманто морфемот, што глаголскиот облик во јужнословенските јазици го чини личен и благодарение на кој реченицте во овие јазици може да стојат без субјект, неоспорно се развил преку „согласување" на глаголот со субјектот. Ова усогласување доведува до редундантност и до бришење на првобитниот лексем. Но бришењето не станува задолжително. Барајќи средства за изразување различни видови комуникативна перспектива, јазикот ги искористува алтернациите на реченици со редундантен и економичен субјект. Бидејќи редундантноста, по својата природа, е обележана, реченицте со редундатен субјект се прифаќаат како комуникативно контрастивни. Но комуникативно необележаните реченици не се развиле од нив. Во основата и на едните и на другите лежат потструктури со субјект што нема рефлекс во глаголскиот облик.

Дека на определен степен на развојот јазикот изразува определени јазични функции преку средствата што му стојат на располагање, без да води сметка за нивната генеза, може да се види и на примерот на англиските и француските егзистенцијални реченици. Ако се комуникативно неутрални, овие реченици се произведуваат преку трансформации, а ако се обележани — без трансформации. Спореди:

(74) А. There is a boy in the room.
Ф. Il y a un garçon dans la chambre.
'Во собата е едно дете'.

со:

(75) А. A boy is in the room.
Ф. Un garçon est dans la chambre.
'Едно дете е во собата'.

Изгледа неприродно неутралните реченици да се произведуваат преку трансформации а обележаните без нив. Но, англиските и француските реченици во (74) не се развиле од структури во кои редот на зборовите бил како во нивните парови во (75), туку од структури кои, слично на нивните македонски еквиваленти, почнувале со локативот. Вакви структури дадените јазици не поднесуваат и трансформациите го воспоставуваат неопходниот ред. Што обележаните соодветници на овие реченици се произведуваат без трансформации не е никаква пречка.

Поаѓајќи од фактот дека обележаните јазични елементи се развиваат од нивните необележани соодветници, многу линвисти заклучуваат дека во македонскиот јазик членот *-от̄*, што се употребува за одбележување неприсутна определеност, е необележан а членовите *-ов* и *-он* — обележани. Притоа се занемарува употребата на *-от̄* за одбележување присутни објекти што се блиску до слушателот. Но не постои никаков императив обележаните членови на една опозиција да се развиваат од необлежаните. Во овој случај, сите три облици на македонскиот определен член се развиле консекутивно од показните заменки *овој, тој, оној* и еден од нив почнал да се употребува за одбележување неприсутна определеност.

Дијахрониските промени се одразуваат во синхрониските дистрибуции. Функциите на еден определен јазик, во еден определен временски период, се изразуваат со средства со кои дадениот јазик се здобил во текот на многувековен развој. Но тоа не значи дека за функции што се поосновни задолжително се употребуваат средства што се попрвобитни.

Olga MIŠESKA-TOMIĆ

COMMUNICATIVE PERSPECTIVE

(S u m m a r y)

The paper consists of five „essays". The first „essay", „Defining the Communicative Perspective", is part of the paper entitled „Komunikativnata perspektiva na rečenicata („Communicative Sentence Perspective"), published in *Makedonski jazik* 26. It traces the development of this im-

portant language facet giving dofinitions and explanations for the variety of terms used. The other four „eassays" are based on papers presented at various linguistic conferences.

„On the Freedom of Free Word Order" (*Sympozium for the Macedonian Language*, Ohrid, august, 1976.) opts for a linguistic analysis that is not biased by the structure of a particular language. Conclud that word order in Slavic is an instrument of communicative sentence analysis not beacuse it is free but because it has been chosed to perform this function just as the English word order has been chosen to denote the subject/object distinction.

„Towards a Unified Treatment of Topicalization Transformations" (*Chicago Linguistic Society*, Chicago, april 1977) brings evidence for relating several English transformations that have been treated independently. It concludes: „There Insertion — a transformation of the communicatively marked layer of communicative sentence analysis and Passivization — a transformatin of the communicatively marked layer of communicative sentence analysis are transformations that restore the SVO roder — so essential in English. We might call them *Structure Restoring transformations*. Clefting, Pseudo-Clefting and „traditional" Topicalization, on the other hand, yield sentenc the topics and focuses of which differ form those of the structures upon which they operate. They can be looked upon as *topicalization* transformations.

„Definiteness and Word Order" (XII *International Congress of Linguists*, Vienna, 1977) discusses the tendency to treat the word order of the languages that do not have lexical markers of definiteness as a marker of definiteness. It concludes that this treatment is erroneous. It results from coincidence: word order does not mark definitenesss, it only correlates with it.

„The Lexical Devices for Representing the Communicatie Language Perspective in the Slavice, Particularly in the South Slavic Languages" (VII *Congress of Slavists*, Zagreb, september 1978) analyses the use of syntactic, lexical and morphosyntactic devices for expressing communiactive perspective of language in the South Slavic languages. Whiee the syntatic devices are used for distinguishing the neutral from the marked perspective, the lexical and morphosyntactic ones (the latter only in Bulgarian), are instruments of communicative contrast.

The paper ends with some reflections on the relations between the marked and unmarked language phenomena. The author maintains that the marked pairs fo an opposition need not develop historically from their unmarked counterparts. The language functions that are more basic at a given period need not be developmentally older.

Марија НАЈЧЕСКА-СИДОРОВСКА

ДАТИВЕН ПРЕДМЕТ ВО ФУНКЦИЈА НА ПРВ ОБЈЕКТ — ОПРЕДЕЛУВАЧ НА ГЛАГОЛОТ

(Главно врз материјалот на балканските јазици)

Како што е познато, некогаш еден, а некогаш два или повеќе падежи можат да бидат поставени во зависна врска од управувачкиот глагол во субординативните глаголско-именски синтагми. Во таквите синтагми управувачкиот компонент како формален лексичко-семантички елемент е глагол, најчесто во лична глаголска форма, а во реченицата е прирок. Управуваниот компонент е именка или лична заменка, а може да биде и друг именски или супстантивиран збор, кој како зависен компонент на синтагмата во реченицата може да биде директен предмет (дополнение), а покрај него во реченицата може да постои втор зависен компонент — индиректен предмет (дативно дополнение), или други понатамошни определувачи. Нив понекогаш може да ги има повеќе, а сите да определуваат еден ист глагол во една иста реченица. Понекогаш во реченицата може да не е вклучен акузативот како прв определувач на глаголот—прирок. Тогаш наместо него се случува да дојде дативниот предмет, кој во тој случај ќе има улога на прв определувач. Целта на овој труд е токму анализата на дативниот предмет, во случаите кога тој го конкурира акузативот како прв објект—определувач на глаголот.

Кога именката во падеж е зависен компонент во синтагма чиј управувачки компонент ѝ припаѓа на категоријата на глаголот, меѓу нив се создава сооднос, во кој именката во определен падеж се сврзува во едни случаи со управувачкиот компонент со односи на тесна врска, во други со односи на слободна врска, што зависи од повеќе околности. Од тоа пак, дали врската е тесна (блиска) или слободна, зависат и следниве моменти: „Падежите што се сврзани со глаголот со односи на тесна врска се појавуваат како носители на синтаксички и синтаксичко-семантички функции, а падежите што стојат со глаголот во односи на слободна врска се носители на семантички значења. Освен тоа, оние што се сврзани со глаголот со односи на тесна врска за-

земаат во однос на него централни позиции, а падежите што се свр-зани со глаголот со слободна врска — се маргинални[1].

Во синтагмите од горниот тип, каде глаголот во лична форма е управувачки компонент, еден од падежите се поставува најчесто по-крај управувачкиот глагол, и секогаш кога застанува покрај него, се сврзува со него со односите на блиска, неопходна врска и зазема нај-централно место во споредба со другите падежи, што едновремено можат да се појавуваат во истата сложена синтагма. Тоа е акузативот. Но и кога не зазема конкретна најцентрална положба, тој е пак нај-близок со глаголот, зашто, како што покажува и најобичната анализа (на елиминирање), сите други падежи од таква сложена синтагма може да се елиминираат како изразувачи на помалку релевантни односи, а единствено акузативот останува на крајот како негов определувач кој е неопходен, бидејќи ако се отфрли и тој, веќе нема синтагма, не постои однос на определуван и определувачки компонент.

Ставот дека секогаш кога се наоѓа покрај глаголот, акузативот е сврзан со него со односи на најблиска, неопходна врска и дека акуза-тивот без предлози функционира како чисто синтаксички елемент, до-кажан од Kuryłowicz[2], го прифаќа и го користи Ходова, која за некои од овие поставки се повикува и на Пешковский. Во нејзината анализа на старословенскиот јазик, таа исто така го поткрепува и образложува со примери од тој јазик ставот за најголемата честота на акузативот како определувач на управувачкиот компонент—глаголот во синтагмите од овој тип*.

Имајќи предвид дека акузативот најчесто се јавува во функци-јата на директен предмет покрај управувачкиот компонент — глаголот, се доаѓа до заклучок дека оваа функција е примарна функција на аку-зативот. Ходова ја нарекува оваа функција функција на прв опреде-лувач на глаголот. Ние исто така ќе го употребуваме овој термин во однос на ваквиот определувачки компонент на глаголско-именската синтагма, бидејќи се согласуваме дека тој термин укажува само на син-таксичката суштина на компонентот на структурата и ни помага во определувањето на елементите на структурата да останеме на синтак-сичко ниво. За функцијата на индиректниот објект (дативното допол-нение), која ја врши најчесто, како во старословенскиот, така и во српско-хрватскиот и главно и во другите современи словенски јазици со синте-тичен падежен систем дативот без предлози, и која е за него примарна, го прифаќаме исто терминот втор определувач на глаголот итн. Само, сакајќи да ја определиме во извесна мерка и семантичната вредност

---

[1] К. И. Ходова. *Система падежей старославянскоіо языка.* А. Н. СССР. Москва, 1963.

[2] Kuryłowicz J. *Le probléme de classement des cas,* 1949.

* За честотата на управувањето со падежот се прават во последниве години интересни анализи од мнозина лингвисти, меѓу кои ќе го спомнеме: Апресян Д. *Опыт описания значений ілаіолов по их синтаксическим признакам (типам управле-ния).* Вопросы языкознания, 5. Москва, 1965.

на истите елементи, ние ги именуваме уште малку пошироко: прв објект определувач, втор објект определувач и сл[3].

Значи, падежот е многуфункционална категорија. Покрај тоа, различни падежи можат да истапуваат во една иста функција, но не сите можат да имаат еднаква распространетост во неа и затоа, во зависност од таа распространетост, на различните паджеи ќе им припаѓа како примарна функцијата на прв објект определувач, втор објект определувач итн.

Ако го проследиме во оваа смисла дативот на пр. во современиот руски и српскохрватски јазик, ќе можеме да се увериме, дека освен примарната функција на втор објект определувач, која тој пред сè ја има во овие два јазика на дативот му станува својствена во определени услови и функцијата на прв определувач. Во оваа функција, т.е. кога дативот го зазема местото на прв определувач на независниот компонент на синтагмата изразен со глагол, тој го заменува акузативот во неговата примарна функција. И дури, како што е познато, додека акузативот е чисто синтаксичен падеж, а дативот како втор определувач покрај синтаксичката функција добива и семантичко значење на адресат, преземајќи ја улогата на прв определувач на глаголот и дативот добива чисто синтаксичка, граматичка функција. Тој како и акузативот во таа положба е во тесна врска со глаголот (спореди во српскохрватскиот јазик: пожали Стојана — Смилуј се Стојану), зависи од лексичкото значење на глаголот, означува негов објект.

Дативот може да биде прв определувач како зависен компонент на синтагмата покрај управувачки зборови глаголи што не се сврзуваат едновремено со акузативот без предлози. (На некои глаголи прв определувач може да им биде не само дативот, но исто така генитивот, инструменталот, па дури и локативот. Познато е на пр., дека генитивот се среќава наместо акузативот во истата функција на директен објект во синтагма со глаголи, кога генитивот изразува дел од некое количество (купи шеќера), или при негација. Во таков случај зависниот член на овој тип синтагма се употребува во флективните јазици најчесто во датив, за да го изрази односот на прв објект определувач. Така на пр., во рускиот и српскохрватскиот јазик тој ќе биде изразен со датив најчесто од именка или лична заменка. Во македонскиот јазик ќе го најдеме изразен со синтаксичкиот еквивалент на некогашниот датив — општа форма на именка со предлогот *на*, удвоена со енклитична лична заменка во датив, или датив од неенклитична и енклитична лична заменка, или само од енклитична лична заменка. Во бугарскиот јазик тој се изразува секогаш со општа форма на именка со предлогот *на* (освен кога е изразен само со енклитична лична заменка во датив) и во многу ретки случаи удвоен.

Глаголите што образуваат ваква синтагма се непреодни во таа смисла, што немаат покрај себе објект во акузатив кој е наполно опфа-

[3] Види: Марија Најческа Сидоровска. *Функции и значења на дативот и неjовото изразување во современиот руски, српскохрватски, македонски и бугарски јазик.* Докторска дисертација. Скопје, 1971, стр. 34.

тен од глаголското дејство. но сепак се објектни, бидејќи со нив образува синтагма дативниот предмет. Во таква синтагма стапуваат:

— објектни непреодни глаголи;
— глаголите со повратната заменка *се*;
— некои глаголи со префиксите под-, пред-, при- и др.

Ние ќе разгледаме овде некои синтагми со најкарактеристичните глаголи од првата група, кои според нашето мислење се најблиску до објектните преодни глаголи со кои се сврзува акузативот, како што ќе покаже нашата понатамошна анализа, а што доведува и до феноменот на заемно заменување на падежот на директниот предмет и дативот, падежот на индиректниот предмет, т.е. дативното дополнение.

Во категоријата објектни непреодни глаголи спаѓаат следниве лексичко-семантички групи: глаголи што означуваат корисно или штетно дејство, глаголи што означуваат општење, поттикнување, забранување, психичко движење и чувства за лицето во датив, и некои други.

Во синтагми со дативот односно неговиот еквивалент како прв определувач, во анализираните словенски јазици среќаваме и денес доста голем број глаголи со еднаква лексичко-семантичка содржина, каква што имале уште во старословенскиот јазик, што значи дека управувањето (рекцијата) останало исто. Ќе разгледаме некои синтагми со по неколку покарактеристични глаголи како управувачки компоненти од набројаните групи:

Старословенски:

ПОМОЗИ МИ (Зогр. Мт. XV, 25)

Српскох рватски:

Помогао би Јаблану да може (П. Кочић).
. . . Миона хтеде да притрчи и да му помогне. . . (М. Глишић)
Али мени то не смета (М. Лалић).

Македонски:

Нека затвораат, таа нема да им помогне (Р. Петковски).
Отсрце ви благодарам за добрите чувства кон нашето дело (Ѓ. Абациев).

Бугарски:

Предателството попречва на изненадата (В. Каракашев)
И му се струваше че страничните звуци не само че не му пречат, но дури обратното — помагат му да се съсредоточи (Г. и И. Жечев).

Во оваа група глаголи кај Правдин[4] се споменати во старословенскиот (и старорускиот) покрај другите: благодарити, жрѣти (жртвува), облъгчавати, слоуговати, досаждати, запѧти (пречи), одолѣти, сътѫжити (беспокои) и др. Во современите три балкански литературни словенски јазици (и во рускиот) најчесто наоѓаме синтагми токму со основните глаголи на корисно и штетно дејство — *йомаїам* и *йречам*. Правдин ги окарактеризирал во својот труд ваквите синтагми со следниов цитат: „При цела низа непреодни глаголи формата на дативот се употребува за означување на лице кон кое е усмерено дејството, кое е корисно или штетно, пријатно или непријатно, кое му помага или му пречи"[5]. Од горниот цитат се гледа дека објектот, кој образува синтагма како зависен компонент со посочениот семантички тип глаголи најчесто е лице.

Споредувајќи го старословенскиот и старорускиот јазик со современиот руски јазик Правдин доаѓа до заклучок дека некои од глаголите со корисно или штетно дејство кои порано го имале за свој објект дативот, во современиот руски јазик управуваат со акузативот на директен објект (благодарить, одолеть и др.). Ние можеме да забележиме дека двата глагола кои на овој начин го измениле своето управување од дативно на акузативно во рускиот јазик, во современите словенски балкански јазици го задржале истото управување од старословенскиот, така што во српскохрватскиот јазик покрај тие глаголи доаѓа датив, а во македонскиот и бугарскиот јазик со нив оди еквивалентот на некогашниот датив.

Правдин правилно забележува дека кога дејството почнува да се сфаќа како интензивно и непосредно воздејство врз објектот, како „завладување" со објектот, наместо дативниот објект почнува да преовладува директниот, изразен во синтетичките јазици со акузатив. Тоа може да се илустрира, на пример, со глаголите: ми штети, ми пречи, кои се сврзани со потчинетиот компонент во датив кога дејството е поапстрактно, но при конкретните дејства, како: ме спречи, ме онеспособи, зависниот компонент веќе стои во акузатив. И уште можеме да додадеме: токму затоа што се многу блиски по својата функција определувачите на глаголот во овие синтагми, можело да дојде во тек на историскиот развиток до нивно мешање, односно заемно заменување на средствата за нивно изразување, или пак преовладување де на едното де на другото, како во еден од јазиците, така и во опсегот на разни јазици, во конкретниот случај на оние што ги споредуваме. И што е особено важно и треба да се потцрта, вакво заемно заменување можело да станува само меѓу директниот предмет и дативниот предмет како прв и единствен определувач на глаголот. Тоа уште еднаш ја потврдува правилноста на нашата поставка, кога заедно со Ходова го издвоивме дативниот предмет како прв и единствен определувач на глаголот, по-

[4] Правдин А. Б. *Дательный приіаіольный в старославянском и древнерусском языках.* АНСССР. Ученые записки института славяноведения, т. XIII, Москва, 1956.

[5] Правдин А. Б. Op. cit., стр. 59.

крај директниот предмет изразен со акузатив, имајќи ги предвид, се разбира, и сличностите и разликите меѓу нив. Очигледно е дека вакво заемно заменување е апсолутно невозможно меѓу директниот предмет и дативниот предмет како втор определувач на глаголот.

Во групата глаголи што изразуваат психички движења усмерени кон лицето изразено со датив во старословенскиот јазик покрај другите се наоѓаат и следниве: *подражати, ревновати, следовати, вънимати, съгрешити, завидѣти, вероватии*[6]. Во современите три блакански словенски јазици што се предмет на оваа анализа со еден дел од овие глаголи управувањето е еднакво со она во стариот јазик, но има и исклучоци. Така, *ревновати* се среќава во бугарскиот јазик со определувач директен објект, а како синоним за *подражати* (покрај *подражавати коме*) во српскохрватскиот јазик, како и во другите два јазика се употребува и глаголот *имитира*, пак со директен објект. Во литературата сретнавме најмногу примери на употреба на дативен предмет — објект на психичко движење со глаголите *верува, завидува*, а поретко со *згреши*, кој зависно од потребите на контекстот може да се употребува и со дирекетен објект и без објект. Глаголот *следува* (*следи*) исто така почнува да се употребува во македонскиот јазик како и во српскохрватскиот и бугарскиот со директен објект (додека на пр. во современиот руски јазик си останува стариот тип на синтагма со дативен предмет. (Спореди: следовать его примеру — го следи неговиот пример). Наместо глаголот *вънимати* во трите современи словенски анализирани јазици се употребува обично синонимичниот израз *обраќа внимание* и се зачувала можноста за образување синтагма со дативен предмет. Исто така во трите современи балкански словенски јазици се среќава глаголот *прошшава* (прости) со објект на психичко движење изразен со датив, односно неговиот синтаксички еквивалент.

Ќе наведеме неколку реченици во кои се содржат синтагми од овој тип со најчесто употребуваните глаголи:

Српскохрватски:

Кад је ко моћан као Бог, вјерује и будалаштинама (Ријечник).[7]

Сит гладну не верује (Нар. пог.).

Македонски:

Тие се невини, тие ништо не му згрешиле на господа, па барем нив . . . да ги запази (Ј. Леов).

Не можеше да му поверува на младиот бег (Ѓ. Абациев).

[6] Правдин А. Б. Op. cit.

[7] Речник српскохрватског књижевног и народног језика, књ. II, Београд, 1962 стр. 533.

Бугарски:

Мислите ли, че мога да ви повярвам (К. Кюлавков).
Обръщам ви внимание върху светостта на клетвата (К. Кюлавков).
Аз никак не му завиждам (К. Кюлавков).

Еве и по неколку примери со глаголи што означуваат општење:

Српскохрватски:

Он приђе баку, па га стаде миловати, мазити и тепати му (П. Кочић).
... сад ће гледати да је сруши — шапну директору Петровић (Д. Максимовић).

Македонски:

Ако си сакал да одиш да си му јавел (Р. Петковски).
Еден му препорачуваше да си ги збере парталите (К. Чашуле).

Не, не, нека не му расправаат дека, со времето, се ќе си дојде на место (Ј. Леов).
Тој постојано им возразуваше.

Бугарски:

Ще му кажа да ви се обади (Л. Стрелков)
Аз ще съумея да му отговоря (К. Кюлавков)
За последен път ви напомням (К. Кюлавков).

Интересно ќе биде сега да проследиме со кој падеж или негов еквивалент управуваат овие или слични глаголи во несловенските балкански јазици. Приведуваме по десетина реченици од современиот романски, албански и грчки јазик.

Романски:

Miona vroia săl ajute (Acc)
Va mulţumesc pentru bunele setnimente (Dat)
Má deránjează din totdeauna (Acc)
Mă crede cînd vorbesc (Acc)
Vera mă minte întotdeauna (Acc)
Mă plictiseşte toată ziua (Acc)
L-am felicitat pe profesor (Acc)
Bătrînii îi invidiază pe cei tineri (Acc)
Noi i-am interzis să se întoarcă (Dat)

Mama ei i-a permis să meargă la o recepție (Dat)
Aceasta îmi va servi in viață (Dat)
Mare pericol îl amenintă (Acc)
Fumatul îi dăunează (Dat)
Pentru ultima dată vă atrag atenția (Dat)

Албански:

Ne e uruam profesorin (Acc)
Ai më pengon në punë (Acc; поретко Dat.)
Ju shumë më ndihmuat (Acc i Dat)
Prindërit e lejuan të shkoje në teatër (Acc)
Ne ju besojmë (Dat)
Ai e ka zili të vëllanë (Acc)
Ajo e falënderoi begun (Acc)
Të ndaloj të kthehesh (Acc)
E ëma e tij më fali (Dat)
Atij i kërcënohet rrezikui madh (Dat)
Duhani e dëmton atë (Acc)
Më mërzit tërë ditën (Acc)
Ajo gjithnjë më gënjen (Acc)
Kjo do të më shërbejë në jetë (Dat)

Грчки:

Ἡ Μιόνα ἤθελα νά τήν βοηθήσει (Acc)
Σᾶς εὐχαριστῶ γιά τά καλά αἰσθήματά σας. (Acc)
Πάντα μέ ἐμποδίζεις (Acc)
Αὐτός μοῦ πιστεύει (Dat)
Ἡ Βέρα συχνά μοῦ λέει ψέματα (Dat)
Ἐμεῖς τόν συγχαίρουμε τόν καθηγητῆ (Acc)
Οἱ γέροι ζηλεύουν τούς νέους (Acc)
Ἐμεῖς τοῦ ἀπαγορέψαμε νά ἐπιστρέψει (Dat)
Ἡ μητέρα της, τῆς ἐπέτρεψε νὰ πᾶει στό θέατρο (Dat)
Αὐτό τό πράγμα θά μοὺ ἐξηπερετήσει στή ζωή (Dat)
Μεγάλος κίνδυνος τόν ἀπειλεῖ αὐτόν (Acc)
Τό κάπνισμα σᾶς κάνει ζημιά (Dat)
Γιά τελευταία φορά σᾶς προειδοπιῶ (Acc).

Ако сега го споредиме управувањето од страна на глаголот со дативот (односно неговиот еквивалент) или акузативот (односно неговиот еквивалент) кај сите балкански јазици, ќе можеме да направиме интересни заклучоци. Додека кај сите наведени примери во српскохрват-

скиот, македонскиот и бугарскиот јазик глаголот управува со дативот или неговиот еквивалент со незначителни исклучоци, во романскиот од четиринаесетте наведени примери соодносот меѓу акузативот и дативот е 8 : 6, во грчкиот од тринаесетте примери 7 : 6, а во албанскиот од четиринаесетте примери соодносот е 9 : 5. Притоа и во грчкиот и македонскиот и албанскиот имаме по два до три случаја каде се можни обете варијанти. Како што од општиот преглед може да се види, во трите несловенски балкански јазици преовладал акузативот над дативот. Тоа е уште еден доказ колку е блиска функцијата на дативот како прв определувач на глаголот до истата функција на акузативот, само со таа разлика што многу помал број глаголи се сврзуваат со дативот како прв определувач во споредба со акузативот, со кој се сврзува како со прв определувач огромен број глаголи.

Оваа промена на управувањето не е одлика само на балканските несловенски јазици. Видовме дека ја има во некои случаи и во современиот руски јазик. Ако фрлиме краток поглед врз некои други еворпски јазици, ќе видиме дека исто така на повеќе места каде во српскохрватскиот јазик имаме датив, а во македонскиот негов еквивалент, во францускиот, на пример, имаме сврзување со еквивалентот на акузативот. Таков е случајот со глаголите *feliciter* (честита), *empecher* (пречи), *ennuir* додева), *aider* (помага) и др. Во германскиот јазик во синтагмите со истите 14 глаголи соодносот е скоро еднаков.

Овој факт на толку силно десемантизирање на дативот, што доведува дури до промени на управувањето од страна на соодветниот глагол, кој почнува да ја приврзува за себе истата именка, но веќе во акузатив, го потцртува и го објаснува и лингвистот В. Г. Гак[8] во својата рецензија на трудт на советската лингвистка О. И. Москальская. Тој ѝ забележува на авторката на книгата дури и за тоа што ваквиот тип реченици ги класифицира како адресатни, пишувајќи: Така, во речениците од типот Wir danken dir (für deine Hilfe) *Ние ти благодариме (за твојата помош)* се издвојуваат адресатни односи, бидејќи овде постои косвено (дативно) дополнение. Меѓутоа, таквото дополнение го зачувува своето првично значење на адресат во двообјектните структури (Он дал ему книгу; Он рассказал ему все), но при отсуство на директен објект се десемантизира и изразува општ објект на дејство; сп: Он угрожает ему; Он помогает ему. Во тие случаи формата на дативното дополнение, губејќи го својот семантички супстрат, станува нестабилна и може заемно да се заменува со директниот предмет при историскиот развиток на јазикот или при преминување од еден јазик кон друг (сп. герм. Er gratulierte dem Lehrer, руски: Он поздравил учителя").

Овој цитат, сметаме, не бара никаков понатамошен коментар и само ги потврдува сите наши погоре наведени поставки. Затоа, на крајот ние ќе ги изнесеме само своите заклучоци.

---

[8] В. Г. Гак, О. И. Москальская. *Проблемы системного описания синтаксиса.* — М., Высшая школа", 1974. В. Я., 1, 1976.

ЗАКЛУЧОЦИ

1. Во случаи кога во двосоставна реченица во објектната синтагма глаголот не се сврзува со акузатив, а од десната страна покрај него се наоѓа датив (или во аналитичните јазици негов еквивалент), тогаш тој станува прв објект—определувач на глаголот, кој е силно десемантизиран и по својата функција многу близок до акузативот без предлози, т.е. директниот предмет. Благодарејќи на таа голема десемантизација, односно синтаксизација на дативот (кој во улога на втор определувач во двообјектните синтагми го има и семантичното значење на адресат), во опсегот на различните европски јазици, словенски и несловенски, се забележуваат разлики во обележувањето на овој објект — определувач, т.е. негово изразување кај некои од нив со датив, кај други со акузатив.

2. И во опсегот на еден ист јазик во текот на историскиот развиток понекогаш се забележува заменување на едниот од овие падежи со другиот.

3. Кај балканските словенски јазици го наоѓаме најчесто дативот како прв објект определувач покрај објектните непреодни глаголи, а кај балканските несловенски јазици во истата функција преовладал акузативот, а глаголот едновремено се претворил во преоден.

Мария НАЙЧЕСКА-СИДОРОВСКА

ДАТЕЛЬНОЕ ДОПОЛНЕНИЕ В ФУНКЦИИ ПЕРВОГО ОПРЕДЕЛЯЮЩЕГО ЧЛЕНА ГЛАГОЛА — СКАЗУЕМОГО

(Преимущественно на материале балканских языков)

(Р е з ю м е)

Целью настоящего исследования является анализ дополнения, выраженного дательным падежом имени в функции первого определяющего члена в глагольно-именном словосочетании внутри двусоставного предложения и возможность его замены в данных условиях винительным падежом. Исследование проводилось нами в сопоставительном плане и преимущественно на материале балканских языков.

Как известно, в предложении с правой стороны определяющим глагола могут служить винительный падеж в функции первого определяющего члена, дательный в функции второго определяющего и т. д. Однако иногда винительный падеж может отсутствовать как определяющий член глагола сказуемого, и в таком случае его место первого определяющего может занять дательный падеж.

Проведенное нами сопоставление ряда примеров словосочетаний с дательным падежом в функции первого определяющего члена глагола в балканских славянских языках и его замены в неславянских балканских языках, а также прослеживание его характера и трансформаций в некоторых других европейских языках, привело нас к следующим выводам:

1. В случаях, когда в двусоставном предложении в глагольно-именном объектном словосочетании возле глагола нет винительного падежа, а место винительного занимает дательный падеж, этот дательный сильно десемантизируется и по своей функции становится весьма близким к винительному без предлога, т.е. прямому дополнению. Вследствие такой большой десемантизации, т.е. синтаксизации дательного, в области различных европейских языков, славянских и неславянских, замечаются разницы в обозначении этого объкта-определяющего, т.е. его обозначение в некоторых из них дательным, а в других винительным.

2. И в рамках одного и того же языка в процессе исторического развития иногда замечатеся замена одного из этих падежей другим чаще всего в пользу винительного.

3. Анализ балканских языков в этом отношении показал, что в славянских балканских языках в исследуемом типе словосочетаний сохранился преимущественно дательный падеж (как и в русском языке), а в неславянских балканских языках преобладал винительный.

Божидар НАСТЕВ

ТРЕТМАНОТ НА МАКЕДОНСКИОТ ЈАЗИК ВО ФРАНЦУСКАТА СЛАВИСТИКА

Франција е, секако, една од првите несловенски земји што својот интерес го свртила кон славистичките студии. Овој интерес датира уште од првата половина на XIX век кога, во Париз, своите предавања од областа на славистиката и компаративистиката ги држеа еден Фориел, еден Гзавие Мармие, Сиприен Робер или Мицкјевич. Со текот на времето, благодарение на работата на Дозон, Леже, Меје, Мазон, Вајан, Паскал, Дименил, Перис, Бонамур и многу други, славистичките студии во Франција добија таков размав што оваа земја стана еден од видните славистички центри во несловенските земји. До која степен славистичките студии се развија во Франција зборува и фактот што тие се застапени на речиси сите француски универзитети и што во Париз, веднаш по Првата светска војна, е основан Институтот за славистички студии (Institut d'Etudes slaves), кој издава и свое списание „Revue des Etudes slaves", посебни едиции и други публикации.

Во редовите што следуваат, меѓутоа, сакаме да го свртиме вниманието врз интересот што француските слависти го пројавиле кон македонистиката, во чие конституирање како посебна научна дисциплина во рамките на славистичките студии учествуваа најактивно и тие. Посебно сакаме да укажеме на нивниот однос спрема македонскиот јазик.

* * *

Интересот на француските слависти за македонскиот јазик е сврзан со два моменти: од една страна се нивните преокупации со прасловенскиот и старословенскиот, а од друга нивното љубопитство за нашата богата фолклорна традиција. Кон ова треба да се додаде и околноста што виорот на Првата светска војна доведе во Македонија многумина Французи кај кои посебно се разви интересот за македонската проблематика.

Интересот за прасловенскиот дојде до јасен израз кај големиот индоевропеист Антоан Меје, чиј труд *Le slave commun*, издаден од

Институтот за славистички студии во 1924 година, претставува еден од класичните трудови посветени на прасловенскиот и, истовремено, една од најзначајните студии за овој јазик.

Важен труд посветен на старословенскиот е учебникот *Manuel du vieux slave* што, во 1948 година, го објави Андре Вајан, чија неодамнешна смрт остави голема празнина во славистиката воопшто и посебно во македонистиката.

Тргнувајќи од овој интерес за далечното минато на словенските јазици, вниманието на француските слависти, посебно на Андре Мазон и Андре Вајан, постепено ќе се сврти кон јазикот, односно кон дијалектите што тие ги сметаат за легитимни наследници на јазикот на кој Кирил и Методиј ги превеле светите книги од грчки јазик, т.е. кон македонските дијлекти. А за да ја проучат современата состојба на македонските говори, француските слависти се свртија кон фолклорниот материјал до кој тие можеле да дојдат, како и кон текстови од профан или верски карактер што тие ги откриј во своите истражувачки перегринации низ Македонија. Така можеа да се појават едноподруго трудови што се општопознати;[1] некои од нив, за да се потсетиме, ќе ги споменеме овде.

Во 1923 година, Андре Мазон, кого Првата светска војна го доведе, заедно со француската источна армија, на територија каде што се зборуваат македонски говори, ја објави својата книга *Contes slaves de la Macédoine sud-occidentale. Etude linguistique; textes et traduction; notes de folklore*, во која ја опфати онаа македонска јазична територија во чијшто опсег се сместени говорот на Лерин и леринските села: Горно Неволани, Арменско, Екшису и др. и говорот на костурските села: Смрдеш, Вишени, Мокрени и Жервени. Мазон ги анализира овие говори во лингвистичкиот дел од својата книга, укажувајќи на нивните главни карактеристики. Благодарение на овој труд на Мазон, сликата за јужните македонски говори се оцртала многу попрецизно и станала многу појасна.

Во еден друг поголем труд, објавен во Париз во 1936 година под наслов *Documents, contes et chansons slaves ďe l'Albanie du Sud*, и дополнет во 1965 година, во соработка со Филипова-Бајрова, со втор дел објавен под наслов *Documents slaves de l'Albanie du Sud*, Андре Мазон го извади на видело говорот на двете македонски села во близината на Корча, Бобошчица и Дреновјане, кој, како што вели Мазон, од сите македонски говори сочувал најмногу архаични особености.

Во соработка со својот долгогодишен сотрудник Андре Вајан, Мазон го издаде во 1938 година Кулакиското евангелие пишувано со грчко писмо на говорот од село Кулакија, што се наоѓа во делтата на Вардар. Текстот на евангелието во трудот *L'Evangéliaire de Kulakia. Un parler slave du Bas-Vardar* е придружен со лингвистичка анализа од Андре Вајан, во која се разгледува фонетската и морфолошката струк-

[1] Детално за ова види: Божо Видоески, *Прилоі кон библиоірафијаша на македонскиош јазик*, Скопје, 1953.

тура на овој долновардарски говор. Надминувајќи ги рамките на проучувањето на еден локален говор, Вајан се обидува да направи поделба на македонските говори, при што разликува три групи: *северни* во контакт со српските говори од Призрен и Косово, *централни* и *јужни*, во кои ги вбројува леринско-костурските говори заедно со говорот на Сухо и долновардарскиот, како и говорот на Бобошчица и Дреновјане.

Следејќи ја оваа насока, Андре Вајан издава, заедно со професорот Чиро Ѓанели, *Un lexique macédonien du XVI-e siècle*. Всушност, Ѓанели го поканил Вајана како „éminent spécialiste des dialectes macédoniens" да направи јазична анализа на текстот на овој речник од XVI век, во кој е поместена и една лирско-еротска песна која стана веќе антологиска.

Од ова што досега го рековме може да се заклучи дека француската славистика е мошне заслужна за проучувањето на старословенскиот јазик, и, особено за објавување и лингвистичка интерпретација на фолклорни текстови и други документи од македонското јазично подрачје. Особено треба да се подвлече фактот дека сите текстови што француските слависти ги објавија, и чијшто јазик го проучија, се однесуваат на јужномакедонската јазична територија. Со тоа тие оставија трајна трага во проучувањето на македонските дијалекти, јавувајќи се истовремено како пионери на македонската дијалектологија.

* * *

Кога станува збор за македонистиката во Франција, мислиме дека е нужно посебно да се осврнеме на тоа како француските слависти го третираат проблемот на македонскиот јазик во групата на јужнословенските јазици. И веднаш да почнеме со Антоан Меје, кој во своите трудови исклучиво го употребува терминот „vieux slave" и „ancien slave", одбегнувајќи го определувањето на старословенскиот со други термини што, од одредени причини, се вовлекле во некои славистички студии. По однос на македонскиот јазик, особено е важно пишувањето на Антоан Меје во обемниот труд *Les langues dans l'Europe nouvelle*, издаден во 1918 година, каде што во глава XXVI, што го носи насловот *La région balkanique*, констатира дека македонскиот јазик не е ни српски ни бугарски, туку посебен идиом што со голем број особености се доближува до едниот или до другиот. Еве како Меје ја формулира својата мисла:

> En somme les parlers de la Macédoine ne sont pas serbes, mais ils diffèrent aussi à beaucoup d'égards du type bulgare assez éloigné de la Macédoine.[1]

[1] A. Meillet, *Les Langues dans l'Europe nouvelle*, 2-ème édition. Paris, Payot, 1928, str. 226.

На Меје му е јасно дека жестоките дискусии на бугарските и српските учени околу карактерот на македонските говори не се резултат на лингвистички приод кон проблемот, туку дека нивните ставови се условени од политичкиот аспект на целото ова прашање. Со отвореност и непосредност својствени на француските слависти, Меје може да напише:

> Pour des raisons politiques, Serbes et Bulgares se sont disputés le pays. Mais le linguiste ne saurait être dupe de l'apreté des polémiques qui se sont engagées sur le caractère serbe ou bulgare des parlers slaves de Macédoine: c'est de la politique, non de la linguistique. . ."[1]

Друго е прашање што Меје го минимизира значењето на практичниот аспект на проблемот сврзан со македонските говори. Имено, тргнувајќи од својата теза дека Европа е исправена пред опасноста од лингвистичка раздвоеност, А. Меје смета дека малите народи што стапуваат на европската политичка сцена треба да го напуштат својот „селски говор" (parler de paysans), кој би ги довел во јазична затвореност, и за јазик на културата да прифатат некои од постоечките јазици на цивилизацијата. Оттука кај него мислата, која во извесна смисла се совпаѓа со тезата на Цвиќ за карактерот на македонскиот народ[2], дека македонскиот говорник може многу лесно да го прифати српскиот или бугарскиот книжевен јазик како јазик на културата, имајќи ја предвид блискоста на неговиот говор со еден од овие два јазици. До вакви размислувања Меје дошол поаѓајќи од лингвистичката ситуација во Франција и од неговата загриженост за јазичното единство на француската територија загрозено од локалните говори, посебно од баранњата бретонскиот и баскискиот да бидат промовирани за јазици на културата. Меѓутоа, наспроти ваквиов субјективен однос на Меје спрема запоставените јазици, останува објективно фактот дека тој јасно го определува статусот на македонските говори како посебна категорија среде соседните јужнословенски јазици. Оттука до сознанието дека и македонските говори можат да формираат свој книжевен јазик остануваше само еден чекор, кој ќе биде направен од двајцата еминентни француски лингвисти, Андре Мазон и Андре Вајан, особено од последниов.

* * *

Кога зборуваме за односот на А. Меје спрема македонските говори, сметаме за потребно да укажеме на тоа дека во времето кога тој доаѓа до своите ставови по однос на местото на македонските говори постојат и други истакнати личности што го делат неговото мислење за нивната посебност. Еден од нив е Едмон Бушие де Бел, кој во

[1] *Loc. cit.*

[2] Ј. Цвијић, Балканско Полуострво и јужнословенске земље. Основи антропогеографије. Београд, Завод за изд. уџбеника СРС, 1966.

својата книга *La Macédoine et les Macédoniens* (Македонија и Македонците) го искажа мислењето дека „македонските Словени се едноставно Македонци" (Slaves macédoniens tout court) и дека тие имаат свој говор кој не е ни српски ни бугарски.[1] Треба овде да се истакне дека Едмон Бушие де Бел до вакви размислувања дошол во текот на Првата светска војна, кога како офицер од француската армија на Солунскиот фронт престојувал во Македонија, каде и умрел во 1917 година и бил закопан во Скопје.

Меѓу оние што по прашањето за битот и јазикот на македонскиот народ можеле да извршат одредено влијание врз позициите на француската славистика, треба бездруго да се спомене името на професорот по криминалистика на универзитетот во Лозана д-р Родолф А. Рајс, кој во 1918 година објави еден свој извештај за положбата на Македонците и муслиманите што останаа во границите на Грција.[2] Професорот Рајс беше го изготвил извештајот врз база на една анкета што тој ја спровел во грчкиот дел од Македонија кон крајот на 1914 година.

До оваа анкета не беше дошло случајно. Д-р Рајс, како експерт по прашања од криминалистиката и од военото право, бил ангажиран од грчката влада да се запознае со положбата во Македонија и да ги отфрли обвинувањата што ги упатувала бугарската влада дека македонското и муслиманското население живееле под режим на терор. Анкетата, значи, има чисто политички карактер и требало да ја оправда атинската влада од оние што си го зеле правото да го „заштитуваат" населението во Македонија а чии обвинувања беа мотивирани од јасни политички цели.

Меѓутоа, независно од причините што го натерале лозанскиот професор да пристапи кон анкетата и без оглед на неговите субјективни определувања во лавиринтот на ривалствата на балканските влади околу Македонија, заклучоците до кои тој доаѓа тргнувајќи од сопственото набљудување на фактите ги надминува рамките на една тесно дефинирана задача и добиваат призвук на автентичност, која не е без

---

[1] Edmond Bouchié de Belle, *La Macédoine et les Macédoniens*, Paris, 1922, стр. 40. Делото е издадено постумно. Повеќе за него види: Б. Настев, *Македонија во делата на француските писатели*, Скопје, Мисла, 1975, стр. 60—63.

[2] Rapport du professeur dr R.-A. Reiss de l'Université de Lausanne, *Sur la situation des Macédoniens et des Musulmans dans les nouvelles provinces grecques*, Paris, Plon-Nourrit, 1918, — Инаку д-р Рајс не е непознат на балканскиот терен. Според податоците што за него ги даваат *Југословенска енциклопедија*, кн. 7 и *Енциклопедија лексикографског завода*, кн. 5, Родолф Аршибал Рајс е Швајцарец, роден во Лозана 1876, умрел во Белград 1929 година. Бил истакнат стручњак за криминалистика и како таков бил еден од основачите на Институтот за криминалистика во Лозана. Српската влада го поканила по Церската битка во 1914 година да изврши анкета и да ги утврди злосторствата што австриската војска ги беше извршила врз српското население во Мачва и Подриње. Потоа стапил како доброволец во српската армија и пишувал статии во швајцарските и француските весници за херојството на српските војници. По окупирањето на Србија од Централните сили, работел во Швајцарија на организирање материјална помош и прифаќање на српските деца и бегалци. Бил и на Солунскиот фронт. По војната ја организирал криминалистичко-техничката полиција во Белград.

значење за идниот статус на македонското население и за третманот на македонскиот јазик во француската славистика. Затоа ќе си дозволиме со помошта на неколку цитати да се запознаеме поодблиску со ставовите на д-р Рајс кон јазикот и етникумот на Македонците.

> Je viens de dire — му се обраќа професорот Рајс на грчкиот претседател на министерскиот совет, кому му бил упатен извештајот — que j'appellerais vos bulgarophones[1] plus volontiers des Macédoniens. Vous donnez à ces gens le nom de bulgarophones à cause de leur langue qui ressemble au bulgare. Mais est-ce du bulgare, est-ce la même langue qu'on parle à Sofia?[2]

Одговорот што д-р Рајс го дава во врска со прашањето за тоа дали Македонците се „бугарофони" е категорично негативен. Според него, како и според Бушие де Бел, Македонците не зборуваат ни бугарски ни српски, туку свој сопствен јазик. Еве што вели тој во својот *Извештај*:

> Non. Le macédonien ressemble autant au serbe qu'au bulgare. Je ne suis pas linguiste et je ne me permettrais pas un jugement personnel, mais des balkanologues désintéressés m'ont affirmé que le macédonien ressemble davantage au serbe qu'au bulgare. Il est probable qu'il y a aussi des linguistes qui soutiennent le contraire. Mais il est un fait que le macédonien n'est parlé ni à Sofia ni à Belgrade. *C'est une langue slave a part*, comme l'est, chez nous en Suisse, le romanche, parlé dans les Grisons, à côté de l'italien.[3] (Курзивот наш — Б. Н.)

Од пишувањето на проф. д-р Рајс јасно произлегува дека нема намера да се впушта во статистички пресметнувања на количеството особености со кои македонскиот се доближува до едниот или до другиот соседен словенски јазик. За него е евидентен податокот дека македонски не зборуваат луѓето во Софија и Белград, дека македонскиот има своја сопствена физиономија и затоа го отфрлува како апсолутно неподобен терминот „бугарофон", што му се прикачувал на словенското население од Македонија и бара тој да се замени со терминот „македонски".[4] Задржувајќи се на пропагандите што делувале во Македонија, авторот на *Извештајот* истакнува дека биле залудни настојувањата на бугарската и српската пропаганда Македонците да ги претворат во Бугари или Срби. Сè што туѓите школи и цркви успеале да направат тоа е да придобијат извесен број бугарофили односно србофили, но дека огромното мнозинство останало македонско. Оттука заклучокот на д-р Рајс, кој наполно се поклопува со заклучокот на Бушие де Бел:

---

[1] „Bulgarophones" е термин со кој грчките власти го определувале македонското население.

[2] Rapport du professeur dr R.-A. Reiss..., стр. 6.

[3] *Ibid.*, стр. 7.

[4] *Loc. cit*

A mon avis on ne peut appeler le Macédonien ni Bulgare, ni Serbe, mais *Macédonien tout court.*[1] (Курзивот наш — Б. Н.)

Ќе го напуштиме тука пишувањето на проф. д-р Рајс во врска со неговите размислувања за натамошната еволуција на положбата во Македонија и со советите што тој ѝ ги дава на грчката влада за да ги задржи своите владеења во Македонија. За нас беше важно во оваа прилика да го чуеме неговото мислење за Македонците, за нивната национална припадност и нивниот јазик, базирано врз сопствените согледувања, неопределени од никаква оптовареност *a priori.* Поради неговата непристрасност по однос на Македонците, сметаме дека *Извештајот* за положбата во Македонија на професорот д-р Рајс е важен документ во кој е согледана вистинската димензија на јазичното и национално прашање на Македонија. Како таков, тој можел да одигра позитивна улога во настојувањата на славистите од француското јазично подрачје да ги согледаат јазичните факти во нивната суштинска поврзаност и да заземат став по однос на местото на македонскиот јазик меѓу словенските јазици на Балканот.

* * *

Славистите Андре Мазон и Андре Вајан се бездруго најзаслужни за научно фундирање на македонистиката во Франција и за афирмацијата во лингвистичките кругови на македонскиот јазик. И тоа не само поради значајноста на трудовите што ги објавија со македонска тематика, туку и поради сериозноста на нивниот приод кон јазичните факти и нивната консеквентност. Овде треба посебно да се истакне нивната претпазливост да заземат ставови што не би биле засновани врз јасни лингвистички критериуми. Затоа не треба да не зачудува фактот што приказните од југоисточна Македонија Андре Мазон ги нарекува *Coutes slaves de la Macédoine sud-occideutale,* а документите, приказните и песните од Јужна Албанија *Document, contes et chansons slaves de l Albanie du Sud,* а не ги определува со некаков друг квалификатив, посебно не со епитетот „македонски". Оваа нивна претпазливост ќе дојде до израз и во нивниот заеднички труд посветен на Кулакиското евангелие, во кој, меѓутоа, ќе се обидат да го определат местото на македонскиот јазик.

На прв поглед се добива впечаток дека во уводниот дел од овој труд А. Мазон и А. Вајан не се начисто со тоа дека македонскиот јазик зазема посебно место. Имено, Кулакиското евангелие е дефинирано во уводот час како „македонски" час како „избор од религиозни текстови преведени на еден бугарски говор од Македонија".[2] Укажувајќи на овој факт треба, меѓутоа, веднаш да додадеме дека овие двајца фран-

[1] *Loc. cit.*

[2] A. Mazon et A. Vaillant, *L'Evangéliaire de Kulakia. Un parler slave du Bas-Vardar,* Paris, Droz, 1938, стр. 16.

цуски слависти поаѓаат тука од една нивна концепција според која македонскиот и бугарскиот образуваат посебна лингвистичка група внатре во јужнословенската јазична област, така како што српскохрватскиот образува друга група во таа област.

> Nous appelons bulgaro-macédonien le groupe linguistique constitué par les parlers de Bulgarie et de Macédoine, groupe bien distinct du groupe voisin serbo-croate, si l'on fait absratction d'une zone de parlers de transition.[1]

А. Мазон и А. Вајан, очигледно, се држат до јазичните факти, кои одат во прилог на нивната теза за постоењето типолошки определени групи кај јужнословенските јазици. Нив им се туѓи секакви расудувања од екстралингвистички карактер, кои би значеле ангажман во прилог на настојувањето по секоја цена да се докаже немакедонскиот карактер на македонските говори. Ова наедно значи дека на јазичен план Мазон и Вајан се застапуваат за посебноста на македонските говори распределни, според нив, во три дијалектни групи.

Тезата за бугарско-македонска група, одделена од српскохрватската со низа преодни говори, ќе ја разработи особено Андре Вајан, кој сè повеќе ќе инсистира на посебноста на македонскиот во рамките на оваа јазична група. Еден од посебно важните трудови што Вајан му го посветил на местото на македонскиот меѓу јужнословенските јазици е статијата што тој ја објави во 1938 година, во Билтенот на париското лингвистичко друштво, под наслов *Le problème du slave macédonien*.

Во оваа статија Вајан ја поставува тезата за единственост на македонската јазична територија, заземајќи крајно критички став спрема гледиштата на А. Белиќ, според кој јужномакедонските говори биле различни од северните и средните, што српскиот лингвист ги нарекувал „српско-македонски".[1] Врз база на една солидна документација, Вајан во својата статија докажува дека македонските дијалекти образуваат една единствена јазична територија, која на запад се граничи со албанскиот, на југ со грчкиот, а на север и на исток со српскиот односно со бугарскиот, со кои е поврзан со низа преодни говори. Меѓутоа, особено е важно дека уште во почетокот на својата статија, поставувајќи го проблемот за врските на македонските говори со соседните словенски јазици, Вајан недвосмислено ја формулира мислата за самобитноста на македонскиот јазик кој, според него, во XIX век израсна во вистински книжевен јазик. Еве што вели Вајан:

> Le concept du „slave macédonien" n'est confus que pour qui le veut bien. Le slave macédonien est si bien une réalité qu'il a existé au XIX-e siècle une langue littéraire macédonienne, langue d'une toute petite littérature savante, mais d'une abondante littéragure populaire; et il ne s'agit pas seulement de documents de folklore

[1] *Loc. cit.*

comme on en peut recueillir partout: la chanson lyrique macédonienne, très appréciée en Serbie et en Bulgarie, représente un genre littéraire authentique, d'une réelle valeur. Cette langue littéraire, basée sur des parlers qui naturellement divergent quelque peu, n'a pas eu le temps de s'unifier.[1]

Не оставајќи никакво сомнение во постоењето на македонскиот јазик како посебен ентитет, Вајан ја завршува својата анализа на јазичните факти со заклучокот дека македонскиот, почнувајќи од IX и X век, еволуирал паралелно со бугарскиот, но доволно независно од него така што може да му се додели посебно место во една бугарско-македонска јазична група:

Depuis les premières données historiques des IX-e et X-e siècles, le macédonien est étroitement apparenté au bulgare, et son évolution ultérieure a été parallèle à celle du bulgare; suffisamment indépendante toutefois pour qu'il soit difficile de faire du macédonien un simple dialecte bulgare, et pour qu'il soit juste de lui *attribuer une place a part* dans un groupe bulgaro-macédonien s'opposant au groupe serbo-corate.[2]

Се разбира, во својата анализа Вајан ги определува само типолошките сличности меѓу бугарскиот и македонскиот, од една страна,и српскиот и македонскиот од друга страна. Тој нема претензии да оди понатаму и паралелната еволуција на македонскиот и бугарскиот да ја ситуира во еден поширок балкански контекст, кој ги определувал нивните типолошки сличности.

Карактеристично за приодот на овој француски славист е тоа дека за него конституирањето на бугарско-македонската група јазици не е од скорешна дата. Како што видовме, тоа оди далеку во минатото, во времето кога се појавуваат првите словенски текстови. Ова свое мислење Вајан ќе го искаже и во својот учебник *Manuel du vieux slave*, во кој разновидноста во рамките на оваа бугарско-македонска група Вајан ја дефинира во следново искажување:

Les créateurs de la langue écrite, Cyrille et Méthode, étaient de Salonique; l'école de Saint Clément travaillait en Macédoine occidentale, autour d'Ohrid; le vieux slave est d'abord du vieux macédonien. Mais l'Empire bulgare de Siméon et de Pierre a son centre à Preslav, en Bulgarie orientale; la langue littéraire y prend une forme un peu différente, et devient du veiux bulgare. Puis l'Empire bulgare se transporte à Ohrid et le vieux macédonien l'emporte.

---

[1] A. Vaillant, *Le probleme du slave macédonien*, in „Bulletin de la Societe de Linguistique de Paris, Tome XXXIX, Paris, Klincksieck, 1938, стр. 195.

[2] *Ibid.*, стр. 208.

> Les différences entre le vieux macédonien et le vieux bulgare sont légères, mais considérables; elles apparaissent surtout dans le vocabulaire, mais aussi dans la grammaire. Elles s'accusent dans le cas où nous possédons le même texte dans les deux versions.[1]

Видливо е од цитираново искажување дека создавањето и ширењето на бугарското царство не се совпаѓа за Андре Вајан со конституирањето на некакво јазично единство, како што тоа по секоја цена и спротивно на историската логика се сака да се докаже од некои лингвистички и нелингвистички кругови, и дека јазичните факти, перманентни во својата основа, не биле засегнати од ефемерната политичка состојба.

Концепцијата за јазични групи внатре во јужнословенската област, Вајан ќе ја потврдува и во својата наредна книга *Grammaire comparée des laugues slaves*, објавена во 1950 година. Распределувајќи ги словенските јазици во три основни групи, по однос на јужната тој ќе рече:

> Le groupe méridional consitué par le bulgare et le macédonien; — le serbocroate, langue commune et à peu près unifiée des Serbes et des Croates — et le slovène.[2]

А малку понатаму, зборувајќи за старословенскиот, Вајан ќе го повтори својот став за различноста на македонскиот и бугарскиот од најстарите времиња:

> Le vieux slave, développé comme langue écrite en Macédoine et en Bulgarie, se présente en deux nuances dialectales très voisines, le vieux macédonien à l'ouest et le vieux bulgare à l'est.[3]

* * *

Од досега изложеното може да се заклучи дека француската славистика, тргнувајќи од јазичните факти и тоа главно од оние што ги карактеризираат јужномакедонските говори, на македонскиот јазик му определува посебно место меѓу словенските јазици и дека таа го смета за посебен јазик со свои посебни обележја, наспроти сличностите, сосема нормални, што тој ги има со овој или оној словенски јазик.

Овој став во француската славистика се зацврстува уште во периодот на Првата светска војна, тогаш кога мнозина Французи имале можност лично да се запознаат со фактичката состојба во Македонија, а на лингвистички план се разработува во периодот меѓу двете светски војни, кога се задушуваше секој обид на македонскиот да му се даде можност да израсне во книжевен јазик. А тогаш кога македонскиот јазик

---

[1] A. Vaillant, *Manuel du vieux slave*, t. I, Paris, Institut d'Etudes slaves, 1948, стр. 13.

[2] A. Vaillant, *Grammaire comparée des langues slaves*, t. I, Paris, IAC, 1950, стр. 18.

[3] *Ibid.*, стр. 20.

дефинитивно се здоби со ова својство и кога стана носител на писменост потврдена и на национален и на меѓународен план, француската славистика беше меѓу првите што кодифицирањето на македонскиот книжевен јазик го прифати како природен и логичен процес, со кој започна нова фаза во неговата еволуција. Списанието на француските слависти *Revue des Etudes slaves* веднаш му посвети на македонскиот јазик посебно место во рамките на рубриката „прикази", продолжувајќи и натаму да третира проблематика сврзана со различни негови аспекти.

Главна заслуга за ваквиот однос на француската славистика спрема македонскиот јазик му припаѓа бездруго на скоропочинатиот професор Андре Вајан кој, како што рече акад. Блаже Конески во некрологот *Слово за йрофесороӣ Вајан*, „знаеше да ги истакне достигањата на младата македонистика, како што знаеше, во свој стил — концизно, духовито и ефикасно — да ги окарактеризира распашаните антимакедонски походи"[1]. Пример за тоа со каква духовитост и ефикасност Андре Вајан им се спротивставуваше на оние што го отфрлуваа македонскиот јазик наоѓаме во редовите што тој му ги посвети на другиот голем француски славист, Андре Мазон, во кои, истакнувајќи ги заслугите на Мазон за проучувањето на јужномакедонските говори, меѓу другото вели:

> Il devient dès lors possible, avec les travaux parallèles de Malecki sur les parlers de Kostur et de Suho, d'esquisser un tableau d'ensemble des parlers macédoniens, de cette langue que les savants bulgares et serbes, et les propagandes, se disputent à grands coups d'isoglosses sans tenir compte du déplacement des isoglosses et de la complexité de la vie des dialectes.[2]

Овој однос на еминентниот француски славист е позиција од која француската славистика не отстапила.

---

[1] Блаже Конески, *Слово за йрофесороӣ Вајан*, во „Нова Македонија" бр. 10885 од 14 мај 1977.

[2] André Vaillant, *André Mazon*, во „Revue des Etudes slaves", t. 48, 1969, стр. 9.

Božidar NASTEV

TRAITEMENT DU MACEDONIEN DANS LA SLAVISTIQUE FRANÇAISE

(R é s u m é)

L'auteur du présent article analyse la façon dont la slavistique française traite le macédonien. Rappelant que l'intérêt des slavistes français pour le macédonien est suscité par leurs préoccupations relatives au slave commun et et vieux slave, ainsi que par leurs travaux sur les documents folkloriques, l'auteur examine la position qu'ont pris à l'égard de la langue macédonienne A. Meillet, A. Mazon et A. Vaillant. A ces trois linguistes, l'auteur ajoute Edmond Bouchié de Belle et le professeur de Lausanne R.-A. Reiss qui ont pu, par leurs écrits respectifs *La Macédoine et les Macédonines* et *Rapport du professeur dr R.—A. Reiss de l'université de Lausanne sur la situation des Macédoniens et des Musulmans dans les nouvelles provinces grecques* (datant de 1914 mais publié en 1918), exercer une certaine influence. De Belle insiste dans son ouvrage sr le caractère particulier des Macédoniens qu'il considère comme des „Macédoniens tout court", tandis que R.-A. Reiss rejette l'appelation „bulgarophones" dont se servaient les Grecs pour désigner la population slave de Macédoine et propose d'appeler ses ressortissants des „Macédoniens tout court", vu qu'ils parlent leur propre langue qui n'est d'usage ni à Sofia ni à Belgrade.

Dans son ouvrage *Les Langues de l'Europe nouvelle* (1918), A. Meillet avance la thèse selon laquelle les Macédoniens ont bien une langue à part, qui n'est ni serbe ni bulgare, mais que, selon les cirocnstances, ils peuvent adopter comme langue littéraire soit l'une soit l'autre de ces deux langues slaves voisines.

A. Mazon et A. Vaillant, dans leurs ouvrages consacrés au macédonien, le considèrent comme une langue à part parmi les langues slaves du Sud faisant partie du groupe de langues bulgaro-macédonien qui, par des traits typologiques précises, s'oppose aux groupes serbo-croate et slovène. C'est surtout A. Vaillant qui a développé cette position dans la slavistique française.

Таисия ПОПСПИРОВА

НЕКОТОРЫЕ СТРУКТУРНО-ГРАММАТИЧЕСКИЕ ПАРАЛЛЕЛИ МАКЕДОНСКОЙ И РУССКОЙ СОМАТИЧЕСКОЙ ФРАЗЕОЛОГИИ

При обучении иностранному языку одним из сложных является вопрос об устойчивых словосочетаниях, смысл которых обычно не равен семантике отдельных слов, входящих в их состав. Например, в предложении „Ведь в сущности говоря, за 25 лет написал одну книгу, и та из рук вон плоха". (Каверин), словосочетание *из рук вон* является устойчивым, неразложимым и имеет одно значение (*очень* плоха) и рассматривается как один член предложения (в данном случае-обстоятельство).

Рукой подать, дать стрекача, как пойало, без году неделя — во всех этих устойчивых выражениях отдельные слова теряют лексические значения, и каждое словосочетание в смысловом отношении представляет то значение, которое закреплено в языке многолетней практикой его употребления в речи. Объём фразеологии беспредельно широк, а основным языковым критерием фразеологичности большинство лингвистов считает непереводимость или невозможность точного перевода на иностранные языки, т.к. помимо смыслового содержания, должны быть учтены эмоционально-экспрессивная и стилистические особенности данного выражения. Но нередко соответствия могут быть найдены. Изучение языка, в особенности русского, невозможно без изучения его фразеологии, так как русский язык чрезвычайно богат устойчивыми выражениями, широко употребительными не только в разговорной, но и во всех других стилях речи.

Следует, однако, отметить, что иностранные учащиеся, сравнительно легко усваивая лексику и грамматику, испытывают большое затруднение, когда встречаются с несвободными словосочетаниями, и овладение даже наиболее простыми и употребительными русскими фразеологизмами, требует большой и серьёзной работы.

Именно это является и одной из причин того, что за последние годы внимание исследователей обращено на сравнительно-сопоставительное изучение фразеологии. Предметом рассмотрения в этой работе являются некоторые русско-македонские параллели из области соматической фразеологии.

Исследование этой части устойчивых выражений представляет, на наш взгляд, особый интерес потому, что именно соматические лексические единицы — это наиболее древний по своему происхождению общеславянский пласт. „В качестве примера общеславянского устойчивого сочетания слов можно назвать, например, водить за нос. (Ср. украин. *водити за ніс*, польское *wodzić za nos*, болг. *водя за нос* и т.д.). Видоизменением общеславянского оборота *бити въ очи* является *бить в їлаза* (ср. украин. *бити в очи*, польск. *bić w oczy* болг. *бия в очи* и др.)"[1] Эти же данные подтверждают и соответственные устойчивые словосочетания (влече за нос, бие в очи) македонского языка.

Однако сложность исследования данной проблемы состоит в том, что мы пока не располагаем специальным фразеологическим словарём македонского языка, а в словарях македонской лексики зафиксированы далеко не все фразелогические единицы. Трудности заключаются и в том, что исследование македонской фразеологии началось недавно[2]. Нами рассматриваются соматические словосочетания с точки зрения их структуры и лексического состава. Предметом анализа являются фразеологизмы с компонентом „глаз, (очи)". Мы исходили из того, что „фразеологические обороты, согласно общепризнанному мнению, представляют собой немоделируемые структуры, поэтому и устойчивость их имеет качественно иной характер, нежели устойчивость регулярных образований"[3] По своей структуре рассматриваемая группа устойчивость словосочетаний может представлять собой устойчивые словосочетания, равнозначные предложению) в русском языке они также преимущественно представляют собой предложение). око не му трепнува — *їлазом не морїнул*; очите му играат на четири— *на мякине не проведёшь*; му ги отвори очите — *открыть їлаза кому-то на что-то*; си остана бел во очите — *остаться на бобах*; му го фати окото — *їлаза разїорелись*; да си ги отвориш очите — *разуй їлаза* (просторечное); кај му се очите таму му е и главата — *идти куда їлаза їлядят*; и гледа на вистината в очи — *смотреть правде в їлаза*; му фрли прав (пепел) в очи — *пускать пыль в їлаза*; око на око не клал — *їлаз не сомкнул*; чува нешто како зеница од око (како очи во глава) — *беречь как зеницу ока*; црна темница — *темно хоть їлаз коли* и т. д. Эта лексико-структурная группа по своему объёму значительно больше чем группа фразеологических оборотов, которые являются семантическими образными эквивалентами слов: од око — (приблизительно), на глазок; оцари очи — (удивиться) вытаращить глаза; ги отвора очите — (быть внимательным), глядеть в оба. Большинству соматических фразеологизмов как русского, так и македонского языков присуща краткость и несложность грамматического состава.

[1] Н. М. Шанский, *Лексикоїия современноїо русскоїо языка*, Москва, 1972, стр. 228.

[2] Пеев Коста, *фразеолошките изрази во македонскиот јазик*, журнал „Македонски јазик", год. 23, Скопје, 1972, стр. 225—2236.

Паноска Ружа, *Современ македонски јазик*, часть 1, Скопје, 1974, стр. 76—92.

[3] Трајковски Кирил, *За преводот на рускиte фразеолоїизми во македонскиот јазик*, „Литературен збор", год. 23, кн. 2, Скопје 1976.

Среди рассматриваемых фразеологических оборотов наиболее продуктивной является структурно-грамматическая модель глагол+существительное, т.е. глагольно-субстантивные единицы.

С лексико-грамматической точки зрения большинство из них являются либо глагольно-предикативными, либо адвербиальными: бие в очи — *бить в глаза*; му ги отвори очите — *открыть глаза на что-то*; си ги затвора очите — *закрывать глаза на что-то*; го гледа со белките — *иметь зуб против кого-то*; замачкува очи — *замазывать глаза*; му истекоа очите — *высмотреть глаза*; треснува в очи — *говорить правду в глаза*; ископа очи — *выцарапать глаза*; шара со очите — *стрелять глазами*; голта со очите — *впиваться глазами* и т.д.

Во качестве смыслообразующего компонента почти во всех этих фразеологизмах выступает глагол, являясь семантическим стержнем всего выражения. Это же можно сказать и об усточивых словосочетаниях осложнённых моделей, одни из которых представляют собой глагол + сущест. и в качестве определения к существительному — прилагательное: си остана бел во очите — *остаться на бобах*; гледа со криви очи — *смотреть искоса*; умре со отворени очи — *унести с собой в могилу*. Другие же являются сочетанием глагола и двух существительных. Например: му фрли прав в очи — *пускать пыль в глаза*; и гледа на вистината в очи — *смотреть истине в глаза*. Два последние словосочетания, как видно, полностью соответствуют как по структуре, так и по лексическому наполнению русским фразеологизмам.

Среди рассмотренных устойчивых словосочетаний только в основе македонского выражения „умре со отворены очи" лежит совершенно иной образ по сравнению с русским „*унести с собою в могилу*".

По характеру своего выражения и по стилистической окраске рассматриваемая группа фразеологизмов имеет, в основном, разговорную принадлежность с ярко выраженной эмоционально-экспрессивной характеристикой. Это и понятно, так как соматические фразеологизмы вообще являются такими оборотами речи, в основе которых лежат наблюдения за поведением человека; они выражают эмоции, психическое состояние и отношение человека к окружающей действительности. Многие из них носят ярко выраженный негативный характер; ископа очи — *выцарапать глаза*; очите му играат на четири — *на мякине не проведёшь*; ќе те видам на бел коњ со бели очи — о нежелании видеть кого-то). В русском языке ему соответствует жаргонное нелитературное выражение — *видал тебя (его) в гробу в белых тапочках*.

В заключение следует отметить, что в целом соматическая фразеология — один из наиболее распространённых видов устойчивых словосочетаний в разных языках, что обусловлено ясностью функций частей тела, носящих соматические наименования, и лёгкостью осмысления их метафорического значения. Анализ даже небольшого количества (всего около 40 пар) македонских и русских фразеологизмов с

[4] В. Н. Телия, *Что такое фразеология*, Москва, 1966, стр. 60.

соматическим компонентом „*ілаза* — очи" свидетельствует о близости ассоциативно-образного мышления носителей этих языков. Изучение именно этого пласта фразеологии, особенно в плане сопоставления славянских языков, представляет, на наш взгляд, несомненненый интерес.

СПИСОК ЛИТЕРАТУРЫ

1. С. И. Ожегов, *Словарь русскоіо языка*, Москва, 1973.
2. *Фразеолоіический словарь русскоіо языка* под ред. А. И. Молоткова, Москва, 1967.
3. *Речник на македонскиот јазик* под ред. Б. Конески, том 1—3, Скопје, 1961 1966 г.
4. Н. М. Шанский, *Лексиколоіия современноіо русскоіо языка*, Москва.
5. И. К. Сазонова, *Лексика и фразеолоіия современноіо русскоіо литературноіо языка*, Москва, 1963, стр. 95—106.
6. В. Н. Телия, *Что такое фразеолоіия*, Москва, 1966.
7. Р. Н. Попов, *Фразеолоіизмы современноіо русскоіо языка с архаичными значениями и формами слов*, Москва, 1976.

Таисија ПОПСПИРОВА

НЕКОИ СТРУКТУРНО-ГРАМАТИЧКИ ПАРАЛЕЛИ ВО МАКЕДОНСКАТА И РУСКАТА СОМАТИЧКА ФРАЗЕОЛОГИЈА

(Р е з и м е)

Предмет на истражување во оваа статија се некои руско-македонски фразеолошки паралели од сферата на соматичката фразеологија, коишто посебно го привлекуваат нашиот интерес, бидејќи тие се однесуваат кон најстариот општословенски лексички слој.

Лексичко-структурната анализа на сраснатите состави со компонентата „око" покажа дека поголемиот дел од нив претставуваат реченици од типот „гледа на вистината во очи" = „смотреть правде в глаза", а помалата група се групно-фразеолошки изрази, коишто семантички се еквивалентни на зборот, на пример: „од око" = „на глазок" ('приближно').

Од разгледуваните фразеолошки обрати најпродуктивен е структурно-граматичкиот модел *ілаіол* + *именка* од типот „замачкува очи" = „замазывать глаза", „бие в очи" = „бить в глаза" итн.

Во улога на мисловнообразувачка компонента речиси во сите фразеологизми фигурира *ілаіолот*. Од гледна точка на стилската припадност разгледуваната група фразеологизми е од разговорен карактер со јасно изразена емоционално-експресивна обоеност.

Анализата на оваа по обем небројна група соматички фразеологизми (околу 40) покажува не само што повеќето од нив се карактеризираат со надворешно совпаѓање, но и со совпаѓање на внатрешните асоцијации.

Велко СИЛЈАНОСКИ

ОБРАЗУВАЊЕ НА МНОЖИНА ВО АНГЛИСКИОТ ЈАЗИК[1]

Разликата меѓу еднината и множината кај англиските именки е главно морфофонолошка. Ортографијата, пак, е морфолошка, иако се бележат во одделни случаи и фонемните промени што настануваат во основата на именката како во loaf — loaves, shelf — shelves. Во овој напис, ќе го разгледаме бројот кај именките преку трите највлијателни и најпознати лингвистички описи (традиционалниот, структуралниот и трансформацискиот) со намера да се види во колкава мера тие можат да се применат во наставниот процес.

Грижата за „прочистување" на говорниот и пишаниот англиски јазик од народната употреба доаѓа до израз особено во осумнаесеттиот век. Дури и најистакнатите писатели од тоа време (Swift, Adison, Pope) не се поштедени од обвинувањето за неточност во изразот и кршење на основните граматички норми. Се зголемува интересот за изучувањето на англиската граматика, но финалните продукти остануваат типично нормативни бидејќи се правени според латинскиот модел. Тие претставуваат збир на правописни, синтактички и други правила. Фонологијата е наполно запоставена, а понекогаш не се прави разлика меѓу говорот и пишувањето. Како единствен начин да се избегне „некоректната употреба" на јазикот се препорачува да се учат граматичките правила. Ваквите граматики се познати под името *нормативни, конвенционални, прескриптивни* или *традиционални.*

Настојувањето да се проучува формалната граматика продолжува скоро низ целиот девенаесетти век, но со помал интензитет. Сепак главниот акцент сега е фрлен на диахрони и споредбени испитувања. Истовремено созрева идејата дека јазикот е жив феномен што постојано се менува и се развива согласно со сопствениот гение, а не според законите на граматичарите. Сè повеќе се зацврстува мислењето дека граматиката не треба да биде кодекс за правилно зборување и пишување, туку целосен опис на јазикот до кој се доаѓа преку постојано следење на неговата употреба. Се истакнува функцијата на зборот во реченицата

[1] Предавање одржано на англиски јазик во септември 1977 год. за наставниците од средните училишта на СРМ, во склоп на програмата за перманентно образование. Сегашното излагање на одделни места се разликува од првобитниот ракопис.

и се илустрира со примери од делата на угледни литературни творци, но и од секојдневниот говор. Такви се граматиките на Jespersen, Zandvoort, Eckersley, Kruisinga, Palmer, Sweet, Schibsbie, Fries и др., сите објавени во изминатите осум децении. Во споредба со современите теоретски достигања во методологијата на линвистичкиот опис во последните триесеттина години споменатите граматики сепак остануваат во рамките на традицијата.

Традиционалниот однос кон образувањето на множината кај именките може да се види од следните неколку примери:

1. „Општото правило гласи: множина кај именките се прави ако на еднината и додадеме s:

hand hands house houses

но ако именката завршува на s, x, z, sh, ch множина се прави со додавање на es

glass grasses brush brushes box boxes
bench benches (Nesfield, стр. 18).

2. „Именките што завршуваат на y, пред кого имаме консонант, градат множина со отпаѓање на y и додавање на ies

baby babies lady ladies fly flies

Именките што завршуваат на y, пред кого имаме самогласка, прават множина само со додавање на s

donkey donkeys boy boys day days (Thomson, стр. 8).

3. „Именки што завршуваат на 'f' или 'f' во множината ги менуваат овие *букви* во 'ves'

wife wives loaf loaves knife knives wolf wolves

Оние што завршуваат на 'oof', 'ief', 'rf' и 'ff' добиваат s

roof roofs chief chiefs cliff cliffs "(Miller, стр. 27).

4. „Именките што завршуваат на -o" вели Љ. Михаиловиќ „пред која доаѓа самогласка, градат множина со додавање на -es

cargo — cargoes echo — echoes hero — heroes negro — negroes motto — mottoes tomato — tomatoes". (стр. 10)

5. Сличен дескриптивен концепт наоѓаме и кај Eckersley: „Оние зборови кои сè уште се чувствуваат како туѓи, во множината добиваат само -s. Најглавни меѓу нив се pianos, photos, dynamos, magnetos, kilos, solos, mementos“ (стр. 27.)

6. Конечно, уште еден цитат од Р. Филиповиќ (1966): „Множината кај некои именки се прави со промена на вокалот во коренот

man — wen woman — women goose — geese tooth — teeth
foot — feet mouse — mice louse — lice

Некои именки ја имаат истата форма и во множината и во еднината:

sheep — sheep fish — fish deer — deer swine — swine “(стр. 27).

Очигледно е дека ваквите описи не даваат јасна слика за градењето на множината во англискиот јазик. Тие всушност претставуваат објаснувања за различните ортографски бележења, односно пишаните форми на јазикот. Неумесно, меѓутоа, би било да се тврди дека сите традиционални граматики не и обрнуваат никаков внимание на повр-, шинската структура[2]. Напротив, се укажува на неа некаде во поголема а некаде во помала мера. Но општиот впечаток е дека тоа се прави прилично несистематично, како еден вид информација за изговорот на множинските наставки (види Eckersley, Zandvort, Quirk[3], Close, Kruisinga, Михаиловиќ, Филиповиќ 1966).

На старите граматичари им беа упатени сериозни критики од претставниците на *структуралната*[4], *дескриптивната*[5], или *таксоном-*

[2] Оваа констатација можеби не се однесува на третото издание на Палмеровата граматика, наполно ревидирана и преработена од R. Kingdon, првенствено заради тоа што авторот ја ползува фонетската транскрипција како единствено средство за илустрирање на примерите и посебно на B. Strang, кај која влијанието на традиционалната граматика се чувствува само индиректно.

[3] Кратката верзија на „Современата англиска граматика“ од Guirk i Greenbaum несомнено ги следи најновите движења во современата британска лингвистика, па и нешто повеќе. Но ако судиме според толкувањето на бројот кај именките (стр. 80—90) таа останува типично традиционална.

[4] Од понатамошното излагање може да се види дека се задржуваме само на американската структурална школа, која значително се разликува, на пример, од данската глосематска алгебра (слична на симболичката логика), а во помала мера од теоријата на независноста (Dependancy Theory), теорија шо ја проучува валентноста на глаголот, и, што ја применуваат денес лингвистите на двете германски Републики.

[5] Терминот дескриптивна лингвистика има две основни значења 1. се однесува на американската структурлна школа, базирана на принципот на дистрибутивноста според кој познавањето на структурата на јазикот се ограничува на проучување на расподелбата на лингвистичките единици во говорната низа и 2. се однесува на еден дел од лингвистиката која ги опишува структурите на јазикот без да се осврнува на историјата и не врши споредувања со други јазици (види Р. Симеон I, стр. 277). Така на пример „Дескриптивната граматика“ на Филиповиќ (1960) треба да се сфати како синхрониски опис на граматиката на англискиот јазик.

скапа лингвистика.[6] Јазикот, тврдеа тие, е пред сè структура, систем, совршен збир на обрасци, а еден систем може да се опишува само систематски. Добриот опис на јазикот мора да биде опис на неговите облици, зашто преку нив го соопштуваме значењето. Структуралистите жестоко се спротиставуваа на семантичките дефиниции на елементите на говорот и се зафатија, покрај другото, со сеопфатно испитување на фонологијата на јазикот. Меѓу најистакнатите претставници на структурализмот во САД спагаат Bloomfield, Francis, Fries, Gleason, Harris, A. A. Hill, Hockett, Pike, Nida и други. Тие формирањето на множината не го третираат еднообразно, но употребуваат слична методолошка поставпка. Во повеќето случаи тоа е поместено во морфологијата (morphology, morphemics), каде се опишуваат основните морфолошки термини: морф, морфема (слободна, врзана — free, bound), корен (root), база (base), афикс (суфикс и префиск) и слично.

Доброто разбирање на структуралниот пристап го претпоставува и објаснувањето на некои од овие термини.

Морфемата обично се дефинира како група на аломорфи коишто се семантички слични и комплементарно распоредени. Коренот или базата се носители на главното значење на морфемата. Во зборот pens, основното значење го има pen, додека пак афиксот -s (попрецизно инфлективниот суфикс) ако се одвои од коренот останува без значење. Афиксите се додаваат директно на коренот или конструкции составени од корен плус една или повеќе морфеми. Ваквите структури ја прават основата на зборот (stem)[7]. Знаци основата може да биде било која морфема или комбинација на морфеми кон кои се додава афикс. Според тоа се состои од основа /pen/ којашто е истовремено и корен (база) и афиксот /-z/, а teachers од афикс /-z/ и основа (tičə) која не е корен, зашто е составена од две морфеми (teach+er)[8].

Морфемите можат да бидат еднообразни, но и со различен фонемен облик. Минатото време на правилните глаголи, на пример, има три облика /-t,/ /-d/, /-Id/. Тие се условени од фонетското окружение, во случајов од претходниот глас, а истовремено и комплементарно распоредени затоа што заимно се исклучуваат, односно секој од нив има своја

[6] Со оглед на тоа што структуралната граматика ја ограничува морфолошката анализа на говорот, на хиерархија на непосредни конституенти, т.е. постапно откривање на синтаксната улога и функција на елементите на говорот во речечицата, често се среќава под името таксономска, особено во речникот на трансформацистите.

[7] Еднообразност во употребата на морфолошките термини не може да се очекува. Таа понекогаш е условена од природата на испитуваниот јазик, а понекогаш од ставот на анализаторот. Ако внимателно ги споредиме толкувањата на лексичките влезови: корјен (стр. 711—12), *база* (стр. 146—47), *основа* (стр. 999—1000) во енциклопедискиот речник на Р. Симеон, ќе забележиме дека во лингвистичката литература root basis, stem base и stem се употребуваат синонимно, со значење корен, а stem и base со значење основа. Според ја исто така морфолошката анализа на Francis, Gleason, A. A. Hill и Hockett. Она што за Francis е base, за Gleason е root. За Hill суфикс е само инфлективната наставка -s, а за другите секоја флексија што се додава на коренот. Понатаму Hill афиксот го заменува со prebase и postbase итн.

[8] Сложенки пак се оние зборови коишто се составени од два или повеќе корени bluebird, blackboard.

сопствена територија на дејствување. Различните форми на истата морфема се познати под името аломорфи. Значи морфемата $\{d\}_1$ има три аломорфи /-d/, /-t/ и /-Id/[9].

Множинската инфлективна сврзана морфема на правилните именки има исто така три аломорфи /-z/, /-s/, /-Iz/. Тие се фонолошки условени поради тоа што нивниот облик го одредува последниот сегмент на зборот. Така /-z/ се јавува ако зборот завршува на звучен сегмент (hands, bags, chimneys, badies, potatoes, cargos, solos), а /-s/ по безвучните консонанти (p, t, k, f, θ) (caps, bits, sticks, roofs, cliffs). Третиот аломорф /-Iz/ го среќаваме само по сибилантите /s, z, š, ž, č, ǰ/ (glasses, boxes, brushes, bridges).[10]

Множинските аломорфи можат збиено да се прикажат на следниот начин

$$\text{Плурал} = /\text{-Iz}/ \text{ во контекстот } \begin{bmatrix} +\text{коронарен} \\ +\text{стридентен} \end{bmatrix}^{11}$$

$$= /\text{-s}/ \text{ во контекстот } \begin{bmatrix} -\text{звучен} \\ \text{освен пред} \\ /\text{s, š, č}/ \end{bmatrix}$$

$$= /\text{-z}/ \text{ во сите други случаи}$$

Ако пак аломорфите на $\{Z_2\}$[12] ги претставиме со формула, таа ќе гласи:

$$\{\text{-}Z_2\} = /\text{-Iz}/ \sim /\text{-s}/ \sim /\text{-z}/^{13}$$

Како постапуваме со именки од типот ox — oxen, brother — brotheren, sheep — sheep, swine — swine? Овие неправилни множини и припаѓаат на истата парадигма, бидејќи ги исполнуваат двата услова: имаат исто значење со $\{\text{-}Z_2\}$ и се комплементарно дистрибуирани со другите аломорфи, во таа смисла што нема поклопување со позициите на /-z/, /-s/, /-Iz/, а формата на множината ја одредува самата именка. Со оглед на тоа што множината на ox, brother, deer, trout, pike, quail

[9] Се практикува морфемите да се заградуваат со голема, а аломорфите со коса заграда (анг. slants, slanting lines, slanted lines, diagonals).

[10] Вметнувањето на вокал меѓу суфиксот и основата е задолжително и автоматско. Тоа се должи на фактот што англискиот јазик во финална положба. не трпи два сибиланти едно по друго.

[11] Коронарен = се артикулира со ламината на јазикот.
стридентен = а) акустички: со висок интензитет на зувкот.
б. генетички: нерамен на местото на артикулацијата.

[12] Овде /-z/е основниот облик (base form). Слична дистрибуција имаат и други морфеми со различно значење. Затоа оваа морфема ја бележиме со $\{\text{-}Z_2\}$.

[13] Оваа формула не е најпрецизна, зашто не ги вклучува сите потребни детали Имено, отсуствува фонетскиот контекст.

grouse (Lagorus scoticus) и сл. ја одредуваат специфични морфеми, изборот на аломорфите е морфолошки условен. Во случајов се работи за аломорфите /-In/ и (ø). На тој начин именската парадигма се проширува во $\{-Z_2\}$ = /-Iz/ ~ /-s/ ~ /-z/ ∞ /-In/ ∞ /ø/.[14]

Именки како health, courage, hatred, morphemics, economics и сл. исто така имаат само еден облик, па сепак не може да се каже дека нивната множина е /ø/. Оправданоста на едно вакви резонирање можеби наједноставно ќе ја согледаме, ако разгледаме како се одредува бројот кај именките. Основното мерило, се разбира, мора да биде значењето, но се сугерираат и други мерила.[15]

1. Именката е во еднина ако може да се замени со he/him, she/her, it, this, that. Таа е во множина ако може да се замени со they/them, hese, those.

Mary is wearing hose now. (them)
What did you do with the molasses? (it)
The summons came in the mail. (it)
Peter likes to fish for pike. (them)

2. Бројот на именката можат да го означат модификатори како many, several, a few, ten итн., детерминатори како this, that, these, those и заменки како his, her, its, their.

Many deer still roam New Zealand's forests.
His scissors lost their sharpness.
That news delighted her.
John shot both quail on the wing.

3. Бројот понекогаш го одредува обликот на глаголот кога именката функционира како подмет во реченицата.

Deer are sometimes careless when starving.
The deer was galloping down the slope.
The bass are biting today.
The species has become extinct.

Аломорфот /ø/ е исклучен кај именките health, morphemics итн. бидејќи нив никогаш не им претходи множински модификатор, нити пак ги следи глагол во множина. Таков не е случајот со оние зборови што означуваат имиња на животни за јадење и лов, риби и диви птици (sheep, deer, swine, cod, hake, roe, salmon, carp, snipe, quail и сл.).

Да се вратиме сега на останатите исклучоци од општото правило, прво на именки од типот:

[14] ∞ = морфолошки условен; ~ фонолошки условен; аломорфот нула (ø) е измислица, преземена од санскритските граматики. Науката често се служи со измислени работи за упростување на постапката.

[15]) Види Stageberg, стр. 122.

wife — wives bath — baths
knife — knives /f/ → /v/ path — paths /θ/ → /ð/ .
half — halves youth — youths
house — houses /s/ → /z/

Забележуваме дека /f, θ, s/ преминуваат во /v, ð, z/. Овде настануваат промени во основата на зборот. Решението на проблемот нема да биде тешко ако се потестиме дека морфемите можат да имаат повеќе аломорфи со различна фонемна реализација. Морфемата {knife}, на пример, има два аломорфа /naIf/ и /naIv/ и нивната дистрибуција е комплементарна. Вториот се јавува само во комбинација со множинската форма на именката, а првиот во сите други случаи. Настанатите промени обично се претставуваат вака:

/waivz/ = /waIf/ + /f > v/ + /-z/
/juəz/ = /juθ/ + /θ → ð/ + /-z/
/haʊzIz/ = /haʊs/ + /s > z/ + /-Iz/.

Една група именки со голема фреквенција во употребата покажуваат промени во коренот кои сами по себе служат како показатели на граматичкиот облик. Тие не градат множина со инфлективен суфикс, туку со внатрешна флексија т.е. со алтернација на самогалска во коренот на зборот. Се работи за неколку стари остатоци на староанглиската умлаутна множина: woman, man, foot, tooth, goose, mouse, louse.

/men/ = /mæn/ + /æ>e/
/fit/ = /fʊt/ + /ʊ>i/
/maIs/ = /maʊs/ + /aʊ>aI/

Бројот на морфолошките условени аломорфи на морфемата $\{-Z_2\}$ значително се проширува со странските неправилни множини, скоро редовно заемки од класичните јазици.

ед.	мн.	
thesis	/Iz > iz/	
datum	/əm > ə/	
radius	/əs > aI/	
criterion	1. /ən > ə/	2. /-z/ итн.

Оригиналниот множински маркер наполно е отфрлен кај италијанските именки што завршуваат на о-: solo, rondo, studio, cantos chello, folio, piano; кај шпанските замеки guitar, aligator, cafeteria, mosquito, tornado, barbeque; потоа кај грчките именки circus, crocus, chorus, atlas, idea, gymnasium; и латинските замеки plus, minus, bonus,


opera, specimen, item, premium, vacuum. Адаптираните именки наполно се прилагодуваат на аломорфниот образец на англиската множина {— Z_2}. Колебања во употребата има кај именките appendix, memorandum, medium, index, formula, seraph, serum, criterion, cherub, apparatus, stimulus, virtuoso, nucleus, stadium. Само во говорниот јазик и во нестручни текстови се употребува англиската множина.

Предноста на еден ваков опис во однос на традиционалниот е очигледна. Бројот кај именките е прикажан системтично и воопштено, а главниот акцент е фрлен врз условите што го определуваат соодветниот множински аломорф на именката, односно неговата површинска реализација.


III

Генеративната или трансформацискатa граматика, како што е добро познато, го отфрли таксономскиот опис кој започнува со фонологијата, а потоа преку морфологијата преминува на анализата на непосредните конституенти на реченицата. Генеративната граматика разликува внатрешна архитектура на реченицата — длабинснака стуктура — deep structure) и надворешна линеарна низа (површинска структура — surface structure). Длабинската структура е апстрактен поим и го дава значењето на реченицата додека пак „површинската структура е блиска до физичката реалност во таа смисла што конкретно ја одредува синтаксната структура (конкретниот јазичен изказ, н.б.) потребна за комуникација во говорот и пишувањето“ (Jakobs/ Rosenbaum, стр. 21). Длабинската структура се состои од три основни дела: именска фраза (NP), помошен(ни) глагол(и) (AUX) и глаголска фраза (VP).

S → NP AUX VP или




Длабинската структура на реченицата The children refuse to eat, на пример би била



[16]

[16] Според Jacobs/Rosenbaum, цит. д., стр. 55. AUX и други детали не се дадени

a povrsinskata



[17]

Реченицата The children refuse to eat е структурална низа чии зборови ѝ припаѓаат на определена граматичка категорија. Особините на зборовите се внесени во речник или лексикон (lexicon). Во него секој лексички влез е претставен со неколку елементи. Првиот елемент го покажува гласовниот строеж на зборот, а вториот неговото значење. Особината на значењето е прикажано во вид на белези чие присуство е означено со знакот плус (+), а отсуството со знакот минус (—).

Според генеративната граматика именката може да биде ± concrete, ± common, ± count, + human, — animate. Именките lady, bakery, haste, pig, на пример, во речникот би биле претставени вака:

lady

leIdI
< + N >
< + common >
< + concrete >
< + human >
< + count >

bakery

beIkərI
< + N >
< + common >
< + concrete >
< — animate >
< + count >

haste

heIst
< + N >
< + common >
< —c oncrete >
< — count >

pig

pIg
< + N >
< + common >
< — animate
< + count >
< — human >

Меѓу генеративците има значителни неслагања како да се претстави бројот кај именките во длабинската структура[18], но не и по пра-

[17] До конкретниот јазичен исказ се доаѓа со помош на трансформациски правила.

[18] За таканаречената суфиксна трансформација која ги воведува множинските наставки кај именките види Jacobs/Rosenbaum, цит. д., стр. 81—84.

шањето како да се формулира главното правило за образување на множината во англискиот јазик[19].

Во почетокот образувањето на множината беше формулирано доста едноставно, за што сведочат следните примери:

1. N + плурал → N + /z/ кога N завршува на еден од гласовите /s/, /z/, /sh/, /zh,/ /ch/, /ǰ/.
   N + плурал → N + /s/ кога N завршува на гласовите /p/, /t/, /k/, /f/, /th/
   N + плурал → N + /z/ о сите други случаи[20]

2. N + Pl → /N/ + { /Iz/ ако му претходат /s/, /z/, /š,/ /č/, /ž/, /ǰ/ ; /z/ ако му претходат други звучни гласови ; /s/ ако му претходат други безвучни гласови[21] }

3. Додај ги суфиксите { — z ; — s ; — Iz } на коренот { 1. ако последниот глас е s, z, š, ž, č, ǰ ; 2. ако последниот глас е безвучен освен по s, š, č ; 3. ако последниот глас е звучен освен по z, ž, ǰ[22] }

Овие правила покажуваат голема сличност меѓу себе, но истовремен и идентичност со морфолошкиот опис на множината што преовладуваше во Соединетите Држави во четириесетите и педесетите години на овој век. Во нив се избегнува, колку што е можно, спомнувањето на морфеми, аломорфи и комплементарна дистрибуција, но се даваат причините што ја условуваат промената на инфлективнот суфикс, согласно со претходно утврдената структурална анализа.[23]

Понатамошниот развиток на генеративното резонирање донесува промени во опишувањето на истите факти. Правилната множина сега се толкува со помош на заеднички основен облик (common underlying form) и трансформациски правила. Ако се претпостави дека основиот облик е /z/, тогаш до другите варијанти доаѓаме преку правилата:

[19] Во многу синтаксички анализи на ова прашање воопшто не му се посветува никакво внимание.

[20] Roberts (1967), стр. 55.

[21] Stageberg, цит. д., стр. 332.

[22] Според предавањето на Л. Венеман, одржано пролетта 1972, во Лос Анџелес.

[23] Толкувањето на кратенките и другите знаци би требало да гласи: N без заграда = именка; /N/ во коса заграда = фонемен облик на именката; Pl=множина; голема заграда = избери една од форфемите; малата буква во коса заграда ја означува соодветната фонема; стрелката = еднакво на.

а. $\emptyset \rightarrow I / \begin{bmatrix} + \text{коронарен} \\ + \text{стридентен} \end{bmatrix} \quad \# \text{ ——— } z \#$

б. z → [— звучен] / [— звучен] # ——— #[24]

Така # # kIs # z # ќе премине во # # kIs # Iz # со помош на правило а, додека па # # pet # z # преминва во # # pet # s # благодарение на правилото б.

Овие правила ги генерираа фонетските множински облици на сите правилни именки

	class + множина	set + множина	bed + множина
фонемен облик	/klas + z/	/set + z/	/bed + z/
правило а	I	NP	NP
правило б	NP	s	NP
фонетски облик	[klasIz]	[sets]	[bedz]

Правилата мора да се употребат по определен ред, секогаш а пред б. Во спротивно добиваме погрешна површинска структура.

фонемен облик	(glas + z)
правило б	s
правило а	I
Фонетски облик	*[glasIs]

Релативно малиот број на неправилни именки како child — children, sheep — sheep итн, чијашто множина е очигледоо идиосинкретична, се третира како во традиционалните граматики:

man + PL → /men/
child + PL → /čIldrən/
sheep + PL → /šip/

Оние именки што завршуваат на безвучен фрикатив кој во множина преминува во звучен (wife, shelf, half и сл.) го применуваат таканаречениот споредно правило (minor rule)[25]

[24] Според Andersen, стр. 54. Овде # = зборовна граница; /I/ и /z/ се кратенки за дистинктивните белези на овие гласови (пр. + висок, — заден, — стегнат + вокален за I итн.).

[25] Споредните правила се применуваат на ограничен број примери.

$$[+\text{ продолжителен}] \rightarrow [+\text{ звучен}] \;/\; \text{——} \;]\; N \;[+\text{ множина}]$$ [26]

Во лексиконот, кој би требало да претставува листа на морфемите на еден јазик и во кој се дадени информации за нивното значење, синтаксичките својства, морфолошките својства, изговорот, се бележат и ознаките + множинско озвучување на фрикативот и + неправилен, така што именките што не се означени со овие белези ќе прават множина според главното фонолошко правило.

IV

ЗАКЛУЧОК

Еден вешт и добро информиран наставник веројатно нема наполно да го отфрли ниеден од трите презентирани модели, зашто секој од нив би можел да биде повремено полезен, особено кога наставникот е соочен со составување сопствени вежби и тестови за специфични аспекти на формирањето на множината, а посебно во ситуации кога и самиот не е во состојба да ги илустрира одредените еднински и множински форми. Но треба да се има на ум, како што многупати е истакнувано, дека лингвистичката теорија е наука за јазикот, а не наука за учење на јазикот. Затоа од него се очекува да ги модифицира своите објаснивања и да ја прилагоди наставната материја според знаењето, возраста и менталните способности на ученикот. Тој мора да избегнува сложена терминологија, комплицирани описи и техники.

Ако на наствникот му е познато дека зборувачите на англискиот јазик најпрво го научуваат правилото за регуларната множина, а потоа автоматски го применуваат на огромен корпус именки (околу 95%)[27], тој ќе отпочне со вербално објаснување на контекстот во кој се јавуваат трите условени аломорфи, употребувајќи при тоа едноставна терминологија (во случајов звучен, безвучен глас и набројување на сибилантите) и согласно со таксономското или генеративното третирање на материјата. Уште на самиот почеток на учениците треба да им се укаже дека ја учат површинската структура, односно говорниот облик на именката, а не нејзината ортографија. Се чини дека на совладувањето на главното правило вреди да му се посвети соодветно внинамие затоа што промените на множинскиот афикс потсетуваат на уште две други морфеми во англискиот јазик, третото лице на презентот кај правилните глаголи и посесивниот или саксонскиот генитив. Правилото ќе биде усвоено, ако е проследено со серија задачи со позната лексика.

Останатите 5% неправилни множини треба да се изучуваат по групи или поединечно (грчките и латинските заменки) како што доаѓаат во учебникот.

[26] Според Schane, стр. 109.
[27] Податокот е земен од Fries, стр. 42.

Непожелно е да се потценуваат правописните варијанти на правилната и неправилната мнижина. Тие можеби најлесно ќе бидат совладани со помош на разновидни диктати. Слободно може да се каже дека структуралната, а особено генеративната граматика, по прашањето на ортографијата, проблеми поврзани со употребата на именките, нивното значење и сл., не нуди никаква помош. Тие не даваат податоци за однесувањето на сложенки како looker-on, maidservant, womanservant, gentleman-farmer[28]; потоа двојната множина на некои именки и нивната семантичка разлика

еднина	множина
cow	cows (individual cows)
	kine (cattle)
genius	geniuses (people of great talents)
	genii (spirits, demon)
die	dies (stamps for making coins)
	dice (small cubes in games);

понатаму објаснувања за разликите во значењето меѓу

air — The air here is quite fresh. (atmosphere)
airs — He puts on airs. (He asumes a naughty manner)
effect — The medicine has had no effect on me. (result)
effect — They left all their effects behind. (property)
force — He bacame a force in the country, (a person of influence)
forces — He wants to join one of the forces. (army, navy, air force);

објаснувања како постапуваме со презимиња и титули[29] итн.

Кога е во недоумица, наставникот може да ги консултира традиционалните граматики на Англичаните Sweet, Schibsbie, Холанѓаните Zandvoort, Kruisinga, Poustma, Данецот Jespersen, чијшто седумтомен импозантен труд се осврнува на секоја можна тема од англиската граматика (само на бројот кај именките им се посветени повеќе од сто страници). И покрај сериозните кричики забелешки, нема да погрешиме ако кажеме дека нивните дела, а во извесна смисла и нивната дескриптивна постапка, остануваат и понатаму извонредо полезни за секој наставник по англиски јазик.

Генеративната граматика ги воведе принципот на генерирање на неограничен број реченици брз основа на ограничен број правила и принципот на трансформации. Таа ги користи и постигнувањата на совре-

[28] Нивната множина гласи lookers-on, maidservants, womenservants, gentlemen-farmers.

[29] Mr + Smith + множина постанува the Mr. Smiths или Messrs ['mesəs] Smith или the two Mr. Smiths (ако се двајца); се избегнува множината од Mrs., но во формални прилики се употребува француската множина Madames [medam]; бидејќи Misses ['mIsIs] има сличен изгивор со Mrs [mIsIz], во народниот говор се вели the Miss Smiths.

мената математика. Затоа описот на реченичната структура стана прилично сложен и тешко разбирлив. На прашањето дали генеративниот опис има примена во наставниот процес, најчесто сме добивале негативен одговор. Меѓутоа, сигурно е дека понудените решенија, преработени од страна на верзиран методичар можат да најдат место во наставата по англиски јазик. Така, од теоретска гледна точка предавањето на множината според генеративнот модел изгледа невозможно затоа што лексиконот со нужните податоци (белезите плус, минус на именките, споредните правила и сл.) не е изработен, ниту пак тоа ќе биде направено во иднина (на наставникот Англичанец таков речник не му е потребен, бидејќи тој е составен дел на неговата компетенција — competence). Од друга страна примената на општото правило за градење множина (види стр. 12) е прилично едноставна, зашто покрај основниот облик, се бара да се објаснат само условиите во кои се јавуваат другите варијанти, во што имаме поклопување со структуралниот опис на множината.

LITERATURA

1. Andersen, S. (1974). *The Organizition of Phonology*. Academic Press (New York).
2. Bloomfield, L. (1961). *Language*. George Allen and Unwin (London).
3. Gleason, H. (1955). *An Introduction to Descriptive Linguistics*. Holt, Rinehart and Winston (New York).
4. Eckersley, Feckersley J. (1960) *A Comprehensive English Grammar*. Longman (London).
5. Zandvoort, R. (1957). *A Handbook of English Grammar. Longmans*, Green (London).
6. Jakobs, R./Rosenbaum, P. (1968). *English Transformational Grammar*. Braisdell Publishing Comapny (Maltham Mas.).
7. Jespersen, O. (1954). *A Modern English Grazmmar*, part II. George Allen and Unwin (London).
8. Katičić, R. (1964). „Nacrt glosematičke algebre H. J. Uladea", vo *Suvremena lingvistika br.* 3, Filipović, R. (ed.), (Zagreb), 48—69.
9. Quirk, R./Greenbaum, S. (1973). *A. Concise Grammar of Contemporary English*. Harcourt Brace Jovanovich (New York).
10. Close, R. (1964). *The New English Grammar*. Harvard University Press (Cambridge, Mas.).
11. Close, R. (1974). *A. University Grammar of English*. Longman (London).
12. Kruisinga, E. (1932). *A. Handbook of Present-day English*, part II. P. Noordhoff (Groningen).
13. Langendoen, D. (1970). *Essentials of English Grammar*. Holt, Rinehart and Winston (New York).
14. Miller, K. (1946). *A. Grammar of Modern English for Foreign Students*. Longman
15. Михаиловиќ, Љ. (1962). *Граматика енілескоі језика*. Научна књига (Београд).
16. Мразовиќ, П. (1975). „Теорија граматичке зависности", *Страни језици* 4: 1—2, 5—22.

17. Nesfield, J. (1949). *Modern English Grammar*. Macmillan (London).
18. Palmer, H./Blandford, F. (1969). *A Grammar of Spoken English*. Ревидирана од R. Kingdon, Heffer and Sons (Cambridge).
19. Robert P. (1968). *Understanding, English*. Harper and Row (New York).
20. Robert, P. (1967). *Modern Grammar* . Harcourt, Brace and World (New York).
21. Sweet, H. (1898). *New English Grammar. The* Clarendon Press (Oxford).
22. Scott, E./Bowly, K. itn. (1968). English Grammar: *A. Linguistic Study* of its Classes and Structures. Heineman Educational Books (London).
23. Sledd, J. (1959). *A. Short Introduction to English Grammar*. Scott, Foresman and Company (Grenvil, Il.).
24. Stageberg, N. (1965). *An Introductory English Grammar*. Half, Rinehart and Winston (New York).
25. Simeon, R. (1969. *Enciklopediski rječnik lingvističkih naziva*, tom I. Matica Hrvatska (Zagreb).
26. Strang, B. (1969). *Modern Enlish Grammar*. Edward Arnold (London).
27. Tiping, L. (1958). *A Higher English Grammar*. Macmillan (London).
28. Thomson, A./ Martinet, A. *A Practical English Grammar*. Oxford University Press (London).
29. Filipović, R. (1963). *Deskriptivna gramatika engleskog jezika*, I dio, 2 svezak. Geo detski fakultet Sveučilišta u Zagrebu (Zagreb).
30. Filipović, R. (1966). *An Outline of English Grammar*. Školska knjiga (Zagreb).
31. Francis, V. (1958). *The Structure of American English*. The Ronald Press Company (New York).
32. Fries, Ch. (1940). *American English Grammar*. Appleton-Century-Crofts (New York).
33. Formkin, V./Rodman R. (1973). *An Introduction to Language*. Holt, Rinehart and Winston (New York).
34. Hill A .A. (1958). *Introducton to Linguistic Structure*. Harcourt, Brace and World (New York).
35. Hockett, Ch. (1958). *A Course in Modern Linguistics*. The Macmillan Company (New York).
36. Schane, S. (1973). *Generative Phonology. Prentice-Halls* (Inglewoodwood Clifs, N. J).
37. Schibsbie, K. (1965). *A Modetn English Grammar*. Oxford University Press (London).

Velko SILJANOSKI

PLURAL FORMATION IN ENGLISH

(S u m m a r y)

This article deals with plural formation in English. Comments are given on the three most influential and best-known linguistic descriptions in order to see to what extent they are applicable in the tenching process.

First it is emphasised that conventional (traditional, normative, or prescriptive) grammars do not give a clear picture of plural formation in English as they are usually concerned with explanations of spelling forms, that is to say with the written forms of the languge. Some of them do pay attention to the surface structure, but frequently this is not done systematically.

In order to explain how descriptive, structural or taxonomic linguistics tackles plural formation, a brief account of the terms morpheme, base, root, complementary distribution is given with special stress on the phonologiclly and morphologically conditioned allomorphs and the irregularities belonging to the { S_2 } paradigm.

It is pointed out that generative or transsormational grammars rejected the taxonomic description which starts with phonology and then goes on from morphology to the immediate constituent analysis, of sentences. A close examination of the first transmormational rules for plural formation, however, will force us to conclude that they are exactly the same as the model of morphologic description which prevailed in the United States in the 1940s and 1950s. Later on the same facts (regarding plural formation) are described in terms of a common underlying form and a set of phonological rules.

The author comes to the conclusion that a skilful and well-informed teacher should not discard altogether any of the three approaches because each of them might be useful now and then, especially when he is faced with preparing drills and tests on specific aspects of plural formation, and when he does not know how to interpret certain singular and plural forms. Furhtermore, it is suggested that regular plural formation should be taught by starting with verbal explanation of the environments, with simple terminology and in accordance with either the taxonomic or generative treatment of the matter. The teacher is also reminded that taxonomic and especially generative grammars offer little or no help concerning spelling and many other problems connected with usage, meaning atc. He is warned to keep in mind that linguistic theory is the science of language, and not the science of teaching language.

Људмил СПАСОВ

РЕЧНИК НА КОНСТАНТИН М. ПЕТКОВИЧ ОД 1848 ГОДИНА*

1.1 Константин М. Петкович е роден 1826 година во Башино Село во близината на Титов Велес. Основното образование го стекнал во родното место. Подоцна, во 1847 година, го продолжува школувањето во Русија на Петербургскиот универзитет каде студира словенска филологија кај познатиот славист И. И. Срезневски.

По завршувањето на студиите (1852 год.) Петкович заедно со Натанаил Стојановић патува низ повеќе земји. Ги посетува: Прага, Загреб, Љубљана, Грац, Света Гора, Цариград и др.

Пред почетокот на Кримската војна, Петкович одново се враќа во Русија. Таму стапува во дипломатска служба. По војната, во Дубровник работи во рускиот конзулат, најпрвин како секретар, а подоцна како генерален конзул.

Петнаесетина години подоцна Петкович станува генерален конзул во Либан.

Умрел во Русија во 1897 година.

Забележана е и активноста на неговиот брат Андреја, исто така дипломатски службеник на Русија, меѓу другото и конзул во Риека.

Поттикнат од И. И. Срезневски, Петкович уште како студент почнал да се занимава со научна работа. Превел поголем дел од „Краледворскиот ракопис" од чешки јазик. За време на споменатото патување стапил во врска со Шафарик, Ханка, Иван Кукуљевиќ-Сакцински, М. Боговиќ, Јанез Блајвајз, Радослав Разлаг и со други културни работници од тоа време. Во Венеција се обидува да купи печатница. Соработува во хрватски и словенечки списанија. На Друштво српске словесности му испраќа стари српски и македонски ракописи. Објавил студија за Црна Гора и Црногорците. Во 1865 година, во изданијата на Императорската академија на науките, печати опис на старините во Света Гора.

---

* Ја користам и оваа можност да му ја искажам мојата длабока благодарност на академикот Блаже Конески под чие раководство, во текот на студирањето, го изработив овој труд.

Исто така, многу му благодарам на академикот Михаил Д. Петрушевски, кој го растолкува грчкиот текст во речникот на Константин М. Петкович.

Константин М. Петкович е и автор на првиот македонски превод од словенечки јазик. Тоа е преводот на повеста „Борис“ од Ј. Турнограјска.

К. М. Петкович се бавел и со собирање на народни песни, обичаи, пословици итн. Петкович е и поет. Досега познати негови стихотворби се: „Б'лгарски воин“, „Сон Султана“, „Момина клетва“ како и нејзината верзија „Б'лгарска девојка и нејзина клетва“.

Како шо се гледа и од краткава белешка за животот и работата на Константин М. Петкович, целокупната негова активност е тесно поврзана со уверувањето за словенско единство, културното зближување и соработката на словенските народи. Ова се должи како и на неговите лични убедувања, така и на општата распространетост на ваквите идеи во тоа време.

1.2 Предложениов материјал претставува ракопис на речник што Петкович го составил во текот на студиите (на 22-годишна возраст) и му го предал на И. И. Срезневски. Ракописот се чува во заоставштината на Срезневски, во Архивот на АН СССР. На насловната страна на речникот стои датум 12. X 1848 г.

Во времето кога е пишуван овој речник веќе е објавен „Четиријазичникот“ на Даниила (1794, 1814 и второто издание 1802 г.). Преработката на овој речник е објавена 1841 г. под наслов „Книга за научение трих јазиков“. Објавен е и „Додатак к санктпетербургским сравнительним рјечницима свију језика и наречија, с особитим огледима бугарског језика“ (1822 г.).

Во ова време кај Бугарите идејата за составување речник на бугарскиот јазик е многу раширена. Повеќе видни културни дејци се бавеле со овој проблем. Меѓутоа, дури Н. Рилски, по повеќегодишна работа, успева да напечати три букви (А, Б, В) од ваков речник, во „Читалиште“ 1859—1860 г. Руската академија (1860 г.) откажала да го печати овој речник оти веќе го приготвувала за издавање речникот на Н. Геров.

Кај Србите, во Виена 1814 г., е објавен Вуковиот „Српски рјечник истолкован њемачким и латинским ријечима“. Второто издание на ова дело е излезено 1852 г. со околу 40 000 зборови.

1.3 Од забелешките во речникот на Петкович јасно се гледа дека тој во работата се служел со повеќе речници: со речникот на Миклошич, со англиски, француски речник итн. Меѓутоа, што се однесува до евентуалното угледување кон некого, со голема веројатност може да се претпостави дека тоа бил Вук Караџиќ со својот Рјечник. Кон оваа претпоставка можат да се приложат повеќе докази:

— Вуковиот речник предизвикал огромно интересирање кај славистите во тоа време. Многу веројатно е дека му го посочил и Срезневски на Петкович при изработката на неговиот речник.

— Поголемиот дел латински зборови и објаснувањата кон нив Петкович ги презел од Вуковиот речник.

— Има редица словенски зборови преземени од Вуковиот речник.

- На едно место кај Петковић е цитиран Караџиќ како извор од каде се експерпирани зборови.

— Како и кај Вук, во речникот на Петковић, се дадени стихови од народната поезија, пословици, описи на обичаите, народните верувања итн.

2.1 Речникот на Константин М. Петковић е пишуван со мастило, со ситен едноличен ракопис. Претпоставуваме, гледајќи го микрофилмот, дека речникот е пишуван на тетратка од среден формат. Листовите на лицевата страна се нумерирани со арапски бројки, а на опачината, покрај истата бројка, стои ознаката *об* (рус. оборотная сторона). Нумерацијата е извршена во горниот десен агол на лицевата страна и во горниот лев агол на опачината.

Зборовите на македонски се наредени во столб на левата страна на листот, додека толкувањата на руски и на другите јазици се наоѓаат на десната страна. Овој принцип не е секогаш доследно спроведен. На поодделни места се забележуваат поправања и дополнувања. Лесно се утврдува дека се извршени од страна на авторот.

На насловната страна е напишано:
Словарь болгаро-русскій
Составляемый болгариномъ
Константиномъ М. Петковичемъ
С. Петербургъ 1848
12. Октября

Од насловната страна дознаваме за името и презимето на авторот како и за годината, месецот и денот кога речникот е почнат или завршен.


2.2 Речникот на Константин М. Петковић е речник на македонскиот јазик со толкувања на руски и со примери на грчки, латински, француски, српскохрватски, бугарски, англиски, полски и старословенски јазик.

Речничката граѓа опфаќа 108 страни. Освен нив, од микрофилмот се гледа дека има уште 40 празни, ненумерирани страни. Редот на буквите и бројот на зборовите на поодделни букви изгледа вака: А—18 (збора), Б—171, В—141, Г—127, Д—140, Е—7, Ж—39, З—74, И—63, К—261, Л—74, М—157, Н—35, О—78, П—169, Р—80, С—193, Т—103, У—41, Ф—16, Х—32, Ц—44, Ш—37, Щ—14, Я—34, Ю—51.

На речникот може да му се забележат повеќе недостатоци, како на пример, техничката недотераност, сиромаштвото со зборови на одделни букви, меѓутоа најголем недостаток на речникот е несредената речничка граѓа по внатрешен азбучен ред. Од сето ова се гледа дека речникот не е довршен и во ваков облик не е наменет за печатење.

Речникот содржи 2 124 лексички единици. Некои зборови се повторени и по неколку пати.

3.1 Важна карактеристика на графијата и ортографијата со која се служи К. М. Петковић е стремежот за нејзиното осовременување и упростување во однос на црковнословенската писмена норма. Да



Факсимил бр. 1

се потсетиме дека ваквиот стремеж е особено присутен кај нас по Вуковата реформа на српскиот јазик и правопис. Мошне раното прифаќање на Вуковите принципи од страна на К. М. Петковић може да се објасни и со влијанието на Срезневски, но и со ослободеноста од предрасудите што постоеле кон Вук и неговото дело во Србија. Меѓутоа, К. М. Петковић не ги применува наполно Вуковите принципи. Тој се влијае и од традицијата, особено од руската.

Во речникот се среќаваат и зборови напишани со црковнословенската азбука, но најчесто кога се објаснува потеклото на некој збор или се сака да се предаде неговиот стар графички облик.

Колебањето при графичкото предавање на одделни гласови е особено изразено кај *ќ* и *ѓ*. Често се среќава допишување на *ћ* и *ђ* над други графии за овие гласови. Меѓутоа, за нас, секако, најинтересни

се примерите кога К. М. Петковић ги користи графиите *ќ* односно *к'* и *ї'* за бележење на овие гласови. Со тоа К. М. Петковић се јавува како директен претходник на К. П. Мисирков.

За обележувањето на гласовите во македонскиот јазик К. М. Петковић се служи со приспособена руска азбука. За некои специфични гласови ги користи овие знаци:

ѓ=г, гя, ђ, гю, г', гь.
ѕ=s, дз.
ј=я, ю, ѥ, й, ь, ѣ.
љ=ля, ль, лю.
њ=ня, нь, нѥ, нѣ.
ќ=к, кя, кю, ћ, к', ќ, к/, кь.
џ=дж.

При пишувањето употребува и знаци од црковнословенската азбука, но без определен систем.

3.11 *Бележење на ќ, ѓ, љ, њ.*

-Ќ

Примери: белькимъ 8 збор, 3 об. стр.; божикъ (над *к* е напишано *ћ*) 25 зб., 4 стр.; бубакъ 11 зб., 5 об. стр.; бубакенъ 12 зб., 5 об. стр.; бекяръ 18 зб., 5 об. стр.; врюќо 17 зб., 8 стр.; вруќина 18 зб., 8 стр.; вруќь 19 зб., 8 стр.; гаћi 5 зб., 10 стр.; домакинъ—домакинка 19 зб., 13 стр.; дикель 6 зб., 13 об стр.; ке се забавамъ 2 зб., 19 стр.; кукя 12 зб., 24 стр.; кютамъ 15 зб. 25 стр.; кюркъ 16 зб., 25 стр.; к/éсе 24 зб., 27 стр.; маке'а 23 зб., 30 стр.; мак'еница 20 зб., 31 об. стр.; праски но: праќа 18 зб., 37 стр.; плакямъ (над *к* е напишано *ћ*) 5 зб., 37 об. стр.; плакя (над *к* е напишано *ћ*) 6 зб., 37 об. стр.; ке плачамъ (над *к* е напишано *ћ*) 9 зб., 37 об. стр.; плеки (над *к* е напишано *ћ*) 12 зб., 37 об. стр.; свек'а (над *к'* е напишано *ћ*) 2 зб., 41 об. стр.; цвекье 15 зб., 52 об. стр.; чеќичъ 25 зб., 54 об. стр.

Ќ пред предњојазичните самогласки *е, и* се пишува *к*: бубакенъ, белькимъ. *К* за *ќ* се пишува и во други случаи: бубакъ.

Ќ се пишува и со *кя*: бекяръ, или *кю*: кютамъ.

Во многу случаи над *к* е напишано *ћ*: божикъ, плакямъ, плакя, ке плачамъ, плеки. Ова јасно укажува на колебањето на К. М. Петковић при пишувањето на *ќ*. Постои и случај само со *ћ*: гаћi. Графијата *ћ* за означување на *ќ* кај нас се среќава доста одамна.

По еднаш *ќ* е напишано како *кь*: цвекье, и со еден знак што прилега на *ј*: к|éсе.

Интересно е напишан зборот чекиќ: чеќичъ.

Секако за нас, како и што беше напоменато погоре, најинтересни се графиите *к'* односно *ќ*. Ги има во повеќе случаи: врюќо, вруќина, вруќь, маке'а, мак'еница, праќа (но и: праски). Често се јавува колебање меѓу *ћ* и *ќ*: свек'(ћ)а. Со бележењето *к'* односно *ќ*, К. М. Пет-

ковић наполно се приближил до современото пишување на оваа графија. До Мисирков тој единствен пишува на овој начин.

—Ѓ

Примери: веги 6 зб., 7 стр.; гякъ-ци 6 зб., 10 стр.; грагянинъ 12 зб., 10 стр.; госпога 4 зб., 11 об. стр.; гюбре 20 зб., 12 стр.; гюбрище 21 зб., 12 стр.; дисаг'и 18 зб., 13 об. стр.; калугеръ 1 зб., 27 стр.; калугерица 2 зб., 27 стр.; мегя 5 зб., 30 об. стр.; прега 4 зб., 37 стр.; саѓи (над *ї* е напишано *ѓ*) 13 зб., 41 стр.; тугь 21 зб., 44 стр.; тугина 22 зб., 44 стр.; такогеръ 2 зб., 45 стр.; меѓю 2 зб., 53 стр.

Ѓ пред преднојазичните самогласки *е, и* се пишиува *ї*: веги, калугеръ. И во други случаи се пишува *ї* за *ѓ*: прега.

Ѓ се пишува и со *їя*: гякъ, мегя; или *їю*: гюбре; или *їь*: тугь.

Примерот саг(ѓ)и зборува за колебање како и при *ќ*—*ћ*.

Интересно е напишан зборот меѓу: меѓю. Тука се работи за графичко вкрстување на претставите: мегю × меѓу.

Со бележењето *ї'*, како впрочем и *ќ*, *к'*, Петковић му претходи на Мисирков: дисаг'и.

—Љ

Примери: беля 7 зб., 3 об. стр.; белькимъ 8 зб., 3 об. стр.; блювамъ 20 зб., 6 стр.; блюенѥ 21 зб., 6 стр.; биляръ 14 зб., 6 об. стр.; билье-зелье 15 зб., 6 об. стр.;

Љ се бележи со *ля*: беля; или со *лю*: блюенѥ; или *ль*: билье—зелье. Ваквото бележење на *љ* е вообичаено во времето на Петковић.

—Њ

Примери: баня 24 зб., 3 об. стр.; буденье 12 зб., 4 об. стр.; бриченѣ 21 зб., 5 стр.; блюенѥ 21 зб., 6 стр.; брецанье 23 зб., 6 стр.; буньище 10 зб., 6 об. стр.; гніѥньіе 15 зб., 12 стр.; щи́панѣ 6 зб., 58 стр.

Њ се бележи на вообичаен начин за тоа време. Интересен е обликот гніѥньіе, каде би претпоставиле графичко вкрстување на претставите: гніѥнье × гніѥніе.

3.12 *Бележење на j, џ, s.*


—J

Примери: аба́джія 2 зб., 2 стр.; айдукъ 10 зб., 2 стр.; бей 11 зб., 4 стр.; врюќина 18 зб., 8 стр.; войвода 5 зб., 9 стр.; грозѥ 25 зб., 11 об. стр.; гувеѥнье 5 зб., 12 стр.; дабье 1 зб., 13 стр.; дивье 5 зб., 13 стр.;

Гласот *j* Петковић го бележи на вообичаен начин. На крајот на слогот *j* се бележи со й: байракъ. Интересна е графијата *ь* за *j*: дабье, дивье.

—Џ

Примери: аба́джія 2 зб., 2 стр.; аджамилакъ 13 зб., 2 стр.; баджа 3 зб., 3 стр.; бахчованджія 20 зб., 3 об. стр.; бозаджія 24 зб., 4 стр.



Факсимил бр. 2

Оваа фонема Петковиќ ја бележи *дж*, манир вообичаен за тоа време.

—S

Примери: sумпулъ—дзумпулъ 17 зб., 20 стр.

Во речникот графијата *s* се среќава два пати: еднаш како *s* и како *gз*. Интересно е ова колебање на Петковиќ. Тој дава уште една варијанта на истиот збор: зумпулъ.

Инаку во позиции каде денес се пишува *s* стои *з*: зидъ 7 зб., 19 стр.; зидина 9 зб., 19 стр. итн.

3.13 Употреба на ъ и ь

Употреба на крајот на зборот:

—Ъ

Примери: азъ 4 зб., 2 стр.; айдукъ 10 зб., 2 стр.; вечеръ 11 зб., 8 стр.; димъ 7 зб., 13 об. стр.; жвакамъ 24 зб., 18 стр.; юнакъ 4 зб., 62 стр.;

—Ь

Примери: витель 10 зб., 7 стр.; тръсть 11 зб., 45 об. стр.; гърдость 1 зб., 10 об. стр.; кървь 24 зб. 24 об. стр.; шесь 12 зб. 56 стр.; късь 8 зб., 27 стр.;

Обележување на вокално *р* и *л*.

—Ъ

Примери: бърцанье 9 зб., 6 об. стр.; грънчар 19 зб., 12 стр.; мърморамъ 4 зб., 27 стр.; отфърламъ 2 зб., 35 стр.; тръгнамъ 3 зб., 45 стр.; цръвенъ (над *ц* е напишано *ч*) 3 зб., 55 об. стр.

Примери: вълна 22 зб., 7 об. стр.; вълненъ 23 зб., 7 об. стр.; вълче 2 зб., 9 об. стр.; кълнамъ 16 зб., 27 об. стр.

—Ь

Примери: жълтица 9 зб., 18 стр.; (но: жълчка 17 зб., 18 стр.) смрьди 18 зб., 43 об. стр.; срьна 22 зб., 43 об. стр.; срьпъ 23 зб., 43 об. стр.

Други случаи на употреба на Ъ и Ь.

—Ъ

Примери: вънкашенъ 4 зб., 9 об. стр.; къвамъ 9 зб., 27 об. стр.; лакътъ 5 зб., 28 об. стр.; сънце 16 зб., 41 стр.; съгрешивамъ 4 зб., 61 стр.; съмртъ 5 зб., 61 стр.

—Ь

Примери: звоньцъ 18 зб., 20 стр.; свильнъ 25 зб., 61 стр.; гостьба 28 зб., 11 стр.; разумьнъ 32 зб., 40 стр.

ъ се употребува на крајот на зборот што завршува на согласка и нема никаква гласовна вредност. Овде се пишува по традиција. ъ се употребува и за обележување на вокалното *р* и *л*. Освен тоа, ъ се употребува и во некои други случаи, но без некој поопределен систем.

Освен при пишувањето на *j*, *љ*, *њ*, *ќ*, ь се пишува на крајот од зборот, но без систем. ь се пишува и при вокалното *р* и *л*, но и тука без доследност. Интересна е употребата на ь во некои случаи наведени погоре.


3.14 *Употреба на я, ю,* щ, ѣ, ь, ѥ, ѣ, ы, і, ї, ѫ, ѭ и на *други знаци од руската и старословенската азбука*

Примери: аба́джія 2 зб., 2 стр.; блюенѥ 21 зб. 6 стр.; брещя 7 зб., 6 об. стр.; выдра 18 зб., 8 об. стр.; вла́дыка 16 зб., 9 стр.; ѫ — гусеница 21 зб., 11 стр.; къща (над ъ е напишано ѫ) 12 зб., 24 стр.; каікъ 21 зб., 24 стр.; ко́рыто 5 зб., 26 стр.; маія 1 зб., 32 стр.; насытыванье 19 зб., 33 стр.; нара́чувамъ 11 зб., 33 об. стр.; нарачанье (над *а* е напишано ѫ) 12 зб., 33 об. стр.; опинцы 6 зб., 34 об. стр.; плукамъ 7 зб., 36 об. стр., плунка (над *у* е напишано *ю*) 8 зб., 36 об. стр.; погорѣ 2 зб., 38 об стр., пѫпокъ (но и: пупокъ) 4 зб., 51 стр.; кѫ—капина 13 зб., 57 об.. стр.; ѭ—ядица 11 зб., 60 стр.; сѫчалка—сѫчьць 1 зб., 61 об. стр.

Како што се гледа и од приведените примери освен я, ю, щ, ъ, ь кои се употребуваат редовно, другите назначени графии се употребуваат инцидентно, под влијание на традицијата и на рускиот јазик: і, ї, ѫ, ѥ, ѭ, ѣ, ы итн. Од ова ги исклучуваме другите старословенски графии употребени во речникот кога се бара некоја етимологија или се дава стар облик на некој збор. Обично до тие зборови се цитира изворот од каде се земени (Miclosich, на пример).

Петкович се служи со фонолошко-етимолошки правопис, но не со некои доследно спроведени правила. Авторитетот на традицијата се јавува како моќен фактор на стариот етимолошки начин на пишување. А и веќе создадениот навик, како и угледувањето на правописот на рускиот, како на јазик со престиж, многу придонесувал кон тоа. Од друга страна, правописот применет во Вуковиот Рјечник, на кого, во низа примери, се угледувал Петкович, бил сосема санкциониран дури половина век по излегувањето на книгата.

Веќе е кажано дека нема некое строго правило во примената на фонолошкиот или етимолошкиот начин на пишување, меѓутоа, сепак, можат да се изделат извесни правила. Така, ако се работи за народни зборови, зборови од секидневниот живот, зборови што се употребуваат главно во говорниот јазик, тогаш тие претежно се предадени во фонетски облик. Обратно, ако се работи за зборови од писмеността или зборови што изразуваат апстрактни содржини, потоа зборови што опишуваат поими од црковно потекло, тогаш тие се предадени во нивниот етимолошки облик или во обликот што го имаат во јазикот од кој се заемени.



Факсимил бр. 3

Примери:

Едначење по звучност — Велигденъ 7 зб., 7 стр.; врапче 15 зб., 8 стр,; (но множ. врабци 15 зб., 8 стр. Овде се работи за недоследност); жешко 4 зб., 20 стр. Допир меѓу префикс и коренски дел на зборот:

отпрѣдъ 5 зб., 34 об. стр.; отфърламъ 2 зб., 35 стр.; исекнала 3 зб., 22 стр.; искршенъ 6 зб., 22 стр. (но има и примери како: отнапредъ 15 зб. 34 об. стр.; отозгора 17 зб., 34 об. стр.; отоздола 18 зб., 34 об. стр.). Има и етимолошки предадени форми: изсипенъ 11 зб., 21 об. стр.; изпсуенъ 16 зб., 21 об. стр.; изцеденъ 23 зб., 21 об. стр. Еве неколку примери каде повлијаела традицијата: адъ 11 зб., 2 стр.; робство 9 зб., 4 стр. Интересна е двојната фома прочка/прощка 17 зб., 38 стр. Неколку доследно предадени едначења по звучност: сфирамъ 5 зб., 43 об. стр.; сфирка 6 зб., 43 об. стр.; сфиренье 7 зб., 43 об. стр.; мирас 10 зб., 31 стр. Интересна е двојната форма 'лебъ/-пъ (апострофот е на Петковиҷ) 5 зб., 29 стр. Зборови предадени етимолошки: грудка 16 зб., 11 стр.; клобче 23 зб., 26 об. стр.; овчарски 12 зб., 35 стр.; павти 1 зб., 36 стр. сладки 18 зб., 42 стр. Еве и една двојна форма: дванаесетъ и дванадесетъ 15 зб., 15 стр. Овој и повеќе вакви примери се дадени во речникот кога се сака да се означи разликата меѓу македонските и бугарските форми. Во тој случај македонскиот облик се пишува главно со фонетски, а бугарскиот со етимолошки правопис.

Почетните групи *чр-, чрѣ-* секаде се предадени како *цр-, цре-* освен таму каде се предадени двојни форми. Примери: црево 7 зб., 52 стр.; црепъ 8 зб., 52 стр.; црно 10 зб., 52 стр.; црнамъ 11 зб., 52 стр.; црвенъ 14 зб., 52 стр.; црпамъ 17 зб., 52 стр. До зборот ч(ц)рвенъ (напишано како во речникот) 3 зб., 55 об. стр. е назначено: „сѣв. болг.“, како што Петковиҷ ги означува бугарските форми.

Еве неколку примери на составено, односно разделено пишување на зборови со што Петковиҷ се приближил до денешниот узус: повратната заменка *се*, кога ѝ претходи глагол, се пишува одвоено (вампирисува се, 12 зб., 8 об. стр.; мажи се, 6 зб., 30 стр.; мрачи се, 26 зб., 31 об. стр.); суперлативниот облик се пишува составено (најпосле, 7 зб,, 33 стр.).

При пишувањето на големи букви нема доследност: Ѧба 1 зб., 2 стр.; Велигденъ 7 зб., 7 стр.; варъ 24 зб., 8 стр.

3.3 Акцентуацијата спроведена во речникот го прикажува акцентскиот систем на западното наречје, односно на велешкиот говор.

Акцентот секогаш паѓа на третиот слог од крајот или на вториот слог од крајот на зборот ако тој е двосложен. Единствен исклучок е зборот — лопа̏та. Интересно е, исто така, дека аористните форми од несвршените глаголи се акцентираат како во источното наречје: плакáхъ.

Примери: Ѧ́ба 1 зб., 2 стр.; Абáджія 2 зб., 2 стр.; Бáба 1 зб., 3 стр.; Вóда 11 зб., 7 стр.; Вáдамъ 12 зб., 7 стр.; Вóсокъ 14 зб., 7 стр.; Водéница 1 зб., 7 об. стр.; Вóдица 4 зб., 7 об. стр.; Ви́но 13 зб., 7 об. стр.; Ви́сокъ 3 зб., 8 стр.; Врáта 20 зб., 8 стр.; Вáмпиръ 11 зб., 8 об. стр.; Вóйска 3 зб., 9 стр.; Гáвранъ 1 зб., 10 стр.; Гóсподъ 2 зб., 11 об. стр.; Дáлеко 5 зб., 14 стр.; жéлезенъ 6 зб., 18 об. стр.; лопáта 18 зб., 29 стр.; плакáхъ 9 зб., 37 об. стр.

4.1 Македонските зборови во речникот се преведени и објаснувани на руски јазик. Меѓутоа, некои зборови воопшто не се преведени, а кон други е приложен превод на друг јазик.

Примери: борина (δάς—δος—ipin sauvage) 6 зб., 4 об. стр.; Блењье (без превод) 2 зб., 6 об. стр. итн. Понекогаш кон преводот на некој македонски збор на руски е додаден и пример на македонски, како и негов превод. Обично, тое е некој израз, поговорка, цитат од народната поезија и сл. Примери: матни — мутный „матна вода" мутная вода 12 зб., 30 стр.; рало — пара — једно рало чорапи — пара чулокъ 4 зб., 40 об. стр. Кон повеќе македонски зборови приложени се исцрпни објаснувања. Тоа се, обично, описи на народни обичаи, верувања, описи на секидневниот живот, работата итн. Кон два примера се приложени и цртежи.

Примери за синонимика:

— бодамъ, колю pungere 19 зб., 4 стр.;
боцамъ. тоже колю 22 зб., 4 стр.

— букавица 16 зб.,
букваръ 17 зб.,
букварче 18 зб., 4 об. стр. (заеднички превод) Азбука, буквица.

— бричъ. бритва 19 зб., 5 стр.;
бърсняча. бритва 25 зб., 5 стр.;

— бричамъ. брѣю 20 зб., 5 стр.;
бърснам. брѣю 23 зб., 5 стр.

— Рабавица — син. (ознаката е како во речникот) Грабавица 1 зб., 39 стр.

— Войскаринъ. войнъ—солдатъ 4 зб., 9 стр.;
Войникъ. солдатъ 6 зб., 9 стр.

— Девойче 11 зб., 13 об. стр.;
чупа 16 зб., 55 стр.

— адъ—вечна мака — мука. адъ 11 зб., 2 стр.

Како што може да се види и од примерите, синонимите се состојат од:

1) зборови од разни дијалекти,

2) од народни зборови и од зборови примени од црковнословенската традиција со исто значење,

3) зборови од други јазици и зборови од македонскиот со исто значење,

4) други видови синоними.

Покрај на руски, повеќе зборови се преведени на грчки јазик: бръмбаръ. κάνθαρος 6 зб., 4 стр. Преводите на латински се земени, најверојатно, од Вуковиот Рјечник. Примери: Дробамъ. раздробляю minuo (glag. 71) 25 зб., 14 об. стр. (кај Вук: Сѝтнити, им minuo); Доямъ дью (sic!) lacto 24 зб., 15 стр. (кај Вук: Дојити — lacto); Зрéямъ. зрѣю — созрѣваю maturare 5 зб., 20 стр. (кај Вук: Зрети, зрем (и зрим) в. impf. maturor). Извесен број зборови се преведени на француски: Дуга. дуга

(arc en ciel) 19 зб., 13 об. стр.; Дофащамъ — дофакямъ. достигаю atteindre 10 зб., 14 об. стр.; Дружина. товарищество — дружина suite 5 зб. 15 стр.; Ловджія. охотникъ (chasseur) 13 зб., 29 стр. Кон неколку зборови е додаден превод на српскохрватски јазик. Тоа се зборови од хрватски глаголски ракопис, цитирани по труд на рускиот научник Прејс. Пример: бечва—бечви множ. родъ чулокъ. (Прейсъ ж. ми. п. 1843) изъ хорв. глагол. рукоп. бичве. (текстот е како во речникот) 10 зб., 6 стр. Два збора се преведени на англиски. Пример: Вечерамъ. ужинаю (supper) 12 зб., 8 стр. Кон зборовите *цевка* и *кат̄* е додаден полски превод. Пример: катъ — катище. pol. kąt—kót 6 зб., 57 стр.

Кон одредени зборови се додадени и етимолошки белешки. Обично турцизмите се означени со скратенката *т̄ур.* Таму каде не бил сигурен, Петковић додавал и знак на прашање. Кон некои словенски зборови е додадена и нивната старословенска форма. Примери: капина (кжпина) 6 зб., 26 стр.; кълнамъ. клънж 16 зб., 24 об. стр.; Аба (тур.) 1 зб., 2 стр.; бре. обыкновенное слово у Турокъ, Грековъ и Болгаръ. Оно употреляется въ укорительномъ смислѣ при обращенье къ лицу. бре будала. 7 зб., 5 об. стр.; Гякъ-ци. Дякъ—Дякамъ. Тутъ видамъ иняченіе зубной буквы въ гортанной. Это самое встречается и въ ново-греческимъ язикѣ. Тамъ говорится γιὰ вм. διὰ — за — для. 6 зб., 10 стр. (Напишано како во речникот).

4.2 Граматичките ознаки се делумно на руски, делумно на латински. Еве неколку примери: Азъ—Азе мѣстоим. лич. 4 зб., 2 стр.; Али созд. но 17 зб., 2 стр.; блазе воскл. част. 1 зб., 5 стр.; бурилце уменьш. 10 зб., 5 об. стр.; Вълче множ. вълчиня 2 зб., 9 об. стр.; Вънъ—вънка нар. 3 зб., 9 об. стр.; Денеска adv. 13 зб. 15 стр.

4.3 Како репрезентативна форма на глаголот е избрано прво лице еднина сегашно време. При преводот на руски, репрезентативната форма не е инфинитивот, туку пак прво лице еднина сегашно време. Пример: мърщамъ се. морщуся 14 зб., 30 стр. Глаголската именка се преведува на руски обично со инфинитив, но не секогаш. Примери: мѐренѣ. измѣрять 17 зб., 30 об. стр.; но: менуванѣ. обмѣна, перемѣна 13 зб., 30 об. стр. Некои глаголи за кои Петковић сметал дека не се јавуваат во прво лице еднина се предадени во трето лице: Вапмиросува се. дѣлается вампиромъ 20 зб., 8 об. стр.; Гърми 16 зб., 10 стр.; Тели се 20 зб., 45 об. стр.

4.4 Во речникот, Петковић користел и лексика од стари текстови. Кон таквите примери редовно се наведува изворот од каде се земени зборовите.

Веќе еднаш е споменат хрватскиот глаголски ракопис од кого Петковић земал зборови и ги споредувал со македонски. Зборовите се наведени по трудот на рускиот научник Прејс, објавен во „Журналъ Министерства просвѣщения“ од 1843 г.

Кај повеќе примери е наведен Клоцовиот зборник. Еве еден пример: бисеръ (Glag. Cloz.) стр. 68, 16 зб., 6 стр. Најверојатно Петковић, пред себе ја имал книгата на Копитар: Glagolita Clozianus, cod. membr.

saec. uti videtur. x. foll. 12. in fol., Sloven. Comitis Paridis Cloz Tridentini. Editus a B. Kopitario Vindobonae. 1836. Освен од 68 страна, Петковић наведувал и примери од 70, 71, 78, 112 страна од оваа книга.

На неколку пати се споменуваат разни грамоти од кои се ексцерпирани зборови: од 1606 и 1610 година.

На две места е споменатa Венелиновата грамота. Примери: делъ—удѣлъ—участокъ (грам. Венел., стр. 154); Селище—большое село—развит. село (грамот. Дако—Слав. Венелина 153 стр.); (текстот е како во речникот). Се работи за: Vlacho-bolgarskija ili dako-slavjanskija gramoty. Sanktpeterburg 1840.


4.5 Кога го пишувал речникот Петковић не го знаел наполно добро рускиот јазик, што се гледа од грешките, правописни и други, направени кај руските зборови. Така, при преводот се среќаваат повеќе лошо, несоодветно преведени зборови и изрази. Таму каде не бил сигурен, обично, ставал знак на прашање, а некаде оставал и непреведени зборови. Конструкцијата на реченицата во подолгите текстови не е во духот на рускиот јазик. Редица зборови се напишани со погрешен правопис. Примери: биволъ. бийволъ 14 зб., 4 стр. (погрешно, треба: буйволъ); Возамъ. возжу. возамъ на кола. возжу на телегѣ 13 зб., 7 стр. (треба: ѣхат, ѣздит); щтѝпанѣ—ощупливаніе 6 зб., 58 стр. (погрешно, зборот значи — пипање, треба: щипать).

Што се однесува до преводот на грчки, освен оние зборови што се земени од речникот на Миклошич, повеќето други се напишани со лош правопис. Ова наведува на мислата дека Петковић писмениот грчки јазик го знаел многу послабо од говорниот. Пример а́ршинъ πύχη 18 зб., 2 стр. (погрешен правопис, треба: πῆχυς); блазе „блазе тебе“ εὔγε σου 1 зб., 5 стр. (погрешно, треба: εὖγέ σου); Вечерамъ δεπνεῖν 12 зб., 8 стр. (погрешно, треба: δειπνεῖν).

5.1 Лексичкото богатство на речникот е одраз на материјалниот и духовниот живот кај нас во 19 век. Голем дел на зборовите се однесуваат на виноградарството. Речникот е богат со сточарска, занаетчиска и трговска терминологија. Називите на администрацијата и воопшто, зборовите што означуваат поими поврзани со општествената сфера се од турско потекло. Речникот содржи доста зборови од религијата, писмената традиција, потоа ред зборови од народното творештво итн.

Добар дел од зборовите денес се архаични; постојат ред зборови што денес ја промениле или проширile семантичката содржина.

Еве неколку примери кои го дополнуваат кажаното погоре: бахча 19 зб., 3 об. стр.; бачило 16 зб., 4 стр.; А́ба 1 зб., 2 стр.; бочваръ 3 зб., 4 об. стр.; Екимъ 6 зб., 16 стр.; Чушкаръ 9 зб., 55 стр.; чорбаджія 12 зб., 38 стр.; Ага 3 зб., 2 стр.; бератлія 14 зб., 3 об. стр.; Вергія 21 зб., 7 стр.; Самовила 10 зб., 41 стр.; Каначъ 19 зб., 24 стр.; касланъ 20 зб., 24 об. стр.; јапія (тур. малоупотр.) зданіе (примедбата е на Петковић) 22 зб., 59 стр.



Факсимил. бр. 4

5.2 Дијалектната база на речникот, покрај зборови од велешкиот говор, чие што учество е разбирливо ако се има предвид дека Петковић е родум од Велешко, ја сочинува лексиката главно од западното наречје. Ова е мошне важен податок, бидејќи зборува за одреден систем. Примери: думамъ 23 зб., 13 об. стр.; вошка 15 зб., 5 об. стр.; мър(а)зам (ъ е прецртано, *а* е додадено) 8 зб., 32 стр.; ничкумъ 8 зб., 33 об. стр.;

указателен е примерот — чупа 16 зб., 34 об. стр.; неколку примери кои се покарактеристични за велешкиот говор — брецамъ 22 зб., 6 стр.; Вълна 22 зб., 7 об. стр.; Дисаг'и 18 зб., 13 об. стр.; Дотечуи 11 зб., 14 об. стр.; жълтъ—жътъ 7 зб., 18 стр.; Кабаатъ 1 зб., 24 стр.; къвамъ 9 зб., 27 об. стр.; му́и 20 зб., 32 об. стр.; Чушкаръ 9 зб., 55 стр.; шамарница 1 зб., 56 стр.

Меѓутоа, Петковић не се ограничува само на западното наречје. Во повеќе случаи тој им дава предност на формите со *х*, што освен претпочитање на говорите каде го има овој глас, значи и извесно нивелирање спрема правописните норми на словенските литературни јазици, како извесна отстапка на традицијата. Примери: хабамъ 1 зб. 50 стр.; хубавъ 6 зб., 50 стр.; хубаво 7 зб., 50 стр.; хубавина 8 зб., 50, стр.; хладенъ—ладенъ 9 зб., 50 стр.; хладно—ладно 10 зб., 50 стр. ханъ 15 зб., 50 стр.; хаджія 18 зб., 50 стр.; харачъ 20 зб., 50 стр.; хуламъ 9 зб., 50 об. стр.

5.3 Во речникот се присутни повеќе бугаризми, србизми, црковнословенизми, турцизми, грцизми, одреден број русизми итн.

Разликуваме неколку вида бугаризми:

1) бугаризми што се инфилтрирале во македонскиот јазик;

2) бугаризми што навлегле преку писменоста;

3) бугарски зборови кои Петковић ги навел за споредба со македонски.

Примери: бърснамъ, бърснењъ, бърсняча, 23, 24, 25 зб., 5 стр.; вънъ—вънка 5 зб., 7 об. стр.; вежди—веги 7 зб., 8 стр.; Вращамъ—вракямъ 16 зб., 8 стр.; веднага—Веднашъ 8, 9 зб., 8 стр.; Гражданинъ—грагянинъ 12 зб., 10 стр.; Дълбина—дълбочина 4 зб., 14 стр.; желаямъ 9 зб., 18 об. стр.; млеко—мляко 18 зб., 31 об. стр.; обичамъ 6 зб., 34 стр.

И кај србизмите, во речникот, би можеле да изделиме три вида.

1) Првиот го сочинуваат оние србизми што навлегле во Македонија од кај 14 век со ширењето на српската држава. Примери: Врюќо. Врюќина 17, 18 зб., 8 стр.; гуска 21 зб., 10 об. стр.; кукя 14 зб., 25 стр.

2) Вториот вид србизми се разни дијалектизми што се одликуваат со белези карактеристични за српскохрватскиот јазик. Примери: Али 17 зб., 2 стр.; гусеница 21 зб., 11 стр.; Дуга 19 зб., 13 об. стр.

3) Третиот вид србизми се зборови од писменоста, како и зборови кои Петковић ги зел од Вуковиот речник. Овде спаѓаат и зборови од народната поезија, земени од народните песни што се пренесени од српската средина и непотполно адаптирани. Примери: Дивамъ се 6 зб., 13 стр.; Бога ти, тако ти бога 18 зб., 4 стр.; (кај Вук: тако ти бога) лепота 6 зб., 29 стр.; издалека 24 зб., 21 об. стр.; (кај Вук исто) щи́панѣ 6 зб., 58 стр. (кај Вук исто; повеќе глаголски именки се земени од овој речник).

Еве некои црковнословенизми: Адъ—вечна мака—мука 11 зб· Вла́дыка 16 зб., 9 стр.

Русизми: Дума (со значење: мисла) 22 зб., 13 об. стр.; Жаденъ 2 зб., 18 стр.

Во времето на Петковић турцизмите биле значаен дел од лексиката. Оттаму е разбирливо и присуството на голем број турцизми во речникот. Интересно е дека Петковић, обележувајќи ги турцизмите, наместа се двоумел дали некои зборови се турски и ставал знак на прашање. Но, уште тогаш некои зборови се сметале за архаични, па така кај зборот япія, на пример, е додадено дека малку се употребува.

Кон грцизмите во речникот, често се дава и грчката форма на зборот. Пример: Дикелъ δίκελλον (sic!) 6 зб., 13 об. стр.

5.4 Во изработката на речникот Петковић се служел со други речници и разни текстови. Повеќе пати е наведен Миколошич: хабамъ. тратить—perdere (Miclosich) 1 зб., 50 стр. Најверојатно се работи или за првото издание на овој речник („Lexicon paleo-slovenico-graeco-latinum") или за некои лексички материјали на Миклошич. До зборот печурка comestibilis genus 10 зб., 59 стр. е цитиран Караџиќ. Најверојатно се работи за Вуковиот речник: „Српски рјечник истолкован њемачким и латинским ријечима", Виена 1818 година. Освен овој пример од Рјечникот, како што веќе беше речено, се земени повеќе латински преводи на зборови, како и некои словенски зборови итн. Примерите се наведени понапред. Кај примерот — тутаксъ. едва—абіе, веднашъ 8 зб., 45 об. стр. е наведен Св. П. Сапунов како преведувач на овој збор.

На користење на текстови укажува и зборот сумпулъ—дзумпулъ 17 зб., 20 стр. Овој збор најверојатно е земен од текст напишан со грчка азбука.

Во речникот има и одреден број калки од рускиот јазик. Еве неколку: сиромаштво—бѣдость 11 зб., 42 об. стр.; тежамъ—тяготѣю 9 зб., 44 об. стр. (во апстрактна смисла: тежам, се стремам кон нешто); човечество—челвѣчетсво 9 зб., 54 об. стр.

5.5 Како илустрација кон поедини зборови Петковић наведува стихови и зборови од народната поезија. Цитираните стихови и зборови, покрај илустративната функција што ја имаат, наведуваат и на можноста овој речник да е пишуван и за полесно читање на народното творештво. Примери: тако ти бога 18 зб., 4 стр.; горе тебе 9 зб., 10 об. стр.; девојче младо хубаво 11 зб., 13 об. стр.; загналъ се пустелия 10 зб., 19 стр.; коледе кой ти майка отведе, отведе! 25 зб., 24 стр.; момиче младо хубаво 22 зб., 31 стр.; градъ градиле 9 зб., 10 стр.; ройно вино 6 зб., 40 стр.

6.1 Во заклучок би можеле да го истакнеме следново.

1) Речникот е работен од образован филолог. Петковић бил упатен во словенските јазици за што сведочат и неговите преводи.

2) Голема е веројатноста дека во изработката на својот речник Петковић се угледувал на Вуковиот Рјечник.

3) Речникот не е довршен, ниту е целосно среден по внатрешен азбучен ред.

4) Петковиќ извршил упростување и осовременување на графијата употребена во речникот. Мошне изразеното колебање во бележењето на графиите ќ и ѓ, сведочи за барањето пат како најдобро да се претстават овие гласови во македонскиот јазик.

5) Речникот е речник на македонскиот јазик со толкувања на руски и со примери на грчки, латински, француски, српскохрватски, бугарски, англиски и полски јазик. Кон повеќе зборови е дадена нивната етимолошка форма.

5) Речникот содржи лексички материјал од разни области на материјалниот и духовниот живот.

Дијалектната база на речникот, покрај зборови од велешкиот говор, ја сочинуваат зборови главно од западното наречје. Во речникот се присутни повеќе србизми, бугаризми итн. Петковиќ и калкирал некои зборови од рускиот јазик.

6.2 Значењето на речникот е повеќекратно. Пред сè тој е значаен за историската дијалектологија и за историјата на македонскиот азик. Речникот е значаен и за нашата лексикографија.

Речникот е значаен и како обид да се примени одредена графија и ортографија. Во оваа смисла би ги споменале нацртите на графиите ќ и ѓ, со кои Петковиќ се јавува како директен претходник на Мисирков.

Речникот не го претставува лексичкото богатство на еден говор или наречје. Неговата дијалектна база е свесно проширена на целото западно наречје, а во неа се присутни елементи и од други наречја. Изборот на зборовите и на нивните форми укажува и за извесно нивелирање спрема традицијата и спрема состојбата на другите словенски јазици. Ова сè е значајно, затоа што зборува за еден систем.

Ljudmil SPASOV

THE DICTIONARY OF KONSTANTIN M. PETKOVICH FROM 1848

(S u m m a r y)

This material represents a manuscript of a dictionary that Konstantin M. Petkovich composed during his studies at the University of Peterburg and handed to his professor I. I. Sreznewski. The title page of the manuscript is dated October 12 1848.

Besides other qualities, the dictonary is important as an attempt for application of certain graphics and orthographics: We should mention the sketches of the letters ќ, ѓ that make Petkovitch a direct predecessor of K. P. Missirkov.

Душан ТОМОВСКИ

ЗА ПРИНЦИПИТЕ НА ЕТИМОЛОШКАТА АНАЛИЗА

1.

До денес не постои меѓу етимолозите единствен критериум за начинот на кој зборовите ќе се доведуваат во етимолошка врска или етимолошката врска ќе се отфрла и покрај навидум надворешни совпаѓања. Вистина, општопознат е фактот, дека при утврдувањето на етимолошките врски три принципи не може да се заобиколат. Тоа се: 1. фонетските, 2. морфолошките и 3. семасиолошките совпаѓања[1]. Меѓутоа, овие принципи во никој случај не гарантираат единственост, зашто секој од нив остава простор за произволно толкување.

На фонетски план, според Кипарски[2], „гласовните несовпаѓања треба да се објаснат или со нови гласовни закони или со особени причини (народна етимологија, аналогија, метатеза и др.)". Но токму овие особени причини отвораат врати за најразлични фонетски комбинации. Освен наброените од Кипарски тука спаѓаат и комбинациите со подвижното *s*, со инфиксалниот назал, со далечинската метатеза итн. На пример, со помош на подвижното s може да се доведат во врска стсл. дрѣздъ нем. Drossel, со лит. strazdas (Махек)[3] сх. *штовати* со *ценити*[4], итн. Со инфиксалното *n* стсл. пѫдити со нем. sputen (брза), гр. σπεύδω[5] (брзам), итн. Со далечинска метатеза ст.сл. ѧндъ < *ĝheeidh* — и нем. Teig < dheigh[6] или стинд. pačati (тој пече) и лит. kep-ti- од pequ-одн. quep[7]

На морфолошки план несигурностите се јавуваат при одредувањето на границите на коренот и на неговата структура. Типичен пример за ова е обидот на Острембски за зборот „голем", прасл. golě-mъ

[1] W. Brandenstein, Griechische Sprachwissenschaft, I, стр. 115, 116.
[2] V. Kiparsky, Über etymologische Worterbücher, стр. 225.
[3] V. Machek, Etymologicky slovnik, стр. 129.
[4] Д. Томовски, Етимолошки мисцели, стр. 245; P. Skok, Etimologijski rječnik hrvatskoga ili srpskoga jezika, I, 298—9.
[5] Machek, цит. д., стр. 497.
[6] J. Pokorny, Indogermanisches Etymologisches Wörterbuch, I, 245.
[7] V. Machek, цит. д., стр. 441.

Тој суфиксот -mъ го изведува од коренот mē mō mə од кој понатаму се изведува лат. magis, гр. με-γαλο гот. mi-kils а потоа допушта метатеза на двата морфема[8]. Откупшчиков[9] ја наведува етимолошката врска меѓу рускиот збор ѓамен (шума) и гр. ῥαμνος (гранка со лисја и плодови), но смета дека вистинската етимологија на рускиот збор се открива кога ќе се тргне од идејата дека коренот на зборот е га- а men е наставка, па зборот понатаму се поврзува со *ра-ло, ра-таи, рат-ba, ра-ль.*

На семантичкиот план дивергентните толкувања се уште поголеми. На пример, уште Миклошич за зборот *невеста* даде две можни значења: 1. *нејознаша* < ne-^{u}oid-tā (коренот е ^{u}oid < знае) и 2. новомажена < neuo-^{u}ed-tā (коренот е ^{u}ed- брак, сп. англ. weding < мажачка). Првата етимологија ја прифаќа Фасмер[10], а втората Откупшчиков[11]. Или германскиот збор warm (топол). Дали е тој етимолошки поврзан со слов. збор *їори* од не. корен g^{u}her/g^{u}her[12] или со зборот *bари* од -е. корен ^{u}e/^{u}er-[13].

Сите овие невоедначености во начинот на гледање на работите му дале повод на Меје да помисли дека „сите добри етимологии се веќе најдени, а оние што уште не се најдени не се добри„.

Откупшчиков внесува нови принципи, неопходни за една етимолошка анализа. Тоа се: 1. хронолошкиот принцип 2. принципот за позајмување на зборови и 3. принципот за користење на дијалектите.[14]

Се разбира, сè ова се неопходни елементи за една етимолошка анализа, меѓутоа тие не придонесуваат ништо за сигурноста на правилната етимологија. Истата несигурност што ја констатиравме за фонетските, морфолошките и семантичките принципи важи и за принципот за позајмување на зборови. На пример постои мислење дека стсл. хлѣвъ е заемка од германскиот гот. hlaifs, но постои и мислење дека словенскиот збор е и исконски[15]. Оваа несигурност за тоа дали некој збор е заемка или не од некој друг јазик, внесува несигурност и за неговата хронологија, зашто во тој случај не сме во состојба да одредиме дали зборот е општоиндоевропски, општословенски или настанал во еден одреден јазик. За заемките Откупшчиков вели: „Кога зборот органски влегува во склопот на фонетските и морфолошките редувања на својот јазик, кога неговата семантика е неразделно сврзана со тие реду-

[8] J. Ostrebski, Uber die Vervollkommnung der Forschungsmethoden in der indoeuropäischen Sprachwissenschaft, стр. 26.

[9] Ю. Откупщиков, Из Истории индоевропейского словообразования, стр. 197.

[10] М. Фасмер, Етимологический словар русского языка, II, стр. 206.

[11] Ю. Откупщиков, цит., д., стр. 203.

[12] E. Seebold, Die Vertretung idg. g^{u}h im Germanischen, стр. 115.

[13] J. Pokorny, цит. д., стр. 495.

[14] Цит. д., стр. 204—208.

[15] Б. Б. Мартынов, Аб паходжанни славянскаи фанемы х стр. 93. го застапува првото мислење, а Ю. Откупшчиков, цит. д., стр. 210—212, второто.

вања и кога, на крај, зборот има надежна етимологија во рамките на даденият јазик, секоја претпоставка за позајмување на тој збор е малку веројатна"[16]. Но ова е само делумно можно. Се разбира, лесно може да се препознаат заемките од некој неиндоевропски јазик, на пример турските зборови во нашиот јазик или зборови кои влегле од некој ие. јазик со особени фонетски белези во јазик без такви белези (на пример, германски зборови во кои е видлива германската консонантска мутација во словенскиот). Така, може да се тврди дека стсл. кнѧзъ е заемка од герм. kuning поради ие. корен gen[17]- или кладеньць од гот. kalds поради ие. корен gel- (студен)[18], но веќе тешко е да се рече дали стсл. чѧдо е заемка од герм. kind, зашто може да се тргне од коренот gen- (род) и тогаш би било заемека, но може да се тргне и од коренот ken-[19].

Семерини изнесува шест принципи за етимолошка анализа кои горе-долу се совпаѓаат со оние на Откупшчиков, но тој се обидува со примери да покаже како треба тие принципи да функционираат.[20] Меѓутоа, како што забележува Откупшчиков „не се работи за убави принципи, туку за доследно применување на тие принципи во практиката на етимолошките иследувања."[21] Зашто „во историјата на секој збор системните промени се преплетуваат толку сложено, а понекогаш и толку неочекувано, што практички е невозможно да се даде еден „рецепт" или етимологот да се вооружи со извесен број „универзални" принципи".[22]

Со ова се истакнуваат двете страни на етимолошките иследувања што Семерини вака ги дефинира: „1. да се најде првобитната форма, ако е можно, првобитното значење на индоевропскиот прототип; 2. нејзината последователна историја сè до моментот што го укажува документацијата на сродните јазици што се во прашање".[23] Слична дефиниција дава и Кипарски: „Идеал на еден етимолошки речник е се разбира, да биде историско етимолошки комбиниран, да ги содржи сите документирани зборови, сите обиди за објаснување и една богата фразеологија, со еден збор, да биде зборник од монографии за сите зборови од еден јазик (понекогаш дури и од група јазици)" и веднаш потоа додава: „Се разбира, кога се работи за еден жив јазик со богата литература овој идеал е недостижен, веќе од технички и стопански причини"[24].

[16] Цит. д., стр. 212.

[17] J. Pokorny, цит. д., стр. 375.

[18] Истиот, цит. д., стр. 365.

[19] Истиот, цит. д., 564.

[20] O. Szemerényi, Principles of etymological research in the indo-european languages, стр. 180—196.

[21] Цит. д., стр. 213.

[22] Истиот, ним.

[23] Цит. д., стр. 178.

[24] Цит. д., стр. 215.

Меѓутоа, историцизмот во етимологијата наидува и на поинакви проблеми, а имено кога литературната традиција на еден јазик е за подолг период прекината. Во тој поглед најдобро стојат романските јазици поради јасното потекло на зборовите од латинскиот. Во етимолошките речници на овие јазици латинскиот се зема како појдовна точка[25], и понатаму се истражуваше „биографијата на зборот". Шухарт за ова: „Во секој случај мислам дека романистите имаат водство во етимолошката наука, како и во сите науки за јазикот, зашто тие имаат цврсти мерила и прецизни алати", и додава, — секако не без иронија — „другите, како утеха ја имаат широчината на хоризонтите, каде што доаѓаат до сè поважни откритија"[26].

Значи барањето на историјата на еден збор е условено од објективни причини. Што се однесува до македонскиот јазик, тој е хендикепиран со долготраен прекин на писмената традиција, а и со фактот што етимологијата како наука уште не застанала на цврсти нозе на оваа почва, така што историјата (па и потеклото) на македонските зборови засега може да се бара само во етимолошките речници на сродните словенски јазици. Меѓутоа, според Кипарски, добар етимолошки речник на словенските јазици уште не постои и тој советува „да не се почне со нов словенски етимолошки речник, пред да се појави еден добар историски речник"[27]. Но, ова во никој случај не значи дека за македонскиот јазик не е потребен етимолошки речник. Тој е потребен прво, поради тоа што постои извесен број зборови кои се присутни само во македонскиот, а ако се оди кон дијалектите тој број е знатно поголем, и второ, структурата на македонскиот јазик (како впрочем и на секој јазик) дава граѓа за примена на одредена концепција за етимолошка анализа.

Ако во областа на историцизмот македонскиот јазик треба да се ослони воглавно врз она што е постигнато во општата словенска етимологија, во областа на барањето на потеклото на зборовте тој е рамноправен со сите други јазици. Но затоа е „потребна севкупност од принципи што истражувачот ќе го водат, така што тој ќе дојде до едно решение со методски пристап"[28].

Ние веќе видовме дека досега не е создаден единствен принцип за етимолошка анализа и тој никогаш нема ни да биде создаден, бидејќи етимологијата (што се однесува до барањето на потеклото на зборовите и на нивното првобитно значење) е една реконструкција што се одвива според еден мисловен процес врз логични заклучоци од материјалот што го нудат постоечките јазици, било како историски запис, било како говорен јазик. Тоа што денес постојат многубројни ставови

[25] Истиот, ним.

[26] Цитирано според Семерини, цит. д., стр. 177.

[27] Цит. д., стр. 227. За неопходноста од историски речник на рускиот јазик в. Шанский: Принципы построения русского этимологического словара слообразовательно-исторического характера.

[28] Семерини, цит. д., стр. 178.

за одделни етимолошки проблеми зборува само за тоа дека мисловните процеси кај одделни научници етимолози се различни. Дали на пример, грчкиот збор ἡμερα (ден) и немскиот збор Sommer (лето) треба да се сметаат етимолошки поврзани поради нивната фонетска сличност или не поради нивната семантичка различност[29], слично ствн. rūpa (глиста) и стсл. рыбꙗ[30] или дали лат. habeō (имам) и нем. haben (има) ќе се сметаат етимолошки поврзани поради семантичката истоветност или не поради нивната фонетска разлика (германска консонантска мутација!)[31], зависи од принципите со кои се пристапува кон материјата.

Значи, проблемот не е во поставувањето на принципи, туку во неподатливоста на материјата што се обработува да се вклопи во тие принципи. Меѓутоа, принципи мора да постојат. Во врска со ова уште еднаш ќе го цитираме Семерини: „Етимолошките истражувања, се разбира, не може да се сведат кон стриктни, непогрешливи математички формули. Остроумноста на истражувачот, неговата инвентивна и комбинаторска сила, онаа особена дарба со која тој е способен да ги открие врските скриени од една површинска нееднородност не може да се замени со никакво механичко правило".[32]

2.

Принципот на хронологијата е исто толку важен колку и фонетскиот, морфолошкиот и семантичкиот принцип, меѓутоа и самиот тој ги има истите слабости како претходните три, имено и тој бара свои внатрешни принципи за примена, а тие може да бидат само конструирани. Овој принцип навлегува и во областите на другите науки, психологијата и социологијата на индоевропеецот[33]. Примената на психологијата врз зборувањето е необично компликувана работа дури и кога се работи за синхорно испитување на јазикот, а дотолку е потешко и понесигурно кога се работи за оддалечени епохи.

Меѓутоа, неоспорно е дека на индоевропеецот, без оглед која теорија за потеклото на јазикот ќе се прифати, првобитните зборови му биле од областа на конкретниот свет, одн. тој имал зборови за предметите што го опкружувале и за дејствијата што ги вршел. Збогатувањето на неговиот јазичен фонд одел паралелно со развитокот на неговата материјална и духовна култура. Меѓутоа, тој мисловен процес не секогаш може лесно да се објасни. Еве еден пример. Секако на првобитниот индоевропеец поимот „камен" му бил близок, бидејќи тој за него бил и секојдневно оружје за сечење и удирање, впрочем тој од него правел и секири. Од овде следува дека поимите *камен* и *остар* потекнуваат од еден и ист корен, одн. дека гласовната комбинација на овој

[29] Brandenstein, цит. д., стр. 115; Pokorny, цит. д., стр. 35.

[30] Споредиˇ Kiparsky, цит. д., стр. 216.

[31] Откупщиков, цит. д., стр. 195.

[32] Цит. д., стр. 212. Споредиˇ Kiparsky, цит. д., стр. 216.

[33] Откупщиков, цит. д., стр. 205.

збор ги содржела овие два поима. И навистина, грчкиот збор ἀκμή (острица) фонетски и семантички може да се доближи до литванскиот збор akmuõ. Но овде веќе се јавува и една фонетска тешкотија. Овде спаѓа и стсл. збор остръ „остар". Значи ие. корен би бил *aḱ* со значење „остар", „камен"[34]. Но, литванскиот е сатем јазик па наместо k би се очекувало *s*. Според стинд. asman (камен). И сега етимологот има избор да зборува за паралелизам на ие. корени *aḱ-* и *ak-* со исто значење или да зборува за заемка во литванскиот од некој кентум јазик. Ако се сака да се смести и стсл. камы, камение (камен), тогаш треба пак да се жртвуваат некои нови фонетски принципи. Или треба да се зборува за напоредно постоење на kā-men- и ak-men[35] или да се зборува за метатеза *ak-* > *ka-*. Со други зборови, етимологот има избор или да го задржи семантичкото единство на фамилијата од зборови со значење „остар", „камен" и да врши разни фонетски концесии или строго да ги задржи фонетските принципи, па за секое фонетско отстапување да поставува нови ие. корени.

Но може да постојат и обратни колебања, одн. несигурност од кој корен да се изведе некој збор. Неоспорно е дека поимот „сече" бил еден од првобитните за индоевропеецот. Откупшчиков[36] ги доведува во врска стсл. зборови брити (бричи) и бридъкъ (остар). Во сх. последниов збор во форма на *бридак* навистина значи „остар", но во овој јазик постои и глагол *брадити* кој значи „гори". Последниов збор во македонските дијалекти (Дримкол) во форма на *в-брушен* значи „жежок, особено поради трчање или поради температура". Скопски *забрушен*. Така, сега настанува колебање меѓу ие. корени bher- (сече)[37] и bher (пече, вари)[38].

За овој збор постои и додатно колебање ако се допушти можноста во ие. јазици рефлексот *b* да се добие и до лабиовеларот $g^{u}h$ одн. тој да се изведе од ие. корен $g^{u}her/g^{u}hor$-[39].

Од овие примери произлегува дека принципите за етимолошката анализа треба да се сфатат само како рамка во која доаѓа до израз „остроумноста на етимологот". Овде се предлагаат пет такви принципи, кои би можеле да послужат како таква рамка:

1. Првобитниот индоевропеец располагал со мал број конкретни зборови кои добивале и апстрактно значење. Значи првобитниот индоевропеец имал развиена смисла за метафора.

2. Првобитниот индоевропеец употребувал гласови, чиј фонолошки систем не ни е познат, но во врска со првиот принцип, тој не бил богат. Се рабира, овој ситем се развивал и се збогатувал.

---

[34] Pokorny, цит. д., стр. 18.

[35] Фасмер, цит. д., II, стр. 174.

[36] Цит. д., стр. 206.

[37] Pokorny, цит. д., стр. 133.

[38] Истиот, цит. д., стр. 132.

[39] Seebold, цит. д., стр. 104—135.

3. Овие фонеми биле подредени во фонолошки можни гласовни групи кои го градат она што се наречува корен на зборот. Тврдењето на Семерини дека ие. јазици наследиле зборови, а не корени[40] е точно, но и ие. зборови се во иста мера реконструирани како и корените, па со тоа хипотетичноста воопшто не е намалена. Разликата е само во тоа што ако се оперира со ие. зборови истовремено се зема во обзир фонетскиот и морфолошкиот принцип.

4. Од корени со слични значења се добиваат зборови со слични значења. Овој особено важен принцип го разработија Старинин (врз основа на материјалот од Мајзел)[41] и Кипарски[42]. Така, на пример, Старинин ги дава паралелните зборови лат. toga (тога) и tectum (кров), нем. Decke (ќебе) и Dach (покрив), рус. покрывало (покривка) и кров (покрив), а Кипарски врз основа на споредба со мордвалскиот, доаѓа до заклучок дека стсл. зьмѣ потекнува од ие. корен gen- со значење „знае", „познава", а не од фонетски исторедниот корен со значење „создава", бидејќи во мордвалскиот е sodamo = зет, а sodams = знае. Во оваа смисла во македонскиот од ие. корен per- со значење „удира" се добива зборот *пере*, одн. чисти нешто со удирање (во западните дијалекти овој збор го има првобитното значење на удира), а од ие. корен mer- со слично значење „удира" се добива *мрви*, одн. со удирање дроби. Последниов корен може да биде и вариран во mel- со значење „дроби" мак., *меле* и во meH- (удира) > мак. мие, рус. *мыть*.

5. Два збора за една идеја или предмет потекнуваат од корени со исто или слично значење. Недопустливо е германскиот збор за „птица" да се изведува од коренот pleu- со значење (меѓу другите) „лета", а словенскиот збор пъта- (птица) од корен со значење „мал".[43] Со примената на теоријата на Откупшчиков (в. долу) германскиот и словенскиот збор лесно може да се изведат од еден корен peN-: герм. *pel-* „лета", втора тема на коренот: pl-eu-k > pluk- со наставката àl-: pl-uk-àl со дисимилација puk-la > герм. fug-al > гот. fugls. Словенски од вариран корен peu̯-t > put- > стсл. път- + наставка ица.

Ова е всушност преформулација на веќе наведените три принципи: фонетскиот, морфолошкиот и семантичкиот. И сево ова треба да се сфати не статички, туку динамички, во развиток со што се опфаќаат и принципите на хронологија и позајмување.

Од изложеново е јасно дека етимологот мора да има јасна претстава за ие. корен пред да почне да етимологизира. Таа претстава е најчесто лична (оттука и огромниот број на теории за ие. корен), па оттука и можноста да се доаѓа до различни етимолошки заклучоци. Меѓутоа и теоријата на ие. корен мора да биде динамична. Од досегаш-

[40]) Цит. д., стр. 179.

[41]) В. П. Старинин, О семантическом аспекте сравнительно-исторического метода, стр. 106.

[42]) Цит. д., стр. 227.

[43]) Pokorny, цит. д., стр. 835—837; истиот, цит. д., 844.

ниот развиток на идејата за ие. корен може да се насети еволуција која чиниш одговара на самата еволуција на ие. корен. Како илустрација ќе наведеме три етапи од тој развиток:

1. Теоријата на Де Сосир, одн. неговата шема за ие. корен *CeC-*[44]
2. Теоријата на Бенвенист со шемите *CeC-C* и *CC-eC-*[45].
3. Теоријата на Откупшчиков со шемата CeN-[46] каде што N е назал, ликвид полувокал или ларингал, која понатаму може да се јавува во вид на *Ce*N-*C*- одн. *C*N-*eC*- или дури *C*N-*e*N-.

Овие три теории како да одговараат на три етапи од зборувањето на индоевропеецот. Прво, кога тој зборувал со корени според шемата на Де Сосир кои истовремено значеле и именка и глагол, како што тоа го опишува Белиќ и Меје[47]. Второ, теоријата на Бенвенист веќе содржи елементи на зборообразување и трето, во теоријата на Откупшчиков тие елементи се многу поразвиени.

Но и во овој развиток, веројатно има меѓустадиуми. Кога Бенвенист тврди дека „од два елемента додадени на коренот едниот е задолжително во нормален степен... pr-ek-s а не *pr-k-s“[48], тогаш тоа може да одговара на една состојба од ие. развиток на зборот, меѓутоа фактот што денес среќаваме зборови со нулти степен и во двата дела од коренот збоува за тоа дека ие. корен еволуирал во тој правец. На пример, гот. fulls стсл. пълнъ > pl̥n-os, ствн. wolf, стсл. вълкъ < ul̥qu̯-os Тоа секако било можно кога назалите и ликвидите престанале да бидат сонанти и кога консонантските групи не биле повеќе тешки за изговор.

3.

Ларингалната теорија денес има колку приврзаници, толку и противници. Во најново време на неа критички се осврнува Норберт Борецки и споредувајќи ја со класичната теорија тврди дека таа всушност не решила ништо „дека во крајот на краиштата останала да важи просечната комплицираност“.[49]

Јасно е дека ларингалната теорија не може да ги реши сите проблеми на индоевропеистиката. Меѓутоа, таа претставува еден поинаков начин на мислење и претставува чекор напред по однос на традиционалните теории. Зашто без оваа теорија невозможни би биле и современите теории за индоевропскиот корен. Самиот Борецки го вели следново: „Не е спротивно на законите на логиката да се прифатат

[44]) De Saussure, Mémeoire sur le système primitif des voyelles dans les langues indo-européennes, стр. 136 и след.,

[45]) E. Benveniste, Origines de la formation des noms en indo-européen, стр. 148 и след.

[46]) Цит. д., стр. 165 и след.

[47]) А. Белић, О језичкој природи и језичком развитку, стр. 46; А. Meillet. Увод у упоредно проучавање индоевропских језика, стр. 108.

[48]) Цит. д., 153.

[49]) N. Boretzky, Laryngalthoerie und innere Rekonstruktion стр. 60.

ларингалите, дури и кога тие не се никаде докажани... Понатаму не е исклучено на една класа од хипотетични гласови да ѝ се припишат редица промени. Но историската наука за јазикот е емпириска наука, која не може да излезе на крај само со логични поставки тука бара малку повеќе евидентност за да може огромниот број на логично можните случаи да се ограничи на неколку вистински можни (или подобро на еден единствен) и оваа наука би била благодарна ако за хипотетичните поставки би можело да се најдат паралели барем во еден од другите јазици."[50]

Повеќе евиденција за постоењето на ларингалите не може да се даде отколку што веќе постои. Самиот Борецки вели дека „од хетитскиот може да се добие доказ за еден ларингал, со голема мака, можеби за два"[51]. Но зар теориите на Де Сосир и Бенвенист не се доволен доказ за постоењето на ларингалите. Тоа се теории засновани врз логични конструкции, кои применети врз историскиот јазичен материјал одлично функционираат. Впрочем, денес никој не се сомнева во постоењето на атомот поради неговите манифестации, иако однапред се знае дека тој никогаш нема да биде виден, па според тоа неговото откривање се должеше само на логични конструкции. Постоењето наларингалите не е ништо поневеројатно од полно други ие. гласови, на пример, лабиовеларите, чии рефлекси се мошне невоедначени и несигурни во ие. јазици.

Изложенава теорија за етимолошка анализа е обид за една логична конструкција, чија примена, како што покажавме на неколку примери, дава сосем поинакви резултати од општопознатите. Нивната точност никогаш нема да биде докажана, но нивната веројатност никогаш не може да биде ни оспорена. Она што е битно при етимолошката анализа е доследно спроведување на една концепција за ие. корен, одн. збор, во рамките на која може да дојде до израз „остроумноста" на истражувачот. Она што не е дозволено е прибирање на ad hoc решенија за одделни случаи. Општважечки решенија за сите етимолошки анализирани зборови никогаш ќе нема. Впрочем, за секој речник, а особено за етимолошкиот важи она што го рекол Семјуел Џонсон: „Речниците се како часовници. И најлошиот е подобар од никаквиот, но и од најдобриот не може да се очекува дека е сосем точен." Меѓутоа, и покрај мислењето на Вендрис дека „нема понеблагодарна работа од составување на речник", речници па и етимолошки постојано ќе има.

[50]) Истиот, цит. д., стр. 61.

[51]) Истиот, цит. д., стр. 59.

ЛИТЕРАТУРА

1. W. Brandenstein, Griechische Sprachwissenschaft, I, Berlin, 1954 (Sammlung Göschen).
2. V. Kiparsky: Über etymologische Wörterbücher, „Neuphilologische Mitteilungen", 1959, Bd. 60, стр. 209—230.
3. V. Machek, Etymologicky slovnik, jazyka českóho, Praha, 1968.
4. Д. Томовски, Етимолошки мисцели, Македонски јазик, 1974, год. 25, стр. 237—248.
5. P. Skok, Etimologijski rječnik hrvatskoga ili srpskoga jezika, 1, Zagreb, 1971.
6. J. Pokorny, Indogermanisches Etimologisches Wörterbuch, Bern und München Bd. I. 1959, Bd. II. 1969.
7. J. Ostrębski, Über die Vervollkommnung der Forschungsmethoden in der indoeuropäischen Sprachwissenschaft, Lingua Posnaniensis, 1963, т. IX, стр. 7—28.
8. Ю. Откупщиков, Из истории индоевропейского словообразования, Ленинград, 1967.
9. М. Фасмер, Этимологическии словар руского языка, II, Москва, 1967.
10. E. Seebold, Die Vertretung idg. *gʰ* im Germanischen. Zeitschrift für vergleichende Sprachforschung auf dem Gebiete der Indogermanischen Spachen, 81, стр. 104—133.
11. Б. Б. Марынов, Аб паходженнии славенскаи фанемы х, Працы института мобазнаустава АН БССР, б п. VIII, Минск, 1961, стр. 89—104.
12. O. Szemerényi, Principles of etymological research in the indoeuropean languages, II. Fachtagung für indogermanische und allgemeine Sprachwissenschaft, Insbruck, 1962, стр. 175—212.
13. Н. М. Шанскии, Принципы построения русского этимологического словара словообразовательно-исторического характера, Вопросы языкознания 1959, Nr. 5, стр. 32—42.
14. В. П. Старинин, О семантическом аспекте сравнительно-исторического метода, (изосематические ряды С. С. Мейзеля, Советское востоковедение, 1955, Nr. 4. стр. 99—111.
15. F. de Saussure, Mémoire sur le système primitif des voyelles dans les langues indoeuropéennes, Leipzig, 1879.
16. E. Benveniste, Origines de la formation des noms en indoeuropéen, Paris, 1935.
17. А. Белић, О језичкој природи и језичком развитку, Београд, 1958.
18. A. Meillet, Увод у упоредно проучавање индоевропских језика, (превод од француски Б. Дреновац) Београд, 1965.

Dušan TOMOVSKI

ZUR FRAGE DER PRINZIPIEN DES ETYMOLOGISCHEN WORTERBUCHS

(Zusammenfassung)

Der Autor vertritt die Aufsicht, daß allgemeingültige Prinzipien für die Zusammenstellung eines etymologischen Wörterbuchs nicht existieren und daß sie auch nicht geschaffen werden können, da die Etymologisierung von der Auffassung der hypothetischen indoeuropäischen Sprache abhängig ist, die in vielen Punkten individuell ist. An mehreren Beispielen versucht er es auch zu beweisen. Er gibt eine Konzeption für etymologische Zusammenhänge, die auf Grundlagen von Theorien für die indoeuropäischen Wurzel von De Saussure, Benveniste und Otkupščikov beruht.

Владимир ЦВЕТКОВСКИ

ЗА НЕКОИ АРХАИЗМИ ВО ДЕЛАТА НА ПАТРИК УАЈТ

Австралискиот нобеловец Патрик Уајт (1973 г.) има создадено мошне богата книжнина. Автор е на повеќе романи: *Вос, Дрвото на човекот, Тетkината прикаска, Живи и мртви, Тврдата мандала, Окото на бурата*; две збирки раскази; четири драми и многу други дела публикувани во различни литературни списанија. Во сите овие книжевни творби присутен е австралискиот пејзаж и поднебје и одекнува специфичниот звук на австралискиот англиски јазик на кој зборува обичниот човек. Критиката го вбројува меѓу најзначајните живи писатели и го смета за еден од најрафинираните романописци што пишуваат на англиски јазик денес.

За неговиот стил е речено дека е зачудувачки прецизен а неговиот дијалог беспрекорно јасен. Меѓутоа, речиси во сите дела се среќаваат архаизми што се одлика на австралискиот колоквијален англиски јазик, кои во формата во која тие ги среќаваме во делата на Патрик Уајт можат да создадат забуни и погрешно да бидат интерпретирани, особено при преведувањето од англиски на некој друг јазик, во даденив случај на македонски.

За да се објаснат формите со кои се презентирани овие архаизми што ги употребува Уајт, потребно е да се направи дијахрониски осврт и на тој начин да се расветли процесот на нивното еволуирање од матичниот англиски јазик во австралискиот англиски.

Англискиот јазик не бил чуен во Нова Холандија, како што Холанѓаните ја нарекле денешна Австралија сè до 1668 година кога Англичанецот Вилијам Дампиер (William Dampier) го посетил нејзиниот северозападен брег. Сепак, населувањето на Австралија со Англичани започнало дури по 1770 година кога пристигнува Џејмс Кук (James Cook). Всушност, првите населби почнале да се подигаат од 1788 година кога во близината на Сиднеј било одредено местото за првата населба за затворениците што биле донесени од Англија. Сите доселеници не биле затвореници, ниту пак затворениците биле тешки криминалци, имало доста слободно население што ја напуштило Англија поради тешките економски услови за живот.

Од самиот почеток англискиот јазик што бил донесен во Австралија разликувал две форми: обичен говорен јазик кој поради социјалната структура на населението содржел доста субстандардни форми, жаргон, како и архаизми кои во литературниот јазик исчезнале многу поодамна; образовен јазик кој го следел историскиот развиток на стандардните граматички форми на модерниот англиски јазик.

Ваквата двојност на англискиот јазик што се јавила уште во моментот кога тој бил донесен во Австралија се запазила до денес. Бројноста на архаизмите што се задржале во обичниот говорен јазик се забележува и во говорот на извесни личности, во делата на Патрик Уајт како основен белег на нивниот идиолект.

На архаичноста на фонолошката компонента на говорот нема посебно да се задржуваме, зашто иако Патрик Уајт создл посебена графиски систем за да може да се долови акустичкиот ефект на нивниот говор, тешко може од графемите да се реконструира квалитетот на одделни фонеми или алофони, без да се чуе нивниот изговор, за што во даденив момент немаме можност. Меѓутоа, ваквиот начин на презентирање на фонолошката компонента на одделни морфеми ја замаглува стандардната форма на морфемите поради што се отежнува откривањето на нивните семантички компоненти.

Овде ќе го анализираме графискиот систем на Патрик Уајт и ќе го поврземе со стандардните форми на литературниот англиски јазик што еволуирале во својот историски процес.

Морфемата {-ing} која е постбазичен флексивен суфикс со кој кај глаголите се образува сегашен глаголски прилог, односно герунд, Уајт графиски ја дава со < un > :

„Boys," she said, „never go much on *kissun*."

The Tree of Man стр. 119

„I will not be *denyun* you are lucky."

Ibid. стр. 121

„There is *nothun* I so much enjoy," she said, „as talk on *interestun* subjects with a friend."

Ibid. стр. 121

Во некои случаи оваа морфема се предава со графемата < к > :

„But must of done *somethink*. . . ."

The Solid Mandala стр. 16

Во истиов пример морфемата {have} графиски е предадена како < of > :

„But must *of* done somethink.

Секако дека вавкото графиско претставување на овие морфеми, служи за да се предаде специфичниот изговор на истите во говорниот јазик.

Морфемата {-ing} во идиолектот на некои личности се изговара како [n], односно [k].

Паѓа в очи начинот на кој се означува неизговарањето на извесни фонеми во говорот на одделни личности, со знакот < ' >:

Фонемата /h/ на почетокот на зборот:

—'Well, I '*avent*!' she protested. 'I got me legs, and will be able to get from '*ere* to anywhere and bring '*ome* the shopping, while Igot me strength.'

Five Twenty стр. 170

—'Never '*eard* of '*em*.' Said Mrs. Dun.

The Solid Mandala стр. 14

Неизговорувањето на фонемите /d/ и /ð/ не е означен со посебен графиски знак:

„Well, good luck, *an* God save *um*, the little children"

The Tree of Man стр. 120

„... *An* one day I will have them threaded on a silver wire, wear with me best dress, on particler occassions."

Ibid. стр. 119

Формите на овие морфеми во стандардниот литературен англиски јазик се презентираат како *and* и *them*.

Фонолошките разлики што се јавуваат меѓу стандардните форми во англискиот јазик и идиолектните форми на личностите во делата на Патрик Уајт условуваат и соодветни морфолошки отстапувања.

Кај сложените глаголски времиња што се состојат од помошен глагол и глаголска придавка, помошниот глагол се изостава:

„There was a Chinese woman lived on a hill up at the back..... I seen her once".

The Solid Mandala стр. 13

Во случаи каде што помошниот глагол *to have* е ненагласен, кој веројатно се изговара /v/ графиски го дава како *of*

„But must *of* done somethink."

Ibid. стр. 16

„... We mightn't *of* got to know each other."

Ibid стр. 11

Графиски личната заменка за второ лице *you* ја дава како *yer* веројатно поради изговорот /jə/ на истата.

„I warn *yer* Mr Brown,"

A Woman's Hand стр. 47

„. . . They might bite *yer*."

The Solid Mandal стр. 20

Еднинската форма на глаголот во просто сегашно време ја дава со подмет во множина:

„Its the shops that *gives* it life."

Ibid. стр. 11

Слично на горните примери среќаваме отстапувања во минатото време еднина од глаголот *to be* да се употребува со подмет во множина:

„We *was* young and shy . . ."

Ibid стр. 12

„What *was* we talking about!"

Ibid. стр. 18

Архаичноста на горните примери не би можела со сигурност да се утврди, тоа можат да бидат регионални разлики што природно се јавуваат во јазиците, а уште повеќе тие можат да бидат означени како субстандардни форми кои се среќаваат и во британскиот колоквијален англиски јазик.

Овде посебно ќе се задржиме на неколку архаични форми кои можат историски да се лоцираат во средниот период на историскиот развиток на англискиот јазик.

Во парадигмата на личната заменка за прво лице еднина во англискиот јазик денес ги среќаваме следните форми: *I, my. mine, me.*

Во делата на Патрик Уајт, во идиолектот на одделни личности се среќаваат следните форми: *I, me,* (ген.) *mine, me.* (ак.).

Речиси по правило посвојната придавска форма *me* на личната заменка за прво лице I се јавува во голем број примери:

„I can't answer for every part of *me* body."

The Tree of Man стр. 143

„Its *me* nature, I am like this," he cried.

Ibid. стр. 146

„Ah, no, no, Stan. I don't want to waste *me* time."

Ibid стр. 156

—'Well, I 'aven't! 'she protested. 'I got *me* legs, and will be able to get from 'ere ot anywhere and bring 'ome the shopping. While I got *me* strength.'

Five-Twenty стр. 170

Ваквото графиско претставување на посвојната форма {< *me*}, не се разликува од дативско-акузативската форма на личната заменка I за прво лице $\{me\}_2$.

„Let *me* look at you."

The Tree of Man стр. 364

Генитивската форма (mIj) е архаична форма, аломорф на генитивската морфема на личната заменка за прво лице: {min} ~ {mi} од средноанглискиот период. Ако именката почнувала со самогласка се употребувала формата {min}; кога именката почнувала со согласка тогаш се употребувала {mi}, но имало и исклучоци. Ваквата употреба се задржала сè до осумнаесеттиот век кога почнува формата {my}, сега и со поинаква графиска форма, да ја презема функцијата на посвојна придавска заменка, додека формата {mine} почнува да се употребува како присвојна заменка. Во стандардната форма присвојната придавска заменка {my} се изговара (mai), каде според големото преместување на вокалите (The Great Vowel Shift) долгото (I:) преминало во /ai/. Иако оваа фонетска промена што ги зафатило англиските долги вокали започнала во петнаесеттиот век, таа не го опфанала говорот на сите слоеви на општеството. Форми со недифтонгизирано /I:/ продолжиле и натаму како субстандардни. Како такви тие биле однесени во Австралија и се задржале до денес.

Архаичниот изговор се здржал и во повратната заменка за прво лице еднина:

„It is only when the drink takes hold that I get a bit above *meself*, and then would do no harm onyway, I am pretty certain not."

The Tree of Man стр. 146

„I was never one," she said, „not to keep *meself*, and mind me own business."

The Solid Mandala стр. 21

Формата <'*e*m> што ја среќаваме во делата на Патрик Уајт претставува исто така архаична форма на некогашниот акузатив. Староанглиската форма {hem} продолжила да се употребува во говорниот англиски јазик сè до осумнаесеттиот век. Формите со *th-* се од скандинавско потекло, позаени во подоцнежниот стар период и веќе се среќаваат во средниот период. Но тие во потполност не ги потиснале староанглиските историски форми со *h-* кои продолжиле да живеат во говорниот јазик како субстандардни и архаизми. Како такви тие биле однесени во Австралија кои и натаму суштествуаат во колоквијалноит јазик.

„Never 'eard of '*em*," said Mrs Dun.

The Solid Mandala стр. 14

„Well, good luck, an God save *um*, the little chidren."

The Tree of Man стр. 120

Сметаме за потребно да укажеме на некои архаизми и во синтаксата на јазикот во делата на Патрик Уајт.

Многукатната негација била сосема природна, меѓу другото се користела и како средство за засилување на негативното значење на изразот.

Од осумнаесеттиот век наваму кога било истакнато дека две негации даваат потврдно-позитивно значење, слично како во математиката или логиката, во англискиот јазик почнува само со еден негативен збор да му се дава одречно значење на целиот израз. Ако многукатната негација била исфрлена од литературниот јазик, обичниот човек во својот говор и натаму ја употребувал. Во говорот на некои карактери во делата на нашиот автор среќаваме многу примери со двојна негација:

„*Don't* you have *nothun* to say to your husband now?"

The Tree of Man стр. 86

„I am *not* sayun *nothun* at all."

Ibid. стр. 121

Во староанглискиот јазик генитивските форми можеле да се употребат со адвербијално значење. Таквата функција на овие форми се задржала доста долго во говорниот јазик; таа била сè уште жива во периодот на преселувањата како во Америка така и во Австралија, зашто таму тие и денес се среќаваат. Траги од ваквата употреба на генитивските форми среќаваме и во делата на Патрик Уајт. Ова е важно да се подвлече зашто графиски тие не се разликуваат од множинските форми на {— s}. При преведувањето тие треба да се преведуваат како прилози за време.

On *mornings* when she left him to buy their chops and look round David Jones, Harold Fazackerly used to go to the parks....

A Woman's Hand стр. 51

Most *evenings*, *wheather* permitting, the Netwicks sat on the front veranda to watch the traffic.

Five-Twent" стр. 169

Со ова не се исцрпени сите лингвистички проблеми што ги наметнува богатото дело на Патрик Уајт. Овде укажавме на некои архаизми што, всушност, претставува историски континуитет на граматичките форми што исчезнале во матичниот јазик, а кои биле пресадени во Австралија со преселувањето на првите жители од Англија во осумнаесеттиот век. Нивното расветлување и препознавање е особено значајно за идните преведувачи на делото на Патрик Уајт кои ако не ги земат предвид може да доведе до погрешна интерпретација на семантичките компонети.

LITERATURA

Pyles, Thomas. 1964. *The Origins and Development of the English Language.*fHarcourt Brace Jovanovich, Inc. Nz York.

Turner, G. W. 1966. *The English Language in Australia and New Zealand.* Longmans. London.

Quirk, R./C. L. Wren. 1957. *An Old English Grammar.* Holt Rinehart and Winston, Inc. New York.

The Australian Pocket Oxford Dictionary, 1978. Oxford University Press, Melbourne.

White, Patrick, 1976. *The Tree of Man* Jonathan Cape. London.

The Solid Mandala. Jonathan Cape. London.

The Cockatoos, Jonathan Cape. London.

Vladimir CVETKOVSKI

ON SOME ARCHAISMS IN PATRICK WHITE'S WORKS

(S u m m a r y)

The language in Patrick White's works bears all characteristics of what has been termed *Broad Australian* 'in wihch local characteristics are more marked.' This can be particularly noticed in the idiolect of some characters of the common stock.

Archaisms which were still current in eighteenth century English had been transplanted in Australia where they have continued to exist unti the present day.

The graphemic form by means of which they have been rendered in White's works may raise some problems, particularly to the future translators.

In this paper an attempt has been made to elicit diachronically the origin of the genitive forms such as *me own business*; objective forms of the personal pronoun third person plural: *Never 'eard of 'em*; old genitives used adverbially, double negation etc.

Doreana HRISTOVA

LE PASSIF EN MACEDONIEN

(Résumé de la thèse du Doctorat de 3-e cycle)

En général les caractéristiques qui concernent presque tous les énoncés macédoniens sont:

1) l'article défini est postposé, à trois formes, qui sont obtenues par analogie aux adjectifs et pronoms démonstratifs (ex. pour le masc. sing.: -от → тој, -ов → овој, -он → оној).

L'emploi de cet article nécessite une relation avec la forme pronominale brève au datif ou à l'accusatif: (jac) *го* бакнувам детето

* je l'embrasse l'enfant → j'embrasse l'enfant

En macédonien il apparaît une relation d'identification entre GO (le) et deteTO (*l*'enfant).

(jac) го бакнувам моето дете

je *l'embrasse mon enfant → j'embrasse mon enfant

Si on dit „едно дете пее", on pense à *un certain* enfant qui chante, et non à * дете пее

* un enfant chante

(la forme de „un enfant chante" est incorrecte en français et pour exprimer le sens de cette forme on recourt aux expressions C'EST... QUI IL Y A... QUI:

c'est un enfant *qui* chante;

il y a un enfant *qui* chante

2) L'existence de trois groupes verbaux dont la voyelle flexionnelle du thème se termine en -a (гледа=voir, en -e (спие=dormir), en -*i* (учи= apprendre, enseigner). Cette classification est faite à partir de la 3-ème personne du singulier qui en même temps représente la forme de l'infinitif macédonien qu'on fait précéder souvent par la conjonction ДА + CE imppersonnel ou bien „da" trouve place devant n'importe quelle personne:

да се спие; да се учи
dormir apprendre

да учам, да учиме
que j'apprenne, que nous apprenions

3) Les temps composés sont construits le plus souvent à l'aide de l'auxiliaire СУМ (être):

Така замислена *сум влеѓла* во погрешна соба
=влегов

Ainsi préoccupée de mes pensées, -je suis *entrée* dans une autre pièce. („влегов" — il y a peu de temps depuis que je suis entrée,
„сум влегла" — je suis entrée, mais on ne sait pas quand exactement)
La deuxième partie de la paraphrase „сум влегла" représente la forme verbale se terminant en -l.

Avec l'auxiliaire „сум" cette forme fait partie du passé indéterminé macédonien: сум бил (а, о)
*suis été j'ai été;

сум имал (а, о)
*suis eu → j'ai eu

бев плачел (а, о)
*étais pleuré → j'avais pleuré

L'opposé du temps de passé indéterminé c'est le temps du passé déterminé qui peut être employé aussi bien au perfectif, c.-à-d. au passé fini (влегов = je suis entré) qu'à l'imperfectif, c.-à-d. au passé non fini (влегував=j'entrais).

La forme verbale se terminant en -l (le participe passé actif) se construit à partir de tous les verbes et elle implique nécessairement l'action qui se déroule au passé. L'énoncé „Да не сум те *видел* повеќе таму" (que je ne te voie plus là-bas!) indique plutôt le futur.

Quant aux participes présents actifs et passifs, en macédonien ils sont devenus de vrais archaïsmes, mais on peut les rencontrer même aujourd' hui, en bulgare par ex. dont le participe présent actif possède le morphème final -št (bulg. идвашт bulg. гледашт
mac. кој доаѓа mac. кој (што) гледа
fr. qui vient; fr. qui voit)

Le participe présent passif bulgare se termine en -*im*, -aem: *іоворим* език → јазик на кој се зборува (mac.)

fr. la langue *à laquelle on parle (la langue que l'on parle)

Le participe bulgare „почитаем" (honorable), s'approche plutôt d'un adjectif: mac. почитуван.

Le participe serbo-corate „спаваќа" dans спаваќа кола d'après sa forme rappelle le participe présent actif, mais son sens est en fait passif, c.-à-d. il ne s'agit pas d'un „wagon qui dort", mais de „celui où l'on peut dormir" (wagon-lit), en macédonien: кола за спи.ење.

4] L'adjectif verbal macédonien (le participe passé français) possède les terminaisons -н, -на, -но, -ни et si le verbe possède déjà le phonème -n-dans son radical, la terminaison verbale N passe à T: -т, -та, -то, -ти.

L'adjectif verbal macédonien peut jouer le rôle d'un substantif, d'un attribut, d'un adverbe, ou il peut remplacer toute une relative.

Ex. d'adjectifs verbaux jouant le rôle des substantifs: минатото (le passé), умрениот — pris comme l'équivalent de „мртвовецот" (le mort), непознатиот (l'inconnu);

Ex. d'adjectifs verbaux considérés en tant qu'attributs: *пожолтена* kniga (un livre *jauni*), *izgorena* kuća (une maison *brulée*), *zaripnat* glas (une voix *devenue rauque*);

Ex. d'adjectif verbal remplaçant un adverbe:

Таа воздивна *олеснато*
elle soupira *avec soulagement*

Ex. de l'adjectif verbal qui remplace aussi bien une relative: Горан, уморен, наеднаш заспа

Fatigué, Goran, tout de suite s'endormit

Горан беше уморен
Goran était fatigué
Горан наеднаш заспа
Goran tout de suite s'endromit.

Го најдов Горан *заспан* (j'ai trouvé Goran *endormi*- en train de dormir),
Го најдов Горан *кај* (каде)*спие* (j'ai trouvé Goran **où il dort*)
Го најдов Горан *како спие* (j'ai trouvé Goran **comme il dort*)
Го најдов Горан *да спие* (j'ai trouvé Goran **dormir* „j'ai trouvé Goran en train de dormir"=Го најдов Горан како (каде, да) спие

L'énoncé: Така венеше цветот незабележан од никого

* Ainsi se fânait la fleur inaperçue de personne →

→ Ainsi se fânait-elle la fleur que personne n'apercevait

comprend une double négation qui représente un trait caractéristique pour toutes les langues slaves

De meme: *не*научен на *ништо*

*ignorant à rien →

→ ignorant a tout

Il y a beaucoup d'adjectifs verbaux macédoniens qui dans la traduction française prennent tout à fait une forme différente.

Ex.: Ги слушам *распеаниште* птици → Ги слушам птиците *кои пеат распеани* птици
des oiseaux *en train de chantrer*
развеселени луѓе( ) ⊆ ( ) r b

des gens *en train de devenir gais*
s'amuser,
расплакани очи
des yeux *en train de pleurer,*
затрчано дете
un enfant qui est *en train de courir.*

Dans tous ces exemples macédoniens il s'agit des adjectifs verbaux à l'imperfectif, précédés des préverbes. L'action qui est en train de s'accomplir est aussi bien marquée par les tournures locatives du genre:
Тој е *на скијање*
à coté de: тој е *отиден на скијање*
(il est *en train de faire du ski*)
a ( ) ⊆ < ( ) r b
Тој е *на шетање*
il est *en train de faire une promenade* (une excursion)
Јован *чита* книга (сега)
C'est Jean qui est *en train de lire* un livre
< ( ) ⊆ a < ( ) r b

Dans certaines expressions françaises le causatif „faire" est traduisible en macédonien:
Le mauvais temps *m'a fait* rentrer chez moi
лошото време *ме натера* да се вратам дома
mais il est encore mieux de dire:
Поради лошото време се вратив дома.
De meme: *Покрај него таа заборави* на својата мака.
Il lui fit oublier son malheur.

Le causatif „faire" suivi de l'infinitif d'un verbe donne l'aspect factitif à la phrase dans laquelle ils sont employés.

Quant à „se faire", il n'est pas du tout traduisible en macédonien, c.-à.-d. dans la traduction cette expression est omise, ou on l'exprime d'une autre manière:

Il se fait soigner par un médecin.

тој се лекува кај еден лекар
тој е лекуван (лечен) од еден лекар

Pour ces énoncés en anglais il apparait la concomitance (rapport de simultanéité entre deux faits, deux phénomènes) du genre:

Paul a Jean qui le soigne
b ⊇ a *e* ( ) r ( )

Les noms se terminant en — NJE sont des noms verbaux, obtenus des verbes imperfectifs, Ils indiquent une action qui est en train de se développer:

PREDICAT	AGENT	NOM INDIQUANT L'ACTION QUI EST EN TRAIN DE SE DEVELOPPER	NOM RESULTAT
гради	градител	градење	градба
construire	constructeur	construction	construction

En français on ne fait pas de distinction entre les noms dont l'action est en train de se dérouler et celle qui représente déjà un résultat de cette action, ce qu'on distingue parfois en macédonien.

Les noms verbaux macédoniens sont très productifs et souvent on les retrouve dans les contextes suivants:

не сум *за седење*

* je ne suis pas pour ,masseoir je ne peux pas m'asseoir (je n'ai pas de temps).

La forme verbale non finie et son aspect prospectif sont bien soulignés par les constructions du genre:

Има три чинии *за миење* (три чинии се за миење)

il y a trois assiettes *à laver* (prospectif)

Tandis que si l'on dit: Три се измиени.

Ги има три *измени* [ ]

Il y *en* a troïs *de lavées*

il s'agit déjà d'une forme verbale qui est finie, d'un état et d'un produit,, c.-à-d. de l'aspect révolu.

Dans cet énoncé il apparaît la reprise anaphorique exprimée par ,,en . . . de":

il y *en* a trois *de* lavées

il y a [( ) $\subseteq$ assiettes trois [( ) $\subseteq$ assiette] lavées

EN DE

,,Lavées" peut être formulé de la sorte: Q_1 x $\subseteq$, où la notion de la quantification est présentée par Q, *x* indique un objet quiconque et $\subseteq$ est un opérateur de la relation primitive dont nul énoncé ne peut se passer. En fait c'est un bon exemple d'un des cas de la passivation. Les données qui ne sont pas homogènes dont on choisit un terme de départ dans la relation primitive font l'image du procès de la passivation.

Si on prend *a* comme source de la relation primitive et *b* comme son but, la relation est orientée par ex. à l'actif de l'agent vers l'agi: -eur-$\overrightarrow{}$-é
(mangeur → (mangé)
tandis qu'au passif on a une orientation dans l'autre sens

-eur $\overleftarrow{}$ -é

ou bien: -é $\overrightarrow{}$ -eur

Quand on dit en français: *il y a* la tasse de cassée, „il y a" est la mise en situation.

De même: *Il y a* les trois assiettes *qui* sont en train d'être lavées
ou bien encore: *ce sont* les trios assiettes *qui* sont en train d'être lavées.
Ici il est souligné le déroulement de l'action elle même, c.-à.-d. son aspect imperfectif ou la durée de cette action

Quant à la place du participe passé en tant qu'attribut, en général il; précède le substantif auquel li se rapporte:

Овде има пет *скинаѓи* трендафили.
* ici il y a cinq *cueillies* roses
ici il y a cinq roses *cueillies*...
Скинаѓи трендафили има пет.
des roses *cueillies* il y en a (sont au nombre de) cinq.

D'après la règle générale en français, les adjectifs dérivés et les participes passés sont placés après le nom:

Тоа се пет*ѓе скинаѓи* трендафили од градинарот.
ou bien: тоа се *скинаѓите* пет треднафили од градинарот.
(ce sont *les* cinq roses *cueillies* par le jardinier.)

En poèsie on dirait parfaitement:
трендафили *скинаѓи* пет
des roses *cueillies* cinq.

Il ne s'agit pas de passif dans les constructions suivantes:
стаклото е кршливо (le verre *est cassable*)
„Крши" (casser) ıeprésente un verbe irréversible et il assimile un changament d'état. C'est un verbe résultatif. On dit: Има една скршена чаша
il y a une tasse de cassée
Mais il est incorrect de dire: *една чаша *се скршува*
(*il y a une tasse qui *est en train de se casser*) (de casser)

Par contre le verbe „attaquer" (напаѓа) est agentif, c.-à-d. non résultatif:

l'énnemi attaqua. (непријателот нападна)
l'ennemi est en train d'attaquer (непријателот напаѓа).

Dans „le verre est cassable" il s'agit de la propriété physico-culutrelle du verre de casser facilement.

Souvent les tournures impersonnelles possèdent le sens passif:

го удрија
ils l' ont frappé → on l'a frappé,

го удираат
ils le frappent → on le frappe,

ќе го удрат
ils le frapperont on le frappera;

ми носат доручек
ils m'apportent le petit déjeuner
on m'apporte le petit déjeuner.

Dans tous ces énoncés l'agent est éffacé:

ме забележаа → некој ме забележа (мене)
ils m'ont aperçu → quelqu'un m'a aperçu

ø () забележа мене
Δ i ( ) r b

a r b → некој ме забележа
Δ i b r

a r b ←
(b r a) → јас сум забележана од некого
je suis aperçue par quelqu'un
b ⊆ ( ) r b ∈ Δ i

Некој ме забележува
quelqu'un m'aperçoit

јас сум забележана (од некого)=je suis aperçue par quelqu'un
←
јас се забележав (на стаклото од излогот)
je me suis aperçue (sur la glace de la vitrine)
↓ agent

En macédonien on a la même traduction pour les énoncés français:

la branche *casse*
гранката *се крши*
la brache *se casse*
гранката *се крши,*

De même: ici on paye tout \
овде сé се плаќа
ici tout se paye /

Pour „ici tout est payable" on recourt à la pronominalisation:

(ici tout est à payer)
овде сé е за плаќање

On peut encore construire des énoncés impersonnels à partir de tous les verbes si on utilise la 3-ème pers. du sing. précédée de SE impersonnelel.

Ако *се* има пари добро *се* живее.
Si *on* a de l'argent *on* vit bien. ,
Parfois „човек" (*on* en français < homo) ne peut pas être omis: Не знае *човек* што да прави. *On* ne sait pas que faire,
„„„не знае што да прави"" est très indéfini ou bien cet énoncé se rapporte à la troisième personne d'un sujet connu: *il* ne sait pas que faire.
Au singulier on emploie „човек"=homme → on, sans article défini et par contre au pluriel on a besoin de cet article: луѓето (*les* gens).
Ex.: Не знаат луѓето што да прават
on ne sait pas que faire;
Луѓето велат дека ќе се подобри времето
* les gens disent que le temps va s'améliorer → on dit que le temps va s'améliorer, sauf dans les tournures locatives qui indiquent une reprise anahporique:
Има луѓе кои велат дека...
il y a des gens qui disent que...
(il y a certaines gens qui disent que... — il s'agit d'une extraction).
On français correspond en macédnien à:

— la 2-éme pers. sing.
(што ќе посееш, тоа и ќе пожнееш)
on récolte ce qu'*on* a semé
— la 3-éme pers. sing.
(тука *се зборува* француски)
ici l'*on parle* en français
— la 3-éme pers. du pluriel
(*ми рекоа* да тргнам по овој пат)
on *m'a dit* de prendre ce chemin.

Les constructions qui utilisent la forme pronominale brève à l'accusatif ME ne peuvent pas être précédées par S^E réfléchi:
ме оценија → јас сум оценета
on m'a attribué une mension;
ме мачи → измачен сум
cela me tourmente → je suis tourmenté
ме * се мачи → ми * се мачи → ми се смачува (ми се смачи)
je me sens mal

Avec l'emploi de la forme pronominale brève au datif MI, il est obligatoire d'ajouter la particule réfléchie *se*:
добро ми е → ми се подобрува (ми станува подобро)
je me sens bien → je me sens mieux,
ce qui rappelle les tournures impersonnelles du genre:
ми се јаде (j'ai faim),
ми се спие (j'ai sommeil),
ми се пее (je veux chanter),
ми се игра (je veux danser) etc.,

mais „пријатно ми е“ ne passe pas à:
ми се * (с)пријатнува → ми станува пријатно
je me sens à l'aise
Exemples d'expressions achaïques macédoniennes:
блазе ми! → блазе (си) на мене!
que je suis heureux!
Mais on dit: *тешко мене*! → тешко (си) на мене
que je suis malheureux!
*тешко ми — accroche un peu
autre sens: тешко ми е (je me sens mal)
Ми се насмеа среќата → среќата ми е насмеана
la chance m'a souri
Ми го извадија забот → забот ми е изваден
on m'a arraché la dent,

моето дете спие — детето ми спие — *за*спано ми е детето
(mon enfant dort) (mon enfant dort) (mon enfant est endormi,)

моето дете се изгуби — детето ми се изгуби — изгубено ми е детето
(mon enfant est perdu) (mon enfant est perdu) (mon enfant est perdu)

Читана ми е таа книга (ce livre est lu par rapport à moi) j'ai lu ce livre

Прочитана ми е таа книга
j'ai lu ce livre *jusqu'au bout*

On rencontre IMA (il y a) impersonnel dans les constructions locatives:
Има духови во Шкотска.
il y a des fantômes en Ecosse.
il existe des fantômes en Ecosse.
il se trouve des fantômes en Ecosse.
Има *едно* дете во градината.
il y a *un* enfant dans le jardin.
Има ø деца во градината.
il y a des enfants dans le jardin.

L'expression IL Y A est intraduisible en macédonien dans le cas de:

Il y a Jean qui est en train de réparer sa bicyclette
Јован (сега) го поправа велосипедот
Mais on dit en macédonien: има луѓе кои велат дека...
il y a des gens qui disent que...
(on dit que...)

Има attribue aussi à la construction de l'impératif:
Има да пишувам! (треба да пишувам, морам да пишувам)
que j'écrive! il faut que jéccrive, je dois écrire

C'est une autre chose: имам да пишувам
(имам за пишување) j'ai à écrire —
il s'agit d'une forme du futur d'obligation.
La forme négative de „има" (не + има → нема)
fait partie de la construction de l'impératif:
Нема да плачеш! (немој да плачеш! не плачи!)
ne pleure pas!

La paraphrase de ИМА + l'adjectif verbal, employé toujours au neutre, construit les temps composés du passé:
имам платено=сум платил, платив
j'ai payé
имав платено=бев платил
j'avais payé

Les verbes impersonnels qui indiquent des phénomènes naturels à la forme préfixée reçoivent la particule réfléchie СЕ: грми дува
il tonne il fait du vent
се *раз*дува се *раз*грме
De meme: вика — се *раз*вика
il crie
On distingue trois genres de verbes pronominaux:
— verbes pseudo-réfléchis:
Горан се фали (Горан се loue soi-meme)
a ( ) agent
qui est différent de: Горан го фали Иван ayant le sens de:
Goran est contant de Yvon, ou bien:

Goran loue Yvon.
Горан го фали Иван
Il est incorrect de dire *вие се воспитувате од нас
* vous vous élevez par nous
→ ние ве воспитуваме
nous vous élevons (c'est nous qui vous élevons),
bien que „ти си казнет од учителот" soit très courent.
tu es puni par ton maître
— verbes réfléchis — réciproques:
Тие се сакаат
ils s'aiment (L'un L'autre)

— verbes réfléchis à sens passif
demandent l'emploi de SE impersonnel qui précède la troisième personne de n'importe quel verbe;
ex.: Оваа риба *ce jage* пресна.
On mange ce poisson frais.

Quant à l'emploi des pronoms réfléchis SE, SI on peut remarquer qu'en macédonien celui de SI est presque toujours facultatif:
(Си) бил еднаш еден крал...
il était une fois un roi...
(*Си*) имав куќа во Гевгелија
j'avais (*pour moi-même*) une maison à Gevgelija.

Si „се" réfléchi précède „има", le sens change totalement: се имам со = j'ai de bonnes relations avec...
се имам за (се сметам за)=je me considère comme...
Souvent SI remplace „свој", „мој":
Го сакам татко *ми* → го сакам *мојот* татко
Го сакам татка *си* → го сакам *својот* татко
(j'aime mon père)
Си го сакам татка си → си го сакам својот татко
* Го сакам татко си
Тој ја виде *својата* ќерка (il a aperçu *sa* fille)
Тој ја виде ќерка *си* (il a aperçu *sa* fille)
Тој ја виде *неговата* ќерка (il a aperçu *sa* fille)
Го сакам *мојот* дом (го сакам *својот* дом)
j'aime ma maison

(си) го сакам домот
*го сакам домот *ми*
* го сакам домот *си*

Les particules SE, SI faisant précéder certains verbes, souvent attribuent au changement de leur sens:

се смее	(си) смее	си се смее	*на*смеан сум
rire	oser	rire	je suis en train de sourire
се плаче	си плаче	си се плаче	расплакан сум
se plaindre	pleurer	se plaindre	je suis en trin de pleurer
се гледа	си гледа	си се гледа	*за*гледан сум
se voir	regarder	se voir	je suis en train de regarder qqpart.

La passivation est nécessairement liée à l'aspect qui en macédonien est exprimé grâce aux préverbes, tandis qu'en français il faut partir du contexte lui-même.

Ја *чӣтам* книгата (je *suis en train de lire* le livre)
Ја *ӣпро*читав книгата (j'ai fini le livre)

збори	*ӣпро*збори (*за*збори)	се *за*зборе
parler	se mettre à parler (l'inchoatif)	être en train de parler (le progressif)

A l'impératif à la forme affirmative on emploie soit l'imperfectif, soit le perfectif:
тргни по патот (il s'agit du sémelfactif — aspect perfectif où l'action s'accomplit une fois pour toutes)
Тргну*вај* по патот! — aspect imperfectif.

Mais à la forme négative on n'emploie que l'imperfectif: * не тргни по патот

не тргнувај по патот
ne prends pas ce chemin!

*не седни на трева!
не седи на трева!
ne t'assieds pas sur l'herbe!

Le sémelfactif macédonien est bien marqué par un -n- intercalé:

вик -н- а, рипна, писна
quelqu'un cria, sauta, poussa un cri.

Le déroulement d'une action c.-à-d. sa forme progressive est indiquée dans l'exemple suivant:
Пченката се вари
le maïs est en train de cuire.

ex. d'inchoatif: пченката се *с*варува
le maïs commence à être cuit

Exemple de l'aspect révolu (du perfectif):
Пченката е сварена (се свари)
le maïs est cuit [ ]

Exemple de l'aspect prospectif: Пченката е за варење
le maïs est prêt à cuire

En macédonien la paraphrase composée de l'auxiliaire СУМ et du participe passé d'un verbe, ne représente pas toujours une construction pas-

sive, c.-à-d. la forme reste passive, mais le sens est actif: доста *сум седен* — forme dialectale devenue archaïque et remplacée par le passé indéterminé: доста *сум седел* → j'ai resté longtemps.

De même „тој е иден" est remplacé par „тој идел"
il venait
„тој е јаден" „тој јадел"
il mangeait

Le participe passé de „сум" — *биден* représente déjà une forme archaïque:
Има бидено нешто ново → има се случено нешто ново
→ треба да се случило нешто ново
il semble que quelque chose de nouveau soit arrivé
Сакам да сум бидена птица → сакам да сум сторена (претворена во птица
Сакам да сум (да бидам) птица
je veux devenir un oiseau
Сега требаше да сум бидена дома
jusqu'à présent il fallait que je fusse à la maison
→ досега требаше да сум отишла дома
jusqu'à présent il fallait que je fusse (allée) à la maison

En fait en macédonien il est difficile de distinguer le passif de l'actif à partir des formes verbales:
засрамен сум=j'ai honte,
расположен сум=je suis en bonne humeur
заљубен сум=je suis amoureux
Tous ces verbes ont un sens actif.

Souvent en macédonien il est également correct de commencer un énoncé par le sujet (par l'agent), par le patient, ou bien par le prédicat:
Ex.: Орачот нивата ја ора.
*Le laboureur le champ laboure.

Орачот ја ора нивата.
Le laboureur laboure le champ.

Нивата орачот ја ора.
*le champ le laboureur laboure.

Ја ора орачот нивата.
*Laboure le laboureur le champ.

Ја ора нивата орачот.
*Laboure le champ le laboureur.

Нивата ја ора орачот.
*Le champ laboure le laboureur.

De même: несреќа се случи
nom+verbe pronominal
un accident est arrivé

се случи несреќа
verbe pronominal + nom
il est arrivé un accident

Случена е несреќа
un accident est arrivé;

Детето се буди.
nom + v. pronominal
L'enfant se réveille

Се буди детето.
verbe pronominal + nom
*il se réveille l'enfant

Детето е разбудено.
l'enfant s'est réveillé.

Лекарот дојде.
nom + v. intransitif
(le médecin est venu)

Дојде лекаорт.
verbe intransitif + nom
Ii est venu le médecin

Дојден е лекарот
le médecin est venu.

*Е дојден лекарот — on ne commence pas un énoncé macédonien par les formes de l'auxiliaire „сум" au présent qui devient très gênant à la 3ème pers. du singulier et du pluriel.

Une relation de possession très intéressante, semblable à celle de l'anglais (ex. dans John's hat) apparaît dans certains énoncés macédoniens:

Горан има *капа* (Goran a un chapeau)
Goran $\in$ kapa — Il s'agit d'une relation entre „Goran" et „kapa" ‹Goran, kapa› , c.-à-d. le syntagme est composé de ces deux éléments.

Капата на Горан.
le chapeau de Goran
капата $\in$ Горан
b $\in$ a

b ( ) ⊆ r a
Капата која ја има Горан.
b ( ) ⊆ r a
Q_1 kapa Q_2 ⊆ loc Goran
Le chapeau qu'a Goran

Горан ОВА та капа
a ⊆ Q_2 b
le chapeau de Goran

Soit les deux syntagmes:
1) ‹мачка, јаде, глушец›
chat, manger, souris
— l'action ici peut être dirigée dans les deux sens: de l'agent vers l'agi et le cas inverse.
2) ‹глушец, биде изеден›
souris, être mangée
-é → -eur

De ces deux syntagmes on peut construire l'énoncé suvaint:
Глушецот е изеден од мачката
Q_1 глушец Q_2 ( ) биде изеден ∈ мачката
la souris est mangéc par le chat
Q_2 Q_1 souris [( ) être mangée] ⊆ le chat
On ne dirait jamais en macédonien:
*Тоа е мачката што го изеде глушецот
c'est le chat qui a mangé la souris
→ Мачката го изеде глушецот.
le chat a mangé la souris.

De même il est incorrect l'emploi du déictique:
* тоа е глушецот што е изеден од мачката
c'est la souris qui est mangée par le chat
Mais on dirait parfaitement:
Тоа е човекот што вчера пристигна.
C'est l'homme qui est arrivé hier.
Ou encore: Еве го човекот што вчера пристигна.
voici l'homme qui est arrivé hier.
Le syntagme de ‹глушец, јаде› donne en français
souris, manger

„on mange la souris", mais en macédonien il est impossible d'employer la construction de *се јаде глушецот. On préfère l'emploi de „го јадат глушецот" (ils mangent la souris) et au perfectif on aura: го изедоа глушецот (ils ont mangé la souris), mais pourtant le meilleur est l'emploi du passif:
Глушецот е изеден.
la souris est mangée.

BIBLIOGRAPHIE

A. CULIOLI, *Transcription sćminaire de D. E. A.* Université Paris VII Département de recherches linguistiques. Paris 1976.

A. CULIOLI, *Aspect linguistique de la nćgation.* Paris 1972, texte ronéo.

J. DUBOIS, *Grammaire structurale du francais — le verbe.* Paris 1967.

J. DUBOIS, *Grammaire structurale du francais — la phrase et les transformations.* Paris 1969.

F. DUBOIS-CHARLIER et D. LEEMAN, *Comment s'initier à la linguistique.* Paris 1975.

M. GALMICHE, *La sćmantique gćnćrative.* Paris 1975.

G. GUILLAUME, *Language et science du langage.* Paris 1964.

B. POTTIER, *Linguistique gćnćrale.* Paris 1974.

B. POTTIER, *Systćmatique des ćlćments de relation.* Paris 1962.

B. POTTIER, *Introduction a l'ćtude des structures grammaticales fondamentales.* Nancy 1969.

N. RUWET, *Introduction a la grammaire gćnćralative.* Paris 1967.

J. STEFANINI, *La voix pronominale en ancien et moyen français.* Aix-en-Provence, 1962

L. TESNIERE, *Elćments de syntaxe structurale.* Paris 1965.

R. L. WAGNER et J. *Pinchon; Grammaire du francais classique et moderne.* Paris 1962.

Б. КОНЕСКИ, *Граматика на македонскиот литературен јазик* (дел I и II), Скопје 1967.

Б. КОНЕСКИ, *Глаголска придавка* „Македонски јазик" — билтен на Катедрата за јужнословенски јазици при Филозофскиот факултет во Скопје год. IV, бр. 7 Скопје, септември 1956.

Д. КИТАНОСКИ, Безлични реченици „Македонски јазик", год. II бр. 3—4, Скопје 1951

Б. КОРУБИН, Две пасивни конструкции во неправилна употреба ин „Македонски јазик" год. II, бр. 2, Скопје, февруари 1951.

Р. УГРИНОВА—СКАЛОВСКА, *Значењата на глаголските префиски во македонскиот јазик.* Скопје 1960.

Р. П. УСИКОВА, *О залоговом значении причастија на -н/-т в македонском литературном језике:* иследованија по славјаискому јазикознанију. Москва 1971.

С. К. ШАУМЈАН, *Структуралнаја лингвистика.* Москва 1965.

Дореана ХРИСТОВА

ПАСИВОТ ВО МАКЕДОНСКИОТ ЈАЗИК

(краток извадок од магистерскиот труд)

(Р е з и м е)

Глаголската придавка во македонскиот јазик може да замени именка, придавка, прилог или цела релативна реченица, пр.:

Горан, уморен, наеднаш заспа

1) Горан беше уморен
2) Горан наеднаш заспа

За следните можни варијанти на изразување во македонскиот јазик:

Го најдов Горан *заспан*
го најдов Горан *кај спие*
го најдов Горан *како спие*
го најдов Горан *да спие*

во францускиот јазик одговараат само два превода:

j'ai trouvé Goran *endormi*
j'ai trouvé Goran *en train de dormir*

Влијанието на глаголскиот вид врз македонските глаголски прилози е очигледно, а тоа често налага перифрастично искажување во францускиот јазик.

Пр.: Ги слушам *распеаните* птици ≃ ги слушам птиците *што пеат; распеани* птици = des oiseaux ∈ *en train de chanter*

() ∈ () r b

Овде станува збор за дејство кое во моментот кога се зборува се одвива и трае, а таа имперфективност е назначена со глаголски префикси.

Глаголските именки со наставка -ње се формирани од имперфективни глаголи. Од некои глаголи во македонскиот јазик можат да се изведат именки чие дејство трајно се одвива (глаголски именки) и резултативни именки, чие дејство е веќе завршено, додека во францускиот јазик оваа перфективност односно имперфективност кај именките е маркирана преку една единствена форма:

пр. *предикат*	*агенс*	*глаголска именка*	*резултативна именка*
гради	градител	градење	градба
(*construire*)	(*constructeur*)	(*construction*)	(*construction*)

Несвршената глаголска изведба и нејзиниот траен вид можат добро да се согледаат преку следниот пример:

Има три чинии за миење = три чинии се за миење
(il y a trois assiettes à laver) дејството трае

Додека кога се употреби свршената глаголска форма која гради пасивна конструкција: три се измиени

ги има три измени

во францускиот јазик има потреба од анафорично повторување искажано преку: „en . . . de: il y en a trois de lavés

il y a $\underbrace{[(\ ) \subseteq \text{assiette}]}_{\text{EN}}$ trois $\underbrace{[(\ ) \subseteq \text{assiette}]}_{\text{DE}}$ lavés

— дејството е свршено [ ].

Ако во реченичниот исказ се земе *а* како почеток и *б* како цел на релацијата, во актив ориентираноста ќе биде насочена почнувајќи $\xrightarrow{\qquad}$ од агенсот и ќе се усмерува кон трпителот на дејството: -ач -н

јадач → јаден

Во пасивот постапката ќе биде обратна: $\xleftarrow{\qquad}$ -ач -н

или: $\xrightarrow{\qquad}$ -н -ач

Дејството во актив може да се формулира: $\overrightarrow{a\ r\ b}$

некој ме забележа (мене) = ils m'ont aperçu (on m'a aperçu)
некој ме забележа (мене) = ме забележаа
quelqu'un m'a aperçu = ils m'ont aperçu (on m'a aperçu)

ø ( ) забележа мене
$\triangle\ i\ (\ )\ r\ b$

Дејството во пасив добива обратна ориентираност: $a\ \overrightarrow{r\ b}\ (b\ \overleftarrow{r}\ a)$

јас сум забележана од некого
je suis aperçue par quelqu'un
$b \subseteq (x)\ r\ b \triangle i$

Или поинаку прикажано: $\xrightarrow{\qquad}$ *некој ме забележа*

$\xleftarrow{\qquad}$ јас сум забележана (од некого)

Кога се употреби рефлексивната форма:
јас се забележав (на стаклото од излогот)
дејствието го врши и го трпи самиот субјект: $\downarrow$ агенс.

Вера АНТИЌ

НЕОБЈАВЕН ТЕКСТ ОД ЖИТИЕТО НА ИЛАРИОН МЕГЛЕНСКИ

Житијата на мегленскиот епископ Иларион даваат мошне интересни податоци во врска со разновидните еретички движења познати во XII век, но најважен е делот од нив во кој се опишуваат богомилите. Точно, овој дел е и најоригиналниот.

Постојат две верзии на неговите житија, поопширна и кратка. Подолгата редакција ја напишал трновскиот патријарх Евтимиј кон крајот на XIV век. Меѓу постарите преписи на Житието, во оваа редакција, се смета текстот од Панегирикот од Троицко Сергиевата лавра во Москва со потекло од XV век.[1] Оваа редакција е позната по изданието на Ѓ. Даничиќ, направено според ракопис од XV век, од Зборникот зачуван во ЈАЗУ,[2] а целиот препишан од Владислав Граматик во 1468—69 година за Димитрија Кантакузин, во манастирот „Пресвета Богородица", во подножјето на Црна Гора. Вакви податоци оставил Владислав Граматик во предговорот кон препишаниот зборник.[3] Друг препис од оваа редакција е познат во Рилскиот панегирик од 1483 година, составен од рилските монаси по иницијатива на игуменот Теофан.[4] Еден препис од XV век издаде и Е. Калужњацки.[5] Ј. Иванов објави еден интересен текст од Житието, но само фрагментарно.[6]

Најстариот текст на Житието потекнува од XIII век, а е зачуван во препис од XVI век, објавен од И. Јацимирски.[7] Овој текст не им бил познат на повеќето истражувачи. Всушност, тој претставува кратка

[1] Ракописот бил заведен под бр. 686, л. 205—278.

[2] ЈАЗУ, IIIа, 47. Л. Павловић, *Култови лица код Срба и Македонаца*, Смедерево 1965, 41.

[3] Đ. Daničić, *Rukopis Vladislava Gramatika. Život Ilariona Moglenskog*, Starine, Zagreb 1869, knj. I, 49.

[4] Д. Цухлев, *История на българската църква*, София 1941, 934, бр. 2., 934.

[5] E. Kałużniacki, *Die Werke des Patriarchen Evthymius*, Wien 1901, s. 27—58.

[6] Й. Иванов, *Български старини из Македония*, София 1970, 421—422; Й. Иванов, *Северна Македония*, София 1906, 41—42, 141—142.

[7] А. И. Яцимирский, *Мелкие тексты и замѣтки*, Известия Отд. рус. яз. Имп. Акад. Наук, 1908, т. 13, II, 149—160.

редакција на Житието. За оваа редакција постојат разновидни мислења во науката.[8] Според некои истражувачи подолгата редакција настанала врз основа на пократката. А. Соловјев зазеде став дека Евтимиј го дополнил првобитниот пократок текст, особено со делови од „Паноплијата" на Евтимиј Зигабен.[9] Д. Драгојловиќ во посебна студија се задржува на овој проблем и заклучува дека составот на Евтимиј претставува проширена верзија на краткото Житие на Иларион, веројатно составено од игуменот Петар.[10]

Како повод за составувањето на опширната верзија од Евтимиј се смета фактот што неговите мошти се наоѓале во Трново, заедно со моштите на Јован Рилски, за кого Евтимиј составил вредно житие. Како побитен аргумент повеќето истражувачи го земаат интересот на патријархот да ги среди односите и да ги искорени еретиците, против кои мошне усрдно се борел и Иларион. Преку личноста на Иларион, Евтимиј веројатно сакал да посочи пример на одличен црковен раководител и служител.

Подолгата редакција, како извор за историјата на богомилството, прв ја искористил Фрањо Рачки, а потоа потполно ја оспорил Н. Благоев со две главни забелешки.[11] Првата е дека подолгата редакција ја напишал трновскиот патријарх Евтимиј, двесте години по смртта на Иларион, а втората — дека целото поглавје за еретиците е препишано од „Паноплијата" на Зигабен, и според тоа нема никаква вредност како историски извор.[12]

Хипотезата на Благоев во нашата историска наука ја прифатиле В. Глушац и Ј. Шидак.[13] Главно и двајцата се согласуваат во некои заклучоци. Трновскиот патријарх дури кон крајот на XIV век го напишал Житието на Иларион, и, за да ги истакне што повеќе неговите заслуги за православната црква превел неколку поглавја за ерменските монофизити, павликијани и богомили. Сето тоа го наталожил врз Житието, како Иларион да се борел против сите тие ереси во Меглен. Поради тоа Житието немало историографско, туку само филолошко значење.[14]

---

[8] E. Kaluźniacki, *Die Werke*... 34—42; А. Соловјев, *Сведочанства православних извора о богомилству на Балкану*. Годишњак друштва историчара Б и Х, V, 1953, 13; Д. Драгојловиќ, *Историографска вредност на житието на Иларион Моленски за историјата на богомилството во Македонија*, Гласник ИНИ, 3, 1974, 139—147.

[9] Патријархот Евтимиј користел само тит. 24 од „Паноплијата" на Зигабен, P. 6. 130. 1200, за павилијаните и тит. 23, P. G. 130, 1173—1189, за монофизитите, но не и делот за богомилите.

[10] Д. Драгојловиќ, *Историографска вредност на Житието на Иларион Моленски за историјата на богомилството во Македонија*, Гласник ИНИ, 3, 1974. 139—148.

[11] Фрањо Рачки, *Богомили и патарени*, Београд 1931, 371—372; D. Obolensky, *The bogomils*, Cambridge 1948, 225—226; Д. Ангелов, *Богомилството в България*, София, 1969, 51—52, 410—412.

[12] Н. П. Благоев, *Беседата на Презвитер Козма*, Годишник на Софийския университет, Юридически факултет, София 1923, кн. VIII, 24.

[13] Д. Драгојловиќ, *Историографска*... 141.

[14] J. Šidak, *Problem bosanske crkve u našoj histerografiji* od Petranovića do Glušca, Rad, JAZU, 1937, 22—23.

Првиот приговор на Н. Благоев и на неговите истомисленици на прв поглед е умесен, додека вториот е погрешен. Евтимиј Трновски, во полемиката со павликијаните и со ерменските монофизити се користел со „Паноплијата" на Зигабен, но не и во полемиката со богомилите.[15] Текстот за богомилите е наполно оригинален. Според тоа и овој дел може да важи како верен историски материјал. Не би требало да пречи тоа што Евтимиј морал да го гради Житието по угледот на современите хагиографии, во кои неминовно било вметнувањето на хиперболизирани и идеализирани моменти но кои не го намалуваат историското значење на материјалите.


Кратката верзија на Житието, главно како и опширната, ги разработува полемиките на Иларион со еретиците, се разбира во една позбиена форма. Во Архивот на САНУ, во ракописот под бр. 147 се наоѓа текст со една кратка верзија на Житието (147—145), досега необјавена. Поради малобројноста на објавените верзии на краткото Житие на Иларион во трудов го објавуваме ракописниот текст фототипски, како и преводот.

Приложеното Житие, во полемиката наспроти Иларион, ги претставува манихеите. Сфаќањата што ги застапуваат манихеите им се блиски и карактеристични на богомилите. Имено, тие тврдат дека господ го создал небото, а земјата и сè што е на неа — друг творец, т.е. ѓаволот. Понатаму, во текстот е истакнато верувањето дека Богородица го донесла Исуса од небото и дека тој привидно се отелотворил. Покрај тоа, еретиците тврделе дека ѓаволот го создал Стариот завет, а крстот го сметале за свој најголем непријател.

Тексот се наоѓа во ракописен зборник, опишан уште од Љ. Стојановиќ,[16] со знаци на јасна српска редакција. Правописните и ортографските белези откриваат потекло на ракописот од XVII—XVIII век. Подеталните анализи на ракописот посочуваат на претходен текст дојден од руска средина.


[15] Види фуснота бр. 9.

[16] Љуб. Стојановић, *Каталог рукописа и старих штампаних књига*, збирка Српске краљевске академије, Београд 1901, 190, 194.




Фотокопија број 1*


* (Во врска со доставувањето на ракописниот текст му благодарам на д-р. Драгољуб Драгојловиќ)



Фотокопија број 2



Фотокопија број 3



Фотокопија број 4

РАСПРАВИЈАТА НА СВЕТИ ИЛАРИОН ЕПИСКОП МОГЛИНСКИ СО МАНИХЕИТЕ. ГЛАВА 32.*

При грчкиот цар Малуил (Мануил), син Комнин, а во Русија при големиот кнез Светополск (Светополк) Изеславич, внук на Јарослав, бугарската земја е уште под грчките скиптри. И во бугарските предели, во градот Меглин (Моглен, Меглен) беше епископот Иларион. Неговото раѓање и поставувањето за епископ ги благовести света Богородица. Имаше во тој град мноштво еретици и имаа толку дрскост, што и самиот цар Мануил за малку ќе отпаднеше од благочестивоста, ако не беше закрепен од Иларион. Свети Иларион, бидејќи го закрепна царот и го благочести своето стадо, поучуваше да останат во православната вера цврсто, да се отстрануваат и преколнуваат од нечестивите еретици: Ариј и Савелиј, Македонијан и Аполонариј, и Ориген, и од нивните списи, од Теодор Мемпсуестиски и Несториј и од неговите ученици: Диоскор, Севир, Евтихиј, Манет, Павле Самосатски, Сергиј, Пир, Павле, и од манихеите кои биле многубројни во градот.

Некогаш, кога Светиот ги поучуваше верниците, дојдоа кај него манихеите, зборувајќи: „Како, имено, ние кажуваме дека благиот Бог бил создател на небото, а на земјата, и за она што е на неа, дека бил друг творец, а вие тоа не го прифаќате во своето лукаво мудрување.“ Епископот одговори: „Како, тогаш, кажува Давид: „Господ наш на небото и на земјата, сè создал по своја желба“; и самиот Господ кажува: „Татко наш кој си на небото, да биде волјата твоја како на небото така и на земјата“; и пак: „Ти се исповедувам тебе Татко Господе на небото и на земјата“. Манихеите рекоа: „Како ние пречистата Богородица ја нарекуваме Горен Ерусалим и кажуваме дека го донесла господовото тело од небото и Исус Христос привидно се отелоторил?“ Епископот рече: „Од кое писание и од кој пророк научивте Богородица да ја нарекувате Горен Ерусалим? — бидејќи евангелистот Матеја јасно кажува: „Исус Христовото раѓање се случи вака: Бидејќи неговата мајка Марија била свршена за Јосиф, пред да се состанат се утврди дека таа зачнала во утробата од Светиот дух и дека по тело го родила Богородица Марија Исуса Христоса. Затоа и Спасителот во Евангелието се нарекува самиот себеси Син човечки. Така, ако би било телото Христосово небеско и нераспадливо, не би било подложно на човечките страсти, посебно на глад и жедност, на сон и замор, и на тага и на солзи, и на други такви (слични). И ако би бил небесен човек, кому би му се Словото приспоило по спојувањето, тогаш не би бил распадлив и смртен и земен, бидејќи небесните жители се нетлеени и бесмртни. И ако би било телото донесено од небото, каква потреба

* Во насловот стои Моглински, а треба Могленски или Мегленски. Два збора во насловот се нечитливи, а по нив следи — глава 32. Поради автентичност имињата се предадени според ракописниот текст.

имало да се овоплоти од дева? Но Господ покажа дека навистина го примил нашето тело од девојка, не привидно, не во фантазијата, како што вие кажувате: „По воскрснувањето им рече на учениците: „Пипнете ги моите раце и нозе и гледате, духот нема тело и коски, како што видите јас имам. Исто така, и телото господово не е од небото, како што апостолот јасно кажува: „Не од ангелот некогаш прими, туку прими од семето Аврамово, поради што морал да им биде сличен на браќата.“ И пак истиот апостол Павле им пишувал на Римјаните за нивните татковци од кои е Христос по тело. И беше изјавено дека Христос зеде распадливо и смртно тело од пречистата Богородица Марија и се овоплоти не со фантазија, туку вистинско човечко тело прими и поради тоа се обрезал во осмиот ден. И само ова единствено е доволно да се покаже дека Христосовото тело било слично на нашето тело, а не е донесено од небото. Исто така, и евангелистите никаде не ја нарекуваа Богородица Горен Ерусалим. Од кого, тогаш, вие примивте таква лоша заповед? Манихеите (рекоа): „Ние, имено, кажуваме дека Стариот Завет бил од лукавот и крстот го сметале за непријател и поради тоа не му се поклонуваме. „Епископот (рече): „Подигнете се луѓе од темнината што лежи над вас и слушнете, ако би бил Стариот Завет од лукавиот, како Христос кажува: „Испитајте го Писмото, бидејќи во него ќе го најдете вечниот живот.“ А писмото е Мојсеево и на пророците, а тогаш уште немало книги од Новата благодет, а од заповедите на лукавиот законодавец, како би се пронашол вечниот живот? Самиот Бог ги напиша со прстот на плочата законските заповеди и му ги даде на Мојсеј. А преку Давид кажува: „Пазете луѓе мои на мојот Закон?“ Исус Христос ги упатувал оние што го прашувале кон законските заповеди и самиот ги извршувал заповедите на Стариот Закон. „Не дојдов, зборува, да го разрушам Законот, туку да го исполнам“, чии недостатоци ги пополни и го предаде Законот и Заповедите од Новата благодет. „А како вие го сметате крстот за непријател и го хулите? Чујте го Павле како кажува: „Мене не ми треба да се пофалам со нешто, освен со крстот на Господ наш Исус Христос“; и пак: „Словото за крстот, на оние кои се спасуваат, им е сила божја“; ако имено, силата божја е крстот, зошто не си верувате на силата божја, бидејќи со крстот пеколот е соборен и воскрснувањето ни се поклони и станавме божји наследници. А она што порано го рековте дека сè што е на земјата било творба на лукавиот, и со тоа вие, о, предрски луѓе, кажувате дека телото Господово било од лошо потекло. И како, кажете ми, се спојува благото со лукавиот; и како поднесе благиот Бог со тело од лукавиот да го изврши спасувањето на светот; или како тоа го стави заедно со себе на татковиот престол?“

На тоа еретиците не знаеја што да кажат, се смирија и го примија светото крштевање. А кога Ермените видоа дека ги посрамоти манихеите, го истепаа епископот Иларион со камења, и сметајќи дека е мртов си отидоа, а православните посакаа да ги претепаат, но светителот им забрани.

Вера АНТИЧ

НЕОПУБЛИКОВАННОЕ ЖИТИЕ ИЛЛАРИОНА МЕГЛЕНСКОГО

(Р е з ю м е)

В архиве САНУ под номером 147, находится рукопись XVII — XVIII вв., сербской редакции, которая содержит короткое житие Илариона Мегленского.

В виду разнообразных вопросов, которые возникли в связи с двумя редакциями (обширной и короткой) Жития Иллариона Мегленского, текст объявляем фототипическим изданием, с переводом на современный македонский язык.

Этот текст показывает, какие изменения претерпило Житие, и, как отличается од опубликованных и известных в науке вариантов.

Ташко БЕЛЧЕВ

КРАШЕВСКИ — КОРИФЕЈ НА ПОЛСКИОТ СОЦИЈАЛЕН РОМАН ВО ПЕРИОДОТ НА РОМАНТИЗМОТ

Неколкугодишниот затвор по Ноемвриското востание стана причина писателот да не се стекне со високо образование, но затоа станал популарен журналист, историчар и многу плоден писател. Самиот Крашевски ќе започне да го издава научно-популарниот журнал Athenaeum (1841—1851), собирајќи ги љубителите на литературата и науката околу него. А веќе рутинираниот журналист само по неколку години ќе ја преземе во своите раце Gazeta Polska (1859—1862).

Крашевски со настаните 1863 год. е принуден да ја напушти Варшава, бидејќи не ги поделувал сфаќањата на Wielopolski — главата на тогашната влада во Полското кралство.

Писателот и во Дрезден не останал со скрстени раце туку и таму ја развива публицистиката насочена против приврзаниците на согласувачката политика, на страниците на разни списанија и во сериските годишни изданија под наслов Rachunków (1866—1869), како и во програмските брошури, а во една од неговите политички акции паѓа в стапица и Германците го затвораат, обвинет за предавство на државата. Тука тешко се разболел и за кауција бидува ослободен, но писателот ќе поживее само уште неколку години.

Крашевски беше сестран научник. Посебни заслуги има во подрачјето на историјата, археологијата и литературата.

Доволно е да ја споменеме четиритомната монографија Wilno (1838) и четиритомното дело Polska w czasie trzech rozbiorów (1873—1875), потоа студиите посветени на Klonowic, Syrokomli, Krasicki со кои си обезбедува необично важно место меѓу истражувачите — книжевници во Полска во периодот на романтизмот. Од овие трудови се гледа дека се интересирал за минатото на полското слово и за современата полска литература.

Со овие негови трудови тој всушност се претворил во истражувачки институт и го дополнува тој вакуум во Полска, бидејќи по историските настани во 1863 год. на дело не постоеше веќе ни Виљненскиот, ни Варшавскиот универзитет.

Како Мицкјевич и Крашевски се имаше зафатено и со епско кажување од големи размери. Најсакано негово дело беше трилогијата посветена на праисториските настани на Литва — Anafielas (1840—1846 г.) во која е под директно влијание на Хомеровата епопеја.

* * *

Полскиот социјален роман своите корени ги има во творештвото на Крашевски. „Романите на Крашевски, пишува Едмунд Василевски, тоа се вистински лик на светот, копија на човечкиот живот. Во нив сè е толку човечки, толку природно, толку блиско за нашата земја што не може да не му се признае на авторот прекурсорство во однос на неговите претходници". [1] Овој суд се однесува на битовите романи, или поточно речено на социјално-битовите, во кои авторот прави големи социјални обопштувања.

До Крашевски тоа што не достигаше во полскиот роман беше оскудноста од чисто национална тематика и проблематика, недостаток на исконост, на чисто полска боја. Полскиот роман просто страдаше од неоригиналност и затоа полската критика за првпат со перото на Едмунд Василевски ќе го пречкрта епигонското и ќе му признае во 1837 год., прекурсорство т.е. уште со појавувањето на првите романи на овој необично плоден писател кој успеал да види што не ѝ достасува на полската ли тература, од што страда таа, па и на целото полско разбиено општество. Според Е. Василевски таа оригиналност ја даде најпосле во романот Јузеф Крашевски: „Тој ќе не избави нас, пишува критичарот, во крајна мера во областа на романот, од болеста да гледаме на туѓи, — . . .според нашето мислење, со Крашевски започнува нова епоха во романот". [2] Крашевски од оваа „болест" не се ослободи веднаш. Тој во своето почетно творештво, исто така беше епигон, човек загледан во туѓото од кое и се раководеше (на пример во „Пан Валери" (1831 г.),во „Големиот свет на малиот град" (1831 г.), во „Пан Кароль", во „Четири свадби" и др.). Треба да се подвлече дека авторот сите овие работи ги објавил под псевдоним и во нив не донесува ништо поново од тоа што веќе кажале неговите претходници — Скарбек, Јарачевска и др. Тоа беа почетнички работи, обични слики од животот и околината на полксиот човек, со незначајни ситници од секојдневноста во таа земја. Ако има нешто што треба да се истакне во нив, тоа е отстапување, или поточно речено, откажување на писателот од сентименталните јунаци кои беа во мода на таканаречената „дворска литература".

Во споменативе наслови Крашевски се зафатил со секојдневниот живот на ситната „шлахта" со своите обичаи, нарави, остарени навики кај благородниците и полските мештани. Овие наслови претставуваат еден вид мост за преминување на писателската заинтересираност на она ново што се очекуваше од него, покажувајќи му го грбот на ро-

[1] E. Wasilewski, *Józef Ignacy Kraszevski*, „Polska Krytyka literacka" (1800—1918), Warszawa 1959, str. 90.

[2] Ibid, стр. 89—90.

мантизмот и романтичарските херои од претходниот период на неговото творештво. Ако земеме конкретен пример ќе констатираме дека господинот Кароль ни најмалку не е Полјак. Овој јунак повеќе личи на Германец заигран во комар и во зависност од неговата материјална положба ќе ги заменува своите љубовници не од љубов, туку заради пари и коцкање.

Демонизмот во горенаведените наслови не беше ни најмалку литературна фикција измислена во Полска, а напротив таа беше чиста копија позајмена од германските романтичари и развиена од Крашевски во ликот на Пан Кароль до ниво на осовршен злодеј и се насладува токму од она што не е човечко, а демонско.

Ако сакаме да правиме споредба со оној демонизам дојден од Запад, тогаш новото во полскиот роман е само повторувањето со извесни нијанси во психолошките моменти. Јунакот кај Крашевски е оформен како осовршен злодеј кој се насладува кога успева злото да му го пренесе на дургиот и се насладува од болката на својот „противник" кој претставува црна сенка за него во меѓусебните односи.[3]

Од прилика надворешната страна на демонскиот лик изгледа вака: Големи и страшни очи на бледо испиено лице со див поглед и запечена уста. Конфликтот го нема или во краен случај тој не се гледа, него го маскира психологизмот со типичниот стил на демонизмот во акцијата која се разви околу масата и меѓу „волшебните" прсти, а романтичноста доаѓа само да ја омекне ситуацијата и сето ова е плод на внатрешната акција и функционалноста на романтичарството кое е присутно пред сè како стил, како начин на реализирање на акцијата.

Романот „Четири свадби", од истиот овој период, не носи поголеми промени и авторот не се ослободува од пленот на епигонството. Тука само имаме една нова концепција за бесмисленоста на животот, — бидејќи романот завршува со песимистичен тон, независно од романтичарската обоеност дека „сè завршува со смртта". Ако се спуштиме подлабоко и вникнеме во оваа „содржина" ќе констатираме дека авторот направил сепак еден нов чекор, — со тоа што ја открил панорамата на провинционализмот, во која тонеше полската „шлахта"; писателот успеал да ја даде празната душа на паразитството во полското општество, да ја разобличи таа класа во провинцискиот живот на благородниците. Тоа веќе е нешто ново, квалитет кој води кон целта — зближување кон реализмот во литературата.

Само пет години покасно е напишан романот „Поетот и светот" (1839 г.). Самиот факт дека овој роман веднаш по појавувањето беше преведен на сите повидни западноевропски јазици (германски, француски и др.), а исто така на руски, чешки и др. јазици, сведочи дека носи нешто ново и оригинално, иако основата е пак романтичарска.

[3] E. Warzenica, *Powieści romantyczne J. I. Kraszewskiego*, Rrace poświęcone V międzynarodowemu kongresowi slawistów w Sofii, Warszawa—Kraków, 1963, стр. 111—112.

Главниот конфликт во него е меѓу талентирана личност која знае да мисли, да цени, да проценува — од една страна, и општеството — од друга. Романот, иако, како целина, му припаѓа на романтичарството, бидејќи главниот јунак од едноставната фабула е романтичарски настроен, човек кој се издигнал високо над својата средина, но провинциската околност и средината, која ја слика авторот, му овозможува да бидат вклучени не само животот, со својата секојдневност, на провинциската „шлахта", туку тој ја опишува изостанатоста, причините на таа положба, илузорноста и сл. Овие елементи го доведоа писателот на патот на социјалната тематика. Романтичарскиот херој не само што не ја кочи оваа линија во романот, туку неговата асптрактна и романтичарска основа помага за толкувањето на психолошкиот и животен конфликт во таа средина.

Густав е главен протагонист во романот и ни припомнува на истоимениот јунак на Мицкјевичевите „Задушници". Неговата идеализирана девојка се вика Марија, не случајно, тука писателот алудира на проблематиката со која се зафатил поетот; или поточно речено ја продолжува таа тематика на несреќната љубов на Густав, од IV дел на „Задушници", која го доведува до шизофренија.

Разликата тука се состои во тоа што Мицкјевичевиот Густав си останува со својата идеализираност на Марија, како жена, до спобудалување, додека Густав на Крашевски, откако добива големи наследства, ја реализирал својата мечта и ја добива за жена Марија, — токму онаа девојка која ја идеализираше. Или да се изразиме со зборовите на J. Wilhelmi — го облекуваше во фантастична облека на поезијата дури и тоа кое никогаш не беше поетско.[4] Но, авторот тоа го прави тогаш кога девојката е гледана не од блиску, туку од далеку, кога сиракот е воспитуван во тоа туѓо и богато семејство, во кое расте и се развива како многу ценет човек паралелно со неа, но без да ја познава од поблиску, и таа за него свети како ѕвезда, но на небото. Не е случајно што Густав е надарен поет, млад и впечатлив, човек кој знае да мечтае. да фантазира; или поинаку речено да се наоѓа не на земјата туку на небото. Токму тогаш постоеше како љубов, за која родителите на девојката не сакаат ни да знаат, бидејќи кандидатот не е од класата на земјопоседниците и богаташите. А кога сиракот Густав се збогатил по пат на наследство и Марија станала негова жена, видел дека во неа нема ништо необично, таа не е никаква ѕвезда, нема никаков ангелски глас, а само прозаична убавина и ограничена до пределот на простотија. Учителот кој бараше работа во градот и навредениот од таа нерамноправност, спрема таа богата дворска средина, де факто, стои на многу повисоко културно ниво. За него тоа благородничко семејство, видено од блиску, остана туѓо. Поетот не најде ништо што би можело да го загрее, дури и девојката нему му остина. И не му остануваше ништо друго освен да ја спушти главата, гледајќи колку многу се излажал во своето фантазирање.

[4] Józef Ignacy Kraszewski, *Poeta i świat*, Warszawa, 1951, стр. 72—73.

Опишувајќи ја вистината за таа дворска средина, неписменоста, ниското ниво на култура, авторот веќе го прави чекорот на отстапување од романтичарските принципи и минува на реалистички позиции. Реализмот особено изразито го дава при опишувањето на благородништвото, давајќи му ја на читателот целата ограниченост. Тие биле луѓе не само алчни за богатство, кое ги заслепувало, туку луѓе кои не поседуваат ништо човечко, ништо вредно и достојно на позициите што ги држеле во општеството. Напротив, авторот во нив гледа не луѓе, туку паразити и затоа неговиот јунак, поетот — мечтател, не може со нив да најде општ јазик, бидејќи тој си останува во својата основа романтичар откинат од стварноста и со тоа авторот ја осудува неговата јаловост во мечтаењата и настапува пресврт во животот на поетот, затоа што сфатил дека сè е напразно и се оддава на пиење за да го заврши својот живот најнеславно (како лупмувач).

Во овој роман Крашевски, основно, си останува романтичар, но самата почва на која работел го натерала да стане и нешто повеќе од реалист. Тој е објективен и кон стварноста во која живее на паразитски начин провинциската „шлахта" и кон својот главен јунак. Тапото филистерство е посебно истакнато во последниот дел од романот, кога го објавуваат некрологот за смртта на поетот меѓу снижените цени на волната и продажбата на некаква виенска „карета" заедно со коњите. Ваквиот крај сведочи дека Крашевски се опростил од копирањето на германските романтичар.

Гротеската е доведена до минимум, бидејќи сликата на некрологот само провизорно е гротескна, таа има сосем друга цел; не исмејување на главниот јунак — (не славно покоен) сега, туку сликање на провинцијализмот со неговата ограниченост.

Како целина овој роман означува крај на романтизмот и почеток на романи со социјално-битова тематика. Ова го сведочи развојниот пат на протагонистот. Тој од почетокот е сигнализиран со сите традиционални романтичарски белези, а завршува со објективен однос на авторот спрема својот јунак. „Во романот „Поетот и светот" се води полемика со романтизмот на една свесна основа со цел да се премине на ново струење".

Во овој роман уште наоѓаме оправдување на мислењето искажано од Ева Важеница која пишува дека романтизмот на Крашевски има изразито индивидуален карактер и не се поместува во рамките на познатите идејно-уметнички правци.

Дискутабилно и противречиво е, бидејќи излегол од рамките на таканаречените „административни романи". Писателот тука се расправа со нови проблеми во општеството, за разлика од тие што беа слепо наследувани. Тука треба да го бараме специфичното на Крашевски за разлика дури и од другите романтичари во Полска. Него тешко би можеле да го вклопиме во било кои рамки на ова струење. Писателот нив свесно не ги прифаќа, или поточно речено, не ги трпи и излегува, ослободувајќи се од тие „кајдани" на времето што го живее. Крашевски за оваа недисциплинираност ќе стане и жртва на несо-

гласувањето на повеќе места во проблемите на неговата татковина, па и во однос на проблематиката и нејзиното негување, ќе мора да ја напушти својата земја засекогаш. Тој беше првиот корифеј кој започна да ја зборува вистината, а таа беше горка.

Овие први чекори на отстапување од романтизмот кај Крашевски ги сугерираше Балзак, жедно читан од него. Имено,тие ќе го поучат на уметнички начин да ги обопштува и оформува социјалните промени што настапуваа во животот на неговата татковина. Писателот со помошта на новите јунаци, вршејќи не само социјална туку и психолошка анализа го забележа она што не сакаа да го видат управувачите на Варшавското кнежевство и со тоа писателот станува новатор, писател на романи со социјална проблематика.

Од неговите писма знеаме дека тој лично се запознал со Балзак и дека имаше намера да го преведува него на полски јазик.[5] Тука треба да ја споменеме полемиката на Крашевски со М. Грабовски во врска со творештвото на Балзак во која го брани францускиот реалист и во неговите нови романи го наследува со нова творечка енергија. Тој можеби не станал Балзак за Полска, но неговиот реализам таков како што е го должи името на францускиот, на Балзаковиот и Стендаловиот.

Ако судиме по неговите писма, Крашевски беше запознат и со англискиот реализам од перото на Дикенс. Токму тука треба да ја бараме галеријата на ниските слоеви во новите романи со социјална тематика. Оваа взаемна врска на новите струења во литературата на Запад и Исток има подлабоки корени. Крашевски, не само како писател туку и како публицист (човек полиглот, начитан и добро верзиран во општествените прашања на Полска и Европа воопшто), заземаше едно од најпочитуваните места во литературата на таа земја. Во оваа област нему многу му помогна и рускиот јазик што го зборуваше како Русин. Тој толку ревносно ја следеше руската литература што неговите пријатели го сметаа за прв човек во Послка што толку убаво ги познава проблемите на руската литература.

Творештвото на Гоголь исто така ги остави своите траги на низа негови романи. Крашевски во своето списание „Atheneum" ги објави во превод на полски јазик „Шинел", „Дневникот на лудиот" и фрагменти од „Мртви души". За големата заинтересираност на Крашевски за творештвото на Гоголь пишува и А. Жига, — дека Крашевски ги форсира преводите на Гоголевите повести и особено „Мртви души".[6]

Влијанието, па дури сличностите во творештвото на Крашевски со тие на Гоголь во романите: „Волшебен фенер" (1842 г.), „Чудаци" (1853 г.) и др. се резултат токму на оваа блиска и директна врска на уредникот на „Atheneum". „Идните испитувачи на творештвото на

[5] K. Czachowski, *Między romantyzmem i realizmem*, Warszawa, 1967, стр. 108.
[6] A. Zyga, *Kraszewski wobec, literatury rosyjskiej*, Slawia Orientalis, 1, стр. 45.

Крашевски и Гоголь... ќе најдат не само една општа црта кај обата писатели и ќе можат да докажат колку многу творештвото на Крашевски му должи на Гоголь".[7]

I

Го споменавме веќе романот „Волшебен фенер", кој ја отвора новата страница во творештвото на Крашевски и не само нова како тематика, туку новина воошто во историјата на полскиот социјален роман, во полниот смисол на овој нов термин за таа земја. Социјална тематика имаше и пред овој роман, но таа беше само фрагментарна во книгите на разни претходници на Крашевски и, се разбира, во неговите романи од чисто романтички карактер.

Социјалниот роман во Полска своите корени ги има на Волинската земја, каде што писателот отишол да живее 1837 год. и тука радикално се запознал со животот на заостанатата и закоравена полска „шлахта", во чии дворови царуваше неписменоста и феудализмот од длабокото средновековје. Писателот, гледајќи ја оваа положба, дури се нафатил да го редактира на село списанието „Athenaeum" (1841—1851 г.) и поголемиот број страници ќе бидат наполнувани од самиот него, иако успеал да заинтересира поголем број имиња литературни соработници.

Романот „Волшебен фенер" е пишуван паралелно со редактирањето на ова списание за литература, историја, наука, општествени прашања и друго, завршен беше 1842 год., а објавен 1843—1844 год. Поднасловот на романот „Општествени слики", соодветствува на содржината на книгата која го оправдува како социјален роман — првенец во историјата на полската литература. Овој роман претставува опширна уметничка слика од животот на благородниците во земјата каде што отишол да живее. Акцијата е мотивирана врз основа на познатиот стар начин на патување на главниот јунак.

Општа карактеристика за овој роман е таа што писателот повеќе сигнализирал, отколку што разрешувал било какви општествени проблеми. Според искажувањето на Адам Бар — Крашевски „се стремеше да ја даде во минијатура „Човечката комедија" на полското општество".[8] Ако ја проследиме содржината на сликите од провинцијата на Волин и сликите на главниот град — Варшава, — ќе се согласиме со овој критичар, бидејќи писателот се грижи на секој начин да најде излез од ќорсокакот, во кој паднала оваа „елитарна" класа во полското општество.

Полјаците до денес продолжуваат да прашуваат за Крашевски, кога станува збор за романот „Волшебен фенер", и другите социјални романи, — во врска со проблемот на селаните: „Тука би требало да го споменеме Крашевски со тогашната стварност, кој е толку значаен, бидејќи е решавачки за заинтересираноста на читателот, како пред сто

[7] Ibid, стр. 45.

[8] A. Bar, *Charakterystika i źródła powieści Kraszewskiego w latach* 1830—1850, Warszawa, стр. 167.

години, така и денес претставува голема пречка, кога се обидуваме да одговориме на едно општо прашање, каков писател беше авторот на „Волшебен фенер" — борец за прогрес или припадник на заостанатоста"[9].

Ако се земе предвид под какви услови работеше писателот, над толку сложниот проблем каков што беше крепосното селанство, по две револуции и неколку востанија, ќе констатираме дека неговата профилакса и внимателност е само тактизирање, не само со заостанатата благородничка класа туку и со окупаторите, кои беа заинтересирани колку што можат подолго да ја држат непросветена, неотстаплива, феудално настроена према своите крепосници. „Двата наведени случаја изразито зборуваат, пишува Јуљан Кшижановски, колку е тешко да се најде вистинската мерка на прогресивноста на Крашевски, бидејќи зборуваат дека неговите погледи, па дури многу умерените, во неговото време беа средство за прогрес, речиси предизвикуваа реакција и изразити противници на прогресот".[10]

Овој колосален роман има околу двесте ликови, започнувајќи од провинциските селани и благородници па сè до градската аристократија и градскиот плебс.

Двете книги под наслов „Волшебен фенер" се исклучиво со цел да ја поврзат оваа галерија од ликови во „едно цело", и посебно зборот „волшебен", бидејќи „во него, како во волшебен фенер секогаш ќе се најде малку: и благородници, и „панови", и обични граѓани, и духвоници, и литератори, и земјопоседници, и правници, и лекари".[11] Ваквиот број на ликови може само на волшебен начин да се помести во „една акција" и со една исклучива цел — сликање на битот (социјалните односи) во таа земја.

„Тоа се навистина илјада волшебни работи, низ кои читателот може да го разгледа современото нему општество од сите страни и речиси во сите негови појави".[12] — Вака пишува за него Елиза Ожешко. Ги напаѓа закоравените и мракобесни дворски аристократи, ги напаѓа и ситните благородници што не знаат да се снајдат во новосоздадените општествени услови и да можат да се вклучат, приспособувајќи се кон новата стварност.

Сигнализиравме дека овој роман во многу страници ни ги напомнува „Мртвите души" на Гоголь. Прво нешто кое паѓа в очи е основната и глобална конструкција. „Совпаѓа внатрешната градба, кај Крашевски низа карактеристики, слики, епизоди, сврзани со патувањата на херојот кај соседите. Крашевски, исто така како и Гоголь, се стреми кон тоа да ја даде социјалната структура на своето општество".[13] И не се само тука сличностите на двата романа. Одделни сцени не можат да бидат оправдани само со сличноста на тематиката и блискоста на со-

[9] Julian Krzyzanowski, *W świecie romantycznym*, Kraków, 1951, стр. 316.
[10] Ibid., стр. 316.
[11] J. I. Kraszewski, *Latarnia czarnokśięska*, Kraków, 1964, стр. 10.
[12] E. Orzeszkowa, *Pisma krytycznoliterackie*, Wrocław—Kraków, 1959, стр. 210.
[13] A. Bar, *Charakterystyka i źródła powieści Kraszewskiego w latach* 1830—1850, Warszawa, 1934, стр. 173.

цијалните услови во кои живеат полските и руските крепосни селани. На овие сличности и благородното влијание обрнува внимание и Заводжински кој меѓу другото пишува: „И тука и таму ние заедно со главниот јунак посетуваме низа поседи и присуствуваме на масовните сцени и ги слушаме расказите...".

„И таму и тука преовладуваат ноти на сатира и хумор, без да се исклучуваат лирските отстапувања".[14]

Сцената на посетата од страна на Станислав на големиот скржавец од благордници е скоро наполно идентична со таа кога Русинот Чичиков го посетува Пљушкина. Суљмижицки е копија на Пљушкин. Тој е познат во околијата како најбогат и најскржав. Луѓето на него гледаат како на чудак.

Класичната скржавост во полската литература е збогатена во романот на Крашевски со нови карактерни елементи за полското благородништво. Самото појавување на сцената на Суљмижицки претставува гротескна слика на новороденият лик на полскиот капитализам овиснат во партали.

Покажувањето на сликата на каков начин се распаѓа феудалното стопанство и никнувањето на новите односи: потоа мизеријата на селаните во која живеат; сликите од градските улици и градската беда се составени во едно цело со конкретна задача да го даде битот на тоа општество. И авторот потполно успеал во неговата замисла. Крашевски во својот предговор на романот „Волшебен фенер" пишува дека неговиот роман „треба да ја покаже верната слика на Волин околу 1842 год."

Според А. Бар: „Целта на авторот беше да ги даде најкарактерните типови, месните односи, верно да го слика животот и современите струења, без да се ограничува на фотографијата и копијата од живите примери".[15]

Во овој прв социјален роман Крашевски се трудел парата да ја претстави, речиси како главен јунак во акцијата на романот. Таа секаде е присутна и решавачки компонирана во сите општествени односи вклучени во оваа книга. Тој почнува со никнувањето на новите буржоаски елементи во најпримитивен вид, каков што е сликан главниот јунак. Тој за да не пропадне во општеството се стреми да го задржи своето место, градејќи секакви фабрики и работилници. Почнувајќи од ситните благородници, дојдени в град, па сè до полската аристократија со нејзините аранжмани поврзани се со пари. И богатите земјопоседници бараат излез од новосоздадените економски односи, како единствен начин да не ги испуштат од рацете привилегираните позиции во општеството, менувајќи го само името на својата класна припадност (земјопоседници — буржуи). И едните и другите никнуваат од остарените односи во општеството. Писателот не ги поштедува дури и луѓето кои се сметаа за независни и слободни од матери-

[14] K. W. Zawdziński, *Opowieści o gowieści*, Kraków, 1963, стр. 79.

[15] A. Bar, *Charakterystyka i źródla powieści Kraszewskiego w latach* 1830—1850, Warszawa, 1934, стр. 175.

јалните односи и предрасуди — дури и тие се материјализираат. Не постои повеќе идеал во љубовта, исчезнуваат секакви љубовни чувства и пријателски односи и други блиски врски, кога пред нив се исправува парата. Пример за ова може да ни послужи ликот на графицата Јулија со нејзинато мажење и целиот нејзин живот, на што прв обрати внимание К. В. Заводжињски.[16]

Класниот антагонизам во општеството исто така си го најде своето место во овој роман. Како и кај Гоголь и тука се опишани сите противречија меѓу оваа галерија на ликови обединети на магичен начин во едно време.

Алфред ги олицетворува космополитите во Полска, луѓето кои традиционално го фалат туѓото, не дека е подобро туку просто затоа што го мразат националното, за кое токму таквите луѓе како него се основната причина за заостанатоста на земјата. Него го измачува еден единствен проблем, — како да дојде до богата жена.

Близок до овој тип стои грофот, односно мажот на Јулија со своите аранжмани што ја украл целата полска „шлахта" и на мошенички начин одбегнува да ги врати тие пари на лесно измамените благородници од волинската околија. Него авторот го надарил со способности на лик „трчи—лажи" кој на таков начин се збогатил и си прикачил етикета — познавач на ликовната уметност, бидејќи тоа беше големо име кое лесно го свртува вниманието во високите кругови на тоа општество, а авторот саркастички го исмејува со тоа што овој „специјалист" по ликовна уметност не знае дури како се изговара името на Рембрант (тој го изговара. Рамбрант). Неговата куќа постојано е полна со гости и на свој начин тој умее да ги забавува.

Ќерката на грофот, Аделајда, доаѓа да ја дооформи оваа дворска слика и да покаже какво е нивото на таа елита во полското општество. Оваа девојка постојано е меѓу гостите и единствената нејзина улога се состои во тоа што таа е слика за гледање и „восхитување" на гостите — како везе перничиња, а тоа е симбол дека е кандидатка за мажење.

Исмејувајќи ги паразитите во општеството во кое се спремаат поголеми промени, авторот свесно ги разобличува овие виновни кругови за сè што било причина да биде исмејувана Полска (за заостанатоста, за неписмената „шлахта", за крепосното селанство, за доведувањето на земјата до мизерност и слично).

Имено, преку вакви и слични слики го опишува главниот град, Варшава, и животот во него. Тука авторот нè води низ цела една галерија мештани, а литератори, занаетчии, градската бедотија, — спрема која се однесува со посебен афинитет, со посебна симпатија и сожалување. Тие од самиот живот во градот се принудени да паѓаат ниско и до очајување. За нив авторот ги назира и причините. Иако се гледа дека не ги познавал нив така како што ја познавал земјопоседничката „шлахта", но сепак оставените за нив слики го одредуваат неговиот

[16] K. W. Zawodziński, *Opowieści o powieści*, Kraków, 1963, стр. 82.

став и местото што го зазема како општествен судија. И токму оваа негова позиција, да даде што поверна слика за општеството, како целина со изразит акцент на социјална анализа (особено во вториот дел на романот) ќе настрадаат главните херои. Тие остануваат бледи, недооформени од уметничка гледна точка како што би сакале да ги видиме до крај.

Сликите од селскиот живот, неподносливиот труд на тие луѓе што се принудени да не знаат ништо друго освен работа до погрбување, зборуваат со таква благонаклоност, со каква симпатија се однесува авторот спрема нив. Ова сведочи дека неговата крајна цел била не да ја развие љубовната романса на „главните" херои во романот„ туку да го покаже односот на тие луѓе спрема крепосното селанство спрема најинвокативното општествено прашање — селското. Најдобро за оваа негова намера е вметнатата „Историја на Савка". За црниот труд и маките на селаните од Волин авторот обрнува внимание и во неговиот предговор на романот. Историјата на Савка е само средство за разобличување на највисоката класа во полското општество за големото зло. Савка умира од ќотекот што го добил од економот. Селаните него го дале на суд. Тој е принуден да го напушти тоа работно место, но тука не е крајот на оваа слика. Таа станува потполна кога соопштува авторот за односот на грофот спрема неговите крепосни селани. Тој е во странство и единственото нешто кое го интересирало него е да му пратат што повеќе пари, а не смртта на некојси Савка.

Трагедијата на Савка го дополнува ликот на неговата убавица — жена која е вплеткана во разврати односи со куќата на земјопоседникот. И не случајно за оваа историја ќе напише Е. Ожешкова дека е пламена историја од која може да вивне пожар.[17]

Блиска до оваа глава како во разобличувачки така и во моралнобитовите слики што ги дава за односот — „пан" — „слуга" е опишувањето на животот на слугинката Иоана. Тука е за одбележување, дека оваа девојка не е од крепосно потекло, туку од осиромашено благородничко семејство и дека станала слугинка кај овој земјопоседник, па откако ја обесчестил младиот „пан" бидува истерана. Оваа глава е под симболичен наслов „Познатата историја", затоа што ваквите случаи во „панските" дворови беа многу чести и станаа еден вид традиционални и во историјата на полската литература (пример е „Хаљка").

Иоана е бремена и тоа е основната причина што мора да ја напушти куќата на земјопоседникот и да се пресели в град, живеејќи како уличарка во него. Таа е свесна и ја знае причината што стигнала до оваа степен и ќе бара начин да се одмазди за нанесената навреда од страна на човек од „високото" општество на земјопоседниците. Заразена од венерична болест Иоасија нашла доволно сили и стигнала пак во куќата на некогашниот нејзин соблазнител и го заразува, свесна дека одмаздува за упропастениот нејзин живот. Таа ќе се радува од веста дека токму таа станала причина за неговата смрт.

[17] E. Orzeszkowa, Pisma krytycznoliterackie, Wrocław—Kraków, 1959, стр. 210.

Оваа историја претставува изнесена во книгата уште една грст кал во лицето на полското благороднишство, само од други позиции, со други средства за оценување на управувачката класа во Полска.

Во овој случај не е толку важна прототипноста или епигонството, туку модусот со кој се осудува ваквото постапување со луѓето од општеството кои случајно се нашле на дното, начинот на оцрнувањето на ова зло во општеството како целина, кое тонеше заедно со заслепената од свои те богатства „шлахта".

Историјата на светската литература одамна ја познаваше оваа проблематика (да ја споменеме Ежена Сју на Пол де Кока и др.), но, бојата и формата тука е чисто национална, и ни оддалеку не копирана како што мислат некои во полската литературна критика (на пример А. Бар смета дека ликот на Иоасја не е полкси лик, туку француски)[18].

Сите овие истории што ги раскажува авторот претставуваат нешто посебно и независно од главната акција и главните јунаци на романот. Оваа книга повеќе личи на збирка раскази со еднородна тематика која има за цел да ја претстави сликата на тоа општество од социјалната страна и со стремеж за што поцелосна дооформеност. Од овој аспект во романот може да се зборува за повеќе сижеа и поенти. Тоа што ги поврзува одделните истории не се само кориците на „Волшебниот фенер", туку самиот волшебен фенер ги обединува во една целина и ние добиваме заокружена слика од четириесеттите и педесеттите години на една област во таа земја — Волинската.

Треба ли за тоа да го обвинуваме писателот? Оние кои се искажувале во свое време, па и подоцна, оваа книга главно ја прифатиле таква каква што е и скоро сите се согласуваат дека станува збор за едно од ретките ремек-дела воопшто во историјата на полскиот роман. Да се обидеме на некаков начин да направиме едно подредување на овие содржини и поенти.

На прво место во романот стои љубовната историја меѓу Станислав и Јулија, која сама по себе претставува нешто особено. Историјата на младиот Стас и неговиот однос кон грофицата Јулија е следена со психолошки оформувања со цел да ја оправда пред сè големата разлика во годините меѓу нив (грофицата има 40 години, а тој е младич). Ваквата „усогласеност" ни најмалку не е осамена во литературата, а уште помалку во животот. Таа беше и реална слика на една животна историја во тоа високо општество.

Оваа поента има конкретна цел, да ја дополни главната поента" на романот — социјалната слика на животот и од аспектот на „новиот морал". Токму за тоа ние немаме право од неа да правиме посебно одвојување, бидејќи е дел од социјалните односи. Иако оваа развиена психологија е базирана на искрени чувства и може да претставува нешто сосема посебно кое се одвојува од границите на „Волшебниот фенер" и може дури да му конкурира на еден Балзак во тој однос, оваа психологија е потполно потчинета на главната цел и главната замисла

[18] А. Bar, *Charakterystyka i źródła powieści Kraszewskiego w latach* 1830—1850, Warszawa, 1934, стр. 212.

на писателот. Ако земеме предвид дека таа не е единствена туку има повеќе љубовни истории, со не помала психолошка совршеност на ликовите, (посебно на женските) тогаш уште повеќе ќе го оправдаме тавкото конструирање на акциите.

Создадениот триаголник во ова дворско семејство добило свој посебен карактер. Најразвиениот лик од психолошка гледна точка е грофицата Јулија. Таа во поголема мера е трагична особа, бидејќи разделбата со Стас за неа беше крај на сè во животот. А во една споредба, да речеме, со исто така трагичниот лик на старата слугинка, која по ништо не отстапува од психолошки аспект, ќе видиме дека тие само илузорно се неповрзани. Ако погледнеме повнимателно и се спуштиме подлабоко во содржината како целина на романот ќе видиме дека се само неразделен елемент од заокружената социјална слика на: од животот на волинската „шлахта".

Крашевски, со вака оформените ликови, станал најголем мајстор на проникнување во душата на луѓето, ги наоѓа најосетливите места (ахиловата пета, што би рекле) кај неговите херои за да дојде до завидни резултати при сликањето на љубовните односи меѓу луѓето. Тој има личен метод на испитување на чувствата на своите заемно поврзани јунаци кои го сочинуваат она заокруженото меѓу нив, кое сме навикнале да го нарекуваме љубов меѓу женскиот и машкиот пол.

Крашевски е прв во историјата на полскиот роман кој успеал да ги претстави психолошките портрети снимени од внатрешната страна во психата на ликовите. Ова е и најновото што го дава во романсиерството. И, ако се зборува за волшебности и магичности во оваа проза, тогаш основното што го прави овој роман, шедевр, е токму оваа особина.

Оваа слика од љубовните истории, која сама по себе претставува објект на испитување, ја дооформуваат машките персонажи. Така на пример раскинувањето на љубовните врски на Стас со грофицата Јулија се така тенко, така чувствително опишани и на аналитички начин дадени причините за да не се дојде до склучување брак, меѓу саканата девојка и саканиот од неа младич, зборува само во прилог на возможностите со кои располагаше авторот за заврзување и разврзување на проблемите во тоа општество и посебно за личните судбини на луѓето

Смртта на Јулија е длабоко преживувана од Стас. Тој не може да си прости за вината и дури ја напушта земјата и оди во странство, не за утешување туку него го тера страшната трагедија на жената која станала жртва на таа нивна љубов. Стас е скршен од животот и сè што прави (новиот брак, патувањето во Варшава, забавувањето со девојката, не од неговата класа туку од просто семејство и др.) е само последица од неуспехот на љубовта во животот, онаа љубов кон која се стремел и која ја замислувал како идеал. Токму оваа страна на романот ја имаше предвид Кароль Виктор кога го нарече „еден од шедеврите на Крашевски и полската литература воошто"[19] И сето ова

[19] K. W. Zawodziński, *Opowiesci o powieści*, Kraków, 1859, стр. 92.

авторот го постигнува со такви литературни средства како што е едноставноста на раскажувањето, лаконизмот, строгото придржување за конкретноста, скржавоста (или поточно речено економичноста на уметничките изрази во стилот), јасноста на сликањето со извонредните остроумности што ги оживуваат до максимум дијалозите кои остваат жива слика при читањето. Во овој роман се чини дека сè се движи, како на екран, односно, како во вистинскиот живот што го опишува авторот.

Втората обопштена слика што ни ја остава овој роман е животот во провинцијата и градот. Да ги споменеме одделните поднаслови: „Одморот во Утрехта", „Спомените за Вилно 1830", „Заминувањето на пат" и др. имаат за цел да ја дооформат сликата од пошироките рамки на романот со разните слоеви и разните типови, како што се комарџиите, лажливците, љубителите на музиката и уметноста воопшто артистите, економите, лекарите, арабациите, кафеџиите и уште што не друго — сите оние што го сочинуваат како заокружена целина полското општество од периодот на двете споменати децении.

И тука можеме нешто да кажеме за поделбата на овие општествени слоеви. На прво место паѓа в очи една генерална поделба на „панови" и крепосници, па потоа новосоздадената буржоазија, занаетчиството, интелигенцијата (која може да биде поделена на повеќе групи од професионална гледна точка) и др.

Големи сличности полската критика наоѓа со руската литература. Конкретно со опишувањето на комарџиството, кое повеќе е резултат на сличностите во самото општество и пред сè сличности со творештвото на Достоевски.[20]

„Волшебниот фенер" потполно одговара на условите, забележува Ожедкова, што ги поседува социјалниот роман, што ја опфаќа, речиси целата земја и скоро сите слоеви, започнувајќи од родовата и парична аристократија, трговци, осиромашено благороднишшво, лекари, правници, селани и др."[21] И најнакрајот од тоа што опфатил во „Волшебниот фенер" (варшавските салони, благородничките поседи, панаѓурите, полското крепосно село, занаетчиите и др.) — можеме да кажеме дека оваа уметнички совршена книга, иако прва од овој род, го зазема првото место како социјален роман во полската книжевност воопшто и на прво место како огромна галерија која брои околу 200 јунаци. Сите тие се сликани со своите добри и лоши страни. Пороците кај нив најчесто се исмеани со сите возможни средства со кои располагал авторот. Одделни ликови се дадени, од почетокот до крај, само со своите негативни страни (малку зачудувачки, но затоа јасно е од кои побуди го прави свесно авторот). Неговата цел беше да ги подвлече, да ги оцрни таквите поединци или групи луѓе во општеството, како што е примерот на порокот со алчноста, грабежот, збогатувањето на туѓа сметка и сл. Оваа концепција на Крашевски му служела како неопходна за заокружување на главната поента — социјалната нерамномерност

[20] Ibid, стр. 83.

[21] E. Orzeszkiwa, *Pisma krytycznoliterackie*, Wrocław—Kraków, 1959, стр. 210.

во општеството и неговиот извор. Се разбира дека оваа замисла може да биде само негативна страна на романот, бидејќи го ослабнува од уметничка гледна точка. Таквите ликови секогаш се недовршени, неубедливи, неверни и затоа дејствуваат обвинувачки па дури и врз такви шедеври каков што е романот на Крашевски „Волшебен фенер".

II

По овој роман Крашевски ќе напише цел еден циклус романи со исклучива тематика — полското село: „Уљана" (1843 г.), „Остап Бондарчук" (1847 г.), „Будник" (1848 г.), „Јарима" (1850 г.), „Колибата крај селото" (1854 г.), „Ермола" (1857 г.), „Историја на колчето во оградата" (1860 г.) и др. Овој импозантен број на „селски романи" како да ја олицетворува вистината на создадената положба во полското село по Ноемвриското востание, т.е. разбудувањето на селаните од длабокиот средновековен и крепоснички сон. Овој процес не е карактерен само за Полска туку и за цела Западна Европа. Доволно е да си ја припомниме „Историјата на иднината" од А. Мицкјевич, (човекот кој најдобро ја познаваше проблематиката на селаните во Западна Европа).

Кога зборуваме за Крашевски, како романописател, не можеме да не си ги споменеме зборовите на Јуљан Кшижановски: Романите на Крашевски се наречени народни романи бидејќи, нивна тематика е животот на селанецот од волинскиот или белоруското крај, спаѓаат во најгласните и најпопуларните дела на прекрасниот писател".[22]

Една од главните карактеристики за овие романи е тоа што во нив ја нема веќе сентименталната идила која беше најкарактерна црта во полските романи со селска тематика до појавувањето на овој великан. Писателот навреме сфатил дека на полскиот селски проблем не само што не му е потребно сентиментално сочувство, туку напротив — може да пречи во стремежот да биде решен овој проблем. Токму затоа тој тргна по патот на обликување на социјалните конфликти во селото. Ќе ги бара причините на несреќниот полски селанец кој не знае ништо друго од црниот леб и крвавата пот во животот. И насекаде во овие романи централна идеја ќе биде самоволието на земјопоседниците, нивната жестокост и беспрвноста на селаните во општеството Да ги разгледаме хронолошки овие романи.

„Уљана" го нема тој дијапазон што го разгледавме во „Волшебниот фенер". Тука авторот се ограничува на социјалните проблеми исклучиво на село и сите тие тесно се поврзани со љубовната историја на благородникот Тадеуш Мрозочински и селската убавица Уљана.

Крашевски беше солидаризиран со демократските пароли во однос на полското селско прашање. Авторот стоел на мислење дека селаните треба да се ослободат од крепосното право. Романот „Уљана" токму со овој проблем ќе се зафати. И тој претставува бисер од циклусот „селски романи" на Крашевски. Тука реализмот истапува во нај-

[22] Julian Krzyzanowski, *W świecie romantycznym*, Kraków 1961, стр. 317.

широка форма. Писателот на многу изразит начин истапува против самоволијата на полските земјопоседници и нечуената експлоатација на беззаштитниот полски крепостен селанец.

Тешката селска судбина е прикажана со помошта на најобични типови од селската средина со карактеристична за нив психологија и нивниот животен опит. Тука е покажано како селскиот економ ја измачува Уљана, испраќајќи го нејзиниот маж во регрути.

Оксењ не гледа друг излез, освен да се реши и да го запали чифликот на земјопоседникот. Трагедијата се состои во тоа што селскиот земјопоседник има право да прави што сака со своите крепосници.

Авторот не го обвинува толку земјопоседникот Тадеуш Мрозочински, бидејќи тој всушност не е лош човек. Тој е романтичарски тип. Во „Уљана" писателот го обвинува феудалното општество. Тука најголемиот виновник е, имено, феудализмот и феудалните односи што царуваат на село. Тој го покажува вистинскиот лик на тогашното полско село и на селанецот што мора да го даде дури и својот живот за да го издржува и земјопоседникот и попот и државата. Токму во тоа се гледа критичкиот реализам на Крашевки во овој роман.

Во тоа време земјопоседниците вршеле што сакале со жените на крепосните селани. Меѓутоа, Крашевски овој проблем го поврзал со обострана љубов. Уљана е жртва која гори меѓу два огна. Меѓу Уљана и Тадеуш постои љубов. Во душата на Тадеуш сретнуваме дури сентиментализам и романтизам. Се разбира, тој ја идеализира оваа љубов сè додека постои, а потоа настапува рамнодушност.

Уљана е карактеризирана со подруги белези во љубовта. Кај неа, пред сè, преовладува стихијното што е многу посилно од здравото расудување. Пред оваа љубов таа го заборава својот маж, својата челад. Писателот неа наполно ја оправдува. Сепак тоа, според него, е еден вид љубов. Таа токму така знаела да љуби.

За првпат во историјата на полската книжевност во лицето на Оксењ писателот дава човек од крепосната средина кој ја чувствува неправдата на својот господар, на експлоататорот, на благородништвото. Големината се гледа во тоа што херојот Оксењ свесен за злото што му го нанесол Тадеуш е готов да одмазди. Тој е полн со чувство за својата полновредност како човек, херојот знае дека е во состојба да одмазди. Знае дека сè е приказна за божем дефинитивното зло на крепосното право. Тој е уверен дека на секое зло човекот може да му се противстави. Нема предназначено зло од никаква сила на земјата. Затоа Оксењ ќе го запали дворот на Тадеуш, одмаздувајќи за целата неправда што ја трпел и неговиот стар татко, вечниот роб и неговата жена Уљана.

Во овој случај истапува еден слеп бунт за одбраната на својата среќа и човкечото достоинство во животот. Иако Крашевски не застапува свесна и систематска борба против општото зло — феудалниот строј, сепак тој е првиот писател на романи, полни со реализам, во кои

ги опишува односите на крепосното село со секојдевноста и нерешените проблеми.[23]

Солидарноста на останатите крепосни селани се изразува во тоа што тие откажуваат да го изгаснат потпаленият двор на земјопоседникот. Тие во длабочината на своите срца се радуваат и се восхитуваат на смелоста и решеноста да се жртвува овој протагонист во името на неправдата нанесена не само против него и неговото семејство, туку и против она што го доживувале неговите претци, и сите тие како целина.

Селскиот проблем посебни размери зема во наредниот роман на Крашевски „Остап Бондарчук", каде што ја покажува тешкотијата за унапредувањето на селанец во феудалните односи. Писателот тука како да експериментира, испраќајќи човек од селско потекло да студира. Остап се враќа со диплома доктор на медицинските науки во родното село. Тој можеше, се разбира, да остане в град и да ја продолжи својата кариера. Целта на писателот беше, пред сè, да докаже дека и меѓу нечистите и закачени во калта селани има луѓе способни и корисни за општеството, но способноста при таквите феудални услови не може да дојде до израз

Критиката за овој проблем во полската литература даваше објаснувања од повеќе аспекти. Едни веруваа дека Крашевски со ваквиот јунак сакаше само да ги предупреди земјопоседниците дека ваквите херои можат само да им наштетат на селските односи, бидејќи тие го бунтувале селото против земјопоседниците. Површно гледано тоа е така, но целта на овој роман не е во површноста и ниту пак се гледа на површината, туку во длабочината на проблемот со кој алудира на промени од порадикален карактер во крепосна Полска. Иако овој проблем е маскиран со јака доза на профилактика, тој е од страниците на критичкиот реализам.

Јуљан Кшижановски (професор по литература и академик) не го дели споменатото мислење, туку напротив во оваа селска нишка гледа обвинување и понатаму на феудалните односи во полското општество. Во „Остап Бондарчук", пишува тој, пак имаме селанец кој се здобил со универзитетско образование, безнадежно се троши, бидејќи образованието не претставува ништо спрема неговата општествена позиција, позиција на крепосен селанец".[24]

Овој јунак ние ќе го објасниме само со едно соочување со еден друг негов јунак—уметник од „Историјата на коплето во оградата" со кој писателот бара да биде решен полскиот проблем на крепосното селанство, бидејќи извлекувањето на колчето од оградата, како средство за потпирање во патувањето на уметникот, не означуваше ништо друго освен протестирање против крепосното право. Младото дапче беше родено за крал во прашумата, а селското дете за уметник, но што стори со нив земјопоседникот (поправо крепосното општество). Ги уништи

[23] W. Kubacki, *J. I. Kraszewski, Powieści ludowe*, Warszawa, 1955, стр. 11.
[24] Julian Krzyzanovski, *W świecie romantycznym*, Kraków, 1961, стр. 319.

и двајцата, а дојдоа на овој свет со предназначеност од мајката природа, токму така како и Остап Бондарчук кој остро протестираше против бесправноста, против крепосното општество на феудалците.

Девојката која се смета за претставничка на новото поколение, без предрасуди за социјалното потекло, не гледа причини во зближување со младиот и мудар доктор. Во композицијата на романот се чини дека оваа линија ќе појде докрај, бидејќи протагонистката Михалина го сака и води љубов со Остап и е на мислење дека треба да се стави крај на ваквите односи и предрасуди во општеството. Мислењето на протагонистката е увереност и позиција и на други личности во романот. Беше ли тоа став на авторот? И зошто не отиде до крај? Писателот како реалист не можеше да отиде до крај, бидејќи ваквиот став би бил само обична литературна фикција и би означувало во критичкиот реализам чекор назад и неговата замисла би пострадала многу. Крашевски не се занесол, како што тоа го сторил еден Игнаци Ходзко во својот роман „Крепосник" со правникот кој беше откупен од земјопоседникот и пуштен на слобода. Ваквиот нетипичен случај само го ослабна делото на Ходзко, возвишувајќи ја аристократијата со нејзината „великодушност", нешто кое ни оддалеку не одговараше на стварноста во општествените односи — „крепостници — аристократија". А. Бар забележува дека во овој однос ка Крашевски има многу повеќе вистина во споредба со херојот на Ходзко.[25]

Со ликот на грофот писателот не само што ја сликал полската аристократија, која продолжува да ги брани феудалните односи, туку го напаѓа логорот на конзервативните литератори (воден од Жевувски и Грабовски) кој продолжуваше да ги штити позициите на полското дворјанство не само во литературата.

Реакција против оваа „теорија" има во самиот двор на грофот и лично од неговата ќерка Михалина и неговиот внук Алфред. Тие стојат на страната на новото кое ни оддлеку не го сфаќа и не сака да чуе за него стариот гроф. Според него дворјаните се родени на земјата да управуваат а не да учат занаети и да работат, а Алфред покрај науката изучил и занает. Тој е медицинар, но не му пречи да знае како се штават кожи и како се прават ремени од кожи. Кај овој јунак имаме нови моменти што се вкрстуваат со тие на Остап (обратен процес) дворјанин кој слегол во низините на занаетчиите, т.е. на селените. Алфред не знае и не сака да знае за предрасуди и го застапува мислењето дека во животот треба да се работи, бидејќи работата е мерило за способноста и вредноста на човекот. Човекот, споед Алфед, треба да се цени по способноста и достоинствата што ги поседува, за него таков пример е Остап и го смета за добар негов пријател, токму затоа што трудољубивоста го направила да стане полезен човек за општеството, човек кој ја издигнува науката.

Во романот хуманизмот е даден пак со цел писателот да докаже дека кај селаните има не само способни луѓе за науката туку и човечка

[25] A. Bar. *Charakterystyka i źródła powieści Kraszewskiego w latach* 1830—1850, Warszawa, 1934, стр. 211—212.

добрина, луѓе со широко срце и вистинска човечка душа. Грофот не само што го навредуваше него, не сметајќи го за човек, туку се стремеше да го уништи како таков во општеството. На оваа нечовечност Остап одговара со христијанска максима „кој по тебе со камен — ти по него со леб" — и навистина, во времето кога косеше колерата, имено Остап го спасува животот на грофот, бидејќи никогаш не можел да му го заборави неговото некогашно добро. Овој однос од психолошка гледна точка го возвишува уште повеќе докторот — селанец и критичкиот реализам на Крашевски се издига уште една педа со тоа што го принудува него да се врати назад кај своите собраќа и да ја дели со нив судбината на црниот труд на село.

Во ликот на девојката Михалина, која го сака искрено Остап, а се омажува за Алфред, го разобличува уште еднаш нискиот морал на дворјаните. Тука, се разбира, главниот товар на вината за упропастувањето на Бондарчук припаѓа на старото поколение — на грофот.

Наспроти вакуумите и дискутабилните страни на овој роман писателот Кращевски успеал во својата замисла и направил од „Остап Бондарчук" антикрепостен роман кој во потполност му припаѓа на критичкиот реализам.

За да ја дооформиме оваа слика за полското село и селското прашање во таа земја ние мораме да прескокнеме неколку романи и да го поврземе „Остап Бондарчук" со „Историјата на колчето..." во оградата". И тука станува збор за остар протест против феудалното општество. Ако Уљана извршува самоубиство, како жртва на љубовта, а Остап Бондарчук се откажува да живее меѓу луѓето кои забавувајќи се со судбината на човекот кому му дадоа возможност да покаже што знае во животот и потоа смртно го навредија — историјата на колчето доаѓа да ја дооформи трагедијата на полското село во крепосните услови. „Доволно е, пишува Ана Миљска, од овие неколку примери за да се сфати колку критички гледаше Крашевски на односите што царуваа во тогашното село, колку јасно ја гледал положбата на селаните, колку хуманистички, колку почитувачки и полн со љубов и сочувствено се однесуваше спрема угнетениот народ од пановите".[26]

Меѓу „Остап Бондручук" и „Историјата на колчето во оградата" постои период од 13 години, доста сложен, за кого ќе зборуваме и ќе се погрижиме да ја најдеме причината на таа сложена атмосфера во творештвото на писателот.

Всушност, со талентираниот музичар Захар, — Крашевски и го затвора циклусот романи за селото. Трагедијата и тука е поврзана со љубовта на која нема право крепосниот селанец; тука е покажана неправедноста која продолжува да ги уништува вредностите што ги поседува народот од најнискиот слој на тоа општество. Причината за да споулави талентираниот виолинист Захар е самиот социјален строј, односно управувачката класа која е способна да ги онеспособи способ-

[26] Anna Milska, *Pisarze polscy*, Warszawa, 1959, 219.

ните, да ги уништи, не за друго, туку затоа што тие не произлегуваат од нивната средина, но од простиот полски народ.

Кај ова крепосно дете, дојдено на овој свет со вроден талент, наоѓаме такви духовни вредности што го класифицираат него во редовите на способните луѓе во општестовто, како тој „да не бил селанец, а човек". Во овие зборови авторот ги осудува тие (дадените „од бога") луѓе што навикнале да ги сметаат крепосните селани за своја „стока".

Земјопоседникот сакаше, во почетокот, да го даде ова дете во армијата, но се предомисли и го направи свој лакеј. Во дворот на земјопоседникот има и едно девојче, што ја дели неговата судбина, кое го засакал и нашол соодветни чувства кај неа во љубовта. Против оваа љубов се исправуваат пак тие од дворот и не дозволуваат да се ожени за саканата девојка и кога Захар чул дека неа ќе ја верат за богат тој спобудалува. Трагедијата на младиот се зголемува со тоа што тој првпат во животот започнува да пее весели песни и да игра, смеејќи се на таков начин каков што никогаш во животот не му се случило. Спобудалениот поради изгубената љубов го свртува вниманието на земјопоседничката и таа започнува да размислува. Нејзе не ѝ се верува дека еден селанец е способен и може толку силно да сака во животот до спобудалување.

Иронијата и сарказмот доаѓаат до врвот на својот израз, бидејќи писателот на мајсторски начин успеал да ја наслика таа вистина, користејќи се со најпогодни уметнички средства какви што се: директноста, природниот начин на опишувањето на положбата на јунаците, психолошките моменти на преживувањето (на сфаќањето и несфаќањето) на положбата во која се нашол Захар.

Трагедијата на јунакот е поврзана и со трагедијата на фиданката (младото дапче) кој беше предназначен да ја украси прашумата и да стане нејзин цар, а паднал в очи на непријател на убавината и младоста и бил претворен во обичен кол закачен во плетот на оградата за која живее старото и закоравено срце на крепосникот — земјопоседник.

Со овој роман Крашевски го овенчал реализмот со лавров венец во неговата тематика за селото и крепосникот селанец во Полска. Стилот во него има посебни заслуги за разобличувањето на сите пороци изложени на отворена критика и со тоа писателот внесува ново во историјата на романот. Тој освежува, пред сè, со прототипноста на хероите и докажува, од литературно-уметнички аспект, дека не само хероите од високите кругови можат да бидат интересни како протагонисти што загрејуваат, туку и такви какви што се овие што ги разгледавме од средината на најниските слој во полското општество — селаните.

III

А сега да го разгледаме периодот од 13 години меѓу „Остап Бондарчук" и „Историја на колчето во оградата". Всушност, збор ќе стане за таканаречените години на реакцијата по поразот на револуцијата во 1848 год. Крашевски како да се исплашил од настаните наречени

„пролет на народите", или пак од самата положба во која се најде земјата, па во неговото творештво забележуваме извесно отстапување од познатите негови демократски позиции, во однос на селското прашање и врските на трите класи во Полска. Ова на прво место се одрази во романот „Јарима" (1850) г.), „Пештерата на согласност" (1852 г.) и во „Чудаци" (1853 г.). Во првиот роман се грижи да ги помири селаните со благородниците. Тука продолжува Остап Бондарчук, познатиот доктор, кој не ги поддржува веќе селаните во бунтот против земјопоседникот. Писателот тука се грижи да го развие првобитниот христијански морал за спогодба и мир и ги повикува на разумен начин да постапат во спорот меѓу нив и економот на селото. Овој роман не е базиран на реалноста. Тука настаните се или случајни или измислени (литературна фикција) со цел да покаже дека возможни се такви земјопоседници кои би се грижеле за мир и спокојство во селата. А тоа беше период на немири и селски буни кои најчесто завршуваа трагично за селаните.

Крашевски во романот „Чудаци" ни се презентира со идеален земјопоседник, човек кој се грижи за своите селани, а самиот живее скромно и затоа него го обожаваат селаните. Овој лик е копија на познатиот пан Подстоли од истоимениот роман на Игнаци Крашицки од периодот на полското просветителство.

„Пештера на согласност" е роман во кој писателот се искажува за дворјанството. Во него тој дава добро организирано крепоснишство со идеални односи меѓу земјопоседникот и крепосниот селанец. Тука писателот е под влијание на реакционерните сугестии на словенофилството кое особено се развива по поразот на „Пролетта на народите".

Во романот „Милиони наследство" (1847 г.) авторот сумеал да ги сконцентрира сите пороци на провинциската „шлахта" против самата неа. Тој започнува од сплетките, ситните интриги, празните души, завидувањата ца сè до најплитките расправии поврзани во основа на социјалната сатира, веќе позната уште од „Волшебниот фенер" и циклусот селски романи.

Марија е бедна благородничка и е принудена да ги слуша потсмевите и да ја гледа иронијата право в очи, бидејќи живее заедно со чичкото—селанец. А кога истата таа девојка станува наследничка, по некоја линија, на поседи од милионски вредности, таа тогаш станува угледна и авторитетна и самите тие кои ја исмејуваа — сега конкурираат кој да ја земе за жена, или во краен случај, ако не неа, тогаш нејзината тетка. Клеветите сега и оценувањата како стрели паѓаа над самите оние кои ја исмејуваа девојката. Марија е богата и таа сега има возможност да бира човек во животот по свој вкус. Оваа историја на Марија ни го припомнува Балзаковиот Евгениј Гранде.

Марија решила да организира во својата куќа отворена комедија. Таа ги поканила сите нејзини обожавачи да присуствуваат при „давање збор на согласност" — веридбата (со бедниот благородник Северин). Крашевски оваа слика ја обојува со прекрасни тонови на сатира и карикатура. Конкурентите се најголемата сцена во книгата.

А тетката на Марија само тажно се смееше со нискоста, идолопоклонството и сребролубивоста на благородниците. Парата тука е претставена како фасада на општеството.

Во лицето на оваа галерија благородници — кандидати за женење, не за Марија туку за нејзините милионски богатства — се гледа пропаднатото општество, а од спротива стои само еден достоен за раката на Марија — Северин Котлина кој се одвојува во романот како лик со квалитети на благородник и човечко достоинство. Тој се карактеризира со скромност, трудољубивост и чесност. Северин не знае што е тоа комарџиство, пијанство, т.е. стоеше настрана од сите оние „задоволства" што ги уживаше благородништвото во околијата. Него дури и го мразеа заради таквиот карактер и таквото држање.

Крашевски ваквите јунаци од осиромашената полска „шлахта" ги симпатизираше, бидејќи во нив гледаше морално надежни луѓе кои можат да бидат полезни за општеството иако првите ги исмејува — Северин го дава за пример каков би требало да биде благородникот. Овој позитивен јунак, млад и благонадежен, трудољубив, енергичен кој никогаш не се пожалил за било што во животот е од оној тип херои во полското општество на кои се надеваа повеќе од таа класа (Август Зажицки од романот „Пан Староста" на Фр. Скарбек, потоа Јузеф Стажицки во романот „Колокација" на Јузеф Кожењовски — кој истапува паралелно со Северин Котлина и др.).

Всушност тоа беа последните напори што ги правеа полските писатели да сторат нешто за да ја спасат честа на пропаднатата до гуша во греови — Полска со нејзината благородничка класа. Но сè беше напразно, бидејќи навреме разбра големиот писател Крашевски дека тоа е само „сизифов труд" и илузија. Писателот на лице место во Волинската област се увери дека нема што да се очекува од полското благородништво.

Жив сведок за овој процес е романот „Последниот од Секежинцевци" (1850 г.), посветен на судбината на еден од полските родови познати по своите огромни поседи земја (тие држеле некогаш педесет села), а во XIX век последниот Секежински не знае како и со што да го прехрани семејството. Требаше да умре и таткото, а по извесно време и неговата мајка за да види Тадеуш дека единственото што наследил тоа беше генеолошкото дрво и картата на поседите.

Ни збор не можеше да станува за било каква работа, бидејќи тоа било голем срам за тие луѓе од високиот род. Но ете, отворениот пат во романот „Остап Бондарчук" од Алфред како да заговори и кај Тадеуш. Тој мора нешто да направи, но без да биде понижен и осрамен. Со помошта на еден трговец тој тајно купил дуќан и самиот работел, но под туѓо име. Алфред беше горд, но ете Тадеуш мора да ги трпи и навредувањата од оние кои го препознале и го откриле, и други понижувања за десет години работа како продавач, но успеал да спечали пари за да го откупи родовиот имот и да се врати пак во редовите на благородничката класа. Но, во животот немало назад победа. Тој

бил разобличен отворено пред благородничката класа и умрел од срам, убиен од предрасудите на сопствената каста.[27]

Селскиот проблем и селските романи ќе го доведат Крашевски на прогресивни позиции во полската литература.[28] Ова негово убедување ќе го плати писателот по цена на најскапото во животот — татковината.

Процесот на распаѓањето на полската „шлахта" е одразен во творештвото на Крашевски како кај ниеден друг писател во Полска. Тој аргументирано докажува дека благородништвото ги губи позициите во општеството, иако ревносно се стреми да ги зачува привилегираните позиции. Но фанатизмот на благородниците во таа борба само го убрзуваше распадот на таа класа.

Ваквата слика за полските благородници ќе биде овенчана со романот „Два света" (1854—1855 г.). Овој пат акцијата ќе биде меѓу дворјаните на полската аристократија и осиромашените благородници, во кои сè до 1855 год. веруваше авторот дека тие се единствената надеж за спасувањето на честа на благородништвото. Главната поента тука е јазот што ги дели тие две класи во општеството.

Наспроти дворецот на аристократите од родот Карлински е исправена сиромашката куќа на благородникот Алек Драбицки. Романот започнува со најмладите години од школските клупи на двајцата пријатели Јуљан Карлински и Алек Драбицки. Овие јунаци пак ќе се сретнат по неколку години во дворот на полскиот магнат Јуљан. Тука Алек ќе ја сретне сестрата на неговиот пријател и ќе се вљуби во неа, иако знае дека Ана не е за него, дека сè е безнадежно. Тој дури не се осмелува да алудира ни оддалеку дека ја сака и мора да ги сокрива тие чувства. Причина да бидат издадени тие негови чувства беше болеста. Тој при една висока температура го изговори името на девојката, во нејзино присуство. Таа никогаш не би дозволила по никаков начин да си помисли такво нешто. Тоа би било за неа понизност, за нејзиниот висок род, нејзе не ѝ дозволуваше аристократската гордост. Ана беша избезумена кога го чу своето име од устата на човек не од нејзината класа. Тогаш таа без двоумење го остави него да се мачи без никаква помош. Ни најмалку хумано сочувство не прозбори пред оваа слика на болниот.

Хероињата од високиот магнатски род се омажи за еден сомнителен аристократ, кај како човек стоеше на многу пониско стапало, во споредба е Алек, тој беше ограничен и празен во животот. По ова Алек паѓа во меланхолија. Тој се разочарал од сударот со светот на аристократијата и бил скршен во неговиот живот.

Паралелно со оваа „љубов" во романот се развива уште една — меѓу Јуљан и Поља. Разделбата, се разбира, подлабоко ја преживува Поља, која беше воспитувана заедно со Ана. Девојката станала жртва

[27] M. Gawalewicz, *J. I. Kraszewski*, Warszawa, 1880, стр. 52.

[28] W. Danek, *Publicystyka J. I. Kraszewskiego w latach* 1859—1875, Wrocław, 1957, стр. 25.

заради саканиот Јуљан, кој треба да се ожени со ќерката на богатиот буржуј. По извесно време Пољa умира.

Романот „Два света“ претставува дел од „трилогијата“ на тема: јаз во љубовта меѓу класните припадности. За да го потврдиме ова доволно е да ја споменеме љубовта на Уљана и Остап Бондарчук од истоимените романи. Покасно оваа тематика ќе ја преземе Болеслав Прус во „Кукла“ и Елиза Ожешкова во „Над Неман“, потоа Адам Плуг во „Дух и крв“ и др. Сите оние водат борба против предрасудите на класната припадност. Во својата основа, овој прекурсор на проблематиката, што ја разгледуваме, си останува доследен во незалечивата рана на класните противречија. Како што не можеше да ги зближи селаните со земјопоседниците во „Уљана“ и „Остап Бондарчук“, така и тука јазот останува отворен меѓу аристократијата и благородништвото. Тоа беше чиста реалност на времето кое го опишува Крашевски. Ова ние го слушаме од устата на самиот херој, Алек, кога размислува за великолепниот двор и селото со луѓето; тој вели дека не постои никаква врска дури меѓу „панот“ и благородниците. Панот за нив не гаеше никаква симпатија, не постои ниеден патријархален случај кој би можел да ги зближи нив.

Кои се тогаш оние моменти во кои полската критика сакаше да види во овој роман стремеж на авторот за зближување на класите и отстранување на јазовите и противречностите во општеството? Нив ги има само илузорно. Таков лик е стариот гроф Понот кој ќе раскине секаква врска со аристократијата и ќе тргне да живее во една селска куќа и ќе ги облече дебелите и селски носии. Тој во еден разговор со Алек Драбицки ги осудува полските магнати за однос спрема полското село и животот на селаните.

Во својата основа овој роман претставува уште еден чекор напред во реализмот на Крашевски за развојот на социјалната тематика во книжевноста од тој период. Писателот прави анализа на животот на селаните, благородниците и магнатите со помошта на (психологијата кај своите херои и доаѓа до големи резултати и од композициска гледна точка романот претставува уметнички современо дело со сите литературни квалитети. Тука сè е поврзано во една акција. Ова го овозможува добро избраното сиже и мајсторската композиција на ликовите од трите споменати слоеви.

IV

Крашевски, како романописател, големи заслуги има и во историскиот жанр. Тој е сестрано начитан човек. Него посебно го интересираше XVIII век и го изучил до ситница, користејќи ја мемоарската литература во земјата и архивската во градот Дрезден, каде ги минал последните години од својот живот.

Првиот негов историски роман е „Времето на Зигмунт“ (1846 г.), во кој ќе ги опишува настаните и животот поврзан со нив во XVI век секојдневноста и културата на тие луѓе. Поголема светлина фрла на

битот. Историските настани писателот намерно ги става на втор план, бидејќи неговата цел беше токму во овој правец насочена да го покаже човекот и неговиот живот во тоа време и му успеало со помошта на таканаречената „совизжаљска" литература (анонимно творештво во Полска), која и сам ја издаваше. За оваа цел нему му послужи и необјавената драмска литература, чувана во неговата библиотечна збирка. Животот на бедните студенти и ученици во Краков, нивната борба поврзана со разни државни прашња и др. — претставува само добар почеток на вникнување во далечното минато на својот народ.

Виден успех постигнува со циклусот романи од времето на Саса. Благодарејќи на неговата позиција во литературата, Крашевски за разлика од Грабовски (негов современик), кој стоеше на мислење дека во историските романи треба да преовладува фикцијата, а не документарноста (која ја игнорираше и В. Скот), — застана на научни позиции. Посебно место од овој циклус романи припаѓа на „Храбината Косељ" (1874 г.), „Бриљ" (1875 г.) и „Староста Варшавски" (1877 г.).

Многу поголеми успеси постигнува со романот „Последните мигови на кнезот војвода" (1875 г.), каде што преовладува богатата фантазија на авторот.

На борбениот период на полскиот народ од времето на народноослободителото движење против тројното ропство, започнувајќи од востанието на Кошчјушко па сè до Јануарското востание Крашевски посветува нов циклус романи: „Скитници" (1868—1870 г.), „Децата на стариот град" (1863 г.), „Шпион" (1864 г.) и др., останувајќи доследен на своите родољубиви принципи со длабокиот патриотизам.

„Старата тврдина" (1876 г.) е роман посветен на легендарните почетоци на полската држава. Тука авторот на еден сугестивен и поетизиран начин зборува за минатото, уверувајќи ги своите читатели за визијата на тоа историско време.

Романот „Улавата" (1882 г.) го поврзува со настаните на Париската комуна. Хероињата се стреми за добивање образование. Тоа е борба за иднината на младото поколение на Полска. Овој пат ја доведува хероињата во Франција и таа својата судбина ја поврзала со најголемиот настан во историјата на Франција и цела Европа.

Значењето на историските романи на Крашевски е од голема важност, бидејќи се пишувани токму кога најмногу беа потребни на Полјаците, во времето кога историјата не можеше да биде изучувана во школите ни на универзитетите. Тоа го знаеше писателот и затоа брзаше, речиси на колено пишуваше, со цел да мине низ сите епохи на историјата, да ги најде најосетливите места и особено оние кои охрабруваа и го поттикнуваа полскиот народ да не заборави на своето минато, на некогашната полска слава, на државата на Пјастовци и Јагељоновци, на историските вредности на Вазовци и Сасовци, на времето на Болеслав Смелиот. Писателот ги потсетува своите сонародници дека полската историја знае и треба да се памти борбата за власт (на мисла ги имаме романите „Болешчице", „Владислав и Херман", „Вистинската историја на Петар Влашч и синовите на Крулевци" и др.) — во кои

го оживуваше целото минато на полското средновековје на чело со главниот град Краков, златното време на полскиот народ и сето ова зборуваше директно во срцата на современиците на писателот, велејќи им дека Полска е уште жива и дека таа еден ден мора да се обедини и да зацарува слободен живот.

V

И на крајот, по сето ова, треба да заклучиме дека развојниот пат на Крашевски претставува нешто посебно, за разлика од сите други романтичари во овој период. Неговата индивидуалност се состои во тоа што тој твори токму во периодот на романтизмот, а ги отфрлил сите романтичарски принципи како методи во неговата работа и минува директно на реалистички позиции. Се разбира дека негде-годе наоѓаме разни влијанија и од просветителството, и од сентиментализмот, и од романтичарството и не само на полската, туку и на француската англиската и пред сè на руската литература, каков што беше примерот на благородното влијание на Гоголь и други руски писатели, но тоа се исклучиво само елементи.

Кај него еволуцијата на реалистичкиот метод зеде такви размери и уште во самиот почеток, виден е и изразито оформен во 40—50 години, го доведе на позициите на социјален романописател со обопштувања, на големо, во полското општество за стварноста и проблематиката на селското прашање.

Во првите негови романи, кога се јавува како почетник, забележуваме извесна шематичност и недоразвиеност на „главните“ ликови или поточно определено: тие се губат меѓу огромната галерија на ликови, кои му го одвлекувале вниманитео на писателот и без да сака тој се ширел во разни правци, напуштајќи ја првобитната замисла и романите добивале чист битов карактер со многу животни проблеми, но затоа не решени, не доразвиени докрај. Тука треба да ја бараме и разнообразноста на жанровите во еден и ист роман (како што се на пример повеќето сцени и лица, а не карактери) со слики од битот на Полјаците.

Требаше да изминат повеќе години творечка работа за да може да се ослободи од разните плитки влијанија при сликањето на полската стварност и да може да премине на синтеза на проблематиката и социјалните конфликти: на психолошка анализа на ликовите поврзани во едно цело со проблемите кои станале главни поенти во подоцнежното творештво, каков што е примерот на усовршување на романот („Волшебен фенер“, „Уљана“, „Остап Бондарчук“, „Историја на колчето во оградата“ и др.). Тука веќе имаме стремеж да се постигне уметнички совршено дело, Отстранети се веќе ликовите со црна или бела боја која служела исклучиво како морализаторска поука во делата и од таквите карактери писателот минал на уметнички поусовршени ликови каков што е Густав од „Поетот и светот“ оформен со своите добри и лоши страни, и трагичен, и комичен, во зависност од положбата во која се наоѓал.

Ташко ВЕЛЧЕВ

КРАШЕВСКИЙ-КОРИФЕЙ ПОЛЬСКОГО СОЦИАЛЬНАГО РОМАНА В ПЕРИОДЕ РОМАНТИЗМА

(Р е з ю м е)

Юзефа Игнаци Крашевското по праву можна назвать одним из самых глубоких умов среди крупнейших писателей девятнадцатого века. Он, как художник, был наделен даром улавливать и предощущать сложнейшие исторические конфликты, происходящие в тайниках жизни. Он большой мастер социального романа.

Первые его романы можно назвать широкими бытовыми зарисовками. Крашевский постепенно убеждается, что стремясь к широким обобщениям жизни общества должен отказаться от строктуры бытового романа, от принципа мелочного копирования действительности.

Автор все более убеждается в важности синтеза, необходимости анализа социально-исторических конфликтов эпохи. Он ставит в центр внимания определённую проблему. „Волшебный фанарь“ является первым серёзным успехом в этом направлении.

Повести о крестьянской жизни становятся определённым этапом социального романа не только в его творчестве, но и вообще в истории польской литературы. Основой здесь является социальные отношения в крепостнической деревне.

Крашевский дал широкую картину жизни общества. По характеру свеого таланта он больше всех приблизился к Гоголю и к Бальзаку, особенно в широте социальной характеристики эпохи, в проблемах и характерах польской шляхты и крепостных.

Милан ЃУРЧИНОВ

НЕКОИ ОСОБЕНОСТИ НА РАЦИНОВИОТ ПОЕТСКИ ЈАЗИК

„Зборот во уметничкото дело, совпаѓајќи се по својата надворешна форма со зборовите од соодветниот национален јазички систем и ослонувајќи се на неговото значење, управен е не не само кон општонародниот јазик и опитот на народната сознајна вредност која во него е одразена, туку и кон светот на стварноста кој во уметничкото дело се создава или репродуцира. Зборот претставува градежен материјал за негова конструкција или композиција. Тој е, затоа, двополен во својата смисловна управеност и, според тоа, во таа смисла и сликовен. Неговата смисловна структура се шири и збогатува преку оние уметничко-експресивни „додатоци" на смислата што се развиваат во системот на целокупниот естетски објект. Откривањето на тие нови смисловни слоеви што ја менуваат и збогатуваат семантичката структура на општонародните зборови, изрази, конструкции и композициски системи на јазикот основна е задача на науката за јазикот на уметничката литература."

В. Виноградов

I.

Изминаа повеќе од педесет години откако Роман Јакобсон ги забележа зборовите кои одиграа преломна улога во модерната наука за литературата: *„Поезијата е јазик во неговата естетска функција. На таков начин, предмет на литературната наука не е литературата, туку, — литературноста, т. е. она што напишаното дело го прави да биде литературно."*

Прашањето за природата и функционирањето на јазикот во поезијата продолжува да предизвикува капитален интерес и денес проширувајќи ја, во основа, провокативната теза што на времето ја беше поставил Јакобсон. „Јазикот е материјал за литературата, пишува Ј. Лотман, но . . . неговата материјална супстанционалност, за разлика од бојата во сликарството, каменот во скулптурата или звукот во музиката

е од „посебен карактер". Додека „секој од овие материјали има своја структура" која до моментот кога се нашла во рацете на уметникот останува „социјално индиферентна", „јазикот е особен материјал, кој се одликува со висока социјална активност." Зборувајќи за хиеархиската структура на јазикот и истакнувајќи дека „јазикот претставува производ на сложениот, многувековен културен процес при што и самиот не се јавува како пасивен фактор во формирањето на културата", истот автор доаѓа до прашањето што е од посебен интерес за нашава тема: „Формирувачкото воздејство на националниот јазик врз „вторично моделирувачките системи" (под овој термин авторот ги подразбира семиотичките системи изградени врз основа на природниот јазик, чија што структура е многу посложена, а тука спаѓа и јазикот на уметничката литература), пишува советскиот теоретичар, е факт реален и беспорен. Особено тој е суштествен за поезијата. Сепак, од друга страна, процесот на создавањето на поезијата врз национална јазична основа и традиција е сложен и противречен.[1] „За да се здобие и поезијата со свој јазик, создаден врз основа на природниот, кој не е еднаков на нејзиниот, за да стане и таа уметност, ќе бидат потребни многу усилби. Во муграта на словесната уметност беше се појавила категоричка неопходност: јазикот на литературата да се разликува од обичниот, трансформацијата на стварноста преку јазикот со уметничка цел, — од целта што е по суштина информациона. На таков начин се појави и неопходноста на поезијата."[2]

Овие ставови се мошне блиски до погледите на еден од најистакнатите истражувачи на јазикот на поезијата Г. Винокур, кој, подвлекувајќи, дека „на планот на проучувањето на поетскиот јазик како специфична форма на јазична комуникација поетското дело претставува најсложен систем на јазично единство", пишуваше:

> „Едно од најважните и најкарактеристични својства на поетскиот јазик е неговата поетска *јазична функција* која не се совпаѓа со функцијата на јазикот како средство за обична комуникација, туку претставува негова своевидна и посложена форма."[3]

---

[1] Споредејќи со одделните ставови на „формалната школа" и настојувајќи да даде свое објаснение за тоа каков е патот една уметничка област да го досегне нивото на сопствениот „јазик", Лотман дава сликовита споредба со развојот на кинематографијата. „Фактот што фотографијата беше директно и автоматски поврзувана со предметот кој се фотографира, пишува тој, долго време пречка беше кинематографијата да прерасне во уметност. Дури откако, со појавата на монтажата и подвижната камера, стана возможно еден предмет и објект да биде фотографиран на два различни начини, а последователноста на предметите во животот престана автоматски да ја условува последователноста на филмската лента, филмот од копија на стварноста се преобрати во уметнички модел на истата. Филмот се здоби со свој јазик." (Ю. М. Лотман, Анализ поэтического текста, Ленинград, 1972, стр. 22).

[2] Ю. М. Лотман, Анализ поэтического текста, Ленинград, 1972, стр. 23.

[3] Според: V. V. Vinogradov, Stilistika i poetika, Sarajevo, 1971, str. 173.

Искажувањата на Лотман и на Винокур можат, на прв поглед, да се сторат како недоволно употребливи за прашањето што ние имаме намера да го разгледаме. Обајцата, како што видовме, ја акцентираат основната карактеристика на *поетскиот јазик* како јазик кој нужно се оддалечува од примарниот и обичниот, а дури, во епохите на основоположништвото и преломност, се оцртува како извесна своевидна негација на јазикот на кој комуницира заедницата, колективот, народот. Но, токму тука се налага да подзапреме, пред да минеме кон нашава анализа. Зашто, никне потребата повеќекратно нагласената с л о ж е н о с т на јазикот на поезијата да се сфати во нејзината дијалектичка сушност. Соодносот помеѓу самоцелноста и информационоста, помеѓу стварносното и естетското, помеѓу предметното и условното, помеѓу обичното и симболичкото, кога е во прашање поетскиот јазик не е праволиниски, ниту геометриски обратно пропорционален процес. Помеѓу нив владее, како што тоа во најново време го означува М. Петер, еден вид „осцилирувачка рамнотежа“[4] при што, неретко, јакнењето на антиномичноста се покажува стимулативно за креативно продуктивниот исказ, и обратно. Како пример за последново се наведува јазичното новаторство на Мајаковски кај кого јакнењето на предметноста придонесува не за ослабнување, туку за зајакнување на условните и преносните значења. Во нашиов случај, исто така, чинам, ќе биде можно да се покаже како широкото опирање на Рацина врз традицијата во неговата поетски најпродуктивна фаза („Бели мугри“) придонесува не, за забавувањето на процеост на уметничката јазична еманципација-туку обратно, за негова понагласена поетска оригиналност и издиференцираност. Не идентифицирајќи го докрај јазикот на нашата народна поезија со јазикот на народот, ќе забележиме дека во случајот на Рациновот поетски јазик имаме една добра потврда за една од клучните тези на Ј. М. Лотман, според која, — „новаторството не се состои секогаш во изнаоѓањето на новото .Новаторството е сложен значењски однос кон традицијата, едновремено востановување на сеќавањето за неа и несовпаѓање со неа.“

На таков начин, првобитните укажувања за неопходноста за оддалечување од нормативниот јазик, кога е во прашање создавање на модели на нов, дотогаш непостоечки поетски јазик, се надополнуваат со динамички сфатениот „додаток“, дека не само оддалечување од природните норми на јазикот, туку и доближување до нив може да стане извор на уметничкиот ефект.

Кон ова треба да се додаде и она што модерната лингвистика и теорија на поетскиот јазик често го подвлекуваат, објаснувајќи ја природата на п о е т с к а т а с л и к а. В. Виноградов истакнува дека таа е секогаш „бинарно единство“ во кое едната страна се одразува во другата и со тоа како да ја зајакнува и доразвива. Истиот автор во тој контекст го цитира грчкиот теоретичар К. Варналис и неговите

[4] М. Петер, К вопросам семантики поэтического языка, во зборникот „Структура и семантика литературного текста“, Akademiai kiado, Budapest, 1977 str. 62.

зборови според кои „вредноста на секоја уметност не е во составните елементи на формата, туку во конечната жива форма“.[5] Оттука, битно предупредување на фонот на сегашниве актуелни структурални лингволитерални квантифицирања, — „суштината на поетскиот јазик не се одредува со квантитетот, дури ни со квалитетот на метафорите, компарациите и другите видови тропи, туку преку општата насоченост кон јазичното, емоционално сликовито изразување и репродукцијата на стварноста во светлината на едни или други естетски барања.“[6]

Слично предупредување наоѓаме и во неодамна публикуваниот труд на унгарскиот теоретичар М. Петер кој пишува:

> „... семантичката своеобразност на поетскиот јазик се состои не во квантитативната доминација на едни или други негови елементи и изрази, традиционално признати како ‚поетски'. Зашто сите тие елементи и изрази — метафората и другите тропи, емоционалните зборови, двосмисленоста, т.н. поетска етимологија и дури она што францускиот научник Жан Коен го наречува „безобзирност на искажувањето“ (impertinence), сите тие се среќаваат и во непоетскиот јазик и претставуваат само одделни начини да се преобрази обичниот јазик во ‚еднородна средина' на поезијата.“[7]

Ако проблемот не е во количеството на поетските тропи, ако изолативната вредност на одделните зборови по однос на општиот поетски контекст е мала и небитна, ако поеткиот јазик дозволува да се изменат и добијат нова смисла и нова сликовно-експресивна сила различните елементи на општиот јазичен систем, тогаш произлегува дека своевидноста и карактеристичноста на секој посебен поетски јазик е директно условена од специфичната уметничка организација на зборовите во него што е под непосредна контрола на поетот — творец.

Да преминеме, тогаш, од овие општи и начелни претпоставки кон анализата на познатата песна на Рацина „Елегии за тебе“, најдолгата и најсложената негова уметничка песна, што дава погоден материјал за проверка на горниве ставови и отвора простор за одговор на прашањето околу особеностите на Рациновиот поетски јазик како и за условите под кои се одигруваше развојниот процес на создавањето на првите облици и остварувања на нашата современа поезија со високи естетски достоинства.

---

[5] Според: V. V. Vinogradov, Stilistika i poetika, str. 213.

[6] Цит. дело, стр. 237.

[7] М. Петер, цит. дело, стр. 62.

II.

Иако Рациновиот поетски јазик досега кај нас не бил предмет на поопстојни истражувања, постојат драгоцени иницијални укажувања во оваа насока. Така, уште во 1947 година во својата статија „Како работел Рацин над „Бели мугри" Блаже Конески ни го предлага следново објаснување за патот по кој минал тој јазик кон своето автохтоно оформување:

> „. . . по законот на преемственоста — пишува Конески — во литературниот развиток, Рацин требаше да тргне отаде, кај што беше застаната нашата народна песна, од јазикот што таа го беше изработила. Би било многу погрешно ако би сме барале да го сведеме зборот на Рацина просто на народната песна — но влијанието од неа е основното благотворно влијание што тој го претрпел. . ."[8]

Во својата статија Конески го истакнува користењето на народни мотиви во песната „Елегии за тебе", а врз примерот на песната „Тутуноберачите" покажува како врз народна основа поетот постигнува поизразита социјална поента. До слични ставови Конески доаѓа и во својата понова студија „Јазикот на македонската народна поезија". Во поглавјето „Јазичниот контакт меѓу македонската народна и уметничка поезија", за ова прашања Конески го дава следниов заклучок:

> „Како што гледаме, во поетскиот јазик на Рацин сè уште се дејствени извесни модели карактеристични за јазикот на македонската народна поезија. Можеме да говориме за продолжување и актуализирање на особеностите на тој јазик. Па сепак, се разбира, јазикот на Рацин не можеме да го израмниме со јазикот на народната песна, исто како што неговата поезија не можеме да ја претставиме како реплика на народната поезија."[9]

Во завршните пасуси на ова поглавје Конески со право укажува дека во случајот на Рацин станува збор не за еднонасочно преземање, туку за свесен процес на „филтрирање" или „лежерно стилизирање", на „продолжување и актуализирање на особеностите на народниот јазик" во една нова и современа поетска структура.

Токму тука доаѓаме до оној граничен предел кој во случајов најмногу го привлекува нашиот интерес. *„Фолклорното" како праоснова од која се поаѓа и „социјалното" како идејно определување се двата основни параметри во рамките на кои се движи и обликува суштественото на Рациновата поетска реч која е во прашање неговата поезија од збир-*

[8] Блаже Конески, „Како работел Рацин над „Бели мугри", „Нов ден" бр. 4—5, Скопје, 1947 г., стр. 22.

[9] Блаже Конески, „Јазикот на македонската народна поезија", МАНУ, Скопје, 1971, стр. 79.

ката „Бели мугри“. Како овие две компоненти се вградуваат и појавуваат во она што би можеле да го определиме како „посебност на Рациновиот поетски јазик“, тоа е прашањето што овде во прв ред нè интересира. Поконкретно речено, како во една од најпознатите и во уметничка смисла најсовршените Рацинови песни „Елегии за тебе“ се остварува контактот помеѓу „основата и надградбата“, т.е. помеѓу јазикот на македонската народна и јазикот на уметничката поезија, пред сè, во неговата е с т е т и с к а функција

„Елегиите за тебе“ се во композициски поглед една од најсложените, а во јазично-стилски една од најубавите и најбогатите песни на Рациновите „Бели мугри“. Оваа песна е, се чини, посебно карактеристична со мешањето, сплетот и преминот од фолклорната лексика и интонација кон нефолклорните поетски елементи. Другите песни од Рациновата поетска збирка покажуваат поголем или послабо изразен степен на блискост со народната основа, со традиционалната лексика и мелодиска интонација, но ниту во една друга песна на Рацин немаме такво п а р а л е л н о присуство и на едното и на другото, при што првото преминува во второто на начин кој не ја нарушува хомогеноста на поетската целина и нејзиното доживување како единствена и монолитна поетска структура.

За разлика од другите Рацинови песни, „Елегиите“ се одликуваат со сложена композициска архитектоника. Тие се составени од шест навидум разнородни поетски целини — песни, обединети од една идеја која во песната постапно се воведува и потоа сè позасилено се развива и разгорува, за во последната песна да биде изразена на еден симболички, но во основа категорички јасен, експресивен и поетски моќен сугестивен начин. „Елегиите“ се добар пример за она што се означува како „јазик во движење“: во нив се одигрува напоредна смена на *динамичкиот* и *статичкиот* принцип, со тоа што првиот се доживува како доминантен во уводната и завршната песна, појавувајќи се и во третата песна на своевиден начин, додека вториот доминира во втората, четвртата и петтата песна, т.е. во песните во кои наспроти активниот став доаѓаат до израз медитацијата и рефлексивноста.

Втората особеност на оваа сложена песна е нејзината внатрешна *дијалошка форма.* Сета песна може да се сфати како еден проширен дијалог со повеќето адресати[10], и тоа:

Во I песна — *дијалог* со гората („Дај гиди горо зелена!“)

Во II песна — *дијалог* со зората („Зоро златно и румено, зоро слатка посестримо!“)

Во III песна — *дијалог* со водата („Течи си водо студена!“)

[10] Обраќањето кон другото лице, емитувањето на одредени пораки е, инаку, една од основните стилски особености на Рациновиот поетски израз. Го наоѓаме и во песните „Проштавање“, „Татунчо“, „До еден работник“, „Нели бевме“, „На Струга дуќан да имам“.

Во IV песна — *дијалоī* со златa судбина на пролетерот
Во V песна — *дијалоī* со работникот
Во VI песна — *дијалоī* со класниот непријател.

I.

„Вчера си појдов, наминав
низ таја гора зелена
под тија буки високи
ко килим сенки широки.

Одев со глава замаен
наведнат, мртов, зачмаен,
одев со грутка на срце
и каракамен на гради.

Дај гиди горо зелена!
Дај гиди водо студена!
Пилците пеат — ти плачеш,
сонцето грее — ти темнеш.

Ако ги криеш коските
на дели млади јунаци
тука што лежат по тебе
за тија темни дубрави —
зошто ги таеш песнитеI
Зошто по тебе дрвјата
и на дрвјата гранките
и на гранките лисјата
шумолат скришно таговно?“

Не е тешко да се забележи дека првата, уводната песна во „Елегиите за тебе“ е во изразита степен условена од народната и фолклорната јазична и стилска традиција. Ова се потврдува не само со изобилното присуство на постојаните епитети, така чести во народната поезија („гора зелена“, „буки високи“, „сенки широки“, „вода студена“), туку и со структурниот облик на оваа песна, по своите типолошки карактеристики мошне близок до поетиката на народната поезија. Овде, помеѓу другото, треба да го свртиме вниманието кон фактот што во оваа песна природата се појавува како рамноправен партнер и собеседник на поетот кој, токму во дијалогот со неа, ја отпочнува својата тема која овде се појавува во една изразито таговна, молска, елегична интонација. Генеалошката врска со народната традиција е со тоа недвосмислено назначена.

„Во народната песна природата има наполно суверени права — истакнува Г. К. Сидоренко — разгледувајќи сличен проблем во примерите од украинската поезија. Таа е неделива од човечкиот живот. Прикажувањето на последниов е незамисливо без паралелното воведување на детали од природата. Затоа психолошкиот паралелизам на народната песна — воопшто не е сопоставување или споредување „за засилување“ на сликовитоста, не е украс на песната, туку закон на творештвото, според кој во делото се воспоставуваат пропорциите на вистинскиот живот.“[11]

Се разбира, во нашиов случај ќе биде нужно не само да се одбележи присуството на таквиот „психолошки паралелизам“, кој овде е евидентен, туку и да се разоткрие неговото семантичко зрачење, неговата функција во целосната структура на „Елегиит“. Веднаш ќе речеме дека овде имаме добар пример за трансформациите што се одигруваат врз основа на традицијата при што се обликува и создава нов, современ поетски израз. Тој се остварува како дијалектичко разрешување на опозицијата „традиција — новаторство“, кое Лотман го изразува преку кусата парадоксална формула: „тоа и не-тоа (едновремено)“.

Традицијата овде се искажува преку лексичката, синтаксичката и синтагматската наситеност на поетскиот исказ. Покрај веќе наведениве постојани епитети, заслужуваат во таа смисла да бидат истакнати типичните стихови од средишниот дел на песната каде во третата строфа наоѓаме:

„Дејѓиди горо зелена!
Дејѓиди водо студена!
Пилците пеат — ти плачеш,
сонцето грее — ти темнеш.“

Новото е во појавата и присуството на индивидиумот и неговото наминување во „таја гора зелена“ каде што набргу започнува приказот на неговото психолошко настроение:

„Одев со глава замаен
наведнат, мртов, зачмаен,
одев со грутка на срце
и каракамен на гради.“

Синтезата, спојот помеѓу новото и старото се разоткрива преку идејно-содржинскиот контекст на песната: гората, планината и во минатото била засолниште на борците за слободата на народот,

[11] Г. К. Сидоренко, К вопросу о соотношении ритма и смысла в стихотворном тексте, во зборн. „Структура и семантика литературного текста“, Akademiai Kiado, Budapest, 1977, стр. 109.

давајќи им закрила и помагајќи им да ги остварат своите стремежи и народни идеали. Но овде пристапот е видоизменет. Овде, престојот в среде гората има само иницијален карактер. Тој има за цел да го воспостави нужниот континуитет и врската помеѓу минатото и сегашноста и да отвори простор за психолошкиот паралелизам помеѓу душевната состојба и настроението на јунакот — наратор (во втората) и гората (во третата) строфа. Засега сè уште не е јасно кој е мотивот на наминувањето на нараторот во гората и што е причина на неговото мрачно и потиснато настроение. Извесна е само неговата сврзаност со гората и неговата доверба во неа. Последната, удвоена строфа, меѓутоа, дава на знаење дека тагата на нараторот и мрачното настроение на гората имаат некаков заеднички корен: гората тука бива персонифицирана во суштество кое ги „тае своите песни", исто онака како што нејзиниот ненадеен посетител сè уште молчи за вистинската причина на својата тешка душевна состојба. Песната завршува со лирско финале, својствено на Рациновиот поетски израз, во кое, низ градуирани прашални стихови се потенцира загатката чиј расплет треба да го дадат песните што следат:

„Зошто по тебе дрвјата
и на дрвјата гранките
и на гранките лисјата
шумолат скришно таговно?"

2.

„Таму горе на небото
зора руди, земја буди,
ден морави шири крила
и алова точи свила,
таму зора црвенее —
мое срце ми црнее.

Ископајте длабок бунар
извадете ладна вода
натопете лути рани
да не горат, да не болат.

Зоро златно и румено!
Зоро слатка посестримо!
Ти изгреваш надалеку —

да ли еднаш ке изгрееш
силно, силно, дури милно
над долови и над гори
над полиња и над реки
над мојата татковина?"

Втората песна на „Елегиите за тебе“ го означува преминот од народната традиција кон карактеристичниот Рациновски поетски израз. Фолклорната основа е и натаму присутна во првата и третата строфа. Аналогно на претходната песна, и оваа започнува со најавата на собеседникот на нараторот, овој пат, тоа е зората, со која во третата строфа се одвива дијалог, сличен со дијалогот помеѓу нараторот и гората во првата песна. Вниманито, секако го запира средишната строфа, која и по интонација, и по ритмика, и по лексика наполно со разликува од досегашниот тек на оваа сложена песна. Со својот пркосен мажорен ритам, со изразито повелителната интонација, таа како наполно да ја нарушува дотогашната фолклорна лирска инструментација. Во дотогашниот фолклорно-лирски еуфоничен простор таа го внесува новиот, опоритиот звук, најавувајќи ја изразитата социјална тема и нејзиниот револуционерен патос кои постапно ќе се засилуваат, за да достигнат кулминација во завршната, шестата песна. Впрочем, ритмичкиот и идејно-содржинскиот паралелизам со завршната песна е тука лесно забележлив:

овде, —

„Ископајте ладен бунар
извадете ладна вода
натопете лути рани
да не горат, да не болат.“

таму, —

„Исцедете, ограбете
пот и труд и меса голи,
уста пуста затворете
да не каже оти боли.

Очи црни ископајте
да гледајат не давајте,
раце машки прекршете
срце лудо наранете. . .“

Притоа, овде за првпат се појавува карактеристичната за Рацин — синтагма „рани кои горат“, која за него има едно пошироко симболичко значење, зашто „пламенот на болката“ кај Рацин го означува страшниот, опоменувачки оган управен кон поробителот и тираните.

3.

„Два брега — двата стрмнини.
А од брег на брег танок мост.
Под мостот вода морава —
тече и мие ранава.

Тече од векот вековит
и нова и се нова и понова,
тече, а тука маките
се стари и се постари.

Тече и влече со себе
сичко што стои пред неа,
а на брегови животот
чмае у троскот зараснат!

Течи си водо студена!
Течи си — рони брегови!
Течи — и нам низ срцето
нели и крвта ни тече?"

Преминот назначен во претходната песна, овде е изведен докрај. Интонацијата, поетскиот израз и јазик сега наполно се менуваат. Наеднаш, како да сме во просторот на современата, модерната поетска реч: нагласена сликовитост и метафорика, стегнат, пречистен израз. Сета песна како да претставува една проширена метафора: водата е овде симбол на времето што протечува од искони, наспроти бреговите што го симболизираат животот, што е ист и непроменлив, што „чмае во троскот зараснат". Веќе укажавме на динамичката структура на оваа песна (глаголот „течам" во неа се појавува осум пати). Останува да се истакне нагласената употреба на повторувањата (течам — нов — брег) кои придонесуваат за зајакнувањето на експресивноста на поетскиот израз и кои имаат несомнено видно значење за семантичкото нијансирање на Рациновиот поетски јазик, бидејќи во него се среќаваат доста често. Завршните четири стиха од песнава, меѓутоа, дозволуваат и во оваа песна да се наслути најавата на клучната мисла на „Елегиите" во целост: протестот, револтот против нечовечниот живот. Оваа мисла овде е изразена повеќе фигуративно, одошто, експлицитно, како што е тоа случај во финалната песна, но и покрај тоа иронијата и предупредувачкиот тон на последниве два стиха;

„Течи — и нам низ срцето
нели и крвта ни тече?"

недвосмислено го најавуваат главниот содржински пункт на сета песна.

4.

„Скотски е, скотски живот аргатски
у темно засидан,
до скот сме сниско попритиснати
на овој свет убав.

Кој ни ги скрши белите крилца
крилца на галаби бели?
Кој ни замати извори бистри
извори на души чисти?

И кој раздвои, и кој раздвои
човек од човек со ѕид?
И кој направи, и кој направи
човек на човека роб!

Та човек од човек
да страда
и тегне
и бега
од лулка од гроб!"

Четвртата песна на „Елегиите" води директно кон централната идеја и главниот мотивациски пункт на сета песна. Она што во претходните беше загатнато и најавувано преку дијалогот со гората, зората и водата, она што се појавуваше во фолклорно-традиционална и условно-метафоричка форма сега изнурнува како отворен, неприкриен исказ за тешката судбина на современиот класно определен пролетер. Сега станува јасно дека провобитната фолклорна дијалошка форма од експозицијата постапно се трансформирала во ангажирана социјална парадигма која објаснува зошто гората шумоли „скришно и таговно" (во првата), како изгрев на зората посакува поетот (во втората), во што е врската помеѓу водата што ги рони бреговите и крвта што тече во срцето (во третата песна) и кој заправо стои зад поетот, зад неговиот тревожен и неспокоен немир во претходните стихови.

Песната претставува недвосмислен манифест на потлачената класа во целост. Главниот јунак не е веќе поединецот, лирското „јас", како во првите две уводни песни, туку, колективот, класата, „ние". Поетот го вградува во песната круцијалното прашање што ја инкарнира длабоката суштина на класното определување — хуманистичката, општочовечка цел кон која тоа стреми:

„И кој раздвои, и кој раздвои
човек од човек со ѕид?
И кој направи, и кој направи
човек на човека роб."

Во јазична смисла, занимливо е да се истакне дека употребата на повторувањата во оваа песна уште повеќе се зајакнува, не само во рамките на одделните зборови, како што беше случај порано, туку и преку сегментираните консонантски групи („ск" — „тск") што е забележливо особено во првата строфа.

Не помалку е занимлив податокот што прашалната реченица на крајот од третата строфа не завршува со вообичаениот прашалник, туку со извичник. Со тоа се сугерира дека поетот го знае одговорот на прашањето што го поставил, не посакувајќи експлицитно да го соопшти.

Најодзади, карактеристичен е и преминот од првата кон втората строфа на оваа песна. Децидниот, суровиот, социјално усвитен исказ во првата строфа преминува во лирски — разнежен исказ во втората. Со тоа како да се потврдува онаа особеност на Рациновиот поетски јазик на која е веќе укажано од други: социјално најангажираните стихови на Рацин се воедно и најлирски, најчувствителни!

5

„Ти да знаеш, паметуваш
и ем да си на ум имаш —
работник си — и работник
ти ќе паѓаш и се дигаш.

Луњи ли ќе пусти дојдат
сонце ли ќе јасно грејне —
патиштата, патиштата

пред тебе се на борбата.
Како смртта вечна што е
така борба вечно трае.
Но од смртта е по силна
по патиштата борбата!“

Петтата песна претставува своевидно продолжување на претходната. Во неа имаме директно обраќање до *работникот* — автентичниот адресат на „Елегиите“. Во естетска смисла, таа е послаба од другите песни. Нејзиниот израз е крајно упростен, а таков е и поетскиот јазик во неа. Присутна е единствено споредбата, а другите видови тропи во неа не се забележливи. До извесна степен, оваа песна може да се сфати како парафраза на песната „До еден работник“, Рациновата прва песна напишана на македонски јазик.

6.

„Исцедете, ограбете
пот и труд и меса голи,
уста пуста затворете
да не каже оти били.

Очи црни ископајте
да гледајат не давајте,
раце машки прекршете
срце лудо наранете.

Угаснете и светлини!
Мрак да биде — каракамен.

Има, има — в темнината
нешто живо пак да свети:
има болка на душата
има души наранети.

Болка боли — болка гори
болка пече, душа мори.
А болката кога свети —
тешко, тешко, тешко клети!"

Шестата, последна песна е во уметнички поглед најкомплетна и најсугестивна песна на „Елегиите". Забрзаниот ритам ја донесува во јарки, строго исцизелирани каденци основната поетска идеја која овде доживува кулминација, преминувајќи во вистински лирски крешчендо. Тоа доаѓа посебно до израз во средишниот корпус на песната каде строфичниот склад се прекинува со интерполираниот дистих што ја содржи вонредната поетска слика:

„Угаснете и светлини!
Мрак да биде — каракамен."

Сета песна е изградена врз остриот контраст помеѓу светлината (борбата) и мракот (ропството), фатени во непомирлив костец, кој завршува со Рациновата необична, но мошне сугестивна мисла, според која, болката сама по себе зрачи светлина и пламен што ќе го уништат на крајот угнетувачот, тиранот, мисла што бегло беше загатната и во втората песна, но дури овде е развиена и максимално поетски реализирана.

Поетскиот јазик е овде докрај оддалечен од лексиката и фолклорната интонација карактеристични за првите две песни на „Елегиите". Преминот кон новата, современата поетска реч спроведен е докрај. Песната се одликува со строга композициона целовитост. Помеѓу сите други претходни, таа е единствената песна со доследно остварени рими. Занимливо е, меѓутоа, да се укаже дека во лексичка смисла овде фигурира само еден збор со фолклорно-идиомско значење кој веќе имавме можност да го забележиме и во уводната песна што беше најблиска по израз до традиционалноит јазик. Тоа е зборот КАРАКАМЕН, кој е овде интегриран во поинаквиот контекст, задржувајќи ја сета своја звучна експресивност.

III.

Се запревме врз „Елегиите“ за да укажеме колку е сложен и недиректен патот на ослонувањето врз народниот јазик со цел истиот да се земе како основа при создавањето на современиот индивидуален поетски јазик и колку сериозни креативни напори му беа неопходни на Рацина за да го досегне нивото на една автохтона и модерна структура на современата поетска реч. Песната што ја анализиравме, бездруго, не е единствената поетска творба на Рацин врз која може да се следи процесот на комплексното јазично транспонирање. Но, таа е секако една од најкарактеристичните за следењето на овој процес, како и за доаѓањето до заклучок дека Рациновиот поетски израз и јазик во своето ослонување врз фолклорот и народната традиција минувале низ сложени врвици и дека суштинското во тој сооднос налагало оваа условеност да се сфати не како еднонасочен премин од попростото кон посложеното, од архаичното кон модерното, туку како сооднос помеѓу две автохтони јазични и поетски структури помеѓу кои ниту едната, ниту другата немаат упростена, „услужна“ или подредена функција. Без ова сознание тешко би можел да биде објаснет фактот кој стана карактерно обележје на сета нова македонска поезија, — нејзиното перманентно, циклично навраќање кон традицијата и изворната реч, во одделните фази од нејзиниот современ развој, сè до најново време.

На крајот, ја подвлекуваме големата заслуга на Рацина во создавањето на поетскиот јазик во кој на еден мошне изнијансиран, креативноуверлив и трајно-сугестивен начин се остварени солуциите помеѓу старото и новото. Видени низ една временска ретроспектива тие солуции се откриваат не само како почетни и иницијални, туку и како патоказни и антиципаторски по однос на сета нова македонска поезија. Очигледно, станува збор за еден јазичен процес кој со „Бели муги“ го доби својот силен и првобитен тласок, но, кој сè уште кај нас не е завршен, без оглед на фактот што со својата забрзана еволуција и отвореност кон современите поетски тековн, поетскиот јазик и кај нас го досегна нивото на една порано незамислива универзалност.

Milan GIURČINOV

QUELQUES PARTICULARITÉS DE LA LANGUE POÉTIQUE DE RATSIN

(Résumé)

Bien que dans la science littéraire macédonienne soit généralement accepté le jugement que c'est justement Ratsin qui est l'innovateur authentique de la nouvelle poésie macédonienne contemporaine, les travaux d'enquête de recherches concrets sont enocre peu nombreux concernant certaines particularités de son oeuvre poétique qui n'est pas très vaste mais gui est suggestive.

Dans son ouvrage, l'auteur se donne pour tâche d'examiner quelques caractéristiques et quelques propriétés de la langue poétique de Ratsin. Dans la partie préliminaire l'auteur souligne les paramètres théoriques du problème de la langue poétique, vu à travers le focus des conceptions actuelles linguo-littéraires, s'appuyant à ce sujet sur quelques positions de V. V. Vinogradov, J. M. Lotman et M. Peter. L'auteur consacre le milieu de sa discussion àl' analyse détaillée d'un des poèmes du recueil „Les blanches aurores" intitulé „Elégies pour toi" qui est en même temps le plus important et au point de vue esthétique le plus réussi. Se basant sur l'exemple de ce poème, dans sa conclusion, l'auteur prouve que les voies de l'appui sur la langue populaire et la tradition folklorique menant à une langue poétique contemporaine individuelle sont très compliqués et indirects, et que, pour une issue définitive de la transformation nécessaire — du folklore et de la tradition populaire, en une structure autonome moderne de l'expression poétique contemporaine, le rôle décisif est joué par le potentiel créateur du poète lui-même. De là la relation entre „l'ancien" et le „nouveau" est déterminé non pas comme un passage à sens unique du plus simple au plus compliqué, de l'archaique au moderne, mais plutôt comme un rapport dynamique entre deux structures autonomes, parmi lesquelles ni l'une ni l'autre n'a une fonction simplifiée „de service" ou bien définie.

Оливера ЈАШАР-НАСТЕВА

КОЈ Е „БЕРТОДОЛ“ НА ЦЕПЕНКОВ?

1. — Во 1958 година во списанието *Македонски јазик*, нашиот славеник проф. Киро Пенушлиски ја објави за првпат *Автобиографијата* на Марко Цепенков[1]. Со ова беа отстранети страхувањата дека можеби и овој важен ракопис засекогаш исчезнал. Објавувањето на *Автобиографијата* беше всушност втор директен контакт со големиот и најкомплетниот собирач на македонското народно творештво, со оглед на тоа дека четири години пред тоа Блаже Конески го беше објавил изборот од Цепенковите *Сказни и стореније*[2] придружени со предговор, преку кој се запознавме од поблиску со личноста и делото на овој плоден собирач и по многу нешто специфичен запишувач на фолклорот.

Во изминативе две децении нашата средина, која како да сакаше да го надополни изгубеното, се здоби со повеќе изданија на Цепенковото дело[3]. Истовремено, во овој период сè повеќе растеше и интересот за животот и делото на неуморниот собирач на фолклорниот, етнографскиот и јазичен материјал.[4]

2. — И покрај тоа што *Автобиографијата* на Цепенков не го опфаќа целиот негов живот (пишувана е дваесетина години пред смртта) и што одделни периоди и настани од неговиот живот во неа не се споменати, таа и натаму останува, заедно со другите негови написи, скоро единствен извор за запознавањето на животниот пат на Цепенков. Во врска со ова треба да се подвлече дека *Автобиографијата*, и покрај бројни недостатоци и непрецизности, содржи интересни податоци и детали, кои од поблиску осветлуваат и некои моменти од приликите и времето во кои тој работел. И, не ретко, цела низа такви детали се наоѓаат концентрирани во една единствена информација како што би бил, на пример, случајот и со следните неколку реда:

---

[1] Пенушлиски д-р Кирил, *Автобиографија на Марко К. Цепенков*, *Македонски јазик*, IX, 1—2, Скопје 1958, стр. 109—145.

[2] Конески, Блаже, *Марко Цепенков*, *Сказни и стореније*, Скопје 1954.

[3] Пенушлиски д-р Кирил, *Марко Цепенков*, *Македонски народни приказни* (во три тома), Скопје 1958—1959.

[4] Сп. меѓу другото Библиографски преглед на позначајните прилози за Марко К. Цепенков, поместен во *Марко К. Цепенков*, *Македонско народно творештво*, книга десетта, стр. 411—412.

„Со таквие и други зборови ме утешуаше сиромашкио татко и ме остаи да одам на заанат.

Имав и на занаатот севда да го учам, ама па севдата што имав за книга да учам беше многу поголема. Арно ами пуста сиромаштија, немав си пет пари да купам некое книже, да си пеам.

Бо̄гаро̄сти од некој дрӯари деца што̄ беа по̄бо̄гати, што̄ ми дадоа едно книже од Наст̄радин оца и од Бер̄тодола, т̄а со нив п̄рво се учев да п̄еам и да разбирам од т̄оа што̄ го п̄еев.(курзивот мој)

Во 1846 год. татко отиде во Струга да работи еќимл'к. Туку му текна, прати книга отаде на мајка ми по едни ќирации да ме носат мене во Струга, при него. . . .[5]

Колку што ни е познато, оваа информација на Цепенков досега не го привлекла вниманието на оние што од поблиску се занимавале со него а таа, по својот карактер, е таква што би можела да ги надополни нашите знаења за него сместувајќи го во поширока рамка и релации.

Информацијата уште еднаш потврдува дека Цепенков по напуштањето на училиштето и одењето на занает, не престанал да се интересира за книгата, со која другарувал, без можности за некаков избор, во текот на целиот свој живот. За нас, меѓутоа, информацијата е важна зашто ни соопштува дека побогати другари, кои имале можност да го продолжат школувањето и да купуваат книги, дури и такви што не влегувале во рамките на школските учебници и лектира, му ги дале на Цепенков книшките „од Настрадин оца и од Бертодола".

Овде нема посебно да се задржуваме на непрецизноста на Цепенков и двосмисленоста што произлегува од изјавата : „. . . ми дадоа едно *книже* од Настрадин оца и од Бертодола, та *со нив* прво се учев да пеам и да . . .". Имено, не е сосема јасно дали се работи за *едно книже* во кое се раскажувало за двете личности, или пак за две книжиња од кои едното за Насрадин-оца а другото за *Бертодола*. Меѓутоа, бидејќи, колку што ни е познато, не била објавена некоја книга која би опфатила истовремено раскази за Насрадин-оца и за *Бертодол*, сметаме дека овде сепак станува збор за две посебни книги.

3. — Ако се земат податоците од *Автобиографијата* на Цепенков како точни, тоа би биле истовремено и први книги што тој, веднаш по училиштето, ги имал в раце. И, што е уште позначајно, тие биле книги што тој ги читал со разбирање и интерес („. . . *со нив прво се учев да пеам и да разбирам од тоа што го пеев.*"), за разлика од букварчето, наусницата или псалтирот што ги „пеел" кај даскалот Аџи Костадин Дингуле, од селото Варош.

Во врска со споменатава информација би било интересно да се утврди: за кои токму книшки се работи (кога, каде и на кој јазик биле објавени), кои се другарите што му ги дале (каде, кога и како ги на-

[5] Сп. *Автобиографија*, *Македонско народно творештво*, книга десетта, стр. 317—318.

бавиле) и секако дали тие книшки извршиле некакво влијание врз Цепенков, т.е. дали тој ги користел подоцна во компонирањето на својата проза.

Во нашиов прилог ќе се обидеме да одговориме на некои од овие прашања. При ова да видиме, пред сè, кој е тој „Бертодол“ што Цепенков го споменува паралелно со добро познатиот јунак Насрадин-оџа.

4. — *Бертодол* на Цепенкова, колку што ни е познато, е име што во нашата уметничка и народна литература се споменува за прв и последен пат во неговата *Автобиографија*. Во првото издание на *Автобиографијата* нема никаков коментар во врска со овој податок[6]. Во второто издание, *Бертодол* се толкува во *Регистарот на имињата* со зборот *книга*, за разлика од другите имиња кон кои обично има повеќе објаснувања[7].

Нашите истражувања во врска со овој скуден податок што ни го дава Цепенков нè доведоа до италијанската книжевност, при што констатираме дека *Бертодол* на Цепенков е всушност познатата личност на *Бертолдо*, која во извесна смисла претставува еквивалент на интернационалните хумористични личности од типот на Насрадин-оџа, Џуха, Тил Ојленшпигел, или балканските Итер Пејо, Еро, Ќосо, Петрица Керемпух, Пакала и други.

5. — Парадоксално, меѓутоа, за збирката раскази за Бертолда е тоа дека и покрај нејзината, така да речеме, пословична популарност што придонесла Бертолдо да стане општопозната личност, нејзиниот автор, италијанскиот писател и „кантасторие“ од XVI век, Ѓулио Чезаре Кроче е одамна заборавен. Роден 1550 година во семејство на селски ковач од околината на Болоња, Кроче успеал благодарение на инсистирањето на својот татко да се школува во своето родно место и да се здобие со солидни познавања, кои подоцна ги проширил во Болоња, каде живеел до крајот на својот живот, 1609 година.

Живеејќи во беда, на улица и по болоњските затвори, во постојана борба да го исхрани своето многучлено семејство, цели три децении со својата песна и свирка Кроче ги забавувал своите сограѓани. Со раскажување интересни и често пикантни настани од секојдневниот живот, полни со актуелност, тој успевал секогаш околу себе да собере голем број слушачи, кои со задоволство го слушале и ги купувале текстовите што тој ги составувал, рецитирал, објавувал и продавал.

Овој уличен пејач, какви што не ретко се среќавале во тоа време и по улиците на нашите далматински градови, оставил зад себе околу пет стотини состави, предимно во стихови и напишани на болоњски дијалект, кои денес претставуваат вистински библиофилски раритети[8].

---

[6] Сп. *Автобиографија*, *Македонски јазик*, стр. 109—145.

[7] Сп. *Регистар на имињата*, *Македонско народно творештво*, книга десетта, стр. 413.

[8] Сп. Kolendić Petar, *Trilogija o Bertoldu i n.šim prijevodima*, *Novo doba* (1 april), Split 1934.

Меѓутоа, тој се овенчал со слава дури пред крајот од животот со своето прозно дело *Le sottilissime astuzie di Bertoldo* објавено 1606 година[9] и со вториот дел *Le piacevoli e ridicolose semplicità di Bertoldino* објавен две години подоцна[10].

6. — Големиот успех на главните личности, извонредно бистриот селанец Бертолдо и неговиот крајно наивен и глупав син, Бертолдино, набргу ја минуваат средината на Кроче и следните неколку века ќе станат дел од народната книжевност, а истовремено ќе послужат како основа за нови книжевни, ликовни и музички обработки[11].

Така, Крочеовиот сограѓанин Камило Скалиѓери[12], во 1620 година ќе ја објави својата *Novella di Cacasenno figlio del semplice Bertolodino*, во која се зборува за Какасено, синот на глупавиот Бертолдино. Оттогаш овие три дела, макар што последното заостанува по својот квалитет зад расказите на Кроче, ќе се објавуваат и преиздаваат како една целина.

Меѓутоа, паралелно со успехот и славата на ова дело и популарноста на неговите „народни и антинародни" јунаци Бертолдо и Бертолдино, ќе расте и заборавот на оној што најмногу придонел за тој успех. Денес, како што точно констатира Ѓампаоло Дасена во предговорот на изданието што го имаме пред себе, сите знаат по нешто за Бертолдо а малкумина за неговиот славен создавач[13], макар што за овие четири века оваа трилогија доживеала повеќе од илјада изданија и била преведувана и надвор од Италија.

7. — Во италијанската литературна историја се утврдени изворите што му послужиле на Кроче во пишувањето на неговата сказна за Бертолдо. Пред сè, како основен извор, се посочува латинскиот текст *Dialogus Salomonis et Mercolphi*, во италијански превод *Dialogo di Salomone e Marcolfo*, објавен во Венеција 1502 година. Поради својата хетерогена содржина, во која преовладувале разни надмудрувања и надлагувања, шеги и итрости, загатки и пословици, латинскиот текст чиј автор не е утврден, бил до крајот на XV век често издаван и преведен скоро на сите европски јазици. Главните личности, како што

[9] Најстаро сочувано издание е од 1608 г.

[10] Полно заглавие на вториот дел е *Le piacevoli e ridicolose semplicita di Bertoldino figliuolo del gia astuto e accorto Bertoldo con le sottili e argute sentenze della Marcolfa sua madre e moglie del gia Bertoldo.* Opera tanto piena di moralita quanto di spasso.

[11] За илустрација само би ги споменале Карло Голдони кој во 1749 г. ќе ја напише својата драма *Bertoldo, Bertoldino e Cacasseno* (придружена со музика од Винченцо Чампи), во која изопшто не го споменува името на авторот, потоа уметничките илустрации на познатите сликари Ѓузепе Мариа Креспи (1665—1747) и Лудовико Матиоли (1662—1747). Подоцна овие илустрации ќе послужат како инспирација за дваесет песни, напишани од тогашните познати поети, текстови кои овој пат ќе бидат илустрација на цртежите. Овие песни со делото на Кроче имаат врска само преку насловот *Bertoldo. Bertoldino e Cacasseno.*

[12] Големиот музичар Камило Скалиѓери (1573—1634) е попознат како Адриано Банкиери.

[13] *Giulio Cesare Croce, Bertoldo e Bertoldino (col Cacasseno di Adriano Banchieri)*, introduzione di Giampaolo Dossena, 25 incisioni di Ludovico Mattioli tratte dai dissegni di Giuseppe Maria Crespi, Milano 1973.

може да се види и од заглавието, се мудриот Соломон и Марколфо, кој е овде претставник на „народната и световната“ филозофија со која ѝ се противставува на „кралската и светата“ мудрост на царот Соломон.

8. — Следејќи го вкусот на својата публика и потребите на времето, оваа сказна Кроче ја адаптирал скоро целосно. Дејството од дворецот на премудриот цар Соломон го пренесува во лангобардскиот дворец на кралот Албигоин, во Верона. Улогата на советникот Марколфо ја презема грдиот но итар и умен селанец Бертолдо, кој е главна личност во првиот дел од *Le sottillissime astuzie di Bertoldo* од трилогијата. За време на својот престој на дворецот Бертолдо набргу ги стекнува симпатиите и почитта на добриот крал Албигоин и станува негов советник. Остриците на неговата сатира е управена против егоистичните и лицемерни дворјани, при што доаѓа до израз авторовата љубов кон правдата и слободата и неговата здрава народска филозофија.

Во вториот дел, *Le picevoli e ridicolose semplicità di Bertoldino*, Кроче раскажува за синот на Бертолдо кој е исто онолку глупав колку што таткото бил умен. За разлика од неговиот татко, чијшто живот на дворецот не еднаш бил во опасност, глупавиот Бертолдино ги ужива благодетите на дворскиот живот. Сите, на чело со кралицата, го опсипуваат со внимание и љубов, го наградуваат со пари и подароци. Овој факт го користи Кроче, како и во своите песни, да ги нападне владејачките кругови, кои ја ценат глупоста наместо мудроста, ги даруваат ласкавците а ги отфрлаат од себе оние што им ја кажуваат вистината.

Третиот дел, *Novella di Cacasenno figlio del semplice Bertoldino*, составен од Адриано Банкиери, е исто така полн со сатира која и овде е насочена против владејачките кругови при што доаѓа особено до израз снаодливоста и мудроста на Марколфа, баба на Какасено, која го продолжува здравиот дух со кој се одликувал мажот ѝ Бертолдо. Посебно треба да се укаже дека во овој дел, кој исто така е богат со сентенции, конфликтните ситуации доаѓаат поради наивноста на седумгодишниот Какасено, при што се користат разни двосмислености и игри на зборови.

9. — Поради бројните квалитети, пред сè здравиот хумор и острата сатира, предадени со извонредно богат и сочен јазик, со пробрани стилски средства, меѓу кои обилуваат бројните метафори, живите дијалози, играта на зборови, широкиот репертоар на пословици, загатки и сентенции, ова питорескно дело ги мина набргу границите на Болоња и Италија.

Во нашата земја Бертолдо се појави за првпат во втората половина на XVIII век, во превод на Никола Паликуќа под наслов *Himbenost pritankog veleznanstva Nasradinova*, 1771 година[14], Набргу, во 1779

[14] Според П. Колендиќ (сп. op. cit.) зад името Никола Паликуќа се крие некој фратар од околината на Сплит. Овде е меѓутоа позначаен насловот во кој наместо името Бертолдо се јавува името на општопознатиот Насрадин-оџа. Паликуќа веројатно преку оваа адаптација сакал да го доближи до своите читачи непознатиот

година а потоа во 1857, 1862, и 1869 година се јавуваат, со поголеми или помали содржински и јазични измени, нови изданија, главно во Задар, каде според П. Колендиќ „Бертолдо станува како некој специјалитет на задарските книжари"[15]. Во сите овие изданија, како и во оние подоцнежни[16], всушност се работи за првиот дел од трилогијата, „дополнуван само во некои изданија со сцени од третиот дел."

Во 1807 година, „славено-српскиот литератор" и „учител на разни јазици", Јоаким Вуиќ ги објавува во Будим своите преводи од италијански: *Остроумнаја домишланија Бертолда*[17] и *Радостне и увеселителне лакрдије Бертолдина*[18]. За разлика од овие два преводи во кои се, според П. Колендиќ, изоставени само некои за превод потешки места, во 1809 година, во истата печатница, знатно скратено го објавува Вуиќ и преводот на третиот дел, под наслов *Увеселителне басне Какасена, сина глупог Бертолдина*[19].

Во 1854 а потоа и во 1868 година Јеремија О. Караџиќ ќе го преиздаде, со „незнатни јазични измени", во Кнежевската печатница во Белград, преводот на Вуиќ за Бертолдо[20]. И вториот дел од трилогијата, во која се изнесуваат глупостите и наивноста на Бертолдино, во превод на Вуиќ ќе доживее повеќе изданија и тоа 1861 година ќе се појави *Несташни Бертолдин, син Бертолда* а во 1895 година *Нес-*

италијански јунак. Овој податок несомнено зборува и за популарноста на Насрадиноца, уште во XVIII век, во области кои не биле под турска управа.

[15] Сп. op. cit.

[16] Овде и во нашата натамошна анализа ги зедовме во обзир само оние изданија што излегле до пред крајот на минатиот век со оглед на тоа дека веројатно едно од нив можело да му послужи како лектира на Марко Цепенков.

[17] Полниот наслов е *Остроумна домишленія Бертолда једноіь мудроіь и остроумноіь селяка, кои по многима и чуднымь приключеніяма коя су му се догодила, најпосле чрезъ свой редкій и остръій разумъ постане дворянином и кралѣвимъ саветни комъ у кралевой палати.* Преведена сь италіянскогъ на српскій ——— ——— разны эзыка учителѣмь 1807, (а препечатена трошкомь Еремие О. Карацића. у Београду, при книгопечат. кнѣж. Српскогъ 1854. 1 л. 74 стр. и 4 л. уписника. Овој податок го наоѓаме кај Стојан Новаковиќ, *Српска библиографија за новију књижевност* 741—1867, На свијет издало „Српско учено друштво", Београд 1869, на страна 355, под број 1884. Од податоците се гледа дека станува збор за изданието на Ј. О. Караџиќ од 1854 година како и тоа дека првото издание објавено во Будим не му било достапно.

[18] Пак кај Стојан Новаковиќ, во споменатата библиографија, на стр. 70, под број 315 наоѓаме: Вујић Јоаким, *Радостне и увеселителне лакрдые Бертолдина, сына остроумнаіо и хитремысленаіо Бертолда, съ хитроумними изреченіями Марколфе.* Преведенне сь италианскаго езыка на Славенно-Сербскій ——— ——— при Славной Кралевской Унгарской Табули Судеиской заклетимь Нотаріемь, якоже и разныхь языковь учителемь вь Земунѣ. Вь Будинѣ градѣ, Писмены кралевскаго Университета Венгерскаго 1807. стр. 126. на 8-ни.

[19] Вујић Јоаким, *Увеселителне басне Какасена сына глупог Бертолдина, раздѣленне на разіоворе и прѣповѣдке, содержаще множество остроумны изреченія прѣрканія, отвѣта и хитромыслія Марколфе,* преведене сь Италіанскаго езыка на нашь Славенно-сербскій ——— ——— учителѣмь ижд. Дам. Кауліціи Книгопродавца Новосадскаго. Вь Будимѣ градѣ, пис. Кр. Всеуч. Венгр. 1809. На 8 ни 75 стр.

[20] Сп. заб. 17.

ташни и луди Бертолдин, син Бертолдов, со „слободно прераскажана содржина“ и „потполно модернизиран јазик“[21].

10. — Околу половината на минатиот век, Бертолдо се јавува и на бугарски јазик. Податоци за ова наоѓаме во *Описот* на В. Погорелов[22] каде под бр. 249 се опишува книгата *Високи умни хитрости Бертолдови*. Од натамошните податоци дознаваме дека книгата е преведена од грчки јазик на „славјано-б'лгарски“ и дека преведувачот бил отец Папа Христо Протопапа Василиев, од Карлово. Книгата била издадена со „иждивение“ на Хаџи Најден Јованов, од Татар-Пазарџик а печатена во 1853 година во Белград, во Српската кнежевска печатница. Од другите податоци се гледа дека по формат била осмина, дека имала 92 страници и 13 илустрации.[23]

Истава книга, со исти податоци, ја вклучува и А. Теодоров Балан во својот *Книгопис*[24], под број 1752. За одбележување е меѓутоа, дека кај А. Теодоров Балан наоѓаме под број 611 и друга една книга за Бертолдо и тоа под наслов *Бертолд, пречудна негова хитрости*, со само еден единствен податок дека чинела 25 стотинки[25]. Се поставува прашање дали станува збор за некое издание постаро од претходното, објавено во 1853 година? Овој податок би бил особено важен ако се земе како точен редоследот на излагањето на Цепенков и како точни податоците што ги дава во автобиографијата во врска со книшките што ги добил од своите другари.

Интересно е секако да се одбележи дека италијанските Бертолдо, Бертолдино и Какасено се познати и во Романија и тоа веќе во првите децении на XIX век со оглед на фактот дека во 1836 година по втор пат се објавени нивните сказни под заглавие *Viaţa lui Bertoldo şi a lui Bertoldino feciorul lui, dimpreună şi a lui Cacasino: acum a doua oară tiparit*.[26]

---

[21] На стр. 431, под бр. 2374 во *Библиографијаат* на Ст. Новаковиќ наоѓаме:. *Несташни Бертолдин синъ Бертолдов*. Печатано трошкомъ Х. Алексе Ог. Поповића. У Земуну 1861, књигопечатница І. К. Сопронова. л. 2. стр. 96. л. 10. На 8-ни.

[22] Валерий Погорелов, *Опис на старите печатани български книги* (1802—1877 г.), София 1923.

[23] Полниот наслов на оваа книга е:

ВЫСОКИ /умны хитрости Бертолдови./ Които ся показува единъ Селачъ хитжръ и / Остроуменъ: който подиръ съ различни-те / си страданія, и съ Остроумныжтъ си умъ, / стана Царски Совѣтникъ. / При това остави си завѣтж, и достопа/метни-те изреченія сжсъ пословицы-тѣ си / (за споменъ). Тыя сж весма пріятни и любопытни за секиго человѣка. / Преведени отъ Грцкіи, на Славяно-/Бжлгарскій языкъ, отъ / благоговѣйнѣйшій Отецъ Г. Пага Христо/Протопапа Василіевъ Отъ Карлово. / А напечатани съ иждивеніе-то на / Хаџи Найдена Іованова / Татаръ-Пазаржичанина. / Изданіе пжрво. /

Въ Бѣлградъ, Въ Княжеско Сербска-та Книгопечатнж. 1853.

[24] А. Теодоров Балань, *Български книгопись за сто години* 1806—1905. Материали събра и нареди ——————— ———————, София 1909.

[25] op. cit., стр. 71.

[26] Цитирано според Gh. I. Constantin, *„Nasr ed-Din Khodja“ chez les Turcs, les grupes balkaniques et les Roumains*, Der Islam, 1967, стр. 110, заб. 111.

Во овој момент не ни се достапни податоци за судбината на Бертолдино во Грција каде, како што видовме, се појавил пред бугарскиот превод, кој е направен од грчки јазик[27]. Исто така немаме податоци за неговата појава на албанското и турското јазично подрачје.

11. — Кое од овие бројни изданија објавени на српскохрватски („латинични" и „ќирилски" изданија), грчки, романски и бугарски јазик се споменува во информацијата што е предмет на овој наш прилог?

Податоците што ни ги дава Цепенков во автобиографијата не помагаат многу за попрецизното решавање на овој проблем. Според Цепенков, Бертолда го читал веднаш по напуштањето на едногодишното учење кај даскалот Дингуле и го добил од „некои другари деца". Тоа значи дека тој можел Бертолда да го чита многу рано. Ова наведува на помислата дека Цепенков имал на располагање некој од првите преводи на Бертолдо и тоа на јазик што тој го познавал. Ако ги исклучиме грчкиот и романскиот јазик, кои во детските години не ги знаел, и ако се задржиме на неговата изјава дека прво на Насрадин-оџа и на Бертолда се учел да чита и да „разбира она што го пее", би можеле да претпоставиме дека станува збор за српски или бугарски превод. Од српските, односно хрватските, преводи би можел да го има некое од изданијата на Паликуќа или на Вуиќ, а од бугарските би дошле во обѕир преводот што го споменува Теодоров Балан под број 611, доколку бил издаден пред преводот од 1853 година за кој зборуваат и Погорелов и Теодоров Балан. Додека не се потврди втората хипотеза, би можело да се прифати дека Цепенков се користел со некои од преводите на Јоаким Вуиќ. До оваа претпоставка доаѓаме тргнувајќи од фактот дека во тоа време врските меѓу Македонија и Србија биле доста интензивни, дека приличен број ученици од Македонија се школувале во Србија, дека имало и учители од Србија во граѓанските училишта што во тоа време почнуваат да се отвораат[28]. Не треба да се заборави исто така ниту улогата на бројните трговци, кои, паралелно со учителите, ги снабдувале училиштата и читалиштата со книги[29]. Доста е веројатно дека меѓу книгите што тие ги растурале бил и преводот што му дошол до рака на нашиот Цепенков.

12. — За нас, меѓутоа, во моментов е многу позначаен фактот дека веќе кон половината на минатиот век, скоро истовремено со појавата на Бертолда на српскохрватски, грчки, романски и бугарски јазик, тој се јавува, вистина преку еден од тие преводи, и во Македонија каде циркулирал од рака на рака.

Зборувајќи за почетоците на македонската литература во XIX век, Блаже Конески пишува дека покрај религиозната лектира, кон средината на векот се јавува интерес за литература од световен карак-

[27] Сп. заб. бр. 23.

[28] Сп. меѓу другото Џамбазовски д-р Климент, *Културно-општествените врски на Македонците со Србија во текот на XIX век*, Скопје 1960.

[29] Некои од нив, како на пример Хаџи Најден Јованов, од Татар-Пазарџик и парично, го помагале издавањето на книгите.

тер, врзан за растежот на младата македонска граѓанска класа, која преку трговските врски го ширела својот хоризонт и наложувала една поголема свртеност кон литературни производи ослободени од верски преокупации. Во врска со ова Б. Конески го поставува проблемот за тоа какви се составки влегувале во подготовката за една ваква ориентација. Со право констатира Конески дека тие компоненти не ни се во доволна мерка познати и дека нивното пронаоѓање „ќе биде работа на идни научни испитувања“[30]. Се разбира дека тие истражувања ќе треба да бидат насочени на секој конкретен случај и од сумата на заедничките сознанија ќе може да се направи една синтеза која ќе даде одговор на прашањето што Конески го поставува.

Во овој наш прилог се задржавме на едно навидум ситно прашање кое фрла извесна светлина врз размислувањата од овој карактер. Може да се рече дека текстот за *Бертолдо* од италијанскиот автор од XVI век, Ѓулио Чезаре Кроче, се јавува како една од компонентите што влегле во интелектуалната формација на нашиот автодидакт и собирач на народното усно богатство, чие дело ни се открива со секој ден како автентичен доказ за процесот на настанување и развивање на нашата наративна проза.

[30] Конески Блаже, *Српската граѓанска лирика кај нас во првата половина на 19 век. Нов ден* VI 7, 1950, стр. 1—5.

Olivera JAŠAR-NASTEVA

QUI EST „BERTODOL" DE CEPENKOV?

(R é s u m é)

Dans le présent article l'auteur traite une question qui, à première vue, peut sembler d'un intérêt réduit, mais qui pour l'histoire culturelle de la Macédoine et pour la connaissance de Cepenkov peut être d'un intérêt considérable. Il s'agit d'un endroit de l'*Autobiographie* de Cepenkov dans lequel celui-ci affirme avoir eu dans ses mains, très jeune, les livres de Nasradin-hoca et de „Bertodol".

Parti d'un renseigmenet aussi sommaire, qui jusqu'ici n'a pas éveillé la curiosité de ceux qui se sont occuppés du folkloriste macédonien du dernier siècle, l'auteur constate que le „Bertodol" de Cepenkov ne peut être autre que le Bertoldo de la trilogie italienne *Bertoldo, Bertoldino e Cacasenno* de Giulio Cesare Croce (auteur des deux premières parties de la trilogie) et de A. Banchieri (auteur du trosième livre).

L'auteur n'est pas en mesure de dire quel livre de *Bertoldo* Cepenkov a pu avoir dans ses mains. Comme il ne connaissait pas l'italien et d'autres langues que les slaves à l'époque où il lisait *Bertoldo*, il est à supposer qu'il s'agissait de traduction serbocorate ou bulgare. La première traduction serbocorate de *Bertoldo* est celle de 1779, due à Nikola Palikuća, dans laquelle le héros italien prend le nom de Nasradin-hoca, plus connu dans nos pays. Suit ensuite la tradution de Joakim Vujić, parue en 1807, qui par la suite a eu plusierus rééditions dont notamment celle de 1854.

L'auteur cite également deux traductions buglares: l'une de 1853 et l'autre sans date, mais antérieure probablement à la première.

Quoi qu'il en soit, le fait que Cepenkov a pu lire de bonne heure *Bertoldo* prouve d'un côté que l'intérêt en Macédoine pour les livres religieux cesse d'être unique au XIXe siècle et qu'il s'oriente vers des productions laïques, et de l'autre côté que *Bertoldo* devint un des composants qui entrèrent dans la formation de Cepenkov qui, pour ses contes populaires, a pu se servir non seulement de la tradition orale, mais aussi des sources littéraires.

Николина КЕРЕМЕСТЕВА-ИВАНОВА

РАЗЛИКАТА МЕЃУ ГЕРМАНСКАТА КЛАСИЧНА И РОМАНТИЧАРСКА НОВЕЛА НА ПРИМЕРОТ НА ГЕТЕОВАТА „НОВЕЛА“ И ТИКОВАТА „РУСОКОСИОТ ЕКБЕРТ“

До XIX век новелата во Германија нема светски глас. Од 1800 година со конституирањето на романтизмот како литературен правец започнува не само вистинската историја на германската новелистика туку таа спаѓа и во редот на најнегуваните книжевни родови покрај сказната. Првите децении на XIX век е време кога германскиот романтизам доживува процут што значи дека германската новела ги добива најзначајните импулси на својот развиток од романтизмот.

Познато е меѓутоа, и тоа дека и Гете го даде својот прилог за развитокот на новелата и со тоа придонесе да се сврти вниманието на овој литературен род со новелите: *Unterhaltungen deutscher Ausgewanderten* и *Novelle* („Разговори на германските бегалци“ и „Новела“). Од Гете потекнува и првата дефиниција за новелата. Спрема него новелата треба да соопшти некоја новост, некој необичен, редок и нечуен настан или како што самиот вели „eine sich ereignete unerhorte Begebenheit“ (на Екерман од 25. 1. 1827 година), кој со својот дух и форма ќе придонесе во изградувањето на личноста, ќе води кон морални одлуки, ќе го отвора погледот за една, спрема него, можна и нужна социјална хармонија. Ваквите обликовни тенденции најдоа одраз во веќе споменатите новели. Во „Разговорите на германските бегалци“ баронесата дури смета дека некои од раскажаните новели треба да го носат „почесното“ име „морални раскази“ и извикува: „Раскажете ни повеќе од вој вид...“ Интересен е меѓутоа одговорот на свештеникот кој тврди дека сите морални раскази се толку слични, што се добива впечаток „дека секогаш се раскажува истото“, и понатаму дека: „Само оној расказ заслужува да биде наречен морален, кој ќе ни покаже, дека човекот поседува толку снага во себе, да се спротивстави на својата склоност, ако е убеден дека со тоа прави нешто подобро.“[1]

Ваквите морални тенденции најдоа уште почист израз во неговата „Новела“, која е пишувана по повеќе од три децении од „Разговорите на германските бегалци.“ *Јоханес Клајн* мисли дека Гете со насловот „Новела“ сакал да каже, „daß er ein gesetzgebendes Kunst

[1] Goethes Werke, Hssg. H. Düntzer, IV. Bd. Stuttgart u. Leipzig, S. 406.

werk meinte und daß die Theorie überflüßig geworden war."[2] За задачата на оваа новела зборува и самиот Гете во разговор со Екерман (18. јануари 1827 година) при што вели: „Да се покаже како нескротливото, непобедливото може често да се совлада (подобро) со љубов и благочестивост отколку со сила; тоа беше задачата на оваа новела, и оваа убава цел, која е претставена кај детето и лавот, ме поттикна за нејзиното изведување. Тоа е идеалното, тоа е цвеќето..., а реалната експозиција има вредност само во однос на ова. И што би било реалното само за себе? Секако се радуваме ако тоа ја дава вистината..., но вистинската корист за нашата посовршена природа се наоѓа сепак само во идеалното, кое доаѓа од срцето на поетот." И навистина: читајќи ја Гетеовата „Новела" гледаме дека секоја нејзина поетска слика симболично упатува на авторовата идејна концепција, која е така убаво формулирана во веќе споменатата книга на Јоханес Клајн, кој при тоа вели „Alles zielt auf Beruhigung, auf eine Entdeckung des Friedens. ... Damit: ist das Ereignis genant. Es liegt in der Uberwindung der wilden Natur (des Lowen, des Tigers, im Wiederaufbau des Stammburges, N. K.) durch die vergeistigte des Menschen. Es ist der Sieg der reinen Menschlikeit. Der alte Goethe, längst über seine klassische Epoche hinaus, bewehrt noch einmal seine klassische Schau, in deren Mitte der belassene Mensch steht."[3]

Спрема Гете новелата треба да го прикаже конфликотот меѓу законското и неизмерното, нескротливото, меѓу разумот и умот, меѓу страста и предрасудата од аспект дека поетското обликување на ваквите конфликти ќе допринесе за нивно реално хармонизирање. За него љубовта облагородена со благите звуци на музиката е таа која ускладува и совладува, а не моќта и силата. Во „Новелата" песната на Даниел и нежните тонови на флејтата дејствуваат блажено и смирувачки не само на дивата природа (на лавот и на тигарот) туку и на немирните страсти на човекот:

Denn der Ew' ge herrscht auf Erden,
Ueber Meere herscht sein Blick;
Löwen sollen Lämmer werden,
Und die Welle schwankt zurück;
Blankes Schwert erstart im Hiebe;
Glaub und Hoffnung sind erlüllt,
Wunderthätig ist die Liebe,
Die sich im Gebet enthüllt.[4]

---

[2] Johannes Klein, *Geschichte der deutschen Novelle*, 4. Auflage, Franz Steiner Verlag GMBH. Wiesbaden 1960, S. 75.

[3] *Ibid.* стр. 76. Превод на цитатот: „Сè оди кон смирување, кон откривање на мирот. Со тоа е споменат и настанот, кој се наоѓа во совладување на дивата природа (кај лавот, тигарот, реновирање на замокот, Н. К.) со помош на продуховената природа на човекот. Овде станува збор за победата на чистата човечност. Стариот Гете, одамна изнад својата класична епоха, го задржува својот класичен поглед во чија средина е спокојниот човек.

[4] Goethes, *Werke*, Bd. 4, H. Düntzer, S. 448.

Овие мили тонови на детето не беа прекинати од дивото рикање на лавот или од луѓето кои беа присутни на оваа несекидневна глетка. Сѐ беше мирно, слушаше, прислушкуваше и дури по исчезнувањето на музиката можеше да се забележи повторно набљудување на ситуацијата во која се наоѓаше кнезот и неговата придружба.

Во хармонизирање на меѓучовечките односи и скротување на дивата природа ја гледа Гете во прв ред задачата на новелата, за кое зборува и следниот цитат од неговата новела: „Aber im Palmenwalde trat er auf, der Löwe; ernsten Schrittes durchzog er die Wüste; dort herrscht er über alles Gethier und Nichts widersteht ihm. Doch der Mensch weiß ihn zu zähmen und das grausamste der Geschöpfe hat Ehrfurcht vor dem Ebenbilde Gottes, wornach auch die Engel gemacht sind, . . . "[5]

Гетеовите поставки не беа прифатени од романтичарите како традиционална поставеност на новелистичката литература на XIX век. Гетеовото тежнение за хармонизирање на околностите, на односот индивидуа — општество не можеше да се прифати повеќе како „морален постулат" откако се согледа спротивноста на субјектот и заедницата како суштинска карактеристика на новото буржоаско општество а и пред да се согледаат перспективите на истото. Антагонизмот меѓу индивидуалноста и капиталистичкото општество кој од појавата на романтизмот претежно ја одредуваше германската идеологија, стана нова основа за специфичниот развиток на германската новелистика на XIX век. Гетеовата идејна концепција како да не можеше да се прифати во периодот кога конфликтот меѓу поединецот и заедницата сѐ повеќе се заоструваше. Напротив, новелата на романтичарите тендираше сѐ повеќе кон тоа да го прикаже тој конфликт меѓу единката и

Цитат:

Та вечниот владее на земјата
Над морето е неговиот поглед;
Лавовите треба да се скротат во јагнињa,
И таласот ќе се врати назад;
Блескавиот меч запира при замавот;
Верба и надеж се исполнети,
Чудотворна е љубовта,
Што се открива во молитвата.

Кратка содржина на новелата: Кнезот оди на лов, а неговата млада жена ја остава со чичко му и дворјанинот Хонорио, кој потајно е вљубен во кнегињата. Чичкото ѝ покажува на војвотката цртежи и планови од некогашниот замок кој сега од загот на времето е претворен во руина. Тие одат таму, но наскоро забележуваат пожар на плоштадот и се враќаат назад. Во таа збрка се отвораат кафезите на една менажерија и Хонорио го убива тигарот кој се најде во нивна близина, на сопствениците и нивното црнооко и кадраво дете задавајќи им притоа голем бол. Во тој момент стигнува и војводата со својата придружба, којшто исто така го забележал пожарот и застана како што вели Гете „vor dem seltsamen, unerhorten Ereignis." Менажерот, ги моли да не го убиваат и лавот кој исто така избегал од кафезот, убедувајќи ги присутните дека неговиот син ќе го скроти и смири животното со тоновите на својата флејта и песна. Заедничката песна на менажерската фамилија го смирува не само лавот, туку нивната песна дејствува чудно смирувачки и на кнежевската свита.

[5] *Goethes Werke*, Hrsg. H. Düntzer. стр. 448.

оштеството како непоништлив. Во оваа смисла треба да се сфатат Тиковите новели собрани во *Phantasus* и Хофмановите во *Serapionsbrüder*. Како илустрација нека ни послужи Тиковата новела „Русокосиот Екберт" (Der blonde Eckbert), една од најпознатите од збирката *Phantasus* „und zugleich... die in der romantischen Bewegung... die stärkste Resonanzx hervorrief".[6]

Во оваа новела е даден конфликотот меѓу желбата животот да се обликува самосвесно и смртоносната загрозеност на еден таков живот од непријателски расположени елементарни сили, кои се испречуваат пред секаква индивидуација. За тоа зборовуаат лајтмотивски во голем број употребените реченици кои ја изразуваат немоќта на хуманоста, реченици како на пример: „fast ohne dass ich wusste", „immer wider Willen", „Ohne mich dessen deutlich bewusst zu sein".

Во новелата овој конфликт сè повеќе се заострува со желбата на веќе возрасната Берта да ја напушти шумската идила и да започне нов живот во градот. Нарушувањето на животот овде го симболизира новата варијанта на песната на чудотворната птица, која Берта ја понесе со себе.

Сега таа пее за копнежот кон напуштената идила, за хармонијата и радоста што ги поседуваше Берта во шумската осаменост, среде природата и прорекува за иднина горко каење:

Waldeinsamkeit,
Wie liegst du weit!
O, dich gereut
Einst mit der Zeit, —
Ach, einzge Freud,
Waldeinsamkeit.[7]

[6] Josef Kunz, *Die deutsche Novelle*, Erich Schmidt Verlag, Berlin 1966, S. 66.

[7] Цитат: Русокосиот Ekbert

Шумска осаменост,
Колку си далеку!
О, ќе се каеш ти некогаш, —
Ах, единa радост,
Шумска осаменост.

Кратка содржина на новелата „Русокосиот Екберт": Берта израснува во беда и невоља во колибата на еден овчар, каде постојано ѝ се префрлува дека е невешта и некорисна, заради кое таа го напушта „родителскиот дом". Талкајќи низ ридишта и долини, доаѓа на едно место, среде шума кај една одвратна и стара но побожна жена, која живее со едно куче и една чудотворна птица. Песната што ја пее птицата го изедначува овој азил со една потполна идила, во која човекот наоѓа мир, хармонија со природата и многу радост. Во секојдневната работа и во едноставниот живот Берта наоѓа овде среќа и задоволство. Старицата ѝ ветува таква егзистенција само ако Берта така продолжи, чесно и вредно да живее, но исто ја опоменува дека може сурово да биде казнета ако скршне од правиот пат.

Берта расте и почнува да размислува. Тоа ја тера да ја замени својата детска невиност и чесност со апелите на разумот: тајно ја напушта колибата и ја краде птицата како извор на богатство бидејќи секое нејзино јајце е бисер или драг камен. Во

Кон уништувањето на идилата, односно напуштањето на предкапиталистичката минатост класичарите и романтичарите заземаат различни позиции. За Гете и Шилер уништувањето на идилата, претставува знак за една нова епоха и извршување на една објективна историска нужност. Тие се обидуваат новата историска ситуација да ја оценат позитивно, а трагедијата да се избегне со напорно и секојдневно совладување на задачите, и со тоа да се отвори перспектива на човештвото. Романтичарот Тик знае, додуша дека развитокот не може да се врати назад, но тој внатрешно не е спремен да се раздели од минатоста. За Тик капиталистичкиот развој содржи исклучиво негативни аспекти, така што перспективата на човештвото се наоѓа во длабок мрак.[8]

Оваа Тикова новела е една од најрепрезентативните дела на германскиот романтизам, која ги одразува последиците од растежот на капиталистичките односи, пред сè отуѓувањето на човекот.

Фридрих Шлегел теоретичар на романтизмот, се обиде да ги одреди специфичностите на новелата како литературна врста со што беше најавена и новата тенденција на овој вид литература. Не во мирната објективност кон која тежнееше Гете, ја гледаше Шлегел суштината на новелата, туку во противречноста мегу субјективноста на содржината и објективноста на формата. Спрема него иронијата и е својствена на новелата. Неговите тврдења за суштината на новелата беа прифатени како основа на новелата на романтичарите. Тој ги утврди внатрешните можности на оваа врста литература, кои во однос на Гетеовите сè дијаметрално спротивставени. Новелата на Хајнрих фон Клајст на пример создава еден поетски свет во кој етичките обврски на индивидуите не се истовремено и општествени барања. Конфликтот помеѓу социјалниот свет и поединецот се совладува со усилба на личноста, но не доаѓа до нивно хармонизирање. Светот не му нуди на единката си-

---

едноставниот живот на шумската идила богатството немаше никаква важност, но самото заканување на старицата ѝ даде повод да насети дека постои и друг свет во кој се живее поинаку. Така започнува Берта еден нов живот во еден град кој е нарушен само со новата варијанта на песната на птицата (цитат фуснота 8). Берта ја гризе постојано совест заради својата грешка и не наоѓајќи друг излез ја убива птицата како би ја зашеметила својата совест. Потоа се мажи за Екберт. Следат и други невољи, а по кратко време Берта се разболува. Во меѓувреме Екберт го убива својот близок пријател Валтер, кому му ја довери приказната за Берта и птицата, но кога се враќа дома Берта е веќе мртва. На крајот на новелата Екберт дознава од старицата дека Берта била всушност негова сестра. Оние кои ја напуштиле идилата неверно и алчно, ги снаоѓа најстрога казна. Птицата ја пее пак песната, но сега во следната варијанта:

Шумска осаменост, / Јас пак се радувам.
Мене не ми се случува никакво зло
Овде нема завист. Пак се радувам
Шумска осаменост.

но тоа не важи повеќе за Екберт туку за жителите на шумската идила.

[8] *Erläuterungen zur deutschen Literatur*, hersg. vom Kollektiv für Literaturgeschichte, Volk und Wissen, Volkseigener Verlag Berlin, 1967, стр. 208/9.

гурност. Најзините барања и социјалните норми се покажуваат на крај како непремостиви и можат само површно да се изедначат. Заради тоа Клајст го упатува човекот во одлучниот момент на самиот себе. Само одлуката на поединецот може да ја очува човечноста и да продре до вистината. За повеќето романтичари карактеристично е тоа што не можеа практично да ја совладаат противречноста меѓу субјектот и општеството, но и тоа дека не можеа како Клајст да ја акцептираат како стварност на која треба да ѝ се подредат, туку место тоа вршат обиди овој проблем да го решат на друг начин, а тој друг начин е патот на метафизиката. Така се создаваше една противслика од мрачната стварност и на тој начин се доаѓаше до ослободување од нејзините противречности. Љубовта, добрината, човечноста кои ги немаше во заостанатиот феудален свет, ниту во расипаното за пари алчно буржоаско општество, можеа да се реализираат со помош на таинствено-демонски сили. Овој аветско-демонски однос кон животот се покажа како единствено човечки. „Нечуениот настан" во кој се потврдуваше конфликтот меѓу поединецот и општеството му беше препишуван на таинственото дејство на метафизичките закони, на судбата, на случајност. Еден од најпознатите новелисти на романтизмот е Е.Т.А. Хофман. Слично како и на ред други романтичари и нему му изгледаше непоништливата противречност во животот, не како исклучиво социјален проблем туку како израз на една метафизичка спротивност од уметност и стварност. Оваа спротивност меѓу уметноста и животот се репродуцираше во уметнички надареният и чувствителен човек како растргнатост која го чинеше неспособен да го регулира својот однос кон светот околу себе и да ги зачува своите сили. Надсетивното царство не е за него само царство на хармонија каде што се решаваат сите конфликти, туку тоа навлегува директно во животот, а човекот му е потчинет. Чудното, гротескното, нечуениот настан, случајот се симптоми на овој однос. Тие го прекинуваат „нормалното" секидневие, кое станало окови за човекот.

Nikolina KEREMESTEVA-IVANOVA

(Zusammenfassung)

DER UNTERSCHIED ZWISCHEN DER KLASSISCHEN UND ROMANTISCHEN NOVELLE AM BEISPIEL VON GOETHES „NOVELLE" UND LUDWIG TICEKS DEM „BLONDEN ECKBERT"

Bis zum 19. Jahrhundert ist die Novelle in Deutschland kaum weltbekannt. Während des 19. Jahrhunderts entwickelte sich die deutsche Novelle zu einer der wichtigsten Literaturgattungen. Alles was früher entstand, gehört zu der Vorgeschichte der deutschen Novellistik. Den größten Beitrag zur Entwicklung der Gattung Novelle leiferten die Dichter der deutschen Romantik. Die romantische Novelle hatte aber nicht mehr die Aufgabe zur Bildung einer harmonischen Gemeinschaftshaltung beizutragen, wie etwa die Novelle Goethes. Die Novelle der Romantik hatte vielmehr die Tendenz, den Widerspruch zwischen Ipdividuum und Gesellschaft als unaufhebbar zu zeigen. Als Beispiel dafür wir erwähnen her Goethes „Novelle" und Tiecks „Der blonde Eckbert".

Блаже КОНЕСКИ

КРВАВА КОШУЛА

Во 1870 г. излезе во Браила како посебна книшка поемата на Рајко Жинзифов „Крвава кошуља“.[1] Раскажувањето во неа се води од поетот како очевидец на една потресна слика. Ваква е, накратко, основната содржина. Насилници го убиле Божина, единствен син у мајка, на враќање в село од пазар. Неговата мајка дошла во Прилеп и една приквечер поетот ја забележува во црковниот двор, сета избезумена. Кога тој ја распрашува, старицата ја вади од торбата крвавата синова кошула и му кажува за својата судбина. Во тоа кажување се изнесуваат и други селски патила, а и моменти на залудна надеж дека во животот ќе се дочека и радост, а најпрво свадбата на Божина и Грозда, негова свршеница. Во текстот се прават и извесни дигресии, без непосредна врска со основниот расказ.

Покажувајќи ја крвавата синова кошула, беспомошната жена бара кај луѓего поткрепа и бара одмазда за синовата смрт. Тоа е секако главната смисла на мотивот на крвавата кошула. Можеби неговиот татко е богат човек — така му вели старицата на својот млад собеседник — и ќе ѝ помогне, а ако ли не — можеби кога ќе порасне и кога ќе стане јунак, самиот тој ќе му отплати на крвникот.

Жинзифов е очевидно загрижен за тоа да ја прикаже случката како жив сведок. Тој го посочува местото кајшто таа станала — црковниот двор во градот Прилеп, па дури се обидел да ја вклопи некако во стихот и долгата бројка на годината кога таа станала: „Било је в година, моми, /Петдесет и седма/, Кат притурим ошт хилјада/ И осам стотини“. Еден друг наш поет беше дрзнал исто така, но со многу поголем успех, да потчини таква непоетична синтагма — Григор Прличев во почетниот стих на песната за укинувањето на Охридската архиепископија: „Хилјада и седемстотин шездесет и второ лето /В Охрида от Цариграда дошел Салаор“. Се добило созвучје на сибилантите!

[1] Кървава кошуля. Приказка изъ съвременнынтъ българскій животъ. *Найиса Райко Жинзифовъ*. Браила 1870, стр. 6 неозначени + 24.

Интересен е овој податок на крајот: „1865, Іюн, 25, село Рогожка. (у Карамзиныхъ). Според тоа, излегува дека текстот на Жинзифов доста време чекал на објавување. Извадоци од поемата биле за првпат објавени во в. Народност, г. II, бр. 24, Букурешт 1869.

Како и да било, за нас е овде важен податокот дека случката што ја опишува Жинзифов станала во времето кога самиот тој се наоѓал во Прилеп (во 1856 г. тој стапил во служба во тамошното училиште како помошник на Д. Миладинов).

И од друга страна ни доаѓа соопштение дека Жинзифов ни раскажал лично доживеан настан. Тоа е дадено во оваа белешка под редот во автобиографијата на М. Цепенков: „1) Д. Миладинов беше многу мирен (скромен) и собра многу песни от кај нас и си отиде. А Фони даскалчето (Жинзифов, н.б.) беше многу сербес, фесо го носеше на страна, како бабаитите со пјускјуно на рамо, чунки понекогаш се понапиваше. Коа замина за во Русиа купи една гајда и еден кат алишта селцки. Коа учеше Фони во училиштето наше, виде една жена мариовка кај плачи со глас и влезе црква со една зобница, што си имаше една крвава кошула от отепаниот ѝ маш; ја кладе пред иконата от Богородјца, за таја да му дојде от акот на полјако што и го утепа мажот, чунки судо ја истера. Фони ја испраша и сичко го пиша, што му кажа мариовката. И после го направи на стихои, на една книжка, со заглавие „Крвава Кошула“.[2]

Овде се содржат цел ред подробности што ги нема во поемата или се во неа поинаку претставени: жената била од Мариово, го убиле нејзиниот маж а не син, убиецот бил полјак, жената барала правда пред судот, а кога не ја нашла, ја ставила крвавата кошула пред иконата на Богородица, надевајќи се дека таа ќе му отплати на крвникот. Пак доаѓаме до основната порака на крвавата кошула. Сите овие упадливи разлики нè уверуваат дека соопштението на Цепенков не е обична реминисценција од некогашното читање на поемата на Жинзифов, ами дека тоа е засновано на спомени за еден настан, којшто не можел да не одекне пошироко во Прилеп. И така следува да заклучиме дека еден реален настан, присутен во сеќавањето на авторот, ја дал подлогата за поемата „Крвава кошуља“.

Многу интересно е по ова да забележиме дека во 1864 г., што значи цели шест години пред појавата на поемата на Жинзифов, излезе во Задар книшката на Јован Сундечиќ под совршено исти наслов.[3] Во краткиот предговор Сундечиќ соопштува дека уште во 1853 г., во Скрадин, составил кратка балада под наслов „Крвава кошуља“ и дека ја објавил во темишварскиот „Световид“. Меѓутоа, подоцна текстот не го задоволувал, па решил да го обработи истиот предмет во поголема

[2] *А. П. Сш(оилов)*, Марко К. Цепенков. Известия на народния етнографски музей в София, II, 1921, стр. 119.

Не можеме да знаеме како се случило, оваа важна белешка да испадне од текстот на автобиографијата на Цепенков, објавен во Македонски јазик IX, 1—2, 112—145 и во десеттата книга од собраните дела на Цепенков (Скопје 1972). Тој пропуст треба да се избегне при идните изданија.

[3] Крвава кошуља. *Сйјевао Ј. Сундечиħ.* У Задру, Демарки-Руђеровом печат., 1864, стр. 64.

Книшката му е посветена на црногорскиот кнез Никола I. Покрај основниот текст, таа содржи во почетокот предговор и посвета во стихови, а на крајот: „Додаток“, со песните „Мајка Црногорка“, „Црногорац“ и со забелешки.

песна. За своето „дјелце“ тој вака се искажува на крајот на предговорот: „Жалостан је и крвав у њему призор, црпљен из живота онога народа који зна трпити, али и побједити; и то побједити онако, као што јунак ове пјесме побјеђује свога најнемилијега злотвора“.

Еве ја основната содржина на поемата на Ј. Сундечиќ. Вдовицата Милка го тажи својот одамна загинат, а уште неодмазден, сопруг Нико. Таа смета дека нејзиниот син Вуле е веќе израснат да ја изврши отплатата. Затоа оди на средсело каде што синот се весели во неделен ден со младите, го води дома и од дното на својот ковчег ја вади и му ја покажува крвавата кошула на неговиот татко. Крвникот Алија е веќе мртов, но е жив неговиот син Мујо и него треба да го постигне отплатата. Вуле се спрема на пат, ја остава тажна својата свршеница Стојка, оди кон Острог, каде што зема молитва, се среќава во гората дури со самовила и ја моли да му помага како некогаш на Марка, најпосле „у јуначкој земљи Херцеговој“ го наоѓа Мујa и го убива во еден класичен мегдан. Неговата мртва глава ја носи да ѝ ја покаже на мајка си.

Сега можеме да направиме и една мала споредба меѓу двата текста, со цел да се доближиме до прашањето што природно се налага: дали Жинзифов ја знаел поемата на Сундечиќ?

Иако е ист дури насловот и иста пораката на обата текста („светата одмазда“), очевидни се крупните разлики во нивниот основен расказ. Кај Сундечиќ еден силен млад човек отплатува за смртта на својот родител, кај Жинзифов една сама и јадна старица ги моли луѓето и го моли бога за отплата за смртта на нејзиниот единствен син. Различна е сета опстановка. Спрема епското пано на Сундечиќ имаме стравично типична судбина на многу македонски селани на враќање од пазар дома. Двата текста не се созвучни по својата поетика (за жал, можеме овој термин во случајов да го употребуваме повеќе формално, со оглед на скромниот дострел на обата автори). Осмерецот и десетерецот на Сундечиќ открива дека поетот бил силно импресиониран од читањето на „Горски венец“ и „Смртта на Смаил-ага Ченгиќ“, без да ги заборави звуците и мотивите на јуначките народни песни. Жинзифов се трудел да го адаптира за своето кажување стихот на украинските „думи“, заправо на Тарас Шевченко, користејќи и некои обраќања и дигресии карактеристични за Кобзарот, но без да ја постигне истата свежест.

Може да се укаже и на некои сличности. Двата текста содржат тажаленки, прослави на старите времиња, идилични места за свршениците. Но на фонот на истакнатите разлики во раскажувањето и изразот тие можат да претставуваат обични општи места, што произлегуваат од самиот предмет и од определена уметничка и идеолошка позиција.

Интересно е дека обете поеми имаат мото. Кај Жинзифов е тоа народната пословица „Зол трн зла копачка“, а кај Сундечиќ овие италијански стихови: „...L'offensor obblia, Ma non l'offeso, i ricevuti oltraggi“. Се потцртува со ова на еден или друг начин пораката на текс-

тот. Интересно е дека Жинзифов не го употребил првпат овде споменатото мото. Истата народна пословица нѐ воведува во прозниот текст „Прошетба", објавен во сп. Братски труд, кн. II, 1862 и посветен на Д. Миладинов, којшто бил веќе покојник. Тој текст просто се нуди на повеќе места за споредба со поемата „Крвава кошуља". Доста е да укажеме овде на описот на селските гробишта: „Раздадоха сја жалостни гласове; тук мајка оплакуват сина си, когото убил турчин; там млада невеста тăжит мăжа си, којто изгнил в владиковата темница, че не можел да доплатит двете хилјади гроша за венчавањето му..." Мотивот на крвавата кошула живеел во Жинзифов. Во тоа нѐ уверуваат и белешките за неговото патување по Македонија во 1866 г.[4]

Да го повториме по сето ова пак прашањето: дали Жинзифов ја знаел поемата на Сундечиќ? Не е исклучено да ја знаел. Но со оглед на сето што го изнесовме, и што ги покажува суштествените разлики меѓу двата текста, тоа прашање губи од својата важност, ако се мисли на литерарниот контакт. Останува можноста за претпоставката дека поемата на Сундечиќ можела да биде уште еден надворешен стимул за да пристапи Жинзифов кон описот на еден реален настан од времето на неговиот престој во Прилеп.

Дека во реални животни ситуации крвавата кошула се употребувала како грозен знак за одмазда, ќе ни покаже следното соопштение за настаните во Смирна во 1797 г., за крвавиот бунт на јаничарите, во кој се пљачкосувало, убивало и опожарувало. Повод за погромот дало убиството на еден јаничар, извршено од припадници на христијанското население. Во извештајот до Левантиската компанија во Лондон нејзиниот претставник Франсис Вери вака ги опишува настаните по тоа убиство: „Другиот јаничар, другар на починатиот, (обајцата биле од 31-та орта или регимента), ја зел крвавата кошула и побудил најсилни чувства за одмазда во региментата. Тој одел по сите кафиња дури на крајот не се насобрале кај мулата и барале, убиецот да им биде предаден ним".[5]

Имаме во ова еден пример повеќе за улогата на крвавата кошула во животот, врз која се изградил мотивот на крвавата кошула во уметничката традиција. Се чини дека би требало да се проследува широко тој мотив, во различните негови варијации и функции, од расказот за крвавата облека на Јосифа во книгата Генезис (гл. 37, ст. 31—33) па до современата литература. Ние овде дадовме само мал исечок.

---

[4] Тие белешки се излезени посмртно, на руски јазик, во зборникот „Родное племя"; кн. 2, Москва, 1877, под наслов: „Из заметок путешественника по Македонии в 1866 году".

[5] *Richard Clagg* (ed.), The Movement for Greek Independence 1770—1821. A collection of documents. London, 1976, p. 17.

Blaže KONESKI

LA CHEMISE SANGLANTE

(R é s u m é)

Dans le présent article il est question de „Krvava košula“ (La chemise sanglante), publié à Braila (Roumanie) en 1870. Le poète Raiko Žinzifov a été inspiré d'un fait réel. Il a pu connaître le poème publié sous le même titre, du à Jovan Sundečić, mais l'analyse de deux poèmes montre qu'ils sont très différents. L'auteur avance que dans d'autres cas on conservait la chemise sanglante de l'assassiné en tant que signe de vengeance.

Бистрица МИРКУЛОВСКА

КРАТКИ ФОЛКЛОРНИ ЖАНРОВИ ВО „СЛУГАТА ЈЕРНЕЈ И НЕГОВОТО ПРАВО“

„Оваа приказна ви ја кажувам како што навистина се случила, со сите нејзини нехристијански неправди и со сиот голем жал нејзин. . .“[1]

Во почетокот на новелата писателот навестува дека случката е вистинита. 1907 година Иван Цанкар неколку месеци живеел кај Едбин Кристан во Љубљана.[2] Таму се сретнал со еден селанец, кој му раскажал како роденият брат на измама му го зел имотот и не може да докаже дека е во право. Селанецот никако не можел да верува дека нема закон што него би го заштитил. Според сеќавањата на Кристан, Цанкар бил длабоко трогнат. „Овој човек е симбол,“ извикал, додавајќи дека има милиони такви како него, што ја бараат правината, а не го наоѓаат патот до неа. „Слуги се, сееле, орале, копале, но никогаш не жнееле за себе. . .“ Секако, тука е никулецот на најпознатото Цанкарево дело — преведено на седумнаесет јазици — дело што претставува „. . .своевиден уметнички споменик на историско-прогресивните револуционерни настојувања на работниците сами да решаваат за резултатите од сопствениот труд, да одлучуваат како народ, како класа, како работен колектив, како работен човек.“[3]

Низ макотрпниот од на слугата Јернеј, најизразит симбол — лик во Цанкаревата проза[4] писателот параболично ја открива положбата на пролетаријатот во граѓанското општество. Мошне концизната фабула: непризнавање на четириесетгодишниот работен и животен труд, и, попусто барање на сопственото право како од поединците така и од општеството, ритмички се повторува степенувајќи се до кулминација.

[1] Иван Цанкар, *Слугата Јернеј и неговото право*, превел Илија Милчин, Скопје, 1960.

[2] Ivan Cankar, *Zbrano delo*, XXVI, 1972, стр. 266.

[3] Boris Ziherl, Ivan Cankar in naš čas. Ljubljana, CZ, 1976, (Ivan Cankar in slovenska družba, ctr. 149—164).

[4] France Bernik, *Simolizem v Cankarjevi prozi*, XIII Seminar slovenskega jezika, literature in kulture, Ljubljana, 1977.

Цанкар го создал ова дело во третата етапа од своето уметничко творење, етапа на зрел симболизам,[5] во која е изразено карактеристичното свртување кон етичкото и моралното во однос на експлоатацијата не само врз работникот — пролетер, туку и врз интелектуалецот и уметникот — пролетер, односно, општиот однос кон експлоатацијата. Тематиката нужно бара и промени во стилот, односно, се формира идејно-емоционален стилистички тип. Пејзажната метафора, мошне богата во Цанкаревиот јазик, отстапува пред максималната употреба на иронијата, градацијата, сарказмот и гротеската. Писателот употребува едноставна метафора, најчесто поврзана со христијанската култура, што е составен дел на изразито свечена архитектоника на реčта — карактеристична за идејно-емоционалниот стилистички тип. Реченицата е градена од сегменти што се повторуваат или контрастираат, многу често антитетично поставени; граматичките и семантичките фигурирања[6] творат свечена, одмерена реторика. Како средство за искажување на психички конфликти, што во етапата на зрел симболизам, а особено во *Слуѓата Јернеј и неѓовото право* обилуваат, се јавува полудиректен говор, монолог со фиктивно лице (трите оченаши на Јернеј) при што имагинацијата се зголемува со метафората што поминува во визија.

Во таквиот библиско монументален, афористичен и отсечно концизен стил[7] Цанкар употребува изразито голем број кратки фолклорни жанрови и сентенции изградени според веќе постојните пословици и поговорки, благослови и клетви. Не случајно, туку со голема осмисленост Јернеј, старец од народот, со богато животно искуство зборува со еден јазик ослободен од сето што би можело да ја обременува неговата основна порака. Кратките фолклорни жанрови, како крајно упростена раскажувачка формула, применети во градењето на овој *лик—симбол* и основната идеја — *слуѓајернејевското право*, дадоа посебни резултати како во богатењето на библискиот патос, така и во внесување на посебна музикална боја во ритмичкиот строеж на лапидарната реченица, што е карактеристична за оваа проза.

Односот на Цанкар кон јазикот бил мошне одговорен. Антон Брезник запишал: „Се потпре врз жив реален јазик, зборуван од народот и интелигенцијата; од традиционалниот литературен јазик попримал само она што реално живеело во јазикот... кај него содржината и формата се имаат слеано во убава целина". Уште една потврда за ова е внимателниот подбор при внесувањето на кратките фолклорни жанрови. Зашто: „... согласно со сопствената поетика тој афирмира јазик што има природна говорна основа, што не е исконструиран, но при сето тоа високо култивиран и исклучиво не е навредувачки рефлекс

[5] Mahnič Jože, *Slog in ritem Cankarjeve proze*, Jezik in slovstvo 1956/57, str. 97, 152, 208.

[6] Б. Миркуловска, Ритмичките елементи во Слугата Јернеј и неговото право, Рацинови средби 1976 год.

[7] Janko Kos, *Proza Ivana Cankarja*, V Seminar, Ljubljana, 1969.

на фолклорни несмасности со какви што некои писатели сакале да го карикираат словенечкиот селанец."[8]

Сопствениот став кон народните говори Цанкар јасно го искажал низ критичкиот осврт кон собраните дела на Јанез Трдина, писател кој ја собирал и уметнички ја обработувал народната проза. „Неговото раскажување е природно, искрено и јасно." вели Цанкар. „... раскажува за да му прераскаже на народот нешто свое, ново и умно... Па затоа неговиот свечен стил е така лесен и прозирен, тој негов свечен збор така богат и sунлив." Иван Цанкар високо ги ценел фолклорните приказни на Јанез Трдина,[9] зашто од богатството пренесувано од генерација на генерација создал творби што на народот му ги враќал збогатени со слободарски и родољубиви пораки.

Во својата проза Цанкар веќе ги имал контурите на индустрискиот работник — пролетер од виенското предградие Отакринг, но сепак се определил за селанец — пролетер, тогаш многуброен во Словенија. Не само поради тоа што ја познавал таквата личност, туку осознавајќи дека симболот — народ ќе може да ја изрази вековната мудрост на народната филозофија, гласно ќе го искаже сопствениот став по прашањата што се исконски и вечни, како што е исконско и вечно барањето на правината. Со јазикот на народот — откако *е светов и веков* — постои антитетичната мудрост, позната кај сите народи: „Кој сее, тој жнее." или „Кој прави добро, добро наоѓа". или „Сонцето не можеш да го закриеш со дланка."[10] Со длабоки корени во далечното минато, а воедно со космополитската свртеност актуелна и визионерска — Цанкаревиот Јернеј 'со формулата на народната мудрост императивно ја изречува сентенцијата — ТВОЈОТ ТРУД — ТВОЕ ПРАВО — па со тоа да понесе големо и одговроно признание — споредба со Комунистичкиот манифест.[11]

Според Максим Горки пословиците се израз на вековната народна мудрост, на вистинската народна филозофија. Во нив е излеано севкупното богатство на народниот творечки дух, неговата смелост во размислувањето и искажувањето по одделни витални прашања. Оттука, употребата на пословиците, односно, кратките фолклорни жанрови на исказот му обезбедуваат соодветна тежина.[12] Од друга страна, низ нив многу одредено се предава историската и општествената реалност, како и идеологијата на општеството во кое настанале.

---

[8] Breda Pogorelec, *Zgradba stavka v prozi Ivana Cankarja*, V Seminar slovenskega jezika, literature in kulture, Ljubljana, 1969.

[9] Janez Trdina, *Bajke in povesti o Gorjancih*, 1882—1888.

[10] Николай Икономов, *Балканска народна мъдрост*, София, 1968.

[11] Ivan Prijatelj, *Naši mejniki*, Ljubljana, 1936.

[12] *Пословицы русскоіо народа*, Сборникк В. Даля, Москва 1957.

— Кирил Пенушлиски, *Македонскоіо народно іворешіво, Пословици и іаіанки*, Македонска книга, Скопје, 1969 год.

— Томе Саздов, *Преіред на македонскаіа народна іроза*, Ск. 1970.

Во *Случајот Јернеј и неговото право*, согласно со историската етапа, употребена со симболично значење, постои обемна лексика од христијанската култура, фразеологијата и библискиот стил, што е составен дел и во кратките фолклорни жанрови. Меѓутоа, употребата кај Цанкар е крајно стилистички маркирана, во служба на иронијата и сарказмот, во засилување на антитезите.

Полемизирајќи со Исидор Цанкар, Јосип Видмар вели[13] дека Цанкар во суштина бил „...типичен и чист претставник на противдогматска културна мисла ... единствена личност која слободно и стабилно си го создаваше сопствениот поглед ...". Цанкар бил слободен дух кој верувал во независноста на разумот. Јосип Видмар истакнува дека Цанкаревата изразита личност имала секогаш оригинален и единствен поглед на светот и дека живеел изолирано и осамено — како исклучителна фигура на своето време. Не бил католик, верата ја признавал само како природен или историски факт присутен во животот на словенечкиот народ. Токму затоа и не ја исклучил во градењето на Јернејевиот лик. Цанкар јавно изјавувал дека е социјалист, па дури и напишал есеј *Како станав социјалист*. Активно учествувал во работата на социјал-демократската партија, а во време кога го пишувал *Случајот Јернеј и неговото право*, непосредно вклучен во изборите бил кандидат на оваа партија. Меѓутоа, и на социјализмот му припаѓал само делумно, зашто „...живеел уште сто животи што се премногу интимни и премногу таинствени за до нив да допре вревата создадена со општествените движења и пресврти. Во таквите животи Цанкар го познавал и слушал само гласот на сопствената природа и му следел не обзирајќи се на било какви догми и доктрини. Овој глас му велел дека вистината не е ниту откриена ниту проучена, па треба да ја бара по сопствени патишта. Така постапувал. Бил слободоумен дух, израснат врз темелите на сопствената слободна природа."

Директно запрашан — што бил Цанкар — Јосип Видмар одговорил, дека според политичка определба бил социјалист, а како филозоф и морална личност бил слободен и прогресивен ум. *Католик не бил во ниедна сфера и никогаш.* Ова согледување и искажување на Јосип Видмар претставува солидна смерница за правилно толкување на елементите од христијанската култура во новелата *Случајот Јернеј и неговото право*.

Согласно со дефинирањето на пословиците и поговорките во современата фолклористика — како синтетизиран мисловен израз кој содржи суд за некого или нешто, секогаш со определен став и оцена — пословиците и поговорките во оваа проза се со изразита етичко-морална и естетска определба и секогаш во позиција на акција. Нужно е да се истакне дека Цанкар виртуозно го реализира познатото својство на овие кратки фолклорни жанрови, врз нив да се развива целосна раскажувачка фабула (На пр. сказна за јаболкницата, сказна за невиноста на детето) како и способност да се пресоздаваат со нова содржина.

[13] Josip Vidmar, *O Ivanu Cankarju* (Cankarjev nazor) Ljubljana, 1976.

Основната порака на новелата неминовно создава тематска определеност на пословиците и поговорките: *правината*, односно, *неправдата* во распределбата на резултатите од вложениот труд, а во врска со тоа и односот — *поединец—општество* — како и моралните норми сврзани со трудот и резултатите од трудот. Користејќи се со пословиците и поговорките, Цанкар постигнува сублимирано уметничко прикажување на несправедливите односи — со силина на народната мудрост, создадена низ вековен колективен творечки процес.

За Јернеј *неговото право* е толку очигледно што вели дека — *слепец би видел и глув би разбрал* (стр. 41). Со: *Правина барам, неправдата ја тужам*! (стр. 31) укажува на неминовно поврзување на овие две дијаметрални спротивности. Меѓутоа, народната мудрост МЕНЕ ПРАВИНА. ТРЕБЕ КРИВИНА Цанкар сака да ја избегне, па вели — *Мене правина, но не на друг неправда* (стр. 43) или со развиена варијанта што ритмички се повторува: *Ако ме наситите мене, не треба други да бидат гладни.* (стр. 44).

Со посебно внимание Цанкар ја изградил поговорката — дефиниција за правината: *Правината е лош и бесен господар; не дозволува да ѝ се противиш*! (стр. 51). Во првиот член кој, всушност, е во форма на поговорка ја согледуваме мудроста за господарувањето на огнот и водата; во вториот член прозборува искуството на Јернеј, односно и на писателот, кој честопати доаѓал во конфликтни ситуации барајќи ја правината, па притоа изразувал стоички непокор што наоѓа одраз и во контрастната пословица: *Правината ме бие, јас ѝ се смеам.* (стр. 53).

Правината, како апстрактна именка, се сврзува со *господа* — како нејзин творец. На пример: *Господ ја пратил правината на светот* (стр. 36) ... *правината, што ја пратил господ на светов и човечка сила не може да ја поништи* (стр. 45). ... *гледајте, господ пратил правина на светов, јас го слушам неговиот збор и сторив сирема неговата повела*! (стр. 54). Меѓутоа, како одраз на реалната општествена положба и новите сознанија, пословицата се трансформира во: *Луѓето ја сторија, луѓето ѝ дадоа сила и власт.* (стр. 36). Во вториот член се доискажува негирањето на мистификацијата и се истакнува силата на човекот. Меѓутоа, од идеологијата на општеството зависи кому ќе му служи таа правина. Некаде во почетокот на новелата Цанкар ја искажал познатата слугајернејевска сентенција: *За слугата нема правина, нема закон*! (стр. 91) отворајќи широк простор оваа поговорка да се провери и докаже до највисоко ниво. Надоврзувајќи се на поговорката *Луѓето ја сторија, луѓето ѝ дадоа сила и власт* — вели: *Правината е сторена за оние, што ја сториле.* (стр. 35). Слугата Јернеј отворено го бара своето право, длабоко убеден дека нему му припаѓа. *Мене дајте ми правина, на другите со неправда и лошо не враќајте им*, (така е право според волјата господова) Зашто: *Правината на оној што ја заслужува* (стр. 32); *Кој се надева на правина не краде и не убива*! (стр. 51); меѓутоа, спектарот се шири со необичен еластицитет: *И улавиот има свое право*! (стр. 22); *И разбојникот има своја правина и свој закон*! (стр. 49).

Наоѓајќи се некаде на средина од својот макотрпен пат Јернеј се запрашува — *Каде е правината?* Сврзувајќи го народното верување за магичната ноќ спроти Иванден и преданието за Диоген низ двочлена пословица Цанкар вели: *Полесно ќе најдеш закопано богатство во ноќта спроти Иванден, отколку правина по бел ден.* (стр. 58). Конфликтот со претставниците на општеството и чуварите на правдата Јернеј иронично го оправдува со: *Каде се луѓето неправедни, таму е Господ праведен.* (стр. 35). Зашто: *Господ не ја скрил правината, како скржавец своите сребреници.* (стр. 41); и варијантата со ширење на подрачјето кон вистината: *Како што Господ не ја скрил правината, така ни вистината не ја скрил.* (стр. 55). Изразита градација е постигната во следниве пословични искази : *Има ли правина на светов и на небо?* (стр. 36) *Нема правина на светов, ни кај цароť ја нема* (стр. 58) *Правина нема ни кај Господа ни на небо.* (стр.40). Размислувајќи каде е правината низ монологот Јернеј вели: *Наместо кон изворот да трґнам онака жеден како што бев, сум трґнал да пијам од разматено калиште.* (стр. 57) Очигледно, Цанкар го градел овој монолог врз познатата поговорка : *На изворот водата е бистра.* Човековиот вековен оптимизам за постоење на вистината и правината низ компарација со сонцето, Цанкар ја вградува во поговорката : *Кусоумно е ако мислиш, сонцето да го изґаснеш.*

Идеологијата на експлоататорското општество ја деградира познатата пословица - *Кој сее, тој жнее* — реалистично сврзано со земјата, со непосреден труд. Поставена во конкретни општествени услови оваа народна мудрост станува изразито антитетична. Цанкар ја вградува во текстот ефикасно повторувајќи ја сказната за јаболкницата : од почетна позиција — јас ја посадив, според тоа јас сум тој што имам право да ја оберам; преку фактичката состојба — јас ја посадив, дошол некој и ја обрал; до конечното сознание контрадикторно на народната мудрост и ненапишаните морални норми . . . *јаболкницата била од оној што ја обрал, не од оној што ја насадил.* (стр. 45). Применето врз појдовната пословица, концизно искажаната народна мудрост се трансформира во : *Кој сее, тој не жнее,* или *Кој не работи, тој јаде,* што всушност претставува пресоздавање на постојните пословици согласно со нормите на експлоататорското општество.

Пословицата: *Господарот си е господар, а слуґата слуґа* (стр. 19) Цанкар мошне осмислено ја употребува за да со минимум зборови ја прикаже суровата поделба. Повторувањето на именките *господар слуґа* и елиптичниот втор член обезбедува градација без коментар. Таквата идеологија на господарот му дава безгранични права. Максимален ефект е постигнат со брахилогиските сентенции : *Твојот поґлед — повела. Твојот збор — заповед.* (стр. 13), што се фундирани и во исказот проширен со христијанската идеологија : *Човечки закон и божја заповед е, слуґата да го слуша својот господар*! (стр. 22) Цанкар интервенира со симетрична реченица во која е очигледна иронијата : *Христова заповед е, господарот да не го тера слуґата оддома, откако доработел и е стар и немоќен.* (стр. 22) што е засилена со употребата на пословицата : *Ни ослепен коњ не би истерал од племна.* (стр. 22).

Барајќи го сопственото право Јернеј добива поука: *Не му личи на слуга да го урива она, што господарот го установил.* (стр. 7) Меѓутоа, господарот—експлоататорот не е сам, како далечно ехо, низ тричлените иронично саркастични искази се слушаат новосоздадените морални норми на експлоататорското општество, што ја деградираат личноста на човекот—работник, а воедно ги оправдуваат нехуманите односи.

— *Тешко на куката каде момокот седи до печка и си ги брише скорниште од грбот на господарот!*

— *Тешко на колата, што господарот ја влече, а момокот ги држи уздите!*

— *Тешко на имотот, што господарот го оре, додека момокот под сенка се истегја!* (стр. 7)

За да постигне посилен ефект Цанкар ги групира овие пословици создадени од една општествена група. Меѓутоа, следува спротивставувањето од страна на работникот—пролетер, искажана со двочлени елиптични пословици, со упростена метафора, степенувана ирониј и изразита антитеза:

— *На господарот жетвата и лебот, а на Јернеј камен.*

— *Господарот на мека постела, а Јернеј на тврдо паде.*

— *Господарот ќе се грее, а Јернеј преку праг надвор.*

— *Господарот ќе пали луле, Јернеј ќе пцовиса на гнила слама.* (стр. 16)

Спротивставувањето на двеве групи пословици изградени од две дијаметрално различни идеолошки средини укажува на отворен конфликт што се рефлектира во *меѓучовечките односи.* По углед на пословицата сврзана со погребниот ритуал : *На мажите — вино, на бабите—солзи,* при што алудира на изедначувањето во смртта, Цанкар гради елиптични пословици со изразита несправедливост и нехуманост во меѓучовечките односи : *На младиот — леб, на стариот — камен. На здравиот — риба, на болниот — змија. На починатиот — јајце, на измореният — чкорпија.* (стр. 6,7)

Во општеството постои хиерархија што не смее да се наруши: *Прв проговори, но не си прв!* (стр. 5) или *Не сум ти должен ни збор ни одговор* (стр. 20). Тоа условува и неискреност во односите — *Пази боже, ништо лошо за него!* (стр. 16) како и недоверба кон човекот: *Кој би пружил рака на човек, што никогаш не го видел* (и што може е контрабандист и разбојник) (стр. 65) или, *Пазете се од човек, што смуртено гледа и полека врви.* (срт.25). Во односот кон Јернеј, претставникот на обесправниот пролетаријат, претставниците на експлоататорското општество употребуваат идиоми од типот: *Нема нужда да ни продаваш ум . . .* (стр. 7); *Не стој тука како дрво.* (стр. 14) . . . *не трескај празни прикаски . . .* (стр.64)

Врз општопознатата поговорка *Сит гладному не верува* Цанкар гради: *Како ќе ја разберете неправдата, која уште не сте ја сетиле?* (стр. 26) Или, *Не сетил неправда, па не знае што е правина* (стр. 38);

како и со конкретизирање: . . . *мрсно се најал, убаво вино се напил, па не знае што е глад.* (стр. 38)

Попустливоста кон младите искажана елиптично низ *Младост —лудост* Цанкар ја развива во комплетно поглавје, кога на децата им ја раскажува својата мака, како и во конкретен исказ: *Нека се перчи, во името на бога, млад е уште!* (стр. 16)

Од поговорката *Коруйка крастава — јашка скапана е* развиена прашалната форма: *Дали коруйката им е така крастава и валкана, или е веќе и јашката напризена?* (стр. 66).

Животните искуства стекнати низ меѓусебните односи се сублимирани во пословичната мудрост: *Говори умно, па ќе те слушам.* (стр. 13); или — *Ако се споулавел, од убаво не се споулавел.* (стр. 22) или — *На стотина врати ќе почукам, а стопрвата ширум ќе ми се отвори!* (стр. 41) или — *Сознанието е најголемо богатство* (стр. 35) меѓутоа, вториот член — *па дури и со суровица в глава да е набиено* е сврзано со конкретната тематика, употреба на сила со цел да се наметне една нехумана идеологија. Неопходна потреба од организирана сила што ќе ги менува односите, Цанкар ја искажува со пословицата: *Она што светот наредил, ти сам не ќе го пренаредиш.* (стр. 33).

Односот кон појавите што човекот не е во состојба да ги контролира, народот ги сврзувал и толкувал со судбината. Па така Цанкар вели: *Судбината беше справедлива: покрај жалости имаше и утехи.* (стр. 13). Значи, што е од *судбината* сè е справедливо, зашто по маките ќе настапат утешенијата. Судбината натаму се трансформира во *господова волја*, што достигнува димензии на безрезервно поднесување на тешкотиите од типот: *Со пот на лицето да си го вадиш лебот, така господ рекол*, што ритмички се повторува низ Јернејевата сказна за неговиот четириесетгодишен труд.

Претставниците на експлоататорското општество многустрано се користат со религиозните догми, со цел да го држат во покорност селанецот—пролетер. *Така било отсекогаш и така ќе биде до века*, (така рече кметот и стана) (стр. 20) За сенешто: *Клекни и помоли му се на господа* (стр. 10); *Фала и чест да му е на бога*! (стр. 13); *Угодно ќе му беше и на бога и на луѓето* (стр. 13); *Кога стајуваш пред господа, не барај од него стоејќи, ами клекни, моли му се и плачи* (стр. 69). Низ страдањата на Јернеј што одат по нагорна линија со длабока ирониja и сарказам Цанкар употребува искази од типот: *Господ е милозлив, не ќе го искушува до крај слугата Јернеј, што никогаш ништо лошо не му сторил!* (стр. 36) *Господ не ги одвратува за секогаш очите од своите слуги.* (стр. 54). *Господ ќе ги просветли и ќе им прости* (стр. 55). *Господ дал закон, а божји збор не е како дождовница, што до вечерта да ја попие сувата земја* (стр. 53).

Имајќи ја во основа народната поговорка — *Така му било пишано* — Цанкар развива низа искази од типот:

— *Господ си знае зошто ми го натоварил бремето, кој би се расправал со него.* Или — *Што нужда од расправија со господа и со луѓето*

(стр. 34)... *Господ по својот ќеф ме доведе наземи* (стр. 50); ... *живеат како што Господ повела* (стр. 52) ... *Го послушав гласот божји и тргнав на овој тежок пат*... (стр. 65). Согласно со високиот библиски стил како апостолска проповед се реченициве: *Изорана нива се срцата ваши, нека падне семе во нив, за да никне и узрее еден ден!* (стр. 25) *Справедливо е да трпиме за гревовите, да се радуваме на правинаша, секогаш слатка ли е или горка* (стр. 50). *Солзите го мијат сиот грев и сета неправда* (стр. 53) ... *Зашто помирно е срцето во плач, отколку во смеа* (стр. 53). *Божја заповед повела: трпи ја неправдата Јернеј, и кога ќе те удри соседот по десниот образ сврти му го и левиот; а ако ти го грабне палтото дај му ја и кошулата!* (стр. 17) *Која ве шиба, наведнете го грбот и надевајте се на бога*... (стр. 47). Како и сите елементи од христијанската религија така и идиомите: *Над сите е Господ* (стр. 23), *Господ ќе суди. Сите ќе појдеме таму* (стр. 70) се употребени во иронија, па дури и во сарказам.

Веќе во почетокот на судирот со несправедливото општество Јернеј запрашува: *Има ли во овој збор божји ум и правина?* (стр. 13) со што го искажува сопственото сомневање. Метаморфозата понатаму се движи низ *тритте оченаши* до кулминативната точка што еруптивно избива низ прашањата: *Има ли правина кај Господа, али ја нема?* И уште подрастично: *Има ли правина, али нема, има ли Господ, али нема?* Симетрично градената реченица упатува на синонимност во зборовите *Господ/правина*; повторувањето *има/нема* открива дека постои нестабилност во мислата. Сопственото *отпаднишшво* Цанкар го искажува со: *Господ не ме создал за апостол, и затоа повеќе сакам да сум питач* (стр. 53) — при што *питач* е симбол на независност, пркосно непочитување на општествените норми,[14] а од друга страна безграничен стоицизам: *Слушајте вие разбојници, колку и да сте млади и плеќести и колку и да е Јернеј стар и ослабен од неправда, како сноќе би ве повалил по дворот, со тупаница би ја запишал својата правина! Ама правинаша не е јаболко, та со стап да ја чукнеш, а и на бога нема нужда човек да му помага. Тежок е товарот што ми го навали, долг е патот што ми го одмери, но јас ќе го носам до крај!* (стр. 49).

Неправдата, како резултат од нехуманите односи во експлоататорското општество, скорива мачна психичка состојба што во духот на народна поговорка Цанкар ќе ја изрече како: ... *му падна тешко на срце* (стр. 7) или со изразита фолклорна метафорика *Му леѓна на срце нешто како тежок мраз.* (стр. 6). Во ваквата состојба би очекувале појава на омразата, меѓутоа, според слугајернејевската иронија: *Без омраза тргни на пат — без омраза врати се.* (стр. 7). Омразата ја карактеризира како изразито негативна појава, искажувајќи го како народна мудрост: *Потешко е в срце омразата, отколку жалоста.* (стр. 29), па затоа го претпочитува *простевањето* што неминовно е сврзано со христијанската култура: *Ви простевам, несправедливи судии, како*

[14] Ivan Cankar, *Bela krizantema*,... Sodil je po gospodskih cestah razcapan, bos in neobrit... bogataši in imenitniki so se temno ozirali nanj...

што Господ им простил на оние што го гонеле и го ругале! (стр. 24) или *... љубов и христијанско прошшевање нека биде меѓу нас.* (стр. 14). И жупникот, претставник на христијанската религија, а воедно во служба на експлоататорското општество, како последен директен учесник во конфликтот го советува Јернеја: *... прости им, како Господ што им простил на оние што го гонеле!* (стр. 69). Меѓутоа, во кулминативниот акт ја наслутуваме општопознатата пословица — *Око за око — заб за заб*, што значи — нема проштевање, нема трпење на неправда. Низ пламенот *што се крева до небото* саркастично одекнува последната реченица: *Господ нека му се смили на Јернеја и на неговите судии и на сите грешни луѓе.* (стр. 72).

—*Благословите и клетвите* по форма и содржина се слични на другите кратки фоклорни жанрови, но по својата смисла и задача одговараат на баењата.[15] Благословите што ги употребува Цанкар, извлечени од контекстот, се типични фрази непосредно сврзани со христијанската религија. На пример: *Господ да нè чува и брани од сè лошо.* (стр. 14); *Господ нека те пази, босо, палаво голомеше!* (стр. 25); *Господ да ве пази, деца!* (стр. 27); *Господ да ти прости!* (стр. 25); *Господов благослов нека биде со тебе.* (стр. 34); *Сиот божји благослов нека биде со тебе*! (стр. 27) Ползувајќи се со едноставната поетика на овие кратки фолклорни жанрови, како и со желбено заповедната форма, што создава претстава за дијалог — Цанкар ги употребува со посебна стилистичка вредност.

Во почетокот на новелата (гл. I стр. 5): Стариот Ситар го закопаа; *да му даде Господ рајски живот*, кроток човек беше. — благословот е употребен сврзан со погребниот ритуал на една природна смрт. Новелата завршува со смрт, но во форма на насилство и Цанкар при тоа вели: *Господ нека му се смили на Јернеја и на неговите судии и на сите грешни луѓе.* (стр. 72). Почетокот и крајот на една целина се најмаркантните места. Цанкар свесно го користи ова спротивставувајќи токму во кулминативната позиција:

Природна смрт /насилство и правина/ неправда

Неутралниот благослов од нормалниот погребен ритуал учествува во реализирањето на длабока ирониција во кулминативниот чин на насилството. Употребата на зборот *Господ* во крајниот контекст засилува спротивно значење. Таквата употреба на благословите е карактеристична за оваа Цанкарева проза.

Писателот пристапил и кон проширување на познатите модели, развивајќи ги низ конкретна ситуација: *Нека ви го благослови Господ во изобилство она што ќе го изедете и испиете*, јас не ви завидувам! (стр. 6); *Нека ви го благослови бог јадењето и пиењето, а мене пак, нека ми даде Господ мирна совест и живот без грев* (стр. 7) — вели Јернеј употребувајќи благослов со повратно дејство. *Господ нека ве благослови, а мене нека ми ја дадат правината.* (стр. 63). И младиот Ситар саркас-

[15] Д-р Кирил Пенушлиски, *Пословици и изјанки*, Македонско народно творештво, Македонска книга, Скопје, 1969.

тично употребува еден единствен пат: *Господ нека ти го благослови јадењето, нема да ти ги броиме залаците!* (стр. 12).

Цанкар употребува антитетичен благослов, што најчесто има призвук и на клетва. На пример: *Да не ви даде бог, мили мои, да разберете некогаш што определил господ, а што сториле луѓето!* (стр. 6). *Да не ви даде бог, да ја узнаете правината, зашто тогаш ќе ја сетите и неправдата!* (стр. 26). Коментарот што следува во вториот односно, во третиот член е непосредно сврзан со основната тема.

Благословите со изразита библиска реторичност од типот — *љубов и христијанско прошетевање нека биде меѓу нас* (стр. 11), како и славоспевите од типот: *Слава нека му е на бога!* во контекстот ја засилуваат иронијата. Изречени секогаш во ситуации дијаметрално спротивни на правината, благ збор и прошетевање, непосредно сврзани со обесправениот старец, изморен од изживувањата во крајно нехуманото општество добиваат дури и призвук на клетва и пцоста.

Наоѓајќи се во вонредна психолошка состојба, во позиција на безизлезност и безнадежност, Јернеј се користи со магичното на зборот — употребувајќи клетви. На пример: *Ќе ви дојде на сите вас вашето време, кога ќе ја видите славата негова, а мене, грешниот, ќе ми дојде мојот час!* (стр. 34). Субјектот е критичен кон објектот и кон себе. Свесен за употребата на магичното во клетвата како и за тој што ја употребува, се наречува *грешниот*. За објектот не дава карактеристика, ниту лично го осудува, туку го исправува пред *славата негова*, со што индиректно го класифицира делото како најтежок престап. Низ тричлената реченица сегментите надојдуваат, збунуваат, стаписуваат — — како кај секоја магија и клетва. И тука се забележува библиската синтакса: *славата негова*, наспроти, *вашето време* и *мојот час*.

Клетва и закана содржат и ваквите искази: *Ќе стигнеш да се починеш!* (стр. 9); *И над тебе има суди; а над сите е господ! Помоли му се на бога и на својот светец!* (стр. 11); *Не искушавај го господа!* (стр. 53).

Благословите што како идиоми се трансформирале во поздрави Цанкар ги сврзува само со ликот на Јернеј, односно, народот. Претставниците од повисокиот слој, како и интелигенцијата со која Јернеј контактира барајќи го своето право, не употребува никаков поздрав; комуницираат или со директно прашање или со молчење — што е сигнант за игнорација.

— *Дај бог добро!* рече Јернеј и симна шапка (стр. 29) — така Јернеј го поздравува служителот, меѓутоа, и тој не му отпоздравува туку директно го запрашува: *Што сакаш?* (стр. 29).

— *Дал ви бог добро, господине!* (стр. 65) — Јернеј персира што било норма во однесувањето со интелигенцијата, меѓутоа, отпоздрав не добива; господинот — молчи.

Среќавајќи се со човек кој бил окарактеризиран како отпадник Јернеј му се обраќа: Да го прашам безверников/ си помисли Јернеј и го запре. — *Дај бог добро, Гостачев! — И тебе, Јернеј!* (стр. 15). Безверникот не го употребува поздравот со *бог*, односно, *господ*, што значи

и поздравот учествува во градењето на ликот и ситуацијата. Уште еден изразит пример за употребата на овој вид поздрав — благослов во градењето на иронијата и сарказмот. Јернеја го фрлаат во зандана: *Дај бог добро, соседе!* — го поздравува некој си арамија и продолжува, — *Што си украл?*

Познатиот словенски благослов, односно, идиомски поздрав — *Добар ти пат!* Цанкар го употребува како закана, подигравка, клетва, пцоста. Тоа се најчесто двочлени последични сврзувања од типот: *Ако виното не ти оди, добар ти пат.* (стр. 7); *Оди си, слуго, каде што ти е патот* (стр. 23); *Оди си со здравје, Јернеј.* (стр. 24).

— *Сега, одете си со здравје...* (стр. 55) му вели младиот судија Кошир на Јернеј, откако му ја дава кусата поука, во познатиот дијалог, во кој доминира тажната исповед на слугата Јернеј. Употребувајќи го идиомот — *Оди си со здравје* — од страна на судијата, Цанкар ја искажува наклоноста на еден мал број млада интелигенција кон селанецот — пролетер; меѓутоа, со исказот на Кошир — *а таму: што ти даде бог!* — употребено со основно значење на тотална немоќ и безнадежност, Цанкар открива дека групата нема сили да ги прекрши нормите на експлоататорското општество.

Кратките фолклорни жанрови по правило се употребуваат спонтано[16]. Меѓутоа, оваа проза укажува дека Цанкар ги употребува крајно обмислено. Кон нив пристапува творечки, било да го фундира сижето врз нив, да ги вградува во текстот, усогласувајќи ги со архитектониката на јазикот во ова дело или по углед на познати шеми гради нови пословици и поговорки, што се израз на конкретните појави, погледи и животни искуства, што се основна тематика на оваа проза. Можеби затоа концизната тематика се оформила во идиомот: — *Го бара слугајернејевското!* или *Ќе го најде слугајернејевското!* што ги надминува рамките на конкретново литературно дело, а добива значење; тврдоглаво барање на правината, односно, бескомпромисната борба против неправдата, при што се има предвид рационално и ефикасно искажаниот вековен стремеж на човекот — работник:

Твојот труд — твое право!

Оваа и повеќето Цанкаревски секвенции укажуваат дека Цанкар длабоко ја чувствувал силината на пословичната спрега на зборот, градена и созреана низ вековната традиција. Ја употребувал одмерено, на право место и во право време, со цел да стане фундамент на пораката. Како што вели Јосип Видмар[17]: „... Ќе дојде поет со таква душевност, ќе го наслути сето богатсво на зборот, со кој може да ги изрази ширните пространства на сопствената личност. Ќе го крене и каменот што мнозина sидари го отфрлувале, ќе стане носечки камен, некаков централен збор."

[16] Д-р Кирил Пенушлиски, *Пословици и гатанки, Македонско народно творештво*, МК, Скопје, 1969.

[17] Josip Vidmar, *O Ivanu Cankarju* (Marginalije str. 99), Ljubljana, 1976.

ЛИТЕРАТУРА

1. Иван Цанкар, *Слугата Јернеј и неговото право*, Кочо Рацин, Скопје, 1960 год. Превод Илија Милчин.
2. Д-р Кирил Пенушлиски, *Македонско народно творештво, Пословици и гатанки*, МК 1969, Скопје.
3. Д-р Томе Саздов, *Преглед на македонската народна проза*, Култура, Скопје, 1970 г.
4. Пословицы русского народа, Сборник В. Даля, Москва, 1957, (Предговор В. Чичеров).
5. Николай Икономов, Балканска народна мъдрост, успоредници на български, сръбски, турски, румънъски, грцки и албански пословици и поговорки, София, 1968.
6. Марија Младенова, Пословиците — одраз на животната стварност и народната мудрост, Литературен збор, Скопје, 1959/2.
7. Ivan Cankar, Izbrano delo, Mladinska knjiga, Ljubljana, 1967. (Hlapec Jernej in njegova pravica).
8. Josip Vidmar, O Ivanu Cankarju, CZ, Ljubljana, 1976.
9. Dušan Pirjevec, Ivan Cankar in evropska literatura, Lj. 1964.
10. Anton Ocvirk, Študije ob zbranem delu Ivana Cankarja, DZS, Lj.
11. Breda Pogorelec, Cankarjevo delo — prelomnica v oblikovanju slovenske knjižne besede, III Seminar, Ljubljana, 1967.
    — Zgradba stavka v prozi Ivana Cankarj, V Seminar, Ljubljana, 1969.
    — Ivan Cankar — vozlišče razvoja slovenske besedne umetnosti, XII Seminar, Ljubljana, 1976.
12. Jože Mahnič, Slog in ritem Cankarjeve Proze, Jezik in slovstvo, 1956/57.
    — Značilnosti slovenske moderne, V Seminar, Ljubljana 1969.
13. Franc Zadravec, Cankarjevi pogledi na jezik, NS, 1976/5.
    — Iz Cankarjeve poetike — beseda in literatura, XII Seminar, Ljubljana, 1976.
14. Janko Kos, Proza Ivana Cankarja, V Seminar, Ljubljana, 1969.
15. France Bernik, Simbolizem v Cankarjevi prozi, XIII Seminar, Ljubljana, 1977.

Бистрица МИРКУЛОВСКА

КАРОТКИЕ ФОЛЬКЛОРНИ ЖАНРИ В „СЛУГА ЕРНЕЙ И ЕГО ПРАВО“

(Р е з ю м е)

Словенский писатель Иван Цанкар написал новеллу „Слуга Ерней и его право“ в третьем периоде своего твореческого пути — зрелого символизма. Период заостренного внимания на моральные и этические отношения на любой вид эксплоатации — требовал изменения в стиле. Сформировался идеино-эмоциональный стилистический тип.

Основные характерные черты этого стилистического типа — библеиская монументальность, афористичность и конзицзность. Цанкар пользуется огромным числом коротких фолькрорных жандров и сентенцией, построенных по образу уже известных пословиц, поговорок, благословлений и проклятий.

Короткие фольклорные жанры, характеризуюшие упоршенной повествовательной формулой, дали собые результаты в данной прозе, которая отличается лапидарными предложениями и чрезвычаиной ритмичностью. Цанкар употребляет фольклорные черты обдумано, подходит к ним творчески, с чувтсвом понимания мудрости пословиц, которые создавались вековой народной традицией.

Харалампие ПОЛЕНАКОВИЌ

НАРОДНА ПЕСНА ЗАПИШАНА ВО КИЧЕВСКО КОН СРЕДИНАТА НА XIX ВЕК

Во текот на Првата светска војна, во селото Мидинци[1], на 13 ноември 1915 година, началникот на „III-то отделение на V-ти полски лазарет сан. пор. д-р Бончев" од домот на селанецот Димитрија Лазаров зел еден ракописен Дамаскин од XVIII век[2].

Според описот на Б. Цонев, д-р Бончев ракописот го доставил на Народната библиотека во Софија, како подарок на 21 август 1916 година, од положаите на солунскиот фронт. Ракописот е „без начало и крај и „отразява западен говор".

На втората страна од Дамаскинот „е този откъслек от народна песен, писал с бързопис през ново време Апостол кир Миланов (както се подписал отстрана)":

Бегай, бегай Мѫстафаго море,
Ѿба да бегаме,
Зере идет силна потера,
Акте фане, Мѫстаф-аго,
Силна потера,
Че ти сече твоя руса глава
Че я носи Мустаф-аго море
Дѫри на везира...

За запишувачот на оваа доста дефектна народна песна, како и за времето кога е сторен овој запис, во кој се пее за потерата што ја дигнале властите против некој насилник Мустаф-ага, нема во ракописот некој попрецизен податок. Од потписот на запишувачот на песната

[1] Во описот на овој Дамаскин, од пронајдувачот на истиот, името на селото е дадено како: „с. Миленица (Кичевска околия) на 2 км северно от с. Заяс...". Денеска село со такво име не постои на овој терен, но приближно на таа оддалеченост нд Зајас се наоѓа селото Мидинци; да не станува збор за „покрстување" на името оа селото Мидинци во Миленица?

[2] Б. Цонев, *Опис на славянските ръкописи в Софийската народна библиотека*, том II, София, 1923, бр. 741 (269), 362—364.

и од самиот запис се гледа дека станува збор за лице кое е елементарно описменето и кое се служи со македонската кирилица, но кое покрај македонската кирилица, употребувана кај нас во XIX век, користи некои букви и од грчкиот алфавит: Омега (еднаш) и ѕ на три места, при што во пишувањето на името Мустафа третиот пат го употребува обичното кирилско у. Овие примери, како и употребата на она „кир" пред презимето Миланов од потписот, јасно се сведоштво за тоа дека запишувачот Апостол кир Миланов претставува личност која се наоѓала под грчкото културно влијание, но и личност која се приклонила пред диктатот на новото, преродбенското време што ја прифатило македонската кирилица за азбука со која пишувал и, со запишувањето на оваа песна дава сведоштво за тоа дека бил во тек со живиот интерес кај македонските преродбеници за запишување народни умотворби, па и тој дал еден скромен прилог кон таа акција.

Инаку, доколку станува збор за самиот запис тој е некоректен, како во поглед на јазикот, исто така во употребата на интерпункцијата, како и во фиксирањето метарот на стиховите. Во говорите од Кичевско, (и особено во тие од тајмишката група) шестиот и седмиот стих би морале да гласат:

Ќе ти сечит твоја руса глава
Ќе ја носит Мустаф-аго, море...

Интерпункцијата е недоволна и недоследно употребувана, а во поглед на метарот на стихот има три стиха од десет слога, еден од девет, еден од осум, два од 6 и еден од пет стиха, што претставува голема несигурност во бележењето.

Но и со овие слабости, записот на Апостол кир Миланов го збогатува фондот на македонската народна поезија уште со еден текст, а името на Апостол кир Миланов ќе треба да се приклучи кон богатиот список на собирачи на македонски народни умотворби од XIX век, при тоа ќе треба да се води грижа во идните испитувања на нашата фолклористика, и на некое друго место да не се сретнеме со името на Апостол кир Миланов.

Харалампие ПОЛЕНАКОВИЧ

НАРОДНАЯ ПЕСНЯ ЗАПИСАННАЯ В ГОРОДЕ КИЧЕВО В СЕРЕДИНЕ XIX ВЕКА

(Р е з ю м е)

В рукописи Софийской народной библиотеки под номером 74 (Б. Цонев, Описание славянских рукописей Софийской народной библиотеки, II, София 1923); стр. 362—364, приобретенной во время Первой мировой войны в Македонии, во городе Кичево, записана народная песня полиметрическим стихом. Песня записана Апостолом кир Милановым. Несмотря на то, что текст песни был написан на македонской азбуке — кириллице, употреблены две буквы из греческого алфавита (ѡ, ѕ), а также Миланов пишет перед своей фамилией греческое слово „кир". Автор данной статьи запись песни относит к середине XIX века, когда в Македонии активно собирают и записывают народное творчество. Миланова же считает греческим воспитанником, который внес свой вклад в возрождение народного творчества Македонии.

Фанија ПОПОВА

УШТЕ ЕДЕН ПРИЛОГ КОН ПРОУЧУВАЊЕТО НА ВРСКИТЕ МЕЃУ ПАРТЕНИЈА ЗОГРАФСКИ И ДИМИТРИЈА МИЛАДИНОВ

Во цариградското списание „Б'лгарски книжици" број 1 за 1858 година, кон познатата статија „Мисли за Болгарскиот јазик", како придружен материјал беа објавени и три народни песни од првиот македонски учебникар и филолог Партенија Зографски.[1]

Во текот на 1858 година, во споменатото цариградско списание се објавени уште четири македонски народни песни со појаснување дека тие се земени од зборникот на архимандритот Партенија Зографски. Овој податок јасно укажува дека нашиот учебникар, филолог, но можеме да додадеме и фолклорист, поседувал ракописен зборник доставен за печатење во споменатото цариградско списание.

Во првиот број на „Б'лгарски книжици" за 1858 година, како прва од песните, без наслов, е објавена баладата во која како тема се јавува родоскрвната љубов, всушност мотивот за инцест меѓу вујко и внука[2], односно само обид за инцестна врска бидејќи до инцест не доаѓа:

---

[1] *Български книжици*, Цариград, 1. I. 1858, част I, кн. I.

[2] Д-р Борислав Благојевиќ, *Наследно право*, Београд 1961, стр. 28. Објаснувајќи ги разните степени на роднинска, односно родоскрвна љубов, авторот се запира на роднинските врски и дава појаснувања дека тие можат да се движат според права и странична линија. Според него, врските по права линија би биле: родителите и нивните деца, браќата и сестрите, а по страничиа линија се движат сите останати роднински односи: вујко—внука, први братучеди и слични врски. При определувањето на степенот на родоскрвноста не би смеел да се заборави уште еден битен момент: дали врската, реализирана или не, доаѓа по сознателен или несознателен пат, односно, дали при појавата на овој проблем единката реагира без отпор и ја прифаќа не како табу туку како потреба, или пак кај неа се јавува соодветен револт поради ограничувањето на желбите. Станува збор за т. н. „Едипов комплекс", а името го добил според древниот антички мит за Едип-цар. Митот за Едип од кој се поаѓа при проследувањата на темите за инцестот, зборува за предодреденост на судбината. Меѓутоа, судбинската предодреденост на настаните која во прво време давала поттик на сижејниот развој на темата добила, по сè изгледа, значење на случајност кога станал неразбирлив мотивот за неизбежноста на гревот. За ова види: Н. Б. Путилов, *Славянская историческая баллада*, Москва—Ленинград, Академия наук СССР, 1965, стр. 155.

При услови на постоење на инцестна желба (секако прикриена) кај еден млад човек, ако тој тоа не може да го реализира во рамките на потесната фамилија, тогаш

I.

„Сл'нцено ми е на заод
Самовила е зад гора.
Мирче војвода пред неја.
Брза е коња водеше,
Црвен е бајрак носеше,
Мирче војвода говорит:
— Самовило ле, мајко ле,
Доста ти коња поводиф,
Доста ти бајрак поносиф.
А самовила говорит:
— Поводи Мирче поводи,
И црвен бајрак поноси
До зеленине ливаѓе,
До студенине кладенци.
Таму се женит Јанкула.
Девет си сестри канило,
Десета сестра не кани,
Десета сестра Коприна.
Коприна во двор седеше,
Грумка си керка чешљаше:

таа се проширува на поширок круг роднини кои ќе послужат како замена на родителите. Најчесто тоа се попогодни личности, ако се има предвид фактот дека забраните во однос на роднините не се толку несвитливи. Надвор од потесниот круг на семејството истата улога можат да ја одиграат кумови, побратими итн.

Ако сето тоа се примени на конкретен пример, прашањето станува интересно и дава можности за анализи на неколку плана. Кругот песни во кои се пее за инцестен однос вујко—внука, само утврдува една вистина за големата инвентивна моќ на анонимниот пејач при вообликувањето на разновидни мотиви на иста тема. Според првиот впечаток што се добива при споменатиов пример забележен кај Партенија Зографски, се чини дека инцестната желба е едностранa: вујкото е тој што сознателно ја посакува таа врска. Но при една повнимателна анализа на примерот, се поставува прашањето: дали внуката е сосема рамнодушна кога директно и наполно свесно ја предизвикува однапред предвидено-можната реакција кај вујкото, иако во епилогот на песната, откако се пробиени споменатите рамки на дозволеното, таа наполно се созема и го проколнува. Во првиот, уводниот дел, се зборува за женидбата на Јанкула која е необична според повеќе елементи: како прво, не е конкретизирана личноста за кого се жени (факт кој всушност не е битен за развојот на дејството), а на свадбата доаѓаат „војводи" придружени од самовили, елемент кој очигледно е позајмен од т.н. „стереотипни" уводи што ги користи епската поезија, а воопшто не се својствени на баладата која најчесто појавува тенденција за директно воведување во настанот.

Во вториот дел, каде всушност и започнува заплетот, Јанкула лично оди да си ги покани на свадба своите девет сестри, а десеттата-Коприна, не ја поканува. Поради најразлични проблеми Коприна не е во состојба лично да присуствува на свадбата и ја подготвува својата ќерка Грумка, советувајќи ја при тоа да не се фаќа на оро, да не го крева превезот од очите, бидејќи:

„От' е вујко ти неверен,
Неверен, ќерко, без вера;
Да н' ми ти кренет срамота."

— Грумко ле керко, Грумко ле,
Кога ќе одиш у вујка,
У вујка керко на свадба,
Да н'фатиш оро наокол;
Да н'кренеш превез от очи,
Да н'догледат вујко ти,
Вујко ти керко Јанкула:
От'е вујко ти неверен,
Неверен, керко, без вера;
Да н'ми ти кренет срамота.
Грумка отиде на свадба,
Грумка си мајка не почу,
Си фати оро наокол,
Си пушти саја до земи
Си крена превез от очи.
Ми ја догледа вујко е,
Вујко е лепо говорит:
— Сватови бели сватови,
Не приполнвите пушките;
Не презобвајте коните;
Невеста ни е во дворје.
Грумка си вујка дочула
И љуто ми прок'лнала,
Оф леле Боже милечек,
Зароси роса крвава,
И погорешти камење,
Пот'лчите го вујка ми,
Вујка ми Боже Јанкула.
Како ми Грумка прок'лна

Во третиот дел, во кој следи и кулминацијата на заплетот, Грумка стасува на свадбата кај вујка си не држејќи воопшто до советите на својата мајка, туку, наполно свесно го прави токму спротивното. Предвидувањата на Коприна се исполнуваат:

,,— Сватови бели сватови,
Не приполнвите пушките;
Не презобвајте коните;
Невеста ни е во дворје."

По овие зборови внуката се сепнува што сторила, наеднаш станува свесна за состојбата во која западнала и за можните последици што би произлегле од сето тоа, така што преку упатената клетва кон вујкото, следува логичен расплет кој наполно одговара на несекојдневната случка.:

,,Како ми Грумка прок'лна
Пуста се клетва фатила
Зароси роса крвава,
И погорешти камење,
И пот'лкое вујка е."

Варијантите од овој тип прилично се распространети на територијата на Македонија, забележени се речиси од сите наши собирачи на народното творештво, а и денес живеат пред сè благодарејќи на нивниот ороводен карактер. Современата варијанта од

Пуста се клетва фатила,
Зароси роса крвава,
И погорешти камење,
И пот'лкое вујка е."

Во врска со оваа песна може да се забележи еден интересен, но не и необичен податок. Во текот на 1861 година, кога браќата Миладиновци го издадоа своето капитално дело „Зборникот" на македонски народни песни, во првиот раздел „самовилски", под реден број четири и без наслов, но со забелешка „от Струга", е објавена истата македонска народна песна што Партенија Зографски како прва ја напечати во цариградското списание „Б'лгарски книжици".[3] При споредбата на обете песни се забележуваат мали отстапки и тоа во однос на бројот на стиховите. Песната објавена во Зборникот на Миладиновци содржи 57 стиха, односно четири стиха повеќе отколку примерот објавен кај Партенија Зографски и тоа: под 20 стих кај П. Зографски, кај Миладиновци се вметнати следниве три стиха:

„Како је лепо чешлаше,
Така је лепо плетеше,
Така је ука учеше." . . . ;

потоа, под 24. стих кај П. Зографски, кај Миладиновци стои:

„Дан'пуштиш саја до земи. . . "

Секако дека и за ова постојат неколку претпоставки, но тие никако не значат дека не се работи за иста варијанта. И покрај отстапките во овие четири стиха, тоа е една иста песна тргнувајќи од еден основен, закономерен факт: еден исполнувач на народни песни (истото важи и за прозата) ретко може на една иста песна двапати да ѝ даде идентична интерпретација, така што во случајов не постојат никакви дилеми по однос на прашањето дали се работи за иста варијанта. Основното прашање што се наложува има сосем поинаков карактер: како се случило истата варијанта да биде објавена и од Партенија Зографски, а три години подоцна и од браќата Миладиновци? Дали по објавувањето на оваа песна во „Б'лгарски книжици" браќата Миладиновци едноставно ја прифатиле и ја приклучиле кон својот Зборник, или пак објаснувањата треба да се бараат низ веќе утврдените врски меѓу Димитрија Миладинов и Партенија Зографски.[4]

истиов тип, мошне популарна на теренот, иако ретко докрај се исполнува, е познатата македонска народна песна „Женил се Петре војвода".

[3] Д-р Томе Саздов, *Партенија Зографски како собирач на македонски народни песни*, Бигорски културно-научни собири, Скопје 1971 г. Подвлекуваме дел од заклучокот на изложувањето на д-р Т. Саздов; „Иако некои од тие народни песни се мошне познати, бидејќи *скоро идентични* (подвлеченото — Ф. П.) варијанти од нив има и во зборниците на браќата Миладиновци и Кузман Шапкарев. . ." (стр. 137).

[4] Ф. Томовъ: „*Животъ и дейностъ на Хаджи Партения*. . .", Македонски Преглед, София 1936/X, кн. 3—4, стр. 31.

Партенија Зографски (односно Павле), откако го завршил ќелијното училиште во манастирот Св. Јован Бигорски, во 1835 година заминал за Охрид за да го продолжи школувањето кај младиот, но познат даскал Димитрија Миладинов. Напоен со идеите на архимандритот Анатолија Зографски, дека пред сè треба да се учи мајчиниот јазик, Павле ќе стане интимен пријател со својот учител — едномисленик и заедно со него ги подучувал своите другари на словенската азбука.

Тука Партенија Зографски, според податоците што ни ги приведува Филип Томов (стр. 32), престојувал „не повеќе од една година". Ова е првиот контакт на Партенија со Димитрија Миладинов, но не и последен и речиси невозможно би било да се претпостави дека уште тогаш меѓу нив станало збор за некаков собран фолклорен материјал.

Откако ја завршил духовната академија во Москва 1849/50 година, Партенија добива чин архимандрит и бил испратен во Париз за изучување на францускиот јазик. По шест месеци, Партенија одново престојува во Петербург, но таму не останал долго поради слабото здравје и се вратил во родниот крај.

По враќањето Партенија минал низ Охрид за да се сретне со својот добар пријател и учител Димитрија Миладинов. По поканата на Партенија и Димитрија заминал во Дебарско, престојувајќи како драг гостин во неговиот дом. Ова е вториот контакт на Партенија со Димитрија Миладинов и постои голема веројатност дека при оваа средба веќе станало збор за собраните фолклорни материјали што ги поседувал Димитрија. Во прилог на ова зборува и фактот што во тој период тие обајцата презеле низа патувања по западните македонски краишта и не само што е веројатно дека дошло до размена на мислења по низа проблеми меѓу нив, туку највероајтно е дека тука лежи и објаснувањето како дошло до тоа истата песна да ја поседуваат обајцата.

Од 1851—1852 година Партенија престојувал во Цариград. Неколку години подоцна, кога во Кукуш се разгорува борбата за воведувањето на мајчиниот јазик во црквите и училиштата, на кое движење упорно се противставувал грчкиот кукушко-полјански владика Мелетиј, речиси сите културни дејци од Македонија биле на некаков начин ангажирани во тоа народно движење, па и Партенија Зографски живо се интересирал за ова народно движење и постојано од Цариград бил во писмени врски со Димитрија Миладинов и, како одамнешен добар пријател и едномисленик правел не само обиди, туку и усилби да му ја олесни задачата во преведувањето на неговите буквари, свештени истории и слично. Многу од нив Димитрија праќал и во својот роден град Струга каде биле ширени меѓу тамошните ученици. Освен помоштта на овој план, Партенија го ползувал своето пријателство и влијание во Русија за да издејствува прием на млади ученици од Македонија во руските училишта (преку Димитрија), меѓу кои се нашол и Ксенофонт (Рајко) Жинзифов, за да се оспособат како идни учители во Македонија.

Постојат два податока за споменатата песна. Во „Показалецот" на А. П. Стоилов за објавената песна на Партенија Зографски стои

дека е од Дебарскиот крај.[5] Во „Зборникот" на браќата Миладиновци, истата песна, станува збор дури и за ист говор, стои забелешка дека е „от Струга". Всушност, песната не му припаѓа ниту на струшкиот (градски) говор, ниту на говорот од родното место на Партенија и неговата поблиска околија. Најверојатна е претпоставката дека се работи за песна забележена во Малесијата, Река или Мала Река.[6]

Логиката наложува да се претпостави дека ученикот, односно Партенија, можел да му ја даде песната на својот учител, бидејќи последниов долго време се занимавал со собирањето на фолклорни материјали. Но не е исклучена можноста да се случило и обрнато, бидејќи го констатиравме фактот дека и Партенија работел врз собирањето на македонското фолклорно богатство за што сведочат објавените песни и забелешката за постоењето на цела ракописна збирка. Меѓутоа, податоците што ни ги нуди биографијата на Партенија, нè доведува до најверојатната претпоставка дека тие, при патувањето низ западна Македонија песната ја забележиле од исто место, најверојатно и од ист извор. Но, евентуалната достапност на збирката на Партенија, секако би дала одговор не само на ова, туку и на низа прашања што се наметнуваат, како што е на пример следново: „спорната" песна во „Зборникот" на браќата Миладиновци се наоѓа под реден број 4, во разделот „самовилски" песни.

„Меѓу песните во некои живо се отражаваат глобока старина со верувања, кои се односит дури на предхристијанските времиња; во други тие се смешани со понови идеи; и така една иста част од песната принадлежит на стари, друга на нови времина; а во други се огледвит старината под ново облекло."[7]

Тоа е ставот на браќата во однос на класификацијата на песните печатени во разделот на „самовилските". Дали местото на оваа песна ѝ припаѓа токму на оваа група е прашање од друг карактер.

Мошне веројатна е претпоставката дека при средбите на Партенија со Димитрија Миладинов се воделе дискусии не само за филолошки, туку и за фолклористички проблеми. Сама по себе се наметнува помислата дали при овие дискусии не станувало збор и за критериумот при класификацијата на собраните материјали и дали и на овој план не се дошло до заеднички став. Дали се работи само за случајна коинциденција оваа народна песна прва да е објавена кај Партенија Зографски, а меѓу првите во „Зброникот" на браќата Миладиновци?

Секако дека на овие прашања засега не би можело да се даде конечен одговор, бидејќи имаме увид само во печатените песни во цариградското списание „Б'лгарски книжици" кои се разновидни како во однос на мотивите, така и во однос на стихот.

---

[5] Антон П. Стоилов, *Показалец...*, I, 1815—1860, София 1916, стр. 69.

[6] По консултациите со проф. д-р Божидар Видоески и проф. д-р Душан Томовски, се дојде до заеднички став во врска со говорот застапен во песните кај Партенија Зографски и браќата Миладиновци, за што им должам голема благодарност на укажаната помош.

[7] Миладиновци, *Зборник* 1861—1961, Скопје 1962, Предговор, стр. 9.

Fanija POPOVA

A CONTRIBUTION TO THE STUDI OF THE CONNECTIONS BETWEEN PARTENIJA ZOGRAFSKI AND DIMITRIJA MILADINOV

(S u m m a r y)

The subject of this work is one Macedonian folk song which was published by Partenija Zografski in 1858 and by Brothers Miladinovci in their „Zbornik" in 1861. Following the connections between P. Zografski and D. Miladinov the author intends to explain the fact how these two men happened to have the same folk song and to answer few interesting questions which impose when considering this problem.

Лилјана ТОДОРОВА

ПРЕВОДОТ КАКО КОМПОНЕНТА НА МАКЕДОНСКАТА КОМПАРАТИСТИКА*

Во растежот на културниот живот на Македонија кој во својот повеќегодишен континуиран развој постојано се збогатува со нови форми и содржини, *преводот* како *облик на интерлитературно посредување и делување* зазема сè позначајно место, посебно со својот придонес во оформувањето и афирмирањето на новата литературна дисциплина — компаратистиката која во последниве неколку години станува сè поприсутна и во нашата научна сфера.

Ако го имаме предвид нашето историско минато со низата пречки за нормален национален и културен развиток, и, ако притоа се раководиме од непобитниот факт дека надворешните и внатрешните взаемности на разните национални книжевности не зависат само од многубројните литературни и вонлитературни причини туку, пред сè, од внатрешните предуслови на средината што реципира и од нејзината способност за воспоставување творечки однос, ќе ни биде јасно зошто во нашата средина компаративните студии, кои во светот бележат своја традиција уште од почетокот на XIX век, се иницираат толку касно, односно од 60-тите години на овој век.

Овде, во прв ред, нè интересира каков е придонесот на преводот во тоа иницирање. Со таква цел и ќе го проследиме истиот како фактор преку кој може да се осветли автентичното поврзување на македонската литература со другите културни средини, во сообразност со денешниот митски начин на живеење, поинтензивен од сите претходни начини и со масовните комуникации, оние динамични поенти на современата аудиовизуелна култура.

*
* *

Во контекстот на перманентната доградба на македонската литературна наука, преводот се јавува како дел од нејзината програмска концепција, како организиран носител на литературното творештво и како фактор за валоризација на вредностите во тоа творештво. Заради

* Дел од овој труд беше изнесен на IV Научна дискусија, одржана во рамките на X Семинар за македонски јазик, литература и култура (Охрид).

ваквото свое значење преводот сè повеќе се оформува како една од врвните потреби на нашето заедничко културно живеење со другите народи, не само наши, југословенски, туку и во европски па и пошироки рамки. Тој ќе се јави кај нас во својата вистинска форма дури откако ќе ги стекнеме условите за интегрален културен развој и за развиена јазична структура како што, впрочем, тоа е константа за сите други народи што порано ја имале и ја задржале својата персоналност. Односно неговата појава ќе ја забележиме откако ќе биде зголемена нашата сопствена сигурност и критичност во прифаќањето на сопствените вредности и на тие на другите народи. А тоа се годините по ослободувањето кога според дијалектичката нужност отпочнува процесот на отстојување и траење низ движење, низ посистематско прифаќање на вредностите на другите, од една страна, и понудување на сопствената оригиналност, од друга страна. Овој процес првенствено се обезбедува токму преку преводот кој како облик на посредување има повеќекатно квалитативно значење. Во широката гама на проучувања што тој може да ги покрене во новата средина и кои се движат од истражувања за неговата улога во *интерлитературните допири и влијанија* до неговиот придонес за *интралитературниот развиток* на националната книжевност, како комплементарни и неисцрпни по нивните можности ќе ги истакнеме овие белези: *повеќедимензионалноста на преводот* и *компаративната перспектива на преводот*.

Повеќедимензионалноста се состои во тоа што стручниот и научно фундиран превод не само што ги збогатува праксата и методот на преведувањето и што помага да се дефинираат разни научни гледишта и категории, туку отвора видици и до историскиот развиток на книжевноста и на целата човечка цивилизација.[1] Во оваа смисла преводот се покажува како мошне податлив за добивање увид во тоталитетот на светскиот творечки опус при што се дава можност за надминување на тенденциите на некои „големи народи" повеќе да ги ценат своите литератури со „голема јазична дифузија" и да ги омаловажуваат во меѓународниот литературен контекст националните традиции на „малите народи" со „мала јазична дифузија". Зашто, и преводот, меѓу другото, има свој удел во утврдувањето на мислењето дека не постои литература што нема свој придонес кон светската културна заедница. Во еден миг, се случува дури „малите" национални литератури да играат и поголема улога во развојот на културата на еден народ во пошироката смисла на зборот како што тоа, на пример, е карактеристично за поезијата што се создава сега во Советскиот Сојуз. Имено, според советскиот литературен критичар Владимир Огнев „поезијата на Советскиот Сојуз минува низ нови фази и во овој миг од нејзиниот развој белег ѝ дава расцутот на малите национални литератури."[2]

---

[1] Cf. Зоран Константиновиќ, *О савременим теоријама у упоредном проучавању књижевности*, Упоредна истраживања, I, 1975, Институт за књижевност и уметност, Београд, 1976, стр. 23.

[2] *Средба со Владимир, Огнев. Вечатоци од Македонија*, „Нова Македонија", 19 јуни 1977, стр. 11 (Прилог на В. Смилевски).

Оваа димензија на литературен космополитизам што го почитува правилото — дека ни еден етнички глас нема право на монопол и дека претензиите на било кој народ на исклучиви привилегии претставува анахронизам, носи навистина непредвидливи полиња за истражување и перспективи за развиток, особено на таканаречените *интеркултурни студии* кои значат нови односи меѓу земјите во областа на повеќе научни дисциплини. На тој начин преводот со својата повеќедимензионалност станува многу важен сложен облик на посредување, *сложен* поради тоа што со себе побудува мноштво прашања, културноисториски, јазични, литературни, психолошки, социолошки и сл.

Компаративната, пак, перспектива на преводот покренува многу теориски прашања што имаат и општ аспект, насочен кон светските димензии на книжевноста, и посебен аспект што ги зафаќа специфичностите на националната литература како составен дел на тој плурализам. Некои од тие теориски прашања ќе го опфатат генетскиот развоен процес на конкретната книжевност при што се осветлуваат некои интерлитературни допири, односот меѓу преводот и оригиналот, како и, ангажираноста на преведувачот и неговото арбитарско посредување во вкусот и литературното одбирање на средината од која произлегува. Во контекстот на овие согледувања не ќе може да се игнорира ни фактот на стихијноста или случајноста во одбирањето што, исто така, доаѓа во кругот на вниманието при истражувањето на трансмисијата на преводот до новиот читател.

Другите прашања се однесуваат на структурата на преводот, на прашањето како настанал, на процесот на преведувањето и на прифаќањето на преводот од страна на новата средина, на неговото натамошно живеење во новиот духовен релјеф и, пред сè, неговото директно или индиректно делување на литературните токови на таа нова цивилизација. Тука секако се вбројува и конфронтирањето на литературните појави и стилови што честопати, како споредби, одат заедно со синхроните методи во науката за јазикот. Во рамките на компаративните проучувања веќе се направени обиди за класифицирање на поглавните облици на литературното делување, а меѓу другите се истакнати и овие што, сами по себе, укажуваат на тоа колку се бројни прашањата што може да ги покрене едно литературно дело пренесено во едно ново јазично поднебје: реминисценцијата, поттикнувањето, конгруенцијата, позајмувањето, имитацијата, адаптацијата, филијацијата, пародијата и сл.[3]

Ако овие константи сврзани со преводот се проследат во македонската литература и култура ќе се види дека истите имаат постигнато значаен пробив. Факт е дека во Македонија денес веќе има богата пре-

[3] Овој проблем меѓу другите го разгледувале Б. Жирмунски во: *Литературные течения как явление международное*, V Конгрес международной ассоциации по сравнительному литературоведения, Белград, 1967; И. П. Неупокоева: *Вопросы методологии изучения литератур и их взаимосвязах и взаимодействии*, Acta Literaria Academiae Scientiarum Hungariae, 1962; Зоран Константиновиќ *О савременим теоријама у упоредном проучавању књижевности*, Упоредна истраживања, I, 1975, Институт за књижевност и уметност, Београд, 1976, стр. 24—31.

водна литература, од една страна[4] и дека, од друга страна, исто толку стануваат бројни земјите во кои и преводите од нашата литература добиле широк подем. Ние еднаш веќе укажавме на некои преводи што се однесуваат на пример на Полска, Унгарија, Франција, Романија, Чехословачка, Холандија, Норвешка, Сојузна Република Германија, СССР, Грција, Турција, Италија, Англија и Америка[5]. Овде ќе наведеме уште некои преводи реализирани во последнава година, макар што, поради нивната бројност што секојдневно расте, веќе е тешко да се има потполн увид.

Најпрвин ќе ја одбележиме Антологијата на македонската современа поезија под наслов *Гледач во ѕвездите* што излезе во САД во авторство на Милне Холтон и Греам Рид, во издание на Универзитетот во Питсбург и едицијата Избор од меѓународната поезија. Во овој превод учествуваа поголем број македонски и американски писатели. Во неа се застапени поетите: Блаже Конески, Славко Јаневски, Ацо Шопов, Србо Ивановски, Анте Поповски, Гане Тодоровски, Цане Андреевски, Матеја Матевски, Влада Урошевиќ, Петар Т. Бошковски, Јован Т. Бошковски, Петре М. Андреевски, Вера Бужаровска, Јован Котески, Јован Стрезовски, Михаил Ренџов, Радован Павловски, Богомил Ѓузел, Светлана Христова-Јоциќ, Кирил Бујуклиев, Душица Тодорвска, Атанас Вангелов, Чедо Јакимовски, Петре Бакевски, Тодор Чаловски и Радован П. Цветановски. Како посебен дел на оваа Антологија објавени се и неколку македонски народни песни како и песни од Константин Миладинов, Григор Прличев и Кочо Рацин.

Македонската поезија му стана достапна и на грчкиот читател преку Антологијата *Црн Славеј* што за издавачот од Атина „Емос", во средината на 1977 г. ја подготви Душко Наневски.

Потоа, на шведски јазик, во превод на познатиот лингвист и поет Јон Милош — кој веќе со години, главно преку шведските списа-

[4] Кај нас од поодамна се чувствуваше потреба од поадекватно и поблаговремено решавање на приближувањето кон македонскиот читател на најзначајните остварувања од странската (а и од југословенската) литературна ризница. Прв покрупен чекор во разрешувањето на овој проблем е направен низ планската организирана петгодишна акција на нашите здружени издавачи, книгоиздателствата „Мисла", „Македонска книга", „Култура," „Наша книга" и ЗИД „Нова Македонија" чии резултати веќе се евидентни. До почетокот на оваа година објавени се околу 50 наслови од едицијата на светската и југословенската класика кои впечатливо го згобатија фондот на преведената литература на македонски јазик. Тука се вбројуваат дела од Франц Кафка, Чарлс Дикенс, Емил Зола, Лав Толстој, Антон Чехов, Никос Казанзакис Иља Еренбург, Херман Хесе, Оскар Вајлд, Н. В. Гоголь, Натанаел Хоторн, Хенри Џејмс, Рјунасуке Акутагава, Исмаил Кадаре, Џозеф Конрад, Луиѓи Пиландело, во најново време Гете, Рембо, Бодлер итн. Ќе споменеме и тоа дека на македонски јазик се објавени и многу *Антологии* од странски литератури како на пр. *Антологијата на новогрчката поезија* што се појави во издание на овие здружени македонски издавачи, во избор на Костас Асимакопулос и во препев на Паскал Гилевски.

(За преводите од француското јазично подрачје до 1964 година Cf. Božidar Nastev, *Traductions macédoniennes des oeuvres littéraires francaises*, Annales de l'IFZ, Zagreb, Nos 10—11—12—13, Zagreb, 1961—1964, стр. 59).

[5] Cf. Лилјана Тодорова, *Македонската литература во контекстот на светскиот културен плурализам*, Годишен Зборник на Филолошкиот факултет на Универзитетот во Скопје, кн. II, Скопје 1976, стр. 97—116.

нија и весници меѓу кои и „Svenska Dagbladet“ и „Arbetet“, неуморно работи на преводи во двете насоки (шведска и српскохрватска) се појавија и некои препеви од македонската поезија како што е на пример поезијата на Светлана Христова. Во припремна фаза, под негово раководство, е и паралелната работа на две антологии *Антологија на југословенската лирика* на шведски јазик и *Антологија на шведската поезија* на српскохрватски јазик. Особено, пак, откако на Струшките вечери на поезијата шведскиот поет Артур Лундквист ја доби наградата „Златен венец“, Македонија станува сè поприсутна на страниците на преводната шведска литература. Така, неодамна излезе од печат *Виножито* од Борис Вишински, а веќе е на пат за издавање и Антологија на македонската поезија. На шведски јазик веќе е преведен и дел од прозата на Живко Чинго. Со ова неговото дело е преточено на 19 јазици: албански, англиски, бугарски, германски, дански, естонски, италијански, полски, романски, руски, словачки, украински, унгарски, француски, чешки и, од југословенските јазици, на словенечки и спрскохрватски.

Нашите преводи стануваат сè побројни и на турски јазик и се објавуваат особено во турската периодика. Така, во бројот 836 од истанбулското списание за литература и уметност „Varlik“ („Постоење“), во превод на Нецати Зекерија излезе расказот на Живко Чинго *Како го убив другарот*, а неодамна во избор и препев на истиот Нецати Зекерија, излезе и книга од поезијата на Матеја Матевски, во едицијата „Светски поети“, „Gem“ (Истанбул).

Мошне популарна македонската литература станува и во Грузија каде поетот О. Челиџе веќе го приведува кон крај изданието на *Антологијата на македонската поезија*, прва од ваков вид во СССР. Инаку, на грузиски јазик, веќе се објавени стихови од Ефтим Манев и Ѓорѓи Сталев, во превод на Ц. Черквиани и М. Почишвили, а постојат преводи и на украински јазик направени од страна на писателот Андреј Лисенко и тоа две панорами: *Антологија на македонската новела* и *Панорама на македонската поезија* (во издание на списанието „Всесвит“). Неодамна и поетскиот зборник „Словенско коло“, меѓу другите југословенски поети, ги претстави на украински и Блаже Конески и Ацо Шопов.

Во Москва, во издавачката куќа „Художественаја литература“, во почетокот на 1977 година излезе зборник *Поезија од Југославија препеана од руски поети* чии составувачи се А. Романенко и Б. Слуцки, а преведувачи на стиховите К. Симонов, Н. Глазков, Ј. Левитански и С. Кунаев. Во овој Зборник, од поетите од Македонија, застапени се: К. Рацин, Б. Конески, А. Шопов, Г. Тодоровски, Ц. Андреевски и Р. Трифуновска. При крајот на 1977 година и списанието „Звезда Востока“ од Ташкент, издаде на руски јазик, во препев на Александар Наумов и со предговор од узбечкиот поет Рамз Бабаџан, избор од поезијата на Славко Јаневски (*Песна за војникот два метри в земја*), Анте Поповски (*Осама бука на крстопат*), Матеја Матевски (*Езеро*) и Михаил Ренцов (*Лов*). И пред ова, Славко Јаневски беше застапен во преводите од Валентин Корчагин во весникот „Вечерен Тбилиси“.

Наскоро ќе излезе од печат и *Изборот од поезијата* на Ацо Шопов, на француски јазик, во препев на Жан-Луј Депјериц. Поезијата на Ацо Шопов, со тоа, ќе биде преведена на повеќе од 20 јазици: албаски, англиски, арапски, белоруски, бугарски, германски, италијански, летонски, полски, романски, руски, словачки, турски, украински, унгарски, француски, чешки, шпански, словенечки и српскохрватски.

Нашето книжевно творештво сè почесто се афирмира и пред италијанскиот читател. Посебна заслуга за ова има поетот и публицистот Џорџо Нуриџани кој, откако во 1974 год. го издаде делото *Македонската литература во периодот на Преродбата*, неодамна, како еден вид втор дел, во издание на издавачката куќа „Телеуропа", ја објави книгата *Современа македонска литература* која дава посебен увид во македонската литература меѓу двете светски војни.

И периодиката на нашите народности има дадено и дава свој придонес во рамките на меѓурепубличко-покраинската културна соработка за афирмацијата на македонската литература по пат на преведување. Во таа смисла списанијата од Нови Сад на пример „Švetlosc" („Светлост") и „Hid" („Мост") на своите страници имаат донесено на русински, односно унгарски јазик, повеќе литературни и други прилози од Македонија. Така, минатата година, третиот број на „Švetlosc" објави мала *Панорама на современата македонска поезија* под наслов *Од современата македонска литература*, во избор и препев од Михаил Рамач кој овде ги вклопи: есејот на Александар Спасов *Поглед врз тридецениското развој на македонската поезија* (1945—1975) и поезијата од Блаже Конески, Ацо Шопов, Гане Тодоровски, Матеја Матевски, Цане Андреевски, Анте Поповки и Влада Урошевиќ. Во 1964 година ова списание со 8 песни го беше претставило поетот Славко Јаневски.

Литературното списание „Hid" кое уште во 1938 година, во препев на унгарски јазик од Петар Леринц објави еден извадок од „Огномет" на Кочо Рацин, во првиот свој број од оваа година го објавува расказот на Живко Чинго *Фуртуна*, во превод на Мариета Вуичиќ од Будимпешта. На унгарски јазик, овој пат во Будимпешта, на страниците на списанието „Magyár szo", неодамна е објавен расказот на Петар Ширилов *И срните плачат* во превод на Карол Зилахи. Еден расказ на Петар Ширилов, *Тисо, обрачу студен*, исто така е објавен и на чехословачки во весникот „Rovnost", во превод на познатиот славист Иван Доровски.

Во Нови Сад во списанието „Нов живот" што излегува на словачки јазик, во бројот 6 од 1976 година, беа објавени два раскази од Борис Вишински *Чекање во четврток* и *Гласови на ноќта*, од литературниот критичар д-р Радомир Ивановиќ, во превод на Мирослав Џамак. Во ова списание и Михаил Бабинка, и Јан Кмеќ и Андреј Чишка имаат дадено свои поетски прилози преведувајќи ги, поодделно, поетите Цане Андреевски, Гого Ивановски, Славко Јаневски, Блаже Конески, Матеја Матевски, Радован Павловски, Анте Поповски, Кочо Рацин и Ацо Шопов.

И списанието за култура, уметност и литература од Приштина „Fjalja" („Збор"), има објавено на албански јазик повеќе прилози кон преводната литература од Македонија, меѓу другото, девет песни од Радован Павловски (во бр. 2 од оваа година), четири песни од Кочо Рацин (во минатата година) како и книгата *Бели Муѓри*, во препев на Љутви Руси. Кочо Рацин е преведуван на албански јазик и во Скопје од поетите Есад Мекули, Мехмед Али Хоџа и Адем Гајтани. За преводот на *Бели Муѓри* од Кочо Рацин на англиски француски и италијански јазик доста е заслужна и „Македонска Ревија" од Скопје која наскоро ќе ја издаде оваа книга и на германски јазик во превод на Волганг Ешкер.

Посебно би сакале да ја истакнеме афирмацијата што во последниве неколку години ја доживува македонската литература меѓу читателите на Германската Демократска Република. Во почетокот на 1977 год. овде се појави веќе и второ издание на Антологијата *Југословенски раскажувачи*, во превод на славистот д-р Манфред Јенихен. Од македонските раскажувачи овде се застапени Славко Јаневски со *Едно џојладне* и Блаже Конески со *Љубов*. Македонското прозно творештво ќе го најдеме и на страниците на Берлинското списание за литература „Мисла и форма". Во двобројот од јули—август 1976 год. тука се претставени со раскази Живко Чинго (*Ќеркаша на Фром*) и Ташко Георгиевски (*Приказна од џредџрадиеџо*).

Исто така и Сојузна Република Германија појавува голем интерес кон македонската литература и јазик. Ова особено се чувствува при Институтот за словенска филологија на Универзитетот во Гетинген на кој во октомври 1977 е организиран и Симпозиум посветен на македонистиката, во кој зедоа учество и наши истакнати универзитетски професори.

* * *

Вака бројните преводи од македонската литература на други јазици веќе можат да укажат на фактот дека е створена база за поттикнување и на компаративните проучувања во областа на литературната наука и, пошироко, во македонистиката. За такви зачетоци веќе можеме и да зборуваме и да посочиме, како првични обиди, некои трудови што дошле, главно, од страна на Универзитетот, меѓу другите, на универзитетските професори: Александар Спасов, Милан Ѓурчинов, Хараламшие Поленаковиќ, Драган Тодоровски, Ѓорѓи Старделов и др.[6]

[6] Меѓу другите прилози од ваков карактер, овде ќе укажеме на следниве: Александар Спасов: *Современаша македонска џоезија*, Београд, 1967; *Примери за користење на надреалистичкоџо искуство во современаша македонска џоезија*, Библиотека „Литературен Збор", 3, Скопје, 1973; *За џреведувањеџо на Хајне на македонски јазик*, „Разгледи", бр. 1—2, Скопје, 1976; Ѓорѓи Старделов *Едно џредџредување за есшешиката* „ad hoc". *Надреалисшички никулци во современаша млада македонска џоезија*, „Млада литература", год. V, бр. 8, Скопје, 1955; Milan Gjurçinov: *La poésie macédonienne. Anthologie des origines à nos jours*, Editeurs Réunis, Paris, 1972; Гане Тодоровски *Хајне на македонски*, „Млад Борец", бр. 2, Скопје, 26 окт. 1952; Liljana Todorova:

кои, иако засега сè уште попатно, веќе значат зачекорување во компаративните студии. Така доловуваме извесна блискост, иако не и директно влијание, кај повеќето македонски автори кои, инаку, зрачат со силна оригиналност: кај Кочо Рацин на пример ќе се насетат влијанија на европскиот експресионизам[7], кај Коле Неделковски на метриката на Пушкин и Лермонтов, во првите дела на Блаже Конески, Славко Јаневски и Гане Тодоровски траги од уметничкиот метод на социјалистичкиот реализам, кај Ацо Шопов, Србо Ивановски и Гане Тодоровски на интимистичката поезија на Есењин, нешто подоцна кај Гане Тодоровски на англо-саксонската поетска традиција, поезијата на Хајне, Рилке, Блок и Незвал, кај Матеја Матевски на модерната француска поезија како и на Бодлер и Рембо, кај Радован Павловски и Богомил Ѓузел; потоа примери на користење на надреалистичкото искуство поконкретно кај Матеја Матевски, Влада Урошевиќ, Радован Павловски, Петре М. Андреевски, Славко Јаневски[8], па реминисценции на симболите на афричките мотиви во најновата поезија на Ацо Шопов итн.

Иако поретко, вакви влијанија има и во другите литературни родови како на пр. користење на елементи од театарот на апсурдот во драмата *Бамја* на Димитар Солев, или од тенденциите на античките и митски содржини како што беше направено во драмата на Миле Неделковски *Триумфот на Тројанскиот коњ* и во адаптацијата на Владимир Георгиевски на трагедијата *Цар Едип* од Софокле.

И во обратна смисла исто така може да се укаже на извесни-иако многу поскормни, влијанија што ги извршила македонската литература и македонската култура и поднебје, воопшто, на некои странски писатели. Овде треба да одбележиме дека ваквиот интерес, во голема мера, се должи и на развитокот на македонистиката и на нејзиното афирмирање како посебна научна дисциплина. Побудени од преводите од македонската литература во нивните земји, понекогаш и од личните контакти што ги воспоставиле со наши автори за време на некои афирмирани културни манифестации, симпозиуми или конгреси во Македонија, некои странски писатели и поети својот литературен опус го збогатуваат и со страници што значат евоцирање на Македонија или инспирација, а понекогаш и влијание од македонската стварност која, низ впечатливи импресии, се нашла овековечена во некоја песна или расказ на туѓ јазик. Таков е случајот со некои творби на Филипо Акрока, Лино Курчи, Роберто Санези од Италија, или на писателката од Холандија Јана Беранова, Американецот Херберт Кунер, некои лужичкосрпски писатели од Германската Демократска Република како што се

Dialogue de la littérature macédonienne avec la tradition nationale et les littératures étrangères, Actes du VIII-e Congrès de l' Association Internationale de Littérature Comparée, Academia Scientiarum Hungariae, Budapest, 1976.

[7] Cf. Вангелов Атанас: *Експресионизмот на Кочо Рацин*, „Разгледи", бр. 8, окт. 1974, Скопје, стр. 728.

[8] Cf. Александар Спасов: *Примери за користење на надреалистичкото искуство во современата македонска поезија*, Библиотека „Литературен Збор", 3, Скопје, 1973.

Крешчан Кравц, Кито Лоренц и др.[9] Со таква димензија на своето дело сите тие писатели кои во исто време најчесто се и популаризатори на нашата литература, меѓу читателите од своите јазични подрачја, отвораат пат на нешто што е уште пооригинално — компаративните проучувања — кои, овој пат, доаѓаат како прилог од странските научни кругови, кон македонската компаратистика.

Особено тој факт значи голема поддршка при оформувањето на оваа наша најмлада литературна научна дисциплина. Такви прилози веќе има од повеќе земји каде што допрел македонскиот збор, а меѓу оние од понов датум би ги вброиле книгата *Југословенски Дневник* од Владимир Огнев[10], прилозите, меѓу другите, и на Марија Писарчинова во списанието „Slavika Slovaka" кое им дава голем простор на компаративните проучувања што по својот карактер далеку ги надминуваат границите на словачкиот простор, одгласите за македонската литература од литванскиот писател Витас Агуркис објавени во неговиот напис во 13-тиот број на списанието *Literatura irmenas* („Литература и уметност"), за 1977 година, прегледот на *Македонско-словачките културни паралели* од д-р Емил Хорак (во „Нови живот", Нови Сад, 1968 г.), потоа некои иницијативи на Полската Академија на науките која, во рамките на соработката со југословенските Академии на науки потпиша и спогодба за изготвување предлози за темите кои би го сочинувале заедничкиот тематски план за соработка, овогодишното утврдување, исто така, на програмата за литературна соработка во областа на македонската и полската поезија и критика меѓу скопското списание „Современост" и варшавското „Poezija"[11], понатаму тен-

[9] Кито Лоренц на пример има објавено во Будишин, напоредно на лужичкосрпски и германски јазик, стихозбирка што носи наслов *Струја* и која содржи доста богат увод со приказ, поконкретно, на „поетското место Струга". Исто така и Крешчан Кравц, уредник на детското списание „Пламен" кое излегува во Будишин, двобројот 9 и 10 за 1977 година што како мото ја има Титовата девиза: „Сè нè сврзува ништо не нè дели", го посветува токму на нашата земја. И тој исто така има објавено расказ под наслов *Македонија*.

[10] Издадена во Москва, во издание на „Советски писател". (Види приказ од Гане Тодоровски *Совешски одгласи за Македонија* во „Разгледи"). Владимир Огнев е автор и на еден *Предговор* кон расказите на Живко Чинго објавени на руски јазик и на изборот на поезијата од Блаже Конески.

[11] Резултатите од оваа соработка веќе се видливи. Така, во избор на Георги Сталев и Алдо Климан и препев на Петре Наковски, „Poezija" од Варшава во бројот 7 за 1977 објави поезија од Гане Тодоровски, Влада Урошевиќ, Атанас Вангелов, Љубен Ташковски, Петре М. Андреевски, Богомил Ѓузел, Цане Андреевски, Јован Павловски, Петар Т. Бошковски, Тодор Чаловски, Србо Ивановски, Ацо Шопов, Трајан Петровски, Блаже Конески, Славко Јаневски, Матеја Матевски, Јован Котески, Веле Смилевски, Чедо Јакимовски, Радован Павловски, Олга Арбуљевска, Михо Атанасовски, Кирил Бујуклиев, Иван Чаповски, Адем Гајтани, Светлана Христова-Јоциќ, Александар Христовски, Илхами Емин, Гого Ивановски, Ристо Јачев, Катица Ќулафкова, Ефтим Манев, Ѓорѓија Најдоски, Миле Неделковски, Анте Поповски, Михаил Ренцов, Љупчо Сиљановски, Љупчо Стојменски, Санде Стојчевски и Јован Стрезовски.

Во името на таа соработка и нашето списание „Современост" (бр. 6, 1977) направи избор на поезија од 25 полски поети, според изборот на Јан Витан и преводот на Петре Наковски. Уводниот збор го даде Богдан Дроздовски.

денциите за компаративен методолошки пристап што се сè повидливи во елаборатите на меѓународните конгреси, симпозиуми, научни дискусии на славистите, меѓу другото и на симпозиумите на балкански и прибалкански фолклор, Деновите посветени на македонската култура што веќе се организирани во некои земји, предавањата на тема од културниот развиток на македонскиот народ што во рамките на тие манифестации се одржуваат во странските културни центри, Академии на науки и сл.

*
* *

Она што особено сакавме да го подвлечеме овде е фактот дека преведувачката дејност може посебно да ги мобилизира кадрите на полето на литературата и културата, да ги раздвижи нивните творечки сили толку што резултатите од тој ангажман да се покажат во навистина непредвидливи димензии. Меѓутоа, на овие релации се јавува прашањето за задачата за запазување на високите вредносни критериуми, а исто така и за валоризацијата на преводите. Овде секако ќе треба да се сочува и критичката свест во вреднувањето на странската и домашната литературна продукција за да може навистина да се задржи, пред сè, нашиот културен идентитет, а и да се добие претстава за другите по пат на објективно и вистинско соопштување на наш јазик на вредностите остварени на друг јазик. Фактот дека кај нас сè уште се чувствува отсуство на критика на преводот, на стручна оценка на преточувањето на македонски јазик на творечката мисла на автори од други јазични подрачја и обратно, доста убедливо обврзува на тоа дека, за да се избегнат застранувањата, ќе биде потребно да се води поголема грижа за издигнувањето на преведувачкиот кадар кој во однос на реалните потреби сè уште е дефицитарен. На тој начин ќе се придонесе за преведување непосредно од оригиналот и ќе се надмине праксата што сè уште ја има во нашата преведувачка дејност, да се прибегнува кон посредување на некој друг јазик.

Преведувањето, всушност, бара посебно внимание во истражувањето на улогата на зборот како на основна вредност на литературната материја, бара изнаоѓање на соодветна варијанта, на вредност достојна на оригиналот. Во тој процес на истражување преведувачот го израмнува својот труд со трудот на авторот кој креира, а во тоа се состои неговата одговорна улога, неговата ангажираност и значење како *фактор за валоризацијата на вредностите во творештвото.* И уште повеќе. Ако со својот квалитет преводот навистина постигне значење на столб и темел за културно поврзување и за вклучување во дијалогот со творечките подрачја на други јазици, тој ќе успее да претставува и датум и настан во културата во која навлегува.

На тој начин преводот останува во еден морален активен однос со непосредните токови на општеството, постојано програмски се усовршува, се осмислува како творештво што во себе ја носи својата исто-

ричност. Токму во тоа негово значење, како творештво кое со своето делување навестува уште поплодоносен развој на ширењето и размената на книжевните информации кон сите меридијани, е содржана и оваа димензија што сакавме да ја посочиме во нашиот прилог — компаративната перспектива на преводот.

Liljana TODOROVA

LA TRADUCTION EN TANT QUE COMPOSANTE DU COMPARATISME MACEDONIEN

(R é s u m é)

En raison des conditions historiques extrêmement défavorables à tout essor culturel, le mouvement de comparatisme pénètre très tard dans la civilisation macédonienne, c'est-à-dire longtemps après la seconde guerre mondiale, vers les années 60 de ce siècle. Le travail présent porte, en partie, sur les relations entre la littérature macédonienne et les diverses cultures et a pour but de relever le rôle des traductions dans la communication avec l'étranger qui devient de plus en plus intensive à notre époque.

Après avoir passé en revue les nombreuses traductions de la littérature macédonienne dispersées dans les périodiques ou existant en éditions particulières dans presque tous les pays, l'auteur constate que les traductions ont un apport tout particulier pour:

1) l'intensification des contacts et des influences interlittéraires;

2) le développement de la littérature nationale (macédonienne).

3) l'initiation aux études comparatives qui, en se livrant à une approche plus concrète, contribuent à l'éclaircissement des rapports des diverses littératures.

Par l'intermédiaire des traductions la littérature macédonienne s' insère donc progressivement dans la culture mondiale montrant d'évidentes parantés avec les mouvements littéraires internationaux. L'intérêt si large et si évident pour nos lettres nous assure que la littérature macédonienne s'est émancipée à l'égard des critères locaux et qu' elle est sortie de sa phase d'isolement régional. Par conséquent, la littéarture macédonienne s'est montrée digne de dialoguer avec les littératures des métropoles européennes en même temps qu' avec les autres régions du monde.

Гане ТОДОРОВСКИ

ТИТО ВО ЈУГОСЛОВЕНСКАТА РЕВОЛУЦИОНЕРНА ПОЕЗИЈА*)

Темата што ја одбрав за овој настап и која гласи *Тито во југословенската револуционерна поезија* бездруго дека ни оддалеку не претендира на сеопфатност и исцрпност, ниту на рамништето на анализата, ниту на рамништето на беглата информација. Едноставно, дури ни во мошне поразвиен вид и попроширен простор не би се смогнало тоа да се направи, затоа што мотивот Тито во богатата ризница на југословенската револуционерна поезија ден-низ-ден станува сè поприсутен и позабележлив и поприфатлив како поетски квалитет. Со право е речено: Песната за Тито уште не е допеана! Бидејќи, „по сите свои извишувања, таа секогаш одново ќе тежнее да биде ‚песна посилна од зборовите'" (Р. Таутовиќ—М. Блечиќ, Тито, народот и поетите. Књижевне новине, 1. јуни 1977).

Меѓутоа, последниве неколку години, посебно во минатата (1977) година — годината на двата Титови јубилеи, во југословенската издавачка дејност, особено во литературната периодика, беа објавени поголем број од различни прилози: студии, предговори кон избори, есеи и огледи, пригодни написи и специјални коментари, кои, може да се рече врз истиов или слични нему наслови просто наложија занимливи и вонредно употребливи размисли и толкувања, што во една ваква прилика стануваат неодминливи, непречекорливи, неопходно потребни како поопшти сознанија. Дел од нив секако ќе заземат во овие мои расудувања свое функционално место и како инспиративен повод и како корисна поткрепа и како една селективна библиографија.

Со оглед на фактот што мотивот Тито во југословенската револуционерна поезија спаѓа во редот на нејзините, така да се рече — најзастапени содржински рамки, јас најпрвин ќе се обидам да ги разјаснам причините на таа застапеност и посебно карактерот на југословенската револуционерна поезија, нејзините специфични белези и вредности, со што сметам дека многу поедноставно ќе можам и да го објаснам феноменот на тој вид поезија, кое чинам, во еден ваков прилог е неопхо-

---

* Предавање одржано во рамките на симпозиумот „Револуционерното и теоретско дело на Тито" — во организација на Универзитетот „Кирил и Методи" во март 1978.

ден услов. Нека ми биде дозволено, за таа цел да се повикам на некои свои искажувања, што при еден сличен повод неодамна имав прилика во писмена форма да ги изнесам на тема: Југословенската литература во времето на НОБ.

По срамната капитулација на кралството Југославија пред налетот на германскиот фашистички окупатор и неговите европски и балкански соработници во времето на Втората светска војна, поточно по шестоаприлската катастрофа од 1941 година па сè до денот на победата — 9 мај 1945 година, речиси во тек на четири и пол години, како да подзапре нормалниот и регуларен тек на литературниот развој кај југословенските народи. Меѓутоа, со разгорувањето на Народноослободителната борба на југословенските народи и народности, со избувнувањето на народните востанија против туѓинските угнетувачи, во втората половина на 1941 година, од Словенија до Македонија и од Војводина до Косово, започна во илегалност и на слободните територии да се создава новата литература на Југославија, нова по дух и идејна содржина, се појавија никулците на идните слободни национални литератури, кои дотогаш беа оспорувани.

Во текот на четири и пол годишната борба против фашизмот, во редовите на партизанските единици, со пушка в рака, се најдоа најдобрите синови и ќерки на нашите народи и народности, а меѓу нив, се разбира, бројно и писателите. Во текот на таа борба паднаа, ни повеќе ни помалку, седумдесет и шест југословенски писатели. Ова најречито зборува за карактерот на самата борба и за степенот на ангажираноста на писателите во неа. Одвај ќе може да се најде, не само во Европа, туку и ширум светот, уште некој ваков пример, и не само во нашево време, туку воопшто низ изминатите столетија и милениуми! Така, југословенската литература ја имаше таа голема чест да биде чекор в чекор со својот народ, во неговите најтешки дни. Најпознатите имиња на југословенските литератури ги заменија перата со пушка и се најдоа во бојните редови на отпорот да ја бијат пресудната битка на опстанокот. Така се создаде една посебна категорија на литература, поточно започна една бескрајна тема што сè уште ќе ги напојува нашите литератури со теми и мотиви за едно големо време на подвизи — литературата во НОБ, која веќе можеме да ја класифицираме како литература настаната во текот на НОБ и литература за НОБ. Обете области се вонредно богати и претставуваат несеклив вруток за сестрани литературно-критички и литературно-историски проучувања.

Ете, во овие специфични тематски области на интегралниот поим современи југословенски литератури треба да ја сместиме и нашава тема Тито во југословенската револуционерна поезија.

Литературатата од НОБ (за која постои уште и терминот „партизанска книжевност“ или воена поезија — според Милош И. Бандиќ и Александар Флакер—но кој доста категорички се отфрла од повеќемина критичари и литературни историчари кај нас како неточен израз затоа што се смета дека таа „партизанска книжевност“ е само еден премин од напредната предвоена литература кон новата повоена, соција-

листички насочена литература) не е некоја пригодна или специфична, односно условна категорија на литература, супститут за онаа вистинска што недостигала во нерегуларните услови на партизанскиот живот. Напротив, таа, иако настаната во специфични услови, е жив одглас на еден непрекинат тек. Таа не треба да се споредува со специфичните литератури на отпорот во некои други земји — исто така подјармени под фашистичкото ропство — кои познаваат подруг израз и облик. Она што ја карактеризира југословенската литература на НОБ, бездруго е фактот што најмногу е преферирана поезијата како исказ и како релативно најнекомпликуван род за издавање (и пласирање), затоа што сè друго (роман, новела, драма) би спаѓало во сферата на технички неизведливото.

Ете го делумно одговорот — зошто и предложенава тема главно е насочена кон одгласот на мотивот Тито во југословенската поезија!

Меѓутоа, она што е значително поважно или најважно за подвлекување, тоа е што југословенската борба против фашизмот претставува — метафорички речено преку насловот на Ќопиќ — „огнено раѓање на татковината", во новата југословенска заедница од народи и народности, зачеток на нова држава, всушност на една револуционерна преобразба, една длабински преродбена преобразба. Сфатена и толкувана во овој контекст, нашата литература од НОБ ја понесе со себе сложената и одговорна мисија за идејно и естетско предводништво и посредништво, т.е. литературата пак стана, како што би рекол Жан Пол Сартр „она што никогаш не би требало да престане да биде — една општествена функција", да биде свест и совест и во времето и на времето.

Во ова огнено ковање на иднината се роди и младата македонска литература, се зачнаа почетоците на литературите и на албанската и унгарската народност во Југославија, како и на другите помалобројни народности (русинската, словачката, романската, турската, италијанската, итн).

Чинам дека не е потребно посебно да се подвлекува колку и како сето ова е суштински и коренито поврзано со личноста и делото на Јосип Броз Тито. Можеби доволно ќе биде ако само се потсетиме дека Тито, со право наречен ЧОВЕК НА ИСТОРИЈАТА е личност чии етапи на животот навистина биле творечка драма: 1937 г. кога во време на најтешката криза на КПЈ, доаѓа на чело на Партијата и создава од неа силна и единствена авангарда на класата; 1941 г. кога ја разгорува и ја доведува до победа вооружената револуција; 1948 г. кога ја продолжува драматичната пресметка со хегемонијата — за нови, рамноправни односи и независен југословенски пат во социјализмот; 1950 г. кога продолжува и во практика да го остварува револуционерното класно дело на Маркс „фабриките на работниците"; 1966 г. кога во основи го истиснува бирократско-етатистичкиот притисок; 1971 г. кога ја отклонува опасноста од националистичката и граѓанско-либерална реставрација, сочувувајќи го класно-револуционерниот лик на СКЈ; 1974—76 г. кога со донесувањето на новиот Устав и Законот за здру-

жениот труд е продлабочено создавањето на новата федерација и е раскопачен патот кон самоуправувањето. Во текот на сите тие раздобја, трае и неговата успешна антиблоковска битка — за неврзување во светот.

Ете го најодзади и одговорот за инспиративните извори на појавата и широката застапеност на мотивот Тито — тој слоевит и разгрнат поим, што трајно е населен како вонредно комплексно и творечко вдахновение во свеста на повеќето југословенски поколенија и што како насеклив вруток од пресудни и движечки идеи се влива во уметничките визии на југословенските поети. Ете го одговорот на причините за таа бескрајна и плодна песна за Тито, за која веќе рековме дека е недопеана и која означува свет во светот на нашата револуционерна поезија.

Се чини, меѓутоа, (како што мошне знаЛски тоа ќе го подвлечат Р. Таутовиќ и М. Блечиќ во својот прилог „Тито, народот и поетите") дека означенава содржина во уметничката поезија добива посовремен и попречистен израз, кој од епската дикција се качува до лирските акценти, па и до драмските тонови. Оттука и поетесата Флорика Штефан (во песната „Ние сме Титови — Тито е наш" — види го изборот и препевите на Ефтим Клетников во „Стремеж", бр. 5/1977 г.) со право подвлекува дека јунакот на сите овие уметнички и народски пеења „заслужува песна посилна од зборовите", оттука и Марин Франичевиќ, најстојувајќи легендата за Тито да ја сметне врз тлото на стварноста и да го подвлече ликот на Тито како протагонист на нашата најнова историја и пред сè како жив лик ќе заклучи: „И повеќе од секоја легенда и сказна — ќе ги поткрева срцата тој редок миг", асоцирајќи ни го мигот на доаѓањето на Тито на Петтата земска конференција; оттука и Владимир Назор, настојувајќи во повеќето свои песни од познатата своја стихозбирка „Легенди за другарот Тито" да изгради во својата поетска визија фигура повистинита од легендарните и митски ликови, разгледувајќи ја во димензиите на општествената политичка и стратешка стварност, ја преодолува раздалечината помеѓу имагинацијата и реалноста, транспонирајќи ги непосредните слики во легендарни симболи. Вл. Назор, како забележува Владимир Поповиќ во поговорот кон споменатава книга „интензивно осеќа и спознава дека тука, со партизаните, низ нив и низ нивните акции се случува нешто големо, се создава нова епоха. Понесен од епопејата на тие настани, тој вдахновено ги отелотворува во неминливи поетски документи (Титовото „Напред", На Вучево, Разговор со мртвите и др.). Дух на нешто опоро и тврдо тешко и горко, но монументално и гордо во исто време струи од поетската вистина на Назоровиот партизански циклус... Тоа е духот со кој е обременета стварноста на нашата револуција. Тој го открива својот сликар во Назор и Назор себеси во него, мечтаејќи, копнеејќи, барајќи го тој дух сиот живот за да го пронајде најназад, спознае и доживее во сета негова големина. Назор осетува дека преобразувајќи сè што ќе допре го преобразува и своето битие. Плодот на тие преобразби е втиснат во „Легендите за другарот Тито".

Подвлечено е дека во настојувањата да го проникнат и да го оцртаат Титовиот лик поетите не се препуштаат на чистата имагинација, но истовремено не се ни ограничуваат на општествено-историските реалности. Тие се стремат да ја зафатат интимната човечка стварност на својот јунак па и неговата душа, којашто песната „Песна за биографијата на другарот Тито" ја осветлува со зборовите „за тивката солза што ја видов во Титовото око". Таа човечка стварност ја вклучува и животната секојдневност. Каетан Ковиќ го евоцира тврдиот леб и трудот на детето, Слободан Марковиќ зборува за огништето и простата скамејка во Титовата родна куќа; Бранко Миљковиќ се обидува да се влее во сеопфатниот, динамичен тек што го идентификува народот и неговиот јунак, апострофирајќи го низ чисти поетски нотки сопственото поетско битие и сон, па според компетентното мислење на книжевната критика ја извишува на највисока степен сугестивноста на лирската субјективност. Воопшто, може да се заклучи дека песните за Тито, кои навистина се недобројливи а потекнуваат од пера на најпознатите имиња на југословенските литератури (Отон Жупанчич, Оскар Давичо, Јуре Каштелан, Славко Јаневски, Есад Мекули, Бранко Ќопиќ, Душан Костиќ, Божидар Шуица, Ласло Гал, Петре Андреевски, Радован Павловски, Адем Гајтани итн. — да споменеме само еден мал дел од нив, колку за бегла илустрација) се песни кои директно или индиректно ја воспеваат Титовата личност, иако далеку е позанимливо сознанието дека уште недоброј песни на овој или оној начин се врзуваат за Титовото име. Можеби таквите песни и не мораат стриктно да припаѓаат на револуционерната поезија, туку можат дури да обработуваат и интимни теми, па сепак низ споменатите асоцијации да се допрат до името и личноста на Тито. Бездруго, новите истражувања во оваа насока ќе откријат и нови љубопитни резултати.

Потребно е секако, на крајот од ова излагање, да го задржиме вниманието и врз еден мошне значаен прилог, неодминлив во вакви разговори: тоа е вонредно студиозната и брилјантно изнесена расправа на Хусеин Тахмишчиќ „Тито во поезијата" (објавена како предговор кон книгата со истоименен наслов „Тито во поезијата", Сарајево 1972 г.) во која овој современ југословенски поет и есеист, донесувајќи го првиот позначен избор на југословенската поезија за Тито, ни дава мошне занимливи резонанси.

Х. Тахмишчиќ предочува дека поезијата за Тито е разновидна во најширокатa смисла на таа определба. Според него поезијата за Тито како дел на современата поезија на југословенските литератури сè уште е во настанување: нејзиниот обем од ден на ден сè повеќе се зголемува а новите поетски настојувања и остварувања ја обелоденуваат поливалентноста на нашата основна поетска ситуација, исходиштата на бројните поетики, богатството на поетскиот израз и многуте разлики, кога станува збор за основните животни и поетски определби во нашата современа поезија. Сè што е настанато уште колку вчера или во текот на народноослободителната војна и револуција, а што денеска со право го потчинуваме под поимот поезија за Тито, исто

така е одредено со поодделните поетски можности и настојувања, со поодделните поетски искушенија и претчувствувања на исходиштата на револуцијата или на човекот во неа. Чинам дека посебно интересни се неколку заклучоци, та овдека ќе ги приведам во нивната изворна верзија а како еден од можните заклучоци на оваа тема:

„Уважувајќи ги особеностите на современите поети, — пишува Х. Тахмишчиќ — коишто објавиле с в о и песни за Тито, уважувајќи ги нивните поединечни животни и поетски искушенија, заговорувајќи и нагласувајќи ја мотивската, содржинската и идејно-естетската разновидност на поезијата за Тито како негова битна одредница, затемелена на слободата на поетското создавање кај нас, ние едновремено го осуетуваме и секој обид во книжевната критика и ткн. наука за литературата на сведување поезијата на Тито врз значењето на мигот во којшто настанала, односно на времето во кое што настанува, сведување кое ги обезличува поетските личности, кое ја урива нејзината морална и социјална смисла содржана во конечните облици на песната и кое настојува нејзиното усвитување кон иднината просто да го пренебрегне или да го осуети. За среќа, на овој и ваков вид сведувања му се опира поезијата за која станува збор".

Завршувајќи го со ова своето излагање, нека ми биде дозволено на крајов, наместо заклучок, да ја предочам потребната информација дека во текот на минатата 1977 година, во македонската литературна периодика, покрај веќе споменатиот избор на Ефтим Клетников во „Стремеж" (бр. 5) под наслов „Поетите — на Тито", беа објавени ред прилози од областа на поезијата и есеистиката, со чие евидентирање, чинам и логично треба овој прилог да заврши. Тоа се: специјалниот број на „Разгледи" (бр. 5, мај 1977 г.) во кој по првпат се објавени песни за Тито од Србо Ивановски, Љупчо Стојменски, Мурат Исаку, Петре М. Андреевски, Михо Атанасовски, Јован Котески, Радован Павловски, Михаил Ренцов, Богомил Ѓузел, Адем Гајтани, Ристо Г. Јачев, Тодор Чаловски, Ристо Лазаров и Љупчо Сиљановски. Во „Современост", бр. 9—10/1977 г. е публикуван есејот на Томе Момировски „Тито — творец на Револуцијата и непресушен врутоκ за литературно создавање" а во „Беседа" (Куманово), бр. 11—12/1977 г. прилозите на Миодраг Друговац: „Тито како инспирација во македонската уметничка поезија", на Томе Саздов — „Тито во македонската народна песна", на Симо Младеновски — „Инспирацијата и изворите на македонските народни песни сврзани со името на другарот Тито", и на Бистрица Миркуловска — „Тито во детското поетско творештво". Исто така во седмичниците „Млад борец" од 23. XI. 1977 г. и „Студентски збор" од 24 V. 1977 г. се објавени прилози на оваа тема и тоа: во првото гласило — избор од југословенските поети за Тито, а во второто гласило е објавена песната „Титославија" од Коста Поповски, наградена истата година на поетскиот конкурс за револуционерни песни во Делчево.

Гане ТОДОРОВСКИ

ОБРАЗ ТИТО В ЮГОСЛАВСКОЙ РЕВОЛЮЦИОННОЙ ПОЭЗИИ

(Р е з ю м е)

Автор научной работы затрагивает подвление и развитие литературы написанной в период НОБ-а, причем особое внимание уделяет образу Тито в поэзии, созданной во время НОБ-а и позже.

Также в приложении подчеркивается в какой степени и форме югославска послевоенная литература освещает литературный образ Тито, заодно отмечая, все известные произведения, связанние с образом Тито.